

мирослав грчев

# КРЕАТИВНИОТ ДЕМОН НА ГЛУПОСТА

ТЕМПЛУМ



# Градот

Со сигурност знаеме дека хомосапиенсот потекнува директно од македонскиот бел стаорец-итроман што пред 65 милиони години, кога умирале џиновските рептили, решил пар децении да престојува во своите подземни простории, во безбеден земјен меур. Кај македонскиот сапиенс тој меур со тек на времето еволуирал во ментален, во една сосем специјална дарба за неразбирање која обично ја нарекуваме глупост.

Уредник на едицијата: Никола Гелевски

Графичко уредување и дизајн:
Кома и Мирослав Грчев

Лектор:
Дејан Василевски

Печатница:
Винсент

Издавач:
„Темплум“

Тираж: 250

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека
"Св. Климент Охридски", Скопје

323(497.7)"2014/2017"(046)
304.4(497.7)"2014/2017"(046)

ГРЧЕВ, Мирослав
Креативниот демон на глупоста : текстови за удолниот релјеф на времето 2019-2021 / Мирослав Грчев. - Скопје : Темплум, 2023. - 406 стр. ; 20 см. - (Едиција Градот / Никола Гелевски ; кн. 22)

ISBN 978-608-4871-85-9

а) Македонија -- Општествено-политички прилики -- 2014-2017 -- Колумни

COBISS.MK-ID 62016261

едиција
ГРАДОТ

книга
22

Мирослав Грчев

# КРЕАТИВНИОТ ДЕМОН НА ГЛУПОСТА

текстови за удолниот релјеф на времето
2019 - 2021

Темплум
Скопје, октомври, 2023

# СОДРЖИНА


Наместо предговор .......... 8
Татковината повикува! .......... 13
Кретенизација на Македоња Норд .......... 17
Социјална држава на социјални случаи .......... 21
Сè што е цврсто се претвора во дим! .......... 25
Мртвороденчиња на посткомунизмот .......... 29
Кучешки креации .......... 33
Фаличниот преден кортекс на Македоња .......... 37
Новите ослободители на Европа .......... 41
Просечна плата, што тоа не е .......... 45
Чаршиските скрежови .......... 49
Град на простачката неблагодарност .......... 54
Бурк-Хеаровиот зафат врз Македоња .......... 58
Додека вистинскиот злостор тоне во заборав... .......... 62
Анатомијата на еден рекет .......... 66
Софата приведена, фотелјата на распит! .......... 71
Исповратена ентероскопија .......... 75
Осакатено општество .......... 79
Недемонтираната „заробена држава“ .......... 83
Трици и лупешки – центарот на чаршиската вселена .......... 87
Кој го контролира минатото .......... 92

Како фашизмот стана победник ........................................ 97
Правото на избор меѓу исти ........................................ 102
„Сите се исти“? ........................................ 106
Дрвјата живот што значат ........................................ 111
Лепешкар во одметната држава ........................................ 116
Планета на мајмуните ........................................ 121
Платоновото бротче ........................................ 126
Прималното „врежување“ кај Македонците ........................................ 130
Во умот здробена ........................................ 134
Фатаморганата на нашите надежи ........................................ 139
Патриотска реа ........................................ 144
Луѓе со 32 неврони ........................................ 149
Злато од калдрма, идентитет од гомна ........................................ 153
Патриотизмот како срам ........................................ 157
Блуење од морална дразба ........................................ 161
Кривата на глупоста ........................................ 166
Караоке политика ........................................ 170
Дувни ветре, светни мољо! ........................................ 175
Културна еволуција на заборавот ........................................ 179
Цената на стравот ........................................ 183
Гроб од ведро небо ........................................ 188
Срча, темница и рани ........................................ 193
Границите на безумието ........................................ 198
Вонредна состојба ........................................ 203

Патриоти со идентитетска дупка......208
Невидливото собрание ......213
Безмилосното срце на Левијатан......218
Меур од незнаење и простотилак ......222
Безмерните пространства на безумието ......227
Од апсурд до глупост......232
Меѓу зборот и значењето ......237
Згрбавени и ниско наведнати кретени ......242
Фактите се веднаш тука ......247
Заборавените херои ......251
Колеж на мозочните неврони ......256
Кабинет-парк на лошиот вкус......261
Историска саможртва ......266
Флоскули за почвата, воздухот и водата......271
Бродолом на цивилизацијата......275
Кој има ќе заима, кој нема ќе занема......280
Откровенијата на „Објаснувачкиот меморандум“...... 284
Плимата на новофашизмот ......289
Свастика што рика средсело......294
Креативниот демон на Глупоста ......299
Дефект на човечноста ......304
Санстефанска математика ......309
Ако ненадејно однекаде запука... ......314
Среќен ти роденден, македонска државо!...... 319

Обединувачка хистерија ........ 324
Неизвалкани од фекална граната ........ 329
Сила што вечно стреми кон злото ........ 334
Идентитетот како опаш на комета ........ 339
Митот за ВМРО ........ 344
Македонија, вечната бугарска terra irredenta ........ 349
Две пријателски вета ........ 354
Среде пандемиските злостори ........ 359
Од крвта и почвата бугарска ........ 364
Трските старословенски ........ 369
Фактите што ја дефинираат бездната ........ 374
Данок за социјална неправда ........ 379
Неспособни за омраза ........ 384
Понуда за која не се преговара ........ 389
Зошто нешто, а не ништо? ........ 394
Долг од пет кила компири ........ 399
Удолниот релјеф на времето ........ 404

# НАМЕСТО ПРЕДГОВОР

Епската трагедија што го сардиса македонското општество од 2006 до 2017 година, кога беснееше мафијашката партија–држава на ВМРО, го испразни нашево земјиче од неговите најважни и бесценети блага: од младината што избега од земјата, од културата на солидарност и соживот, од моралните вредности и од надежта за подобра иднина. Материјалните траги од овие порази денес како отворени гнојни рани ни го дефинираат идентитетот. Нашата престолнина стана светски позната депонија на најгротескниот архитектонско–скулптурален кич од кој еманира свежа реа на вмровскиот фашизам. Ние, поданиците на „заробената држава“, со чии пари е изградено ова чудовиште, го носиме „Скопје 2014“ како личен белег со кој се препознаваме во целиот свет како нација на кретени што во сопствената земја не можат да го одбранат ни своето културно наследство, ни сопствената историја и идентитет, а не можат да постигнат ни консензус околу основните факти за своето постоење.

Дали извлековме некакви поуки од општествената катаклизма што ја преживеавме, дали ги залечивме раните од вмровското декапацитирање на државата и дали се справивме со материјалните, културните и идентитетските последици од катастрофата? Очигледно – не. Дали како општество воопшто станавме свесни за природата и значењето на културоцидот што го спроведе ВМРО-ДПМНЕ? Апсолутно не. Дали некој во земјава се запрашал каква и колкава е вкупната културна штета што настанува со врежувањето во овдешните мозоци налудничави, фашизоидни и морничави, франкенштајн-барок стилови, лажноисториски и други блуеници? Дали некој помислил дека овој културоциден радиоактивен отпад ние им го втиснуваме на младите преку еволуциски најсилниот и генетски најотворениот канал на верувањето, директно во нивните мозоци, длабоко во нивните души? Не, не и не.

За жал, историските факти кажуваат дека не сме осамени во глупавата неподготвеност за критичка и аналитичка мисла што ќе го овозможи самокорективниот пат кон посакуваната иднина. Испаѓа дека најголемиот број катастрофи, несреќи, војни и нехумани владеења, непрегледната маса на човечки страдања во историјата не само што останала без поука, смисла или разбирање, туку е безмилосно фрлена во заборав, патем и попат, во забрзаниот, несопирлив и безмилосен, во ништо загледан маршев чекор на времето.

Заедно со трагичните настани се заборават и поуките. Тоа историско глупило на катастрофите, како и самообновувачката тапост на несреќите, можеме да ги следиме секој ден, зашто нивите бранови бесно удираат во нашите прозорци и екрани, како што плимата на одвратните вести го плави медиумскиот простор на планетава. Кои се причините за очигледното заглупавување не само на библискиот народ, туку и за очигледното когнитивно и интелектуално затапување и на целиот колективен запад?

Имам чувство дека удолниот релјеф на времето го детерминираат повеќе конвергентни историски тенденции. Првата е недостатокот на политичка имагинација за идејно осмислување на општество на слободни и рамноправни граѓани на светот, што е денешна пандемиска болест на човештвото. Се чини дека причинител за ова затапување е заборавот на единствената хумана и праведна посткапиталистичка перспектива на светот – социјалистичката идеја за општество ослободено од експлоатација и од економско, политичко и социјално ропство.

Заборавот на идеите на Доброто неминовно е проследен со пропаѓањето на сите прогресивни леви движења, сите видови синдикално организирање сите движења што се борат за остварување на универзалните вредности на егалитарноста и солидарноста помеѓу луѓето. Притоа, за овие 40 години глобализација и изопачување на идеалите на слободата, еднаквоста и солидарноста, не се појави ни еден морален еквивалент на пролетерскиот интернационализам.

Конечно, последната но не и завршна причина за системското затапување, е несомерливата хоризонтала на полувистините достапни на социјалните мрежи и интернетот со која се сакати епистемологијата на човештвото и неговата способност за критичко мислење. Како последица на оваа ментална деструкција се создава епистемолошки вакуум, идејна празнина во која лесно се вселуваат умосерините на секоја моќна будала, авторитарен режим или тоталитаризам од каков било вид.

Резултанта на сите овие ментално ерозивни чинители е вкупното заглупување на човечкиот вид, кој почна забрзано да се тркала удолу по историската стрмнина. А, парадоксално, колку што е пострмна кривата на растечките девастирачки последици во природата и климата на целата планета, толку поупорно хомосапиенсот се држи за самоубиствената капиталистичка мантра за бесконечниот економски и материјален раст. Колку

што се намалуваат природните ресурси, толку се зголемуваат апсолутните глобални бројки на производство, потрошувачка, транспорт, загадување, емитирање $CO^2$, дефорестизација и истребување на живите видови. Како да решивме по секоја цена да станеме галактички ударници во нашата планетарна глупавост и кретенизам.

Но, јас истрчав пред настаните што ги коментира оваа збирка текстови, без намера да ви го расипам напнатото читање и љубопиството за тоа кој на крајот на приказната за удолниот релјеф на времето ќе испадне главниот злосторник, убиецот на сопствената татковина, на единствената планета што му е дом.

# ТАТКОВИНАТА ПОВИКУВА!

**06.04.2019**

> „Татковината повикува“ е пораката која немо, со стиснати усни и фатално сериозен поглед, ја извикува жена, облечена во црвено, со раката сугестивно крената кон снопот пушки со бајонети, зад неа.

Во крвавиот 20 век, кога во јавниот простор ќе се појавел плакат на кој препознатлив или симболичен лик им порачува на луѓето дека „татковината ги повикува“, на сите им било јасно дека е во прашање судбината на земјата, дека мигот е решителен и дека се работи за ситуација во која од оние што ќе одговорат на повикот ќе биде побарано да бидат подготвени за татковината да ги дадат и своите животи. Повикот бил во употреба од многу порано, но како ликовно решение станал светски познат со славниот плакат на Алфред Лити од 1914 кој го прикажува Лордот Киченер, тогашниот британски воен министер, оѕагорен и смртно сериозен, со прст вперен кон гледачите ги повикува да се пријават на регрутација и да земат пушка в раце.

Три години подоцна, кога во Големата војна влегле и Соединетите Американски Држави, се појавило практично истото ликовно решение на плакат што оттогаш стана икона на масмедиумите. На плакатот на илустраторот Флег бил нацртан Вујко Сем, ликот на тогаш веќе одомаќената национална персонификација на Соединетите Држави, кој ги повикува младите Американци да се регрутираат во војска. Истото ликовно решение успешно е употребено за регрутација и во текот на Втората светска војна, како проверена формула за поттикнување патриотски емоции кај луѓето.

Веројатно најзначајното графичко решение од времето на најголемата од сите војни, со истата порака и сугестивниот патриотски повик, е славниот плакат на советскиот уметник Иракли Тојѕе, „Родина-мать зовёт!“ „Татковината повикува“ е пораката која немо, со стиснати усни и фатално сериозен поглед, ја извикува жена, облечена во црвено, со раката сугестивно крената кон снопот пушки со бајонети, зад неа. Овој плакат настанал буквално дента на Хитлеровиот напад на Советскиот Сојуз, кога сопругата на Тојѕе втрчала избезумена во студиото на уметникот, извикувајќи го страшниот збор „војна!“ Тојѕе ѝ наредил на сопругата да застане и да го задржи изразот на лицето и веднаш почнал да ја црта како симбол на мајка–родна земја, што ги повикува своите синови да загинат за неа. Плакатот бил печатен во илјадници примероци и потоа облепен низ целиот Советски Сојуз.

Во 1967 на локалитетот Мамаевски Курган, блиску до денешен Волгоград, изградена е скулптура со истиот наслов – Родина-мать зовёт, во спомен на борците што загинале во епската битка за Сталинград, битка што ја предодреди победата на Црвената армија над Хитле-

ровите војски во Втората светска војна. Во тоа време, со своите 87 метри височина, скулптурата била прогласена за највисока во светот, а во нејзините темели биле поместени остатоците од 34.505 од вкупно 478.741 војници на Црвената армија што загинале во 200 денови долгата, херојска и крвава епопеја. И ден денес повеќе од три милиони луѓе секоја година ја *посетуваат Родната мајка што повикува*, за да им се поклонат на половината милион загинати советски момчиња и мажи што одговориле на повикот и ги положиле своите животи за татковината.

Во тој контекст – а може ли да има друг кога „татковината повикува"?! – човек мора да се запраша: што значат сликичките на нашата најпозната јогистка, џогерка и рокерка, а безбели и професорка, која со стаклен поглед на барбика и со заледена полунасмевка – практично без препознатлив чувствен израз на лицето – ни порачува дека „татковината нè повикува"? На што нè повикува татковината? Во каква беља, во која неволја упаднала кутрата ни татковина, па професорката да нè повикува да го разгориме патриотскиот жар и да се построиме во бој за нејзиниот спас!? Која е таа егзистенцијална криза, историски крстопат или трагедија надвисната над татковината? Како тоа не сум забележал дека сме во војна? А, јас – будала! – седам дома, пишувам закони, правилници и понекоја колумна, потполно несвесен дека на татковината и на народот им се ближи Судниот ден, когато сите че нè снема?

Си ветив дека нема да ги коментирам претседателските избори, почитувани читатели, зашто сè уште не можам да заборавам во колку длабока септичка јама ја нурна и со каква кретенска репутација ја закити и ја обесчести

претседателската институција она Поднадуено Ништо, што сè уште ја окупира функцијата. Но, ова кичерско претерување, оваа изнасилена и обесмислена патриотска бласфемија, со која се скврнави сериозноста на ситуациите во коиш слоганот „татковината повикува“ воопшто се употребува, очигледно беше преголема провокација за мојот дребен и уморен нервен систем.

Не може човек да не се згади од долноста на злоупотребата на патриотизмот во ситни политички цели, од леснотијата со која професорката и нејзиниот политички ментор повикуваат на регрутација на патриотите во нивниот бој за правда, за кој – разбира се – треба да се подготвени и животот да го дадат. За менторот ми е јасно: тој е олицетворение и илустрација на славната изрека на Семјуел Џонсон, дека „патриотизмот е последното прибежиште на ништожниците“ (за кои Хрватите имаат поубав збор: ниткови!). Но, каква темна сила ја вовлекува со децении наназад беневолентната професорка да учествува во недостојното злоупотребување на патриотизмот; што ѝ треба судбински траорниот повик „татковината повикува!“ да го употребува во тривијални и во секоја смисла долни цели? Употребата на повикот „татковината повикува“ – со кој во минатиот век загинале милиони луѓе – само за да гласаме за остарена барбика, е светогрдие што го брише значењето од зборовите и ги празни хуманите вредности од каква и да е супстанца! Кога ќе запре кретенизирањето на Македоња Норд?

# КРЕТЕНИЗАЦИЈА НА МАКЕДОЊА НОРД

**13.04.2019**

> Сите информирани луѓе во скопската чаршија со децении знаат дека за пропаста на Дебар Маало, Буњаковец, Македоња Вечна, а веројатно и за климатските промени на родната ни планета е виновна мојата дребност.

Сите информирани луѓе во скопската чаршија со децении знаат дека за пропаста на Дебар Маало, Буњаковец, Македоња Вечна, а веројатно и за климатските промени на родната ни планета е виновна мојата дребност. Оваа гранитна вистина потекнува од извор што никој не може да го побие: од вмровските црни пропаганди што повеќе од две децении ги замиваат мозоците на нивните пациенти, како санитарна вода во јавно веце.

За одржување на оваа „јавна хигиена“ една од експозитурите на ВМРО – одборот за спас на Дебар Маало – деновиве одржа црна миса во јавноста, со евоцирање на настанот што го уништи несреќното маало и со укажување на главните виновници за злосторот: донесувањето

на деталниот урбанистички план 1999 година и мојата дребност што во тоа време беше градоначалник на Општина Центар и предлагач на планот. Како и сите гранитни вистини што прераснуваат во урбан мит, а потоа во црна вмровска религија, и оваа трпи од една суштествена, иако ситничарска и сосем небитна фалинка: се темели на чиста лага што, ако сака, може да ја провери и секое единаесетгодишно дете.

Но, да видиме, што навистина му се случи на маалото? Истото што ѝ се случи и на целата татковина: веднаш по преодот во капитализам во 1991 градењето стана предмет на интерес на приватниот капитал, а законите и урбанистичките планови во неконтролираната транзиција станаа „застарени", „неупотребливи" и „неприлагодени" на новите околности. Бидејќи урбанистичкиот план за Буњаковец и Дебар Маало датираше од 1961 и 1962 година, со ревизија во 1981, Министерството за урбанизам и градежништво (кое ги презема надлежностите на локалната самоуправа за издавање дозволи за градење уште во 1990), почна преку своите подрачни единици во општините да одлучува за секое поединечно барање за градење, без да се почитуваат одредбите од „застарените" планови.

Така и дебармаалчани, уште од 1990, ги продаваа своите имоти за станови во новоизградените згради, без план, во директни договори со инвеститорите и со подрачните единици на централната власт. Општината во таа работа немаше никаква надлежност – ниту издаваше одобренија за градење, а ниту имаше инспекции. Оваа непланска изградба траеше сè до донесувањето на четирите детални урбанистички планови: Дебар Маало 1 и 2 и Буњаковец 1 и 2, што се донесени во периодот од

2002 до 2004, години откога мојата дребност ја напушти функцијата! Со овие планови, меѓутоа, ситуацијата уште повеќе се влоши, зашто тие повеќепати се менуваа, сè до 2012, секогаш зголемувајќи ја површината и катноста за градење! Кој ги донесе и кој ги спроведуваше плановите? Се разбира: вмровските градоначалници Аларова и Тодоровиќ, заедно со вмровската алијанса за спас на Дебар Маало и нејзината армија „замивани мозоци“ или чипирани идиоти, како што нагалено ги нарекува Тричко.

Чекај, чекај, професоре, ќе речете почитувани читатели, а каде е вашиот озлогласен ДУП од 1999, за кој секој добро информиран човек во чаршијава ќе ви рече дека е главниот виновник за страдањето на маалото? Ќе ви одговорам кусо: ДУП ЗА ДЕБАР МААЛО ОД 1999 НЕ ПОСТОИ, НИТУ ПОСТОЕЛ, ЗАШТО НИКОГАШ НЕ БИЛ ДОНЕСЕН! Да, признавам, како градоначалник го нарачав итното планирање на Дебар Маало и Буњаковец уште во 1997 година, зашто маалото стануваше градски срам со рептилското градење во кое единствениот принцип беше „квадрат повеќе“. Во изработката на планот учествував и со своето знаење и совети и успеав, по серија анкети, јавни презентации и дискусии, да го дотуркам до гласање во Советот на Општина Центар. Планот беше изгласан, НО НЕ ДОБИ СОГЛАСНОСТ ОД ВЛАДАТА НА ВМРО, ПОРАДИ ШТО НЕ СТАПИ НА СИЛА НИТУ ЕДЕН ДЕН! И СОГЛАСНО ЗАКОНОТ, СЕ СМЕТАШЕ ДЕКА НЕ Е НИ ДОНЕСЕН!

Две прашања се интересни по оваа куса хронологија: прво, зошто ВМРО изврши абортус на еден во секоја смисла стручен, законит и демократски план; и, второ, во светло на овие факти, каква е вистинската врска на мојата дребност со изградбата на Дебар Маало сиве овие години?

Да одиме по ред. ВМРО го поништи планот од 1999 и пред да стапи на сила, зашто беше вознемирен од демократските решенија во него, зашто тој план ги анулираше сите нивни коруптивни зделки во кои даваа одобренија за градење од око и според нивна бизнис-процена. Нив ги ужасна фактот што во планот се ограничуваше градбата за сите еднакво, исто како што рамномерно и изедначено се овозможуваше просторен развој, што беше смртоносно за нивниот коруптивен бизнис.

На второто прашање одговорот е уште полесен: јас не сум издал ниту едно одобрение за градба, ниту сум донел некаков план за Дебар Маало, а ниту сум бил во состојба на каков и да е начин да влијаам врз деталните урбанистички планови што отпосле ги донеле градоначалниците Аларова и Тодоровиќ! ЈАСНО?!

Но, зошто е оваа хроника на бесрамни лаги на вмровските одбори за спас на Македоња Вечна важна и ден денес? Зашто на ист начин како што ја прикриваа коруптивната изградба од 1990 до 2016 и донесувањето на ужасните планови за Дебар Маало од 2002 до 2012 – дефокусирајќи ја јавноста со непостојниот план од 1999 и лажно обвинувајќи ја мојата дребност – тие молчеа и за криминалното менување на законите и за ограбувањето на јавниот простор и македонската земја, за целото време на вмровското мафиократско владеење!

Денес повторно го креваат гласот против реформските закони за планирање и градење што требаат да донесат правда и поредок во земјава!? Кога ќе запре кретенизирањето на Македоња Норд?

# СОЦИЈАЛНА ДРЖАВА НА СОЦИЈАЛНИ СЛУЧАИ

**20.04.2019**

> Со уставните амандмани од 1953 републиката стана „социјалистичка“, и богами, сè до крајот на своето време, до 1991, социјалистичката држава обезбеди слобода, еманципација, еднаквост, социјална правда и пакет државни социјални сервиси.

Кога македонската држава уставотворно се испили – дента кога се дочекуваше новата 1947 година – како „народна држава со републикански облик“ (како што пишуваше во членот 1 од Уставот), светот го здогледа со кревки жолти пердувчиња, но со орелска решителност она „народна“ да го оправда не само во законите што допрва требаше да ги создаде, туку и во реалните односи и состојби во општеството што требаше да произлезат од нивната примена.

Со уставните амандмани од 1953 републиката стана „социјалистичка“, и богами, сè до крајот на своето време, до 1991, социјалистичката држава обезбеди слобода, еманципација, еднаквост, социјална правда и пакет државни

социјални сервиси: бесплатно образование и здравствена заштита за сите, сигурно вработување и пензија, и уште куп други реализации на она „социјалистичка“ во името, што ја направија (мислам на целата Југославија) најуспешна држава на социјалната благосостојба во историјата на планетата.

Кога со Уставот од 1991 година ја прогласивме самостојноста и сувереноста на независната македонска држава, раѓањето на новото државно битие онтолошки го дефиниравме како „демократска и социјална држава“. Но денес, безмалку 30 години подоцна, доколку искрено го погледнеме од историска дистанца остварувањето на ова конституционално ветување од членот 1 на Уставот, со жалење можеме да констатираме дека малку или ништо не реализиравме.

Доколку во остварувањето на демократијата уште и имавме убави желби, скромни успеси и срамни пропаѓања во недемократски бездни (со фашистичката мафиократија на ВМРО), во остварувањето на „социјалното“ ветување не само што не направивме ништо, туку времето го потрошивме во активно влошување на сите аспекти на социјалната држава. Почнувајќи со деструктивната приватизација со која за историска секунда преминавме од социјализам во предаторски неолиберален капитализам, за на крајот да стасаме до ограбена, украдена и „заробена“ држава, ние ги демонтиравме и сите сервиси што ја чинат социјалната држава: здравството, образованието, пензиската сигурност, социјалната грижа, домувањето и судската заштита на правата и имотот.

Најмногу потфрливме токму во онтолошкото оправдување на постоењето на државата – во нејзиниот однос кон граѓаните. Тука наполно ја оплескавме и наместо да

им биде сервис на мнозинството граѓани, нашата држава се изопачи во чудовиште што се грижи само за себе и за малобројната политичко-капиталистичка елита што може да се збере најмногу во 2 до 3 отсто од населението. Ова изопачување се случи со донесувањето ненародни, неправедни и сурови решенија во стотици асоцијални, недомаќински, нехумани и бездушни закони.

За пример, накусо ќе ви покажам, почитувани читатели, како данокот на имот уреден во Законот за даноците од имот, стана средство со кое бездушната држава наместо да ги помага осиромашените граѓани, ги ограбува до голо, потоа им го отуѓува имотот и ги пушта низ поројната вода на мизеријата, без каква и да е правдина или правна заштита.

Првин, данокот на имот е рамен, што значи дека ги фаворизира богатите, а не мнозинството на работ на сиромаштијата. Од данокот се ослободени имотите на државата, црквата и капиталистите, додека олеснување или милост за значителниот број граѓани со мали примања или социјално загрозените – нема. Потоа, данокот на имот се пресметува како 0,1 отсто од пазарната вредност на имотот, но таа фиктивна „пазарна вредност“ потоа административно и арбитрарно ја одредува единицата на локална самоуправа.

Значи, не само што висината на данокот практично не е уредена со закон, туку таа со политичка и административна произволност се одредува без усул и каква и да е контрола! Најгрда злоупотреба на ова сатрапско решение е градежното земјиште, кое општината, односно државата, во центарот на Скопје со јавно наддавање го продава за 100 евра, додека за помалку вредно земјиште на обичните даночни обврзници – жителите на општи-

на Центар, на пример – им пресметува данок врз основа на арбитрарно одредена „пазарна цена“ од 600 евра по квадрат!? При што бездушните органи на баналното зло, спротивно на духот на законот, не го пресметуваат законското олеснување од 50% за имотот во кој обврзникот живее, зашто „во членот 9 не пишувало ништо за земјиштето, туку само за зградата или станот“!?

Тоа значи дека пензионер што живее во куќа со двор од 1.000 квадратни метри, треба само за земјиштето да плати данок на имот во износ од 36.900 денари или најмалку две цели пензии годишно! Доколку не го плати данокот, законот обезбедува безмилосна присилна наплата, која завршува со отуѓување на имотот и фрлање на обврзникот во социјалната канализација. Додуша, кутрецот има право да го обжали сатрапското решение пред Управен суд, но бидејќи тужбата не го одложува извршувањето на решението, а Управниот суд во практика ја штити државата (а не граѓаните), од уставното ветување за социјална држава ние во стварноста создадовме чудовиште што првин ги осиромашува своите граѓани, а потоа им го отуѓува имотот, за да ги направи безнадежни социјални случаи!

Си помислувам дека една социјалдемократска власт би требало малку повеќе да поработи на ветената социјална држава, а не само слепо да ги применува сатрапските закони што ги наследила. Нели, почитувани читатели?

# СЀ ШТО Е ЦВРСТО СЕ ПРЕТВОРА ВО ДИМ!

**11.05.2019**

> Како капитализмот ги совладува кризите? Со присилно уништување огромни маси на остварена вредност (ресурси, производи, заштеди, пензии, домови), со поопштествување на банкарските долгови и со освојувања нови пазари и нивно уште потемелно експлоатирање.

Каде и да завладеал, либералниот капитализам неумитно ги разорил сите традиционални, патријархални и идилични односи и помеѓу луѓето не оставил никаква друга врска освен голиот економски интерес и бездушното „плаќање во готово“. Капитализмот успеа и личното достоинство на луѓето да го претвори во разменска вредност и на место на сите освоени човечки слободи и права, признаени во безбројните повелби, да ја постави едната и единствена слобода – слободата на пазарот и капиталот. Со еден збор, тој на местото на онаа експлоатација што беше затскриена зад верски или политички илузии, ја инсталира, на целата планета, отворената, бесрамна, директна и сурова економска експлоатација.

Непрекинатиот темпо на унапредување, реструктуирање и револуционирање на капиталистичкото производство и економијата, непрекинатото потресување на сите општествени односи, вечната несигурност и промените, неумитно ги раствораат сите цврсти односи и застарени сфаќања, а сите нови состојби и односи застаруваат пред да можат да зацврснат. Сето она што е цврсто и постојано се претвора во дим, а сè што е свето се сквернави, та конечно луѓето стануваат присилени на својата животна положба да погледнат со трезвени очи: доволно е да се наведат само погубните последици од економските кризи, кои со своето периодично повторување сè повеќе го загрозуваат опстанокот на човештвото во целина.

Како капитализмот ги совладува кризите? Со присилно уништување огромни маси на остварена вредност (ресурси, производи, заштеди, пензии, домови), со поопштествување на банкарските долгови и со освојувања нови пазари и нивно уште потемелно експлоатирање. Ги совладува кризите о тоа што подготвува нови циклуси кризи, намалувајќи ги воедно средствата за нивното спречување!

Не знам, почитувани читатели, дали во зборовите со кои ја сликав состојбата на неолибералниот капитализам што ги обликува првите децении од 21 век, го препознавте изворот од кој горниот текст – со мали измени и замена на застарени зборови –го цитирав? Да, првите два пасуса се извадоци од безмалку сосем заборавениот – но, сè посвеж и поактуелен! – „Комунистички манифест“, напишан во јануари 1848 од Карл Маркс и Фридрих Енгелс, кој во наредните стотина години стана највлијателниот политички манифест на светот.

Ова освежување на паметењето го направив со цел не само да укажам на неверојатните сличности на политичко-економските односи во современиот неолибералистички капитализам со оние од суровиот либерален капитализам на 19 век, туку и за да покажам колку е и ден-денес моќна, свежа и бистра мислата Маркс и Енгелс... и колку е неверојатно употреблива за сфаќањето на премрежињата што го карактеризираат нашето време и што ќе ја одредат нашата иднина.

И, да не го заборавам за нас најважното: освежувањето на меморијата за „Комунистичкиот манифест" и неговите автори Маркс и Енгелс, беше потребно и за потсетка на еден во библиската земја сосем заборавен или идеолошки ревидиран историски факт: првата вистинска македонска република во историјата беше инспирирана, изборена и оформена под знамето на филозофијата и политичката идеологија на комунизмот, значи директно и непосредно под влијанието на овој пророчки текст и мислата на неговите автори.

Но, уште повеќе: не само македонската република, туку и сите нејзини конституенти – нацијата, јазикот, идентитетот, државните и културните институции и достигања, може да се рече, целокупниот хуманистички и еманципаторски светоглед во кој се развивавме безмалку половина век, до распадот на југословенската федерација, сето тоа е изнедрено од хуманизмот и социјалистичкиот светоглед што за првпат заискрија во „Комунистичкиот манифест", во далечната 1848. Да, почитувани читатели, единствениот наш државотворен предок не е Алехандро Магно, императорот и фараонот што како знак за нашата национална културна безумност и залудност штрчи и ечи насред центарот на македонската република... туку тоа е дедо Маркс!

Препрочитувајќи го Карл Маркс и злоупотребувајќи ја возраста и привилегијата на долгото паметење, со стега во градите ја согледувам очигледноста на историското беспаќе во кое заталка светот. И гледам: ова сега не е всушност „крајот на историјата" како што Френсис Фукујама го нарече постсоцијалистичкиот свет во кој со планетата владее единствено религијата на неолибералниот капитализам, туку е историски регрес од цел век, враќање на времето пред освестувањето на наемните работници од „сите земји"; тоа е враќање во времето на големите кризи индуцирани од разулавениот глобален капитализам. Можете да ме наречете стара „комуњара", како што милуваат вмровските дибеци, но факт е дека ние денес ја живееме стварноста на предмакедонската доба: времето во кое сѐ уште не беше остварена најхуманистичката и најеманципаторската политичко-економска идеја за општество на еднакви и рамноправни луѓе во кое средствата за производство и јавните добра се во вистинската смисла на зборот поопштествени заеднички вредности, еднакво достапни и распределени на сите граѓани.

Недостигот на политичка имагинација за обезбедување на идејното осмислување на општество на слободни и рамноправни граѓани на светот – денешната пандемска болест на човештвото! – се состои само од фактот што ја заборавивме единствената хумана и праведна посткапиталистичка перспектива на светот: социјалистичката и либертаријанската идеја за општество ослободено од експлоатација и од економско, политичко и социјално ропство.

# МРТВОРОДЕНЧИЊА НА ПОСТКОМУНИЗМОТ

18.05.2019

> „Луѓето едвај се изборија за слобода и веднаш мораа да се откажат од неа зашто беа прогласени за незрели да ја користат, па сите посткомунистички општества мораа да одат во таканаречените школи за демократија на посткомунистичката транзиција, како што се нарекуваа во тој период.“

Доколку Европската Унија, по некој неверојатен и надреален тек на околности. на своите членки ги примени критериумите чие исполнување го бара од земјите кандидати за членство како услов за прием во Унијата, тој елитен клуб на држави ќе остане без членство.

Но, постоењето двојни стандарди не би требало да нè прави гневни, зашто да бидете ставени во ситуација кога сте присилени или барем сте под притисок да унапредите многу системски аспекти од функционирањето на државата, и не е толку лоша работа. Особено ако се работи за држава што повеќе од половина време од трите децении на својата независност, системски назадува, безумно трошејќи ги ресурсите и вредностите со кои влегла во авантурата на сопствената сувереност.

Меѓутоа, во оваа слатка присила,во која меѓународната заедница бара од нас да бидеме подобри и да го обезбедиме остварувањето на републиканските и демократските вредности во реалното функционирање на државата, има неколку затскриени стапици. Имено, самиот факт што реформите ги правиме под надворешен притисок, демек за оценка, неумитно го произведува „забушантскиот рефлекс“, под чие дејство сѐ што се прави – се прави површно. Се глуматаат реформи, се брка формата што ќе биде доволна само за „преодна“ оценка, а долу, под површината на кобожемските реформи, во стварниот живот се остава сѐ да си тече по старо, тромо и застојано, како рамничарска плавна река што ги залива сите дворови и изби.

На „забушантскиот рефлекс“ му се придружува и друга психосоцијална реакција, еден вид колективно самозалажување, односно илузија, предизвикана од инфантилизацијата на возрасното население на библиската земја, ставено во ситуација повторно да „учи“ и да „полага испити“. Тоталната инфантилизација на земјата, од друга страна, не е нова појава; ни се случува од првиот ден на независноста, кога се претворивме во „дете кое невино излегува од комунизмот, но, се разбира, зашто е дете, не може ништо да одлучи самостојно и заради тоа му треба старател“, како што вели Буден. И додава: „Во таа метафора е олицетворена целата дијалектика на посткомунистичкото поробување на масите. Луѓето едвај се изборија за слобода и веднаш мораа да се откажат од неа зашто беа прогласени за незрели да ја користат, па сите посткомунистички општества мораа да одат во таканаречените школи за демократија на посткомунистичката транзиција, како што се нарекуваа во тој период“.

Токму таа предолга инфантилизација, со која во пакет оди и прифаќањето на психологијата на детето, е заслужна што во барањата на меѓународната заедница ужасно погрешно препознавме родителска грижа и љубов. Оваа летална грешка ни создаде парализирачка илузија дека земјите и политичките тела на меѓународната заедница се заинтересирани и загрижени да ни помогнат како на свое дете. Со еден збор, дека нашите проблеми ќе ни ги реши некој однадвор, поголем и попаметен и помоќен од нас, мама и тато, односно ЕУ и НАТО.

На оваа тажна илузија – дека сме деца на демократијата на кои „возрасните" ќе им ги решат проблемите, се надоврзува и – за возрасните смртоносното – детско поимање на времето, кога тоа самото носи подобрување на состојбите, при што не треба ништо посебно да правиш за да „пораснеш" и добиеш сè „што ти следува".

Колку пати сме чуле, почитувани читатели, а колку пати и самите сме ја искажале бесмртната мисла дека „со време ќе се средат работите", или дека „ние сме многу назад од демократските земји" и, се разбира, „ќе треба време да ги стасаме" за „работите да си дојдат на свое". Колку жално! Никој што ги повторува зборовиве не помислува дека за да стасаш некого треба да се движиш многу, многу побрзо од него. И дека, за да достасаш некого, најмалку што треба да направиш е да се движиш во истата насока.

Инфантилизираната свест никогаш не може да разбере дека работите никогаш, ниту во една историска надолница, не се средиле самиод себе. Ова кај нас премногу присутно поимање на времето, е уште една самопасивизирачка мантра што воопшто не ни помага во вистинското менување на ужасните околности во кои ја затекнавме сопствената земја по вмровската катастрофа.

А најужасниот од сите самозалажувачки обрасци на однесување е токму оној што цело време ја карактеризира нашата инфантилизирана состојба на свест, во двете години од „ослободувањето“ од авторитарниот и културно суицидалниот режим на ВМРО. Тоа е јавниот дискурс во кој сите глумиме дека сме веќе сосем нормално демократско општество, во кое – без да ја смениме и точката на јота од „заробената држава“ – сметаме дека е доволно да се однесуваме „граѓански“, „критично“, бучно, гневно и „објективно“ кон триците, гардеробата и првутот на носителите на „новата“ власт.

Додека ни стојат недопрени гротескните споменици на фашизмот исправени во центарот на Скопје, додека нашите деца немаат друг избор за идентификација од ужасната грдотија на триесетметарскиот Алехандро Магно, ние ќе бидеме и ќе останеме „заробени“ деца, мртвороденчиња на посткомунизмот, сирачиња што не паметат никакво минато освен вмровското „илјадагодишно царство“, потполно и безнадежно неспособни за какви и да е промени на подобро.

# КУЧЕШКИ КРЕАЦИИ

**24.05.2019**

> Ние своите проблеми – пример, фекалните планини врз нашите јавни простори – првин ги нормализираме, значи се навикнуваме на нив, потоа ги нормираме, ги претвораме во закони, па ги прифаќаме како елементи на националниот идентитет.

Кога кон крајот на седумдесеттите, како апсолвент по архитектура, го разгледував Париз, живо се сеќавам дека улиците на „градот на светлината“ ги чувствував интимно и присно, безмалку како да шетам по Скопје или по републичките центри на родна Југославија. Тука, се разбира, не мислам на спомениците на француската грандоманија или на архитектонските слоеви на пребогатата империјална и културна историја на градот, туку на тротоарите, јавните и комерцијалните простори по кои талкав. Тие беа левтерно покриени со прашина, ситен отпад од храна и други траги од небрежноста на милионската армија жители и посетители на градот. Имам цела галерија тривијални слики во главата на денес незамисливи детали од евтини линолеумски подови во култните сто-

ковни куќи во улицата „Лафает“, поткренати, излижани, на места искинати и невешто крпени.

Кога неполни десет години подоцна отидовме на една голема смотра на архитектонски школи што се одржуваше во Париз, нè затекна сосема друга состојба на париските улици. Деценијата неолибералистичко богатење на француската метропола не ни остави ништо што би го почуствувале како свое. Во градот и понатаму уживавме, хранејќи ги очите со неговиот единствен и луксузен урбанитет, но улиците веќе не ги чувствувавме присно. Бевме сиромашни странци од далечна провинција, професионални талкачи по улици и трагачи по архитектонски убавини, чие несреќно туристичко самочувство беше грубо повредено од новиот обичај на париските домаќини вјезден да шетаат по родниот град со нивните кучиња. Бројот на овие домашни миленици беше навистина неверојатен, а последицата од оваа тогаш свежа и ненадејна париска манија немилосрдна: Париз беше толку густо покриен со кучешки фекалии, што не постоеше начин да се разгледува архитектурата со крената глава, а на секој петти чекор да не се зацапа во некоја кучешка креација! А, тие – креациите – беа на висина на градот на уметноста: густи и светкави како печатарски бои, и – нема да верувате – исто толку пигментирани!? Кога се вративме, читавме стручни статии за тоа како оваа нова појава станала нерешлив проблем за градските власти и нивните комунални служби за одржување на јавната хигиена.

Во моето следно шетање по париските улици, некоја година подоцна, атмосферата беше агилно сменета, а талкањето ми го нарушуваа роеви лесни комунални мотоцикли со специјални алатки за собирање на кучешки

гомца. Градот мобилизирал цела армија моторизирани, подвижни специјални единици, со цврста решеност да ја победат фекализацијата на градот. Не можам да се пофалам на нашата македонска реакција на овие очигледно неефикасни усилби: денес се срамам, но тогаш се ситевме на богаташкиот аздис што Париз го претвори во јавен кучешки нужник.

Веќе некоја година подоцна – на мое силно изненадување! – градот го затекнав речиси потполно „заздравен" од епидемијата на кучешки фекалии. Градските власти, по повеќе неуспешни обиди, донеле строги прописи со кои шетачите на кучиња станаа одговорни да го соберат самите во специјална кесичка – со специјална ракавица и лопатка – она што нивните миленици го оставаа зад нив. Бројот на луѓе со кучиња, веројатно поради силните мерки и ефикасната контрола, беше значително намален, а градот безмалку чист. А, во моите последни шетања по Париз и акрибични душкања по неговите фантастични тротоари, пред некоја година – не знам, можеби сум бирал погрешно време за шетање? – не успеав да видам ниту една единствена кучешка креација. Мојата реакција на беспрекорно чистите тротоари повторно беше неумесна и срамна: почувствував чудна завист кон таа за нас толку несфатливо ефикасна и неодгатлива урбана цивилизација!

Оваа париска кучешко-фекална сага, почитувани читатели, ви ја раскажувам како пример за урбана цивилизација која се развива според премиси дијаметрално различни од нашите. Додека тие се заедница што ги решава своите проблеми, ние цврсто се определивме да ја следиме потполно обратната историска стратегија: ние своите проблеми – пример, фекалните планини врз на-

шите јавни простори – првин ги нормализираме, значи се навикнуваме на нив, потоа ги нормираме, ги претвораме во закони, па ги прифаќаме како елементи на националниот идентитет, за на крај да ги негуваме како традиција, менталитет и културно наследство. За потоа, се разбира, да направиме пат за нов слој на нормални, легитимни и блиски на нашите „вековни стремежи“ – планини од гомна.

Нашата хронична неподготвеност да се фатиме во костец и да решиме проблем што сме го создале или наследиле, грешка што со својата очигледност секојдневно ни ја гребе очната рожница, ми е сѐ понеподнослива! Всушност, оваа национална декапацитираност ме погаѓа толку повеќе, колку што таа упорно опстојува! Несрушените градби оставени насред сообраќајни магистрали, криминалните дивоградби што се издигаат од уништените зелени простори и од некогашните јавни простори, на падините на Водно и во коритото на Вардар; злосторничките споменици на вмровскиот фашизам во центарот на Скопје, приватизираните и преградени тротоари, малоумните сообраќајни решенија, целата нефункционална и малоумна правна инфраструктура на државата... сите тие фекалии што сме ги оставиле – ние или нашите партиски миленици – стојат подготвени за вечност и негибнати во јавниот простор!?

Па, ние не можеме да кренеме поглед кон родното ни небо, а да не зацапаме во овие културоцидни фекалии!? И, потоа, таа варварска ментална запустеност, ја носиме дома, залепена на нашите души како кучешко гомно на чевлите!

# ФАЛИЧНИОТ ПРЕДЕН КОРТЕКС НА МАКЕДОЊА

**08.06.2019**

> Во тестирањето што опфатило повеќе илјади доброволци откриено е дека процентот луѓе неспособни да учат од своите грешки варира од средина во средина: од најмалку 8 насто кај некои популации, до фантастични – не и изненадувачки – 100 насто во Македоња Вечна!

Сите луѓе грешат, но само паметните учат од грешките; *искуство* е всушност името што им го даваме на грешките од кои нешто се научило.

Но, способноста да се учи од грешките очигледно не е рамномерно распоредена меѓу луѓето. На таа тема научниците во неколку напредни невролошки лаборатории во светот открија дека кај луѓето што учат од сопствените грешки одредена регија од предниот кортекс на мозокот е особено електроактивна секогаш кога се соочуваат со сериозни мисловни задачи. Таа емитира силен електросигнал само 200 милисекунди откога ќе згрешат, односно откога ќе ја воочат грешката. Овој жесток електричен сигнал, една високоенергетска реакција на

мозокот на грешка, има всушност клучна улога во забележувањето и давањето важност на грешките, што пак го овозможува процесот на нивно корегирање во идни слични ситуации.

Од друга страна, огромен број тестови покажале дека мозокот на луѓето што не учат од своите грешки, не ја остварува оваа невронска активност на предниот кортекс по направената грешка, а нивните енцефелограми се буквално „рамни", како ништо да не се случило. Ова укажува на запрепастувачкиот факт дека нивната невронска машина сместена во черепот, воопшто не е способна да ги детектира грешките, и е „слепа" за нив и кога се тие јасно обзнаени! Во тестирањето што опфатило повеќе илјади доброволци откриено е дека процентот луѓе неспособни да учат од своите грешки варира од средина во средина: од најмалку 8 насто кај некои популации, до фантастични – не и изненадувачки – 100 насто во Македоња Вечна!

Фала ѝ на науката што со објективни невролошки факти конечно успеа да го објасни реткиот цивилизациски феномен на невозможност ниту да се забележат, а камоли да се исправат и корегираат грешките сторени од стана на народите што ја населуваат библиската земја. Ако човек почне да пребира по примерите за оваа цивилизациска – а испаѓа дека се работи за биолошка – фалинка, ќе забележи уште една законитост, природен куриозитет, што нè одвојува од другите. Имено, колку е грешката поголема, толку нацијата помалку грешката ја забележува! Или, чекор понатаму, колку се повидливи и посериозни последиците од грешката, народите на библиската земја здружно и посветено се трудат да ја нормализираат грешката, а тоа го прават или со нејзино-

то повторување или со правење друга уште повидлива и поглупава грешка.

Последнава теорема на фаличниот македонски преден кортекс, можам лесно да ја докажам со една одамна заборавена законодавна глупоштија. Се работи за градежното земјиште – најважниот и најнеобновливиот ресурс на единиците на локалната самоуправа. Елем, од тој ресурс во законот за градежно земјиште со децении порано беа уредени двете јавни давачки што требаа да ја финансираат работата на локалната самоуправа. Едниот – надоместокот за употреба на градежно земјиште, го плаќаа сите сопственици и корисници на градежното земјиште во населеното место, и од него се финансираше функционирањето на општините, како и одржувањето на инфраструктурните системи што го овозможуваат животот во градот. Другиот – надоместокот за уредување на градежното земјиште, или, популарните „комуналии", го плаќаа само оние што допрва ќе градат, и овој надоместок се користеше само за обезбедувањето сообраќајни и други инфраструктури за новите градби.

Туку наеднаш, летото господово 2001, надоместокот за употреба на градежното земјиште или градската рента, што ја плаќаа сите граѓани, се укина, буквално се избриша од законот, без никој да забележи или да пушти солза, и од тогаш почнува бескрајната серија малоумни грешки и грди последици од тој примален грев.

Првин почна несразмерно да расте основицата на надоместокот за уредување на градежното земјиште, достигнувајќи неверојатни 140 евра по новоизграден квадрат, зашто од овој надоместок почна да се финансира сето функционирање на локалната самоуправа. На тој начин товарот на финансирањето на локалната самоуправа

падна само на оние што намериле да градат, а не на сите што го употребуваат населеното место. Потоа локалните самоуправи прекинаа да го уредуваат градежното земјиште за кое уредно го наплаќаа надоместокот.

Потоа е воведен данокот на имот, кој во финансирањето на општините требаше да го надомести непостоењето градска рента, но тој данок се воведе како „рамен", што значи длабоко неправеден, зашто најмногу ги оптеретува сиромашните, односно мнозинството на „обичните" граѓани, додека ги ослободува од плаќање фирмите и капиталистите што најмногу го експлоатираат и го „трошат" градежното земјиште за општа употреба.

На ова се надоврза слепиот егзистенцијален интерес на општините по секоја цена да изнајдат површина за градење, зашто само тие што градат плаќаат „живи" пари во општинската каса. Од оваа последна грешка страдаа зелените простори, школските дворови, јавните простори и секој јавен квадрат градежно земјиште. И, на крајот, каква беше цивилизациската реакција на оваа низа на самоубиствени грешки што го „сојадоа" квалитетот на животот и основниот просторен ресурс на градовите? Никаков. Сите грешки во низата – од укинувањето на градската рента, до коруптивното уништување на јавните простори, не доведоа ниту до препознавање на грешките, а ниту до нивна корекција. А за градската рента веќе никој во Македонија не ни знае дека постои, ниту како се пресметува и за што воопшто се користи. Удобен заборав и тапа среќа на секојдневната минливост, додека времето ни шуми во ушите!

# НОВИТЕ ОСЛОБОДИТЕЛИ НА ЕВРОПА

14.06.2019

> Да, веќе и децата знаат дека Европа од фашизмот ја ослободија армиите на САД, Велика Британија и Франција, и тука не би имал никакви забелешки, да не постоеше еден финесен проблем во оваа нова „историја“: се работи за историска невистина и студеновоена пропагандна лага.

Некни го гледав одбележувањето на 75-годишнината од славниот „Ди деј“ и започнувањето на Битката за Нормандија, што западните сојузници ја водеа против германските окупациски сили во Франција. Секоја чест на организаторите и домаќините во Портсмут за прекрасната церемонија, во која учествуваа дури 300 ветерани на деведесет и кусур годишна возраст. И овој пат, како и секогаш кога ќе ги здогледам старините во униформи што им стежнале од воени ознаки и медали, ми се стегна грлото, и збунети, пресолени од почит солзи ми ги наполнија очите. До земја им се поклонувам на преживеаните ветерани, но од година во година треперливите чувства сè повеќе ми ги затскрива огромна сенка создадена од лажната приказна за значење-

то на Битката за Нормандија и Западниот фронт за ослободувањето на Европа од Хитлеровата окупација.

Имено, веќе со секое јавно спомнување на Нормандиската кампања се додава дека со „Ди деј“ започнало ослободувањето на Европа и дека е тоа клучниот пресврт во Втората светска војна и победата над фашизмот. Да, веќе и децата знаат дека Европа од фашизмот ја ослободија армиите на САД, Велика Британија и Франција, и тука не би имал никакви забелешки, да не постоеше еден финесен проблем во оваа нова „историја“: за историска невистина и студеновоена пропагандна лага.

Секако, не може да се оспори огромната психолошка улога на Нормандиската кампања и истоварувањето на сојузниците во Франција, но од чисто воен аспект – а, ќе признаете, се работи за најголемата од сите војни – сојузничкото истоварување на плажите на Нормандија и тримесечната кампања во длабочината на Франција имаа минорен учинок во победата над Хитлеровите армии. А, вистината, која е безмалку невозможно да се чуе на ниту еден „слободен“ и „независен“ медиум на западната хемисфера, е дека во времето кога се случи Нормандиската кампања, советската Црвена армија веќе ја беше победила Хитлеровата солдатеска, а ослободувањето на Европа беше било одамна започнато – уште од сопирањето на германската офанзива под Москва, во декември 1941. Конечно, целата Втора светска војна на европскиот континент се водеше (90 отсто од сите воени дејства во војната) само на Источниот фронт, и тоа помеѓу Рајхот, заедно со неговите европски фашистички сателити од една страна, и Советскиот Сојуз од друга.

Ако се сомневате во моиве зборови – зашто факт е, живите лажат – загинатите војници на двете завојувани страни се верни сведоци за суровата воена вистина. Колку и да е

одвратно пребројувањето на загинатите, што е сепак некаков вид скврнавење на светоста и мирот на жртвуваните млади животи, ќе заталкам во таа темница, почитувани читатели, зашто смртта никогаш не лаже! Значи, во битките на самиот „Најдолг ден“ сојузниците имаа 4.414 загинати војници, Германците околу 1.000, а француските цивилни жртви од бомбардирањата достасаа до бројката од 3.000.

Вкупните воени загуби во загинати во акција за целото напредување на сојузниците, значи за целокупното „ослободување“ на Европа, од 6 јуни 1944 до капитулацијата на Германија во мај 1945, изнесуваа околу 196.000 на страна на сојузниците и 263.000 од страна на Германците.

Од друга страна, само во битката за Москва, есента и зимата 1941, Германците загубија безмалку еден милион војници, а Советите двојно повеќе! Само во битката за Сталинград загинаа околу еден милион војници на двете страни, а вкупните бројки на загинати на Источниот фронт во целата војна се безмалку шест милиони војници на Црвената армија и повеќе од четири милиони германски војници. При споредбата на овие ужасни бројки, при соочувањето со оваа девастирачка вистина, и боговите би требало да наведнат глави и да замолчат, и да ги признаат скромните размери на сојузничкото учество во победата над Хитлеровата Германија. Но, вистината веќе никому не му е важна, а загинатите се денес оставени да почиваат во спокојот на вечноста, прекриени од пластовите на срамни лаги што ја негираат и самата смисла на нивната жртва.

Овие мрачни мисли, почитувани читатели, не ги споделувам со вас за да одговорам на прашањето зошто лидерите на слободниот свет, денес, со сите медиумски и образовни, пропагандни и идеолошки средства, ја шират и ја одгледуваат оваа срамна лага, врежувајќи ја во мозоците на чо-

вештвото инверзната вистина за Втората светска војна. Не, на прашањето „зошто“ е безмалку невозможно да се одговори, освен ако не се посегне по мислите на еден од најголемите уметници на мислата и зборот, мајсторот за препознавање и дефинирање на тоталитаризмот – Џорџ Орвел. Во култната „1984“, неговиот глас зборува за повторното измислување на историјата: „Минатото не се менува само еднаш, туку тоа се прави непрекинато. Најмногу го мачеше – и тоа, на некој кошмарен начин, тоа што никогаш јасно не разбрал чуму е тој огромен систем за мамење на луѓето. Непосредните предности од фалсификувањето на минатото беа очигледни, но крајниот мотив не можеше да се долови. Тој повторно го зема перото и напиша: Јасно ми е КАКО; не ми е јасно ЗОШТО.“ Понатаму во романот Орвел одговара и на ова прашање: „Кој го контролира минатото, ја контролира и иднината; кој ја контролира сегашноста, го контролира и минатото.“

Всушност, се работи за севременската, универзална и дистинктивна дефиниција на тоталитаризмот – системот на владеење што си поставил за цел да ги контролира и човечките мисли. И, тоа е суштинското својство според кое тоталитаризмот можете да го препознаете: онаа власт што ќе одлучи тотално да го контролира минатото и да им ја вградува својата лажна историја како единствена вистина во главите на луѓето, тој систем е по дефиниција тоталитарен. Знам, изгледа контроверзно земјите глобални лидери на демократијата и либерализмот, еманципаторите на универзалните човечки права, да манифестираат тоталитаризам, и тоа во неговата радикална форма?! Како е тоа можно... или зошто?

# ПРОСЕЧНА ПЛАТА, ШТО ТОА НЕ Е

22.06.2019

> Интелектот на најголемото мнозинство луѓе на планетава функционира првенствено со помош на механизмот на слепата верба и прифаќањето здраво за готово, без да се служи со разумот и промислувањето.

Човековите очи го гледаат само она што неговиот ум е подготвен да го прифати. Ова својство на нашиот когнитивен апарат веројатно било развивано повеќе милиони години низ еволутивниот развој на човекот како животински вид. Конечно, тоа и самите можете да го проверите и докажете на илјада начини, но омилениот школски пример е од областа на астрономијата. До Коперниканската револуција човештвото ја гледаше земјата како стабилна референтна точка во универзумот, а сонцето, планетите и ѕвездите како се вртат по небото околу неа. Научната промена од пред четири века ја прифатија само малкумина научни гении – да ги изброиш на рака – што почнаа да ја „гледаат“ земјата како тркалезно небеско тело што се врти околу својата оска и околу сон-

цето. Денес, безмалку целото човештво ја гледа земјата и небеските тела „низ очите“ на тие неколкумина ренесансни великани.

За жал, две сосем чудни последици произлегуваат од оваа општочовечка когнитивна премиса; првата е дека презрените предрасуди врз кои се темелат сите зла на светот се всушност еволутивно највтемелениот механизам на нашиот мозок за спознавање на светот околу нас; другата произлегува и ја овозможува првата: интелектот на најголемото мнозинство луѓе на планетава функционира првенствено со помош на механизмот на слепата верба и прифаќањето здраво за готово, без да се служи со разумот и промислувањето. На овие две поразителни консеквенци се темелат бескрајно големиот број на манипулации, илузии, еуфемизми и верувања што се одгледуваат во секојдневниот живот, а служат само како „опиуми за народот“, како средства за одржување на социјалната кохезија на општествата, или, едноставно, како средства за отапување на мислата и обезбедување на социјалниот мир.

Една од најманипулативните бесмислици што денес масовно се употребуваат во економијата и политиката, и тоа како еден од најчесто користените параметри, е таканаречената „просечна плата“. Ќе признаете, почитувани читатели, дека нема политички говор, компаративна економска студија или дури ни обично чанче муабет, а да не се наведе некоја бројка денари, евра или долари како „просечна плата“. И, никој не се чувствува непријатно поради фактот што во современиот глобален капитализам, овој параметар не само што не значи ништо, туку е и тешка статистичка грешка (зашто се пресметува како

аритметичка средина), што во официјалната употреба всушност претставува бесрамна и злонамерна лага.

Но, да одиме по ред. Што е, всушност, просек? Има голем број математички и статистички методи за пресметувањето на просекот на нештата, кои се употребуваат за различни ситуации, но значењето на поимот е дека тоа е број или мерка што ја одразува централната или типичната вредност на една група на податоци или поединечни вредности. Од оваа општа дефиниција, меѓутоа, како да се измолкнува вистината за просекот, а тоа е дека тој рационално и со смисла може да се употребува само за некои групи на вредности, а за некои е пак делумно или потполно неупотреблив, односно бесмислен и апсурден, особено ако се пресметува како аритметичка средина.

Еве, на пример, просечните височини на сите мажи или жени на планетата, се исклучително веродостојни и употребливи параметри, кои имаат неограничено голема употреба во дизајнирањето, проектирањето и произведувањето на сите градби на светот, сиот мебел, облека и предмети за домаќинство, сè што мора да го има човекот за мерка. Просечната височина е, меѓутоа, употреблив и рационален параметар само и единствено зашто односот меѓу најголемата и најмалата висина на 99 насто од човештвото е 1,4, но тајната на употребливоста на просечната височина се наоѓа во оној преостанат 1 насто, зашто таму односот меѓу екстремно ниските и екстремно високите нема да го надмине бројот од 2,5. Да постоеја луѓе високи 100 метри или 16 километри, параметарот „просечна висина“ ќе беше потполно бесмислен и неупотреблив.

Со енормното растење на нееднаквоста на целата неолиберално капиталистичка планета, просечните вредности имаат се помалку смисла, а просечната плата не зборува ништо – или бесрамно лаже – за примањата на просечниот човек, односно за огромното мнозинство на сиромашни. Таму кадешто односот помеѓу минималната и максималната плата изнесува неверојатни 13 000, параметарот „просечна плата“ не само што ја губи смислата, туку станува тешка, манипулативна лага. А, овој однос помеѓу највисоките и минималните примања е постигнат во Македоња Вечна, што беше пред некое време и официјално објавено од страна на министерството за финансии. Од соопштението сознавме и дека „половина од луѓето во Македонија што остваруваат доход имаат под 212 евра месечно, 70 проценти имаат доход што е под 297 евра месечно, а 90 проценти имаат доход што е под 495 евра месечно“. Или, накусо, дека повеќе од 80 насто од вработените имаат плата помала од официјално пресметаната „просечна плата“!

Како што вели познатиот економист Бранко Милановиќ, „просечните вредности, дури и кога се точни, немаат многу значење во светот на нееднаквоста“. Поради тоа денес, кога сме „ослободени“ од диктатурата на лагата на ВМРО, параметарот „просечна плата“ не би требало официјално да се употребува од страна на владата, зашто социјалдемократијата е измислена не за да ја замаглува грдата вистина за размерите на нееднаквоста и сиромаштијата во земјата, туку да се бори да ја искорени оваа фатална мана на капитализмот.

# ЧАРШИСКИТЕ СКРЕЖОВИ

20.07.2019

> Кога излегував од земјата чаршијата подмолно ромореше дека оваа влада е иста со претходната, а кога се вратив ме заглуши пискот дека власта била дури 100 пати полоша од онаа на ВМРО-Фашистичка!

Човек не може да си го дозволи луксузот да ја напушти библиската земја ни за две недели, зашто ќе му се случи да отпатува од една татковина, а да се врати во друга. Кога ова некни ми се случи и мене, уште на прагот од родната грутка ме дочека таква заглушувачка врева на возбудената чаршија, што помислив дека тоа никако не може да биде мојата сакана дома, апатична и трпелива, што сопственото поробување, ограбување и силување од страна на ВМРО – Фашистичка, не само што го толерираше немо и „достоинствено“ безмалку цела деценија, туку продолжи опстојно да молчи за огромниот системски злостор над македонското општество и култура сè до овој миг, среде неподносливиот татнеж на чаршиската јарост!

Што сè не ечи и одѕвонува во етерот: неподнослива корупција, пропаст на владата, криминал во СЈО, предвремени избори како единствено решение на оваа катастрофа што светот не ја видел од своето настанување пред 6.438 години, итн. итн. Кога излегував од земјата чаршијата подмолно ромореше дека оваа влада е иста со претходната, а кога се вратив ме заглуши пискот дека власта била дури 100 пати полоша од онаа на ВМРО-Фашистичка!

Заглушувачкиот вресок на многуте гласови што ме дочека на портите на татковината, на сосем неразбирлив начин ми побуди сеќавање од најраното детство – толку далечно што и овој миг го гледам зад очите во избледени бои, како во старите рачно боени црно-бели фотографии. Сеќавањето е од летување во Дубровник, ќе да беше 58 или 59 година од минатиот век, кога родителите решија да појдеме на излет на Локрум, ненаселено островце што го затвора јужниот поглед кон морето од дубровничката тврдина. Островцето е всушност една поголема карпа, раскршена и фрлена во морето, неверојатно густо пошумена со медитерански дабови и борови, црни јасени и италијански пињоли, што останале од ботаничката бавча, создадена некој век порано за австрискиот надвојвода Максимилијан, кој одбрал токму таму да си направи летна резиденција... дрвја што потем се одметнале од градината за да го „заземат“ целото островце.

Елем, кога кажав „ненаселено островце“, мислев ненаселено од луѓе, зашто Локрум – барем таа година – го населуваа сигурно повеќе од 100 милиони цикади, кај нас познати како скрежови, или како што децата ги викаат „жежи-печи“, што се бездруго најгласните инсекти што ги населуваат жешките медитерански гори. Оваа бројна

популација скрежови создаваше вистински ѕид од бучава, во кој се треснавме во моментот кога излеговме од чамецот и зачекоривме по поплочената марина, а потоа по тврдата кафено-црвена земја, на која под боровите не можеше да се вкотви ниту едно влакно трева. Се сеќавам живо и некако телесно – какви што се сите сеќавања на болки – дека бев цел ден збунет и затапен од звуковната агресија што ја произведуваше љубовната песна на скрежовите, и дека крајниот ефект од агресивната бучава беше сосем контроверзен: ми предизвика комплетно исклучување на мозокот, практично престанок на работа на свеста и каква и да е разумна мисла, а оваа празнина ја беше исполнила лесна, воздушеста и како во убав сон мека тапост и кретенски среќно отсуство на умот...

Втората асоцијација што ми ја побуди медиумската врева на влезот во татковината – или попрво ќе да е вистинско дежаву – е периодот од есента 2005 до следното лето 2006, кога сите, буквално сите медиуми и чаршиски мегафони, тркалаа секојдневно корупциски и други афери и аферички, рушејќи ја владата на Бучковски, барајќи предвремени избори и градејќи ги пропилеите низ кои торжествено, како „спасител“, „во името на неолиберализмот, демократијата и владеењето на правото“ го проведоа Груевски, да владее автократски повеќе од деценија, да го престори целото општество во бљутава органска смеса од кич и фашизам, грабеж и кретенизам, што го уништија вкупното државотворно, општествено, културно и душевно наследство што македонската република го градеше шеесет и кусур години. И тогаш, како и деновиве, јароста на „правдољубивата“ чаршија беше во потполна диспропорција со тежината на корупциските афери; и тогаш јавноста се однесуваше како да болува од

тотална амнезија која ги избришала сите факти за размерите на катастрофата во која ВМРО-ДПМНЕ ја вовлече земјата 2001 година, како и свеста за ноторната реалност дека на владите на Црвенковски, Костов и Бучковски им требаа 3,5 години по вмровската катастрофа само да ги санираат штетите и да ја доведат библиската земја на позитивна нула...

Да, почитувани читатели, овие чудни асоцијации ми ги разбуди непропорционалната силина и бучавост на јавната реакција на скандал, за кој уште не се знае ништо суштинско и цврсто; скандал што „тежи" 1,5 милиони евра, кој допрва влегол во нормална правно-судска постапка. Зошто непропорционална? Па, корупцискиот скандал од единаесетгодишното владеење на ВМРО сè уште тежи една милијарда евра народни пари само во бетонско-стиропорните фекалии од „Скопје 2014", пет милијарди бесправно изнесени евра во островските „даночни раеви", уште најмалку три милијарди евра украдени буџетски пари за потребите на партиско-мафијашката фаланга на ВМРО, криминализација на сите институции на државата – од Парламентот и Владата, до Уставниот, Врховниот и основните судови, а за декапацитирањето на институциите и кретенизација на целото општество и да не зборувам!

Ниту едно од овие злосторства – што во споредба со рекетарскиот скандал што ја тресе земјата се точно математички 10.000 пати поголеми – не е разрешено, не се попишани ни штетите, ниту жртвите; никој од стотиците невино осудени не е рехабилитиран, никому не се исплатени штетите што се направени од страна на злоупотребената држава, фашистичките споменици што не обележуваат како малоумна нација уште гордо

стрчат...., додека ВМРО-ДПМНЕ столува во украдената бела cassa del fascio и царува како моќна опозиција во Парламентот, а целото општество се однесува како со лоботомија да му е искорната меморијата и како ништо воопшто и да не се случило?! И, едвај дочекавме скандал „со високо позиционирана личност“ за со хистерично алалакање, зурли и тапани, веќе да почнеме да го подготвуваме враќањето на ВМРО на власт?! Бидејќи „биле 100 пати бољи“?!? Кои сме ние тоа кретени? Очигледно дека локрумската популација скрежови била каде-каде помудра од оваа тука, составена од сапиенси, што го населува проколнатово балканско острово на глупоста.

# ГРАД НА ПРОСТАЧКАТА НЕБЛАГОДАРНОСТ

**28.07.2019**

> Луѓето сосем неоправдано очекуваат дека континуитетот на нивниот град е нешто цврсто и постојано, како од бога дадено, сè додека нивниот град се простира на истото парче земја. Но ужасно грешат.

Како што идентитетот и душата на човекот исчезнуваат со бришењето на неговата меморија, така и духот на градот – колку и да се работи за истото место и за истото име – го снемува заедно со изгубените сеќавања за него. Луѓето сосем неоправдано очекуваат дека континуитетот на нивниот град е нешто цврсто и постојано, како од бога дадено, сè додека нивниот град се простира на истото парче земја. Но ужасно грешат.

Континуитетот на градот е секогаш метафизички, тој постои само во моралната вертикала што опстојно се негува низ времето, во колективната свест на неговите жители. Најцврстите нитки од ова кревко стебло се сеќавањата на вредностите што го одржале духот на градот низ времето, сеќавања на луѓето и настаните, на добрите дела, помошта

и солидарноста што на градот му биле дадени за да опстане и, се разбира, во самата негова срцевина – чувството на вечна благодарност кон сите што се вградиле во него.

За жал, духот на Скопје е денес сосем плитка и первертирана каша составена од самозаборав, кич, небрежност, плиткоумна ароганција и неблагодарност. Од град на солидарноста во чие воскресение по катастрофалниот земјотрес 1963 учествуваше безмалку целото планетарно семејство на народите, градот е денес гротескна слика создадена само од една лудачка инспирација, во која се поганат сите вредности што го изградија градот, се пребришува споменот на оние што ни овозможија да постоиме. Од град на солидарноста, станавме град на скудоумноста и неблагодарноста. Но како, по ѓаволите, се случи ова: да не сме родени со грешка, со генетско кусо паметење, или пак сме жртви на бескрајната низа на дисконтинуитети во нашата историја?

Навистина, од првото запишано и документирано Скопје, пред безмалку 2000 години, римското Скупи, малото но огледно уредено римско гратче никнато на ова плодно буниште во времето на Pax Romana, кое било разорено 518 година од катастрофален земјотрес и напуштено засекогаш од своите жители, историјата на градот е како вертикална временска шајка, на која се набодени параголни од различни времиња, култури и народи, неповрзани меѓусебе со сеќавања и вредности, милениумска низа на дисконтинуитети поврзани со меѓусебното незнаење и заборав. За време на средниот век, од шестиот век до 1392 година, кога го заземаат Османлиите, градот се појавува и се губи од историјата, понекогаш и цели два века во темницата на заборавот, за да се појави со нови жители и „газди", кои, меѓутоа, бргу го напуштаат за да го заборават. Под отоманската империја, Скопје – заедно со царството – го доживува својот прв голем процут и временски кон-

тинуитет, за до 17. век да стане најголемиот и најуредениот град помеѓу Солун и Виена. И повторно, по неговото темелно опожарување од страна на австрискиот генерал Пиколомини во 1689 година, градот го напуштаат неговите жители и го снемува од историјата. Во почетокот на 18. век Скопје го населувале едвај 2.000 луѓе, за бројот на жители од пред катастрофата – но не и сјајот и урбаната уреденост! – да ја достигне дури во почетокот на 20. век. А, овој век, пак, се покажа поагилен во самозаборавот и насилните бркања на градските елити и менувањата на вредностите и културите, дури и од средниот век: дисконтинуитетите се случуваа во периоди не подолги од дузина, дузина и пол години. Првин во Балканските војни, па во Првата и во Втората светска војна, за на крајот, на овој ден пред 56 години, да го уништи толку катастрофален земјотрес, што – да не се случеше чудо – бездруго ќе беше дефинитивно напуштен и од своите жители и од бога, и ќе исчезнеше од историјата. Но, какво беше тоа чудо?

Тоа беа зборовите на другарот Тито: „Скопје доживеа невидена катастрофа, но Скопје повторно ќе го изградиме. Со помошта на целата заедница, тоа ќе стане гордост и симбол на братството и единството, на југословенската и светската солидарност.“ Тоа чудо беа овие судбински зборови и решителноста на Тито да ја искористи својата политичка волја и моќната меѓународна позиција на Југославија, за да ги претвори во јаве. И така, за обновувањето на Скопје се донесоа нови закони и одлуки и на југословенско и на републичко ниво, а зад меѓународната помош застанаа и Обединетите нации со посебна резолуција. До 1966 година Скопје прими помош од 77 земји во светот, но најголемиот товар на обновувањето на градот го поднесоа народите на Југославија.

Бројките нека зборуваат сами: земјотресот уништи повеќе од 85 проценти од вкупниот градежен фонд и инфраструктура на градот. Вкупната штета беше проценета на 2,4 милијарди тогашни американски долари, но вистинската вредност на обновата до крајот на седумдесетите, меѓутоа, изнесуваше – според стручната литература и реалните трошоци – повеќе од 40 милијарди долари, што е денес околу 120 милијарди евра. Странската помош изнесуваше 130 милиони тогашни долари или околу една милијарда денешни евра, додека останатиот финансиски трошок – сите сто и кусур милијарди евра – од обновувањето на Скопје го поднесоа народите на Југославија. И?

Како благодарност за можеби највредниот историски пример за искажано јужнословенско братство и планетарна солидарност, ние скопјаните и гордите граѓани на библиската земја, ги пребришавме и ги испоганивме модерните и хуманистичките вредности во чие име ја примивме енормно големата помош што нè воскресна од мртви. Ги предадовме на заборавот и ги понииживме со простачка ароганција на игноранти-личностите, организациите и државите што ни го подарија животот и просперитетот по земјотресот, префасадирајќи ги во франкенштајн-барок нивните подароци, менувајќи ги имињата на улиците со кои го чувавме споменот на нив, сè во слава на фашистички вредности и ликови од вмровскиот паноптикум, заумни идеи за повторното раѓање на македонските ариевци и џепчиски открадната ликови од далечната историја на балканскиот полуостров.

Има ли подолна морална дегенерација од охолата и простачка неблагодарност за стореното добро? Ќе речете дека има, почитувани читатели, и повторно ќе ми ја вратите гордоста на вистински македонски патриот.

# БУРК-ХЕАРОВИОТ ЗАФАТ ВРЗ МАКЕДОНЊА

**02.08.2019**

> Ова злосторнички ингениозно задушување кое не оставало траги на насилство и не предизвикувало сомнеж дека се работи за убиство, одекнало толку силно што довело до усвојување специјални закони за користење кадавери во научни цели и вовело нов збор во англискиот јазик – burking.

Тешко е да се сфати како безмалку секоја голема и прогресивна човечка идеја уште во миговите на своето зачнување, или најдоцна во невиното бебешко лазење, развива и никулец на сопственото уништување, зачеток на нешто автентично зло, што ќе расте и ќе метастазира во самото јадро на идејата, чекајќи го моментот на слабост на веќе зрелото движење за да го задуши. Најстрашното оружје на овој `ркулец на смртта е што тој од самиот почеток се идентификува со хуманата творба, што и да е таа – идеја, нација или движење, ја присвојува и притиска со тежината на својата зла природа и на крај ја убива како исполнување на својата генетска задача, како свое онтолошко исходиште.

Така, во раниот 19 век, во почетокот на викторијанската ера на Англија, во најголемиот процут на науката, индустрискиот и општествениот напредок, Единбург бил водечкиот град на анатомските истражувачки студии во светот, студии што анатомијата ќе ја воведат во редот на вистинските науки и ќе претставуваат, до денешен ден, основа за развојот на медицинската хирургија. За беља, поради природата на анатомските студии кои морале да се вршат на кадавери, трупови на скоро починати луѓе, наоѓањето на „материјалот“ за студирањето на човечката градба се покажало како најголема пречка за напредокот на оваа млада наука. Неволјата била уште поизразена поради тогашниот закон, кој дозволувал дисекцијата во научни цели да се врши само над тела на луѓе починати во затвор, самоубици или луѓе без семејство. Поради големата побарувачка, кадаверите добиле пазарна цена, која во тоа време се движела помеѓу 8 и 10 фунти, што било вистинско мало богатство.

Ова бил предтекстот за настанувањето на едно од најбизарните – и воедно најинвентивните – сериски убиства во модерната историја, генетски поврзани со раѓањето на најхуманата од сите науки. Се почнало со смртта на еден осамен станар во ќумезот што го издавал ништожникот Хеар, кој поради ненадејната смрт од масивна едема му останал должен на домаќинот. За да ја надомести штетата, тој, заедно со својот ортак Бурк, решиле трупот да го продадат на најблиската елитна анатомска лабораторија на светски познатиот доктор Нокс. Ноќта пред погребот го извадиле телото од ковчегот и го продале за убава цена на лабораторијата. Откога сфатиле дека откриле вносен „бизнис“, Бурк и Хеар почнале да избираат осамени станари, да ги убиваат ноќе, и со истата технологија на замена на трупот од ковчегот, да ги продаваат жртвите за анатомски истражувања. За десет месеци од 1828 година тие уби-

ле и продале 16 жртви, после што биле фатени и осудени.

Она што останало од ова одвратно сериско убивање е ингениозниот начин што го смислиле двајцата морални монструми, за да не остават траги на насилство што, се разбира, би им го уништило „бизнисот“. Тоа бил – и денес познат во судската медицина – Бурк-Хеаровиот зафат или Борковата асфиксија, односно задушување. Водени од ѓаволска инвенција тие своите жртви ги задушувале на спиење, така што Хеар им ги затнувал устата и носот, додека Бурк им лежел попреку на градниот кош и со својата тежина го блокирал нивното движење и дишење.

Ова злосторнички ингениозно задушување кое не оставало траги на насилство и не предизвикувало сомнеж дека се работи за убиство, одекнало толку силно што довело до усвојување специјални закони за користење кадавери во научни цели, вовело нов збор во англискиот јазик – burking, што значи задушување, а влегло и во генетските записи на разни злосторнички организации што своето постоење го остваруваат задушувајќи ги народите што целат да ги ослободат. Се разбира, мислам на ВМРО.

Од своето основање, во некој мрачен и влажен миг 1919 или 20 година, фашистичката ВМРО е смртна закана за македонскиот национален и државен проект, за време на Втората светска војна беше на страната на фашистичките окупатори, а за време на процутот и развојот на социјалистичката македонска република живуркаше како притаен вирус на антимакедонската ебола. Од 1990, кога се појави нејзината современа реинкарнација дпмне, ВМРО и ДПМНЕ – исто како и нивните инспиратори Бурк и Хеар – се надвјасаа над кревкото тело на независниот македонски државен и културен проект, и му го затнуваат здивот, и со својата злосторничка тежина му затежнуваат на градниот кош, обидувајќи се да ја осободат Македонија од са-

мата себе си, од нејзините перспективи и иднина, од воздухот што македонското општествено битие се обидува да го вдише низ вмровските лепливи прсти. Оваа културна, политичка и државно-правна асфиксија, вистинско задушување што не дозволува доток на кислород во македонската колективна свест, и се разбира – предизвикува умирање на мозокот на нацијата и на државата, трае интензивно веќе 30 години, со помали или поголеми осцилации, колку да сркнеме малку воздух, колку да ни се обноват надежите, колку да се нурнеме во самозалажувањето дека со оваа злосторничка партија е возможна каква и да е демократија, парламентарен плурализам, владеење на правото или минимум на домаќинска разумна мисла.

Иако немаат никаква, ама баш никаква историска, идејна или каква и да е друга врска со Крушевската Република 1903, македонските Бурк и Хеар ја украдоа и ја сметаат за своја, а прославата на Илинден ја користат само за простачки да го окупираат Мечкин Камен и да го зголемат стисокот на „бурковиот зафат". Сите политички отстапки што им се прават, како цена за илузијата дека со злосторничката ВМРО како „конструктивна парламентарна опозиција" можеме да глумиме парламентарна демократија, само ја зголемуваат тежината врз градите на македонската република. Не смееме да се залажуваме, почитувани читатели, дека ја ослободивме државата од ВМРО: ние сме сеуште долу, со затнати усти, нос и притиснати гради; зафатот е ингениозен и смртоносен, та немаме големи шанси да се ослободиме од задушувањето, доколку и ВМРО и ДПМНЕ, македонските Бурк и Хеар, не бидат изведени пред судот на правдата и занавек одстранети од македонската политичка и општествена иднина.

# ДОДЕКА ВИСТИНСКИОТ ЗЛОСТОР ТОНЕ ВО ЗАБОРАВ...

10.08.2019

> Целта на психолошката војна е поткопување на моралот, корумпирање на душата на непријателот, всадување страв, губење верба во смислата на борбата, конфузија и парализирачка јадосаност.

Уште од најстарите запаметени времиња се знае дека психолошкото уништување на непријателот е далеку најсилното оружје во војната, оружје што обезбедува најблескави победи, добиени со најмалку загуби. Целта на психолошката војна е поткопување на моралот, корумпирање на душата на непријателот, всадување страв, губење верба во смислата на борбата, конфузија и парализирачка јадосаност.

Еден од најраните мајстори во употребата на ова најубиствено оружје бил нашиот Алехандро Магно, кој тргнал да го освои тогаш познатиот свет со исклучително мала армија. За да не ја потроши својата одлично опремена но малубројна војска во непотребни крвави битки, тој ја покажал својата војсководачка ингениозност, измислувајќи многубројни техники на психолошката војна, ширејќи разноразни гласини за суровоста и несопирливата уби-

ственост на своите сили, предизвикувајќи така без борба да му се предаваат цели градови и армии. Колку била инвентивна неговата ингениозност во совладувањето на невозможни воени ситуации – ако може да им се верува на историските извори што денес ги нарекуваме легенди – најдобро се гледа од една ситуација кога по долгото напредување во освојувањето нови територии, толку ја развлекол и ја намалил оперативната сила на својата армија – оставајќи по малку војска во секој освоен град – што ризикувал неизбежен пораз доколку се сретнел со каква и да е поголема и поорганизирана војска.

Елем, Алехандро морал да се подврати малку назад по трагата на своето напредување и да ја потсобере и реорганизира војската што ја оставил зад себе. Но, оваа тактичка мерка била, исто така, многу ризична и можела да има погубни последици по македонската војска, зашто повлекувањето најверојатно ќе предизвикало победничко расположение кај непријателите што ќе се охрабреле да тргнат во потера и противнапад со кој ќе ја сотреле Алехандровата армија на враќање и прегрупирање. Што направил нашиот Велики чукун-чукун-прапрапра-прааа дедо? Им наредил на своите воени оружари и ковачи да исковаат повеќе градни оклопи, шлемови и рачно оружје со гигантски димензии, што би можеле да ги носат само џинови високи два и пол метри. Оваа џиновска опрема потоа била оставана подрасфрлана на секое конечиште од македонската војска при повлекувањето, што предизвикало ужас и конфузија кај непријателските извидувачки единици, ужас што ги натерал да се откажат од потерата.

Но кој ѓавол ме натера да ви ја раскажувам оваа воена бајка за Алехандро, почитувани читатели? А да, тоа беше потребно за да ја доловам практично најуспешната техника на психолошката војна. Тоа смртоносно психолош-

ко оружје не мора да е сировата лага или погрешниот факт, туку леталниот ефект во специјалната пропагандна војна се постигнува и само со погрешен размер! Зголемувањето или намалувањето на фактите од стварноста, хиперболата или екстраполацијата, како и минимизацијата – да се изразам народски – од почетокот на времето па до денешниот ден, се најомилените литературни фигури на специјалната војна, пропагандата и нивните егзекутивни чеда: жолтиот и кафениот печат, електронските медиуми, социјалните мрежи и чаршиските гласини и гнасини. Конечно, ова мора веќе да ви е премногу познато и веќе одвратно банално, зашто македонското општество е повеќе децении изложено на вмровската фашистичка пропаганда, од 2006 до 2016, во огромни канцерогено озрачувачки и тоталитаристички дози, а последниве месеци – по мала и залажувачка пауза – еве, повторно, со атака на сите сетила, со врескање од сите мегафони и звучници, екрани и телефони, македо и деновиве итало-фашистички портали и портпароли.

Ужасниот несразмер со која се презголемува значењето на еден поединечен криминален случај – за кој, патем, институциите реагираа секавично и професионално, и за кој истрагата е во полн ек – со кој се исполни целиот македонски универзум и се презголемува како да е најголемата рекеташка афера откога постои светот и се нормализира една долна и лајава презумпција на вина што се шири во перверзни размери со цел да ги опфати и однапред да ги направи виновни сите што се сликале со осомничениот од кога бил бебе па до апсењето, сите што имале каква и да е врска со него, особено сите што живееле на истата хемисфера од планетата, а се во некаква врска со власта, СДСМ или премиерот Заев. Оваа пропагандна нуклеарна печурка – лудара, што цели и, за жал, успева! – да го затемни целото летно небо, оваа очигледна намештаљка,

во која почнаа да се вклучуваат и актерите од меѓународната фашистичка алијанса,изградена врз еден осамен и поединечен случај, а со цел да се урне власта, е во таква неверојатна диспропорција со молчењето за грандиозните злостори што ВМРО му ги стори на истово ова напатено и конфузно општество, што човек се чувствува заморен и обесхрабрен и да пишува за неа.

Само да потсетам: злосторот на бришење на идентитетот и декултурација на сите граѓани на земјата, крадење на историјата и способноста за самопочит и саморазбирање, декапацитирање и криминализација буквално на сите институции на државата, кретенизација на целиот фонд на учебници со кои се трујат нашите деца, уништување на модерните вредности на рациото, позитивизмот, доброто, убавото, правото, логиката... губењето на смислата на зборовите, поимите, фактите, крадењето на неколку стотини илјади хектари земјоделско земјиште, некоја десетина илјади хектари градежно земјиште, голосек на стотини илјади хектари шума и осудување на ерозија, суша и глад на идните генерации, корумпирање и оглупавување на повеќе од 800 закони и 2.000 прописи, уништување и ограбување на неколку стотици успешни претпријатија и присвојување на нивниот бизнис и имот, наплаќање на повеќе од 500 милиони евра рекет на оние другите претпријатија за да не бидат уништени и ограбени...

Можам да набројувам уште многу факти за најголемиот злостор што некоја организација ѝ го сторила на македонската држава и население, но зошто, почитувани читатели, кога за нив не смееше да се зуцне додека ВМРО беше на власт, а за нив громогласно се молчи и денес без да бидат попишани, процесуирани, објавени, осудени, обештетени жртвите... Зошто, кога тоа веќе не е вест и заслужува заборав како и ланскиот кењкав и во секој поглед никаков снег?

# АНАТОМИЈАТА НА ЕДЕН РЕКЕТ

**17.08.2019**

> Скандалот што се заканува да ја експлодира вселената со енормно зголемување на малограѓанската темна материја е – обична измама.

Прво што мора да се нагласи на почетокот на една сериозна анатомија на најголемиот рекет во историјата на планетата земја (рекет што со својата магнитуда ја измести од нејзината вообичаена орбитална инклинација, при што создаде нова астрофизичка катаклизма – темна материја од такви пропорции што на планетата ѝ се заканува влегување во нејзината несомерлива сенка, во помрачување од кое никогаш нема да излезе); значи, прво мора да се нагласи: воопшто не се работи за рекет.

Скандалот што се заканува да ја експлодира вселената со енормно зголемување на малограѓанската темна материја е – обична измама. Рекет е кога мафијата бара пари од бизнисмените во замена за „заштита“, при што докол-

ку не го платат бараниот „пицо“ (pizzo), мафијата им прави првин штета како опомена, за потоа на непотчинливите поединци да им го уништи бизнисот или животот, за показ на сите други. ВМРО беше таа криминална организација што системски вршеше државно-мафијашки рекет врз стотициуспешни бизниси, ограби милијарди евра и уништи илјадници животи во долгите единаесет години од македонската калварија.

Во вмровската варијанта рекетот се комбинираше со насилно преземање на бизнисот и имотот. Жртвите беа напаѓани во „глутница“ од сите органи на фашистичката органска мафија-држава. Првин на жртвата ѝ приоѓаше режимскиот бизнис-тајкун и ѝ нудеше откуп на фирмата, а по одбивањето на „понудата“ од страна на дотогаш успешниот стопанственик, мафијата-држава го напаѓаше во глутница. На фирмата ѝ се испраќаа куп инспекции кои со огромни казни ѝ го исцедуваа обртниот капитал. Потоа државата, без образложение и надвор од законот, ги замрзнуваше сите средства што фирмата ги уплатила за концесии и користење други јавни овластувања, за на крајот завршниот удар да го направи приватната банка – клучниот член на партиско-мафијашката глутница – која без објективна причина го повлекуваше акредитивот со кој ја следела фирмата или го раскинуваше договорот за кредит. Со тоа фирмата веднаш стануваше несолвентна и во итна постапка ѝ се прогласуваше стечај и ѝ се доделуваше мафијашко-судски стечаен управник. Овој итно повикуваше судско-мафијашки проценител кој го проценуваше вкупниот имот на фирмата – без оглед на неговата вистинска вредност! – точно толку колку што изнесуваше насилно создадениот долг. Така фирма што чини, на пример, 10 милиони евра, це-

лата – со вкупниот имот – се отуѓуваше за десет пати помалата вредност на долгот, а купувачот и бенефиторот на пленот, што потоа ја „хранел“ целата глутница, беше секогаш вмровскиот тајкун што на почетокот од грабежот се појавил со рекеташката понуда.

Сум гледал со свои очи (со солзи во очите!) како вмровската државно-мафијашка глутница – во која рамо до рамо, со лесен предаторски кас, ко африкански хиени или евроазиски сиви волци, се држеа збиено – министерствата, инспекторатите, судовите, регулаторните тела – заедно со банките и режимските бизнис тајкуни, сериски, со години, уништуваше или преземаше успешни фирми. Потоа се вселуваа во нивите имоти или ги рушеа за некоја планирана мафијашка градба, ги отпуштаа вработените и им ги уништуваа животите на ограбените стопанственици и на нивните семејства. Проценките на упатените укажуваат дека вмровската глутница наплатила пицо во кеш меѓу 500 милиони и една милијарда евра, а дека имотот што го приграбија од оние што не сакаа да ја плаќаат „заштитата“, како и оној што го уништија, вредат повеќе од две милијарди евра.

Не се сеќавам дека против тој вмровски мегазлостор тогаш имаше каква и да е реакција на денес хистерично бучното граѓанско општество. И нема да потсетувам дека ниту еден од овие случаи до ден-денес не е судски процесуиран (а за државното обесштетување на жртвите и да не зборувам). Се подразбира и дека медиумски простор за збор или солза за целиот тој магнум кримен и за неговите жртви, во денешната медиумска рика, цика и џагор, не е можно да се најде.

Несразмерот, апсурдната непропорционалност меѓу вмровскиот злостор и тишината во која тоне, и актуел-

нава рекеташка афера која се презголемува во астрофизички размери, таа обратна пропорција е самата по себе одвратно голем малограѓански злостор, чија вкупна злобност и „политички коректна“ настрвеност е надвисена единствено од малоумието, плиткоста и тривијалноста на неговите мотиви. Со криминална афера што заслужува една колона во рубриките за црна хроника (или, можеби неколку колони, да не претерувам), веќе втор месец се цели да се покрие целиот мегазлостор на една фашистичка диктатура, да се уништи власта на народниот спас и да се трасира конфузијата, безнадежта и нихилизмот што ќе им овозможи на вмровските злосторници повторно да завладеат со нас.

Овој апсурден несразмер непогрешиво укажува на неговата праппричина, на „прималниот грев“, односно на првичниот апсурд на нашето ѓоа ослободување на „заробената ни држава“. На апсурдноста на самата идеја дека фашистичката диктатура на ВМРО (која, инаку, траеше безмалку исто колку и Хитлеровата), не е грандиозен системски злостор во кој учествуваше речиси целото општество, туку тоа да ти било криминално дејствување на неколку поединци од вмровската врхушка што ни ја „заробија“ државата! Поединци, кои ќе бидат гонети од Специјалното јавно обвинителство, посебно создадено само за да ја испорача ветената правда во библиската земја, наместо компромитираните институции на државата.

Оваа апсурдна политичко-правна магија со која се создаде илузија дека за фашизмот не е виновен либералниот капитализам како систем и општеството во целина, туку вината се концентрира во неколку поединци, ја обезбеди колективната заблуда во која македонското опште-

ство глуми апсурден легализам со истите институции, со истите кадровски состави, истите изопачени закони и истите криминални управно-правни практики од децениската фашистичка диктатура, цело време очекувајќи само од СЈО да го претвори апсурдот во материја, ветениот рај во јаве.

Се разбира дека институционалното лежење на грб и чекање правдата, просперитетот и иднината да бидат донесени од еден специјален орган, додека фашистичките институции и законодавство остануваат негибнати, а сите ние како скарабеи си го тркаламе своето топче од кравја лепешка пред себе, се разбира дека тој балон мораше да пукне, а таа илузија да се распрсне. Оттаму веројатно и потекнува овој општ бес, омразата, разочарувањето и бучавата: ние – како и многу плиткоумни тенисери – за својата структурална неподготвеност за антифашистички реформи го обвинуваме рекетот, кршејќи го во слепа јарост од земја.

# СОФАТА ПРИВЕДЕНА, ФОТЕЛЈАТА НА РАСПИТ!

**24.08.2019**

> Правната држава, односно владеењето на правото, ќе го препознаете она летно и сончево понеделничко утро кое ќе осамне без фашистичките споменици во центарот на Скопје и со плоштатка на местото на Куќата на фашизмот. Не порано!

Колку и да се трудиме да задржиме ладни глави и смирен ум, следејќи го растечкиот несразмер што аферата „Рекет“ ја поприма во јавноста, тоа се покажува како залудна работа. Целиот медиумски и политички простор во библиската земја е исполнет со вестите за апсењето и притворот на до некни најистакнатата икона на правдата, борбата против криминалот и неказнивоста. Реакциите на Гласот на Злото што ја пумпаат нуклеарната печурка на антивладината црна кампања од белата Куќа на Фашизмот, штаб-квартирата на ВМРО, се разбирливи и логични. Тие го бараат само минимумот што секоја демократска земја во која владее правото мора да го исполни: оставка на владата, распуштање на парламентарното мнозинство на СДСМ и коалиционите партнери, апсење и судско го-

нење на сите живи души што имале каква и да е врска со осомничените, воспоставување на влада на националното спасение на ВМРО со мандат од илјада години, предавање во вечна сопственост на сите македонски добра што злосторничкото здружение ги украло во единаесетте години од својата мафиократија, и, се разбира, предавање на ЕСМ и сите електрични централи, што се изградени од страна на клетите македонски комунисти, во сопственост и домаќинско управување на нивниот партиски претседател.

Од другата страна, моите млади камаради од СДСМ порачуваат дека нема причини за презголемување на аферата, зашто мерките што ги преземаат институциите, како и отворената јавна дебата, транспарентноста и отчетноста на надлежните органи, се премногу очигледни докази дека правната држава функционира и дека судската разврска на аферата е манифестација на највисокиот идеал на демократијата и владеењето на правото - дека во земјава никој не е над законот! Отровното бладање од Куќата на Фашизмот наиде кај мене на разбирање и христијанска помирливост: нивните барања се логични и во секој поглед на место, зашто произлегуваат од злосторничките мозоци што ја замислија и изведоа најголемата општествено-политичка и културна катастрофа на македонскиот државен и национален проект од Втората светска војна.

Но, мојот напатен мозок беше сериозно засечен не од вмровското злогласење, туку од констатацијата на моите другарчиња дека во Македонија правната држава функционира и дека никој не е над законот!? Како, молам? За жал, ништо не е подалеку од вистината, зашто правната држава цврсто владее само со шефицата на СЈО и нејзиниот мебел, а да владееше со целата ни земја, ВМРО ќе

мораше да биде ставена вон закон како партија, имотот ќе мораше да и биде конфискуван, сите што учествуваа во злосторничкото „заробување“ на државата, соборувањето на уставниот поредок, злоупотребата на јавниот простор и јавните добра, крадењето на милијарди евра народни пари, кретенизацијата на нацијата, декапацитирањето на сите институции и претворањето на престолнината во архитектонска септичка јама, сите, велам, што учествуваа во тој грабеж и културоцид, ќе мораа да бидат казнети сразмерно на своето учество, одговорност и бесправна имотна корист. Меѓутоа, ништо од тоа не се случи, а не гледам дури ниту знаци дека слепото око на правдата воопшто заигрува на тој чудовишен вмровски злочин.

Невро-гребнатината што ми предизвикува тегобност уште повеќе се прошири кога ме состасаа детали за апсењето на Јанева: органите на прогон, заедно со осомничената обвинителка, одлучно и без двоумење ги уапсиле и парчињата мебел за кои постои основано сомнение дека биле набавени на сомнителен начин! И си мислам: можеби јавното обвинителство што 11 години со неврашење на својата уставна надлежност непосредно учествуваше во вмровскиот мегазлостор, навистина се разбудило и почнало да го практикува владеењето на правото? Во тој случај ги известувам дека првото што треба да го направат во понеделник наутро, е да го уапсат споменикот на Александар Трети Македонски, а потоа и на татко му Филип Втори и сите други, да ги демонтираат од нивните постаменти и во камион да ги однесат на истото место каде што го чуваат уапсениот мебел на јавната обвинителка. Доказите дека се работи за криминал, злоупотреба на надлежностите, соборување на уставниот поредок, противправна имотна корист и што се не, се достапни, да не речам очебијни, а собрани се и детално документирани и во Елаборатите што Работната група за справување со по-

следиците со т.н. проект „Скопје 2014", ги има испратено до Министерството за култура, Владата и до Овинителството.

Еве ги накусо, само за Алехандро, како јавна пријава во вид на потсетка. Споменикот на Александар е изграден со цирка 7.500.000 евра, пари украдени од Буџетот на РМ, на сметка на средства наменети за заштита на културното наследство, музејска и кинотечна дејност, што се потоа незаконски уплатени на сметка на Општина Центар, која споменикот го изгради не само како ненадлежен орган, туку со директно суспендирање на законската надлежност на Собранието на РМ. Имено, според членот 5 од Законот за меморијални споменици и спомен обележја, единствено надлежно за одлучување и подигање на споменици е Собранието на РМ, а за одлуката е потребно и мнозинство од пратениците кои припаѓаат на заедниците што не се мнозинство во РМ. Само на авторката на споменикот ѝ е исплатено на рака (!) 1,6 милиони евра, а во кражбата, рекетот, измамата и злосторничкото здружување, учествуваа сите уставни институции на државата што, сметам, е сосем доволно за ангажирање на одделот за организиран криминал, зашто за да биде категоризиран како таков во криминалот треба да се организирале повеќе од 3 лица!

Правната држава, односно владеењето на правото, почитувани читатели, ќе го препознаете она летно и сончево понеделничко утро кое ќе осамне без фашистичките споменици во центарот на Скопје и со плоштатка на местото на Куќата на фашизмот. Не порано! Очекувам со спомениците да се постапува нежно, зашто ме стасуваат гласини дека прерано разбудената и нерасонета правна држава ја шиканирала уапсената клуб масичка на обвинителката, на ноќната ламба ѝ била пуштана струја, а садоперот бил подложен на тортура со „вотербординг"!?

# ИСПОВРАТЕНА ЕНТЕРОСКОПИЈА

31.08.2019

> ВМРО е веќе и идеен и политички леш, но сосема е јасно дека ни претстојат барем илјада години интелектуална, културна и морална декапацитираност; со еден збор – кретенска состојба на свеста!

Здравиот разум ги посетува народите еднаш во сто години, рече, мислам, еден голем руски писател. За малите народи на Балканот, пореалистично е овој период – меѓу двете прошетки на здравиот разум по нашиот гостољубив релјеф – да се мери во милениуми. А, бидејќи неверојатната космичка случајност рациото – во своето талкање по вселената – да се задржи во македонската „вукојебина“ некни веќе се случи и траеше неочекувани половина век (!), нас, за жал, според Болцмановата статистичка механика и термодинамичките закони на универзумот, неумитно нè чека долг период на негова отсутност, кој веројатно може традиционално да се искаже со двата турски, полумилениумски, малоумни мандати на ВМРО.

Можеби, сепак, тоа нема да бидат мандати на власт, зашто ВМРО е веќе и идеен и политички леш, но сосема е јасно дека ни претстојат барем илјада години интелектуална, културна и морална декапацитираност, со еден збор – кретенска состојба на свеста!

Да, речиси е извесно дека тоа ќе биде национален кретенизам чија нулта интелектуална и когнитивна константа веќе неспорно ја докажавме не само со тридецениското надолно лизгање по транзициската кал или со единаесетгодишното вертикално пропаѓање за време на фашистичката мафиократија на ВМРО, туку и последниве години од „ослободувањето“ од вмровскиот јарем, со управно-правниот и малограѓанскиот континуитет со вмровското кретенско, фашистичко и криминално наследство. А, летово, за да ги развееме сите сомнежи дека сме најглупавата нација во вселената, ја продуциравме и најдолната ријалити-кримисерија „Рекет“. Овој обвинителски порно-ријалити можеби не успеа да ги оствари своите примарни цели – да ја собори владата, да го уништи вкупното правно наследство на СЈО и да ја врати мафиократијата на ВМРО на власт, но својата вистинска, космичка, божествена улога – да нè задржи цврсто во водечката позицијата на најголемите кретени во вселената – ова ријалити шоу си ја одигра маестрално. Свака час!

Сепак, вредно помен е неповторливото историско-правно салто мортале што библиската земја го изведе со т.н. „заробена држава“ и нејзиниот митски противотров СЈО. Елем, откога беше поставена дијагнозата дека мафиократијата на ВМРО цела деценија рутински го рекетира целото општество, и дека сите институции од сите три уставни власти во таа работа учествуваа во рамки на

својата службена должност, што значи дека полицијата, обвинителството и судството, наместо да го штитат народот ја штитеа мафиократската држава; откога таа малигна дијагноза доби меѓународна потврда, нашите моќни меѓународни пријатели го измислија СЈО како независен  надворешен истражен орган што требаше да влезе длабоко во телото на заболениот партиско-државен организам и да донесе правда во општеството заробено од институциите на сопствената држава.

Инсталирањето на СЈО изгледаше исто како и ентероскопијата во своите пионерски времиња, кога на пациентот – без локална анестезија, легнат на страна и со бубрежњак под образот – лекарот му буташе дебело гумено црево низ грло, сè до желудникот, со оптичка сонда со светленце на врвот. И, целото време додека специјалистот шеташе со сондата по утробата на пациентот, овој се давеше, немушто уакаше, уак, уак, рефлексно обидувајќи се да го поврати црното црево, за целото време од зафатот. Се разбира дека антиперисталтичкиот рефлекс не можеше да го исфрли долгото цревиште на ентероскопот, но придонесуваше за тоталното исцрпување и измачување на пациентот. Така и „заробената држава“ со сите свои обвинителства, судови, судски и обвинителски совети и други органи, се обидуваше да го поврати СЈО, да го исфрли од своето тело, со несоработка, неприфаќање на предлозите и барањата за притвор, со недавање на судските и други доказни материјали, на секој начин, со грчеви на повраќање, уак, уак, цели години, до исцрпување. И, кога мислевме дека зафатот е веќе при крај, пациентот направи натчовечки (или потчовечки) напор и успеа во едно моќно бљуааак да го поврати и исфрли од себе насила вметнатиот ентероскоп. Се случи „Рекет“.

Најважното прашање што ниту е поставено, а се разбира дека никој не помислил и да одговори на него е: што се смени во заболеното тело на длабоко заболената држава, во судството, обвинителствата и сите други институции што требаа да го спроведуваат владеењето на правото – заради кои се измисли СЈО – во меѓувреме? Се смени нешто? Не. Се смени некој? Не. Се сменија мафијашките правила на игра – законите, прописите и практиките – според кои функционираше фашистичката партиско-мафијашка диктатура на ВМРО? Не. Спроведе ли во меѓувреме тоа исто судство и обвинителство макар едно од илјадите истражни дејства, уапси ли макар еден злосторник што „хараше“ по македонската јадосана земја 11 предолги години? Не. Рехабилитиран ли е макар еден од повеќето десетици или стотици невино осудени вмровски жртви? Не, ниту еден. Па, со каков космички хокус-покус се обезбеди легитимитетот на истрагата за „Рекет“, со кој морален образ целата чаршија го насочи „праведничкиот“ бес кон осомничената специјална обвинителка, кога истата таа јавност, и правно и морално и кадровски и функционално е во истата онаа нефункционална, злосторничка, соучесничка и колаборационистичка состојба во која му служеше на вмровскиот фашизам 11 години? Чиј тоа мебел – освен на Јанева – е уапсен за овие предолги годиништа?

Испаѓа дека откога се основа СЈО, целото судство, обвинителство и други државни органи, се аболицирани од секаква одговорност за деценискoто служење на вмровската мафиократија, и се ослободени од секаква уставна должност да го гонат вмровскиот криминал и неговите девастирачки последици, што се случил во изминатата деценија и кусур, но компетентни се само да ја гонат Јанева и нејзините соработници, хм?

# ОСАКАТЕНО ОПШТЕСТВО

**07.09.2019**

> Испадна дека со неограниченото користење интернетски услуги сите, без исклучок, го ставивме својот фаустовски потпис на мефистофелскиот договор. Испадна дека „бесплатната“ услуга на силиконските гиганти им ја платившме буквално со своите души – исто како и во гетеовиот Фауст.

Колку наивно и колку невнимателно беше општочовечкото воодушевување од информатичката револуција, кога мислевме дека бесплатното поврзување и достапност на информациите преку интернетот се влез во земниот рај. Уште повеќе егзалтација предизвикаа социјалните мрежи и можноста – мислевме пак низ перде исткаено од детски копнежи – дека тоа е врвот на еволуцијата на меѓучовечките комуникации, остварување на вистинската и неограничена слобода на изразување и какви сè не други шеќерно-розови ломотења.

Денес, меѓутоа, само некоја деценија по оваа најглобална од сите глобализации, на многумина им е јасно дека сите овие илузивни надежи се искршија од најстарото економско правило на светот: дека такво нешто како

што е бесплатен ручек – не постои. Така испадна дека под белата пуплинска одора на оваа ангелска информатичка убавина, ѕиркаат ѓаволските чепунки, обраснати во долга и остра козина.

Испадна дека со неограниченото користење интернетски услуги сите, без исклучок, го ставивме својот фаустовски потпис на мефистофелскиот договор. Испадна дека „бесплатната" услуга на силиконските гиганти им ја плативме со своите души – исто како и во гетеовиот Фауст – зашто тие од нашите души направија стока со која слободно тргуваат и со која за најкусо време го направија најголемото богатство во историјата на планетата. Силиконската комодификација на целото умрежено човештво испадна дека е повносна и од милениумската практика на физичко поробување и тргување со луѓето, зашто во нашиот случај предмет на тргувањето не е само телото на човекот, туку и илјади податоци за секој поединец, многу повеќе одошто тој може да знае за себе. А, ако поимот комодификација звучи економски езотерично, почитувани читатели, ќе ви го откријам неговото значење: тоа значи претворање на нешто во суровина, артикал, продукт, ствар, парче, што било со што може да се тргува, со еден збор – стока.

Покрај претворањето на умрежениот дел од човештвото во обична стока, информатичкиот планетарен рај обезбеди уште три „рајски" последици на оваа чудовишна комодификација. Првата е што покрај бенигната продажба на нашите души на компаниите што така ќе ни ги продаваат подобро нивните продукти, силиконските Мефистофели ги продаваат нашите интими на политички центри на моќ кои таа информација ја користат единствено да владеат со нас. Втората е што истите канали со кои се присвоени податоците за нашите души,

злите центри на моќ ги користат за влијание и манипулација со нашите убедувања, емоции, мисли и одлуки. Третата, која е всушност прва, е што со умрежувањето во систем во кој ние ја отвораме нашата душа, а од другата страна, зад вревата од човечко крекање, гакање, мукање и лаење, се крие стариот добар орвелов Голем брат: најпараноидниот и најсовршениот систем на контрола, прислушување, тајно снимање и ѕиркање во душите, што планетата до денес не можела ниту да го замисли.

Но, сепак, најстрашната од сите последици на бескрајно широката платформа на достапни информации и бучава од секаков вид, е појавата што во социјалната епистемологија се нарекува „осакатена епистемологија". Појава што е од порано позната во неброено многуте примери на култови, екстремистички, религиски и фундаменталистички групации. Осакатената епистемологија е, всушност, уништеното мислење, што е првиот услов на сите слепо-вернички состојби на свест: следбениците мора да се претворат во апсолутни послушници, да се одделат од сите извори на сомнеж, да се атомизираат и одвојат од остатокот на светот.

Тоа е, според Хана Арент, основниот услов за секој тоталитаризам – атомизација на поединците за кои вистината доаѓа само од едно место, а правоверноста, всушност, претставува одбивање на мислата што може критички да ја преиспитува вистината. Суштината на осакатената епистемологија всушност, најмногу се состои во первертираниот однос кон знаењето и презирот кон фактите и мисловните механизми за нивното преиспитување.

Во несомерливата хоризонтала на полувистините достапни на социјалните мрежи и интернетот, се сакати епистемологијата на човештвото, неговата способност за критичко мислење, при што најинтересното во оваа

појава е што денес таа не создава јасни и едноставни догми како некогаш. Таа создава епистемолошки вакуум, идејна празнина, во која секоја авторитарна будала, секој авторитарен режим, секој провинциски тоталитаризам, може да влее каква сака бљувотина, што ќе му ја овозможи доминацијата над луѓето. Зашто, ниту индивидуалната мисла, ниту некакви институционални или општествени механизми веќе не постојат за да ја попречат оваа малоумна индоктринација.

Оваа состојба на осакатено мислење денес обезбедува наместо општодекларираниот политички плурализам во светот сè повеќе да владее монизмот на безидејни владејачки структури што се поистоветуваат со државата. Во непрегледното море достапни информации, човештвото се дави во осакатената епистемологија која предизвикува конфузија и страв од знаењето, од кои луѓето се бранат со отфрлање на фактите и изворите на знаење. Со пцуење по интернетот го заменуваат чувството на слобода, како што забележува Жижек, а со навреди, омраза и закани ги оправдуваат долната лага и заблуда во кои, засолнати во „пријателската социјална група", некритички поверувале.

Но, да не го мешаме информатичкото сакатење на колективната епистемологија на човештвото со кретенизацијата на македонското општество што ја изведе ВМРО. Нашиве својата работа ја изведоа со класичните фашистички методи од 20. век – со злоупотреба на идеолошките, социоекономските и комуникациските апарати на државата. На ВМРО силикон не му беше потребен да го уништи дури и значењето на зборовите во библиската земја. Што не е за утеха.

# НЕДЕМОНТИРАНАТА „ЗАРОБЕНА ДРЖАВА“

21.09.2019

> Запрепастува интензитетот на заборавот што денес ја потпира и овозможува оваа чаршиска бучава што денешните власти ги изедначува со претходните: како никој да не се сеќава дека низ целата деценија од вмровската партиско-мафијашко-полициска диктатура етерот го полнеа само гласовите на строго увежбаните илјадагласни вмровски ораториуми.

Во предговорот на своето епохално дело „Доба на екстремите – историја на кусиот дваесетти век 1914–1991“, Ерик Хобсбаум го цитира стихот на Т. С. Елиот: „Со ова, ете, светот окончува – не со трескот ил татнеж, туку со тивко кмечење“. Токму тоа жално кмечење и сквичење ќе беше доминантната звуковна експресија што ќе го брануваше воздухот над библиската земја, да останеа Груевски и неговата ВМРО на власт до денешен ден. Тоа што денес чаршијата татни со моќен демократски, правдољубив, бесен и осветољубив, дури зол, крволочен и линчерски тон, вперен (не секогаш безразложно, мора да се признае) кон килавата демократија што ја замени вмровската диктатура, е секако премногу очигледен доказ за разликата во видот и димензиите на слободата што ја уживаме по смената на власта во 2017.

Запрепастува интензитетот на заборавот што денес ја потпира и овозможува оваа чаршиска бучава што денешните власти ги изедначува со претходните: како никој да не се сеќава дека низ целата деценија од вмровската партиско-мафијашко-полициска диктатура етерот го полнеа само гласовите на строго увежбаните илјадагласни вмровски ораториуми? Што ја славеа единствената дозволена вистина за исполнетиот вековен сон на „сите македонци“ за овоземниот рај, отелотворен во органското единство на вемерето, државата македонска, светата земја и крвта македонска (и, разбира се, парите и добрата македонски, отуѓени и тргнати на сигурно). Во таа деценија беше можно да се чуе одгласот само на неколку гласови што отскокнуваа од провладиниот хор, едно малубројно „антипротивно“ друштво, што се пушташе во етерот одмерено, како што филмските тон-мајстори пуштаат наснимано далечно црцорење на штурци, или, ако се работи за урбана сцена – звук на далечни амбулантни сирени, како заднински шум кој ѝ дава реалност на ситуацијата и го легитимира главното дејство на филмот.

Хобсбаум инсистира на неопходноста од објективните историски истражувања и реконструкции на минатото што ќе го овозможат колективното сеќавање, без кое не е можно ниту сфаќањето на секогаш новата и зашеметувачки менлива сегашност. Тоа е така зашто единствените цврсти ориентири во ноќната пловидба по непознатите води на иднината се моралните и културните вредности што ни ги испорачува единствено историската меморија. Доловувајќи го тешкиот предизвик кој секој сериозен историчар – практично секој мисловен човек – го има истопорен пред заборавот што ги ништи сите

вредности и ги соборува сите знаци крај патот, Хобсбаум раскажува за прашањето што му го поставил интелигентен и гладен за знаења американски студент: дали, прашува студентот, фразата „Втора светска војна“ значи дека постоела и „Прва светска војна“? Хахаха! Коментарот на историчарот е дека денес веќе ни познавањето на основните факти за непосредното минато не може да се земе здраво за готово.

Можам да му ја замислам фацата на големиот научник, со падната вилица, подотворена уста и оцагорени очи, кога се соочил со огромноста на незнаењето и заборавот и на младите што историското паметење го одбрале за животна вокација. Но, не можам никако да си ја претставам неговата реакција, да можеше да ги доживее космичките димензии на нашето малоумие: студентот сепак зборувал за нешто што се случило половина век пред тој да се роди, додека во библиската земја значаен – да не речам превладувачки – дел од возрасното население не може да се сети ниту на настаните што се случиле пред две смрдени години, а камоли на премрежињата од пред деценија или повеќе години!? Јасно е дека оваа ендемска епидемија на деменција на населението на библиската земја не е само медицински случај, туку е психосоцијален проблем што го „замесиле“ големи и влијателни општествено-политички чинители.

Според моето скромно мислење, колективната македонска деменција влече потекло од настаните што и претходеа на смената на вмровската диктатура, исто колку и од начинот на кој таа беше деложирана од Илинденска без број. Сите наши денешни проблеми потекнуваат најмногу од фактот што вмровската диктатура воопшто и не беше соборена и демонтирана како што и прилега на

еден злосторнички режим, туку таа беше сменета со рутинска легална процедура, како да се работи за нормална демократија, а не криминална партиско-полициска мафиократија.

Поради таа несоодветно мека смена на власта, изостанаа сите неопходни катарзични дејствија кои едно тешко заболено општество мора да ги помине во процесот на заздравувањето. Изостана девмроизацијата на државните органи и на целото општество, изостана декретенизацијата на културните предели на библиската земја, изостана длабокото орање и плевењето на криминализираното законодавство, и, се разбира, изостана чистењето на споменичните и архитектонските фекалии од јавниот простор на престолнината.

Така што, почитувани читатели, повиците против она што го прави оваа власт се во најголема мерка голо малограѓанско и ситничарско мрчење, во кое водечкиот тон го даваат вмровските хистерични пискотници во кои од збор до збор се повторува врисокот на нивните сопствени поранешни жртви. Она што навистина не може да и се прости на денешната млада номенклатура е токму тоа што таа не го направила и што и понатаму не го прави, а тоа е денацификација на општеството и демонтирање на моќниот вмровски државен апарат на „заробената држава“ што и ден денес владее со државата со пасивна блокада и тапа инерциска опструкција на сите законодавни и управно-правни процеси.

# ТРИЦИ И ЛУПЕШКИ – ЦЕНТАРОТ НА ЧАРШИСКАТА ВСЕЛЕНА

**05.10.2019**

> Историјата е вистинско гробје на цивилизациите што не умееле да ги прочитаат и правилно да ги сфатат знаците што предупредуваат на неминовна пропаст.

Изгледа како да постои некоја повисока логика во обратната пропорција помеѓу зловестите знаци што ја најавуваат катастрофата и нејзините размери, силина и последици. Поради тоа, колку поголем, поширок и подлабок е зафатот на катаклизмата, толку се поразредени, посуптилни и посрамежливи настаните и индициите што неволјата ја навестуваат. Или, можеби, најавите и не се толку срамежливи, но секогаш се на маргините на јавниот интерес, запоставени и несфатени, далеку од епицентарот на чаршиското внимание, кое – како и секогаш – страствено се занимава со најмалограѓанските, најефемерните, најдолните и најневажните трици и лупешки во вселената.

Спротивно на баналната плиткост на чаршиската јавност, навременото и продлабочено читање на овие тивки искази и нивното дешифрирање, како и неопходното медиумско и политичко засилување на повикот за тревога, сигурно би спасило многу добра и човечки животи, но тоа никогаш не се случило: историјата е вистинско гробје на цивилизациите што не умееле да ги прочитаат и правилно да ги сфатат знаците што предупредуваат на неминовна пропаст.

Испаѓа дека општествата биле не само неспособни да ги препознаат навестувањата на движењата, процесите и историските тенденции што потоа ќе остават уништувачки последици по нив, туку и отпосле не покажувале подготвеност да ги анализираат овие знаци за да ги направат употребливи за во иднина и отсекогаш пасионирано ја одгледувале самозалажувачката култура на заборавот. Централна теза на оваа култура на тешење е и денес универзално најомилената заблуда за непрекинатиот развој на цивилизациите, човечките општества и културите. Оваа општоприфатена мантра за континуитетот и прогресот на човештвото се храни од фактот што во неколкуте милениуми документирана историја процутуваа и исчезнуваа многу просторно изолирани, локални, регионални и супконтинентални цивилизации. Нивното наизменично светнување на темното небо на минатото ја предизвикува илузијата на континуитетот на човековиот развој низ време, што обичниот човек би требало да го умири во утешните прегратки на илузијата дека работите закономерно одат од добро кон подобро, дека „времето лечи сè“, и дека нема ситуација во која човештвото не се извлекло со некое ново откритие, нова спасоносна вера или друга итроштина.

Но, ништо од тоа: световите исчезнувале неповратно, заедно со сите знаења, искуства и пораки, а трошките од континуитет се пренесувале од цивилизација во цивилизација случајно, неконтролирано и несакано, како микроби со долга инкубација што патуваат во организмот на болвите сокриени во крзната на номадските старци. Предноста на цивилизациските катастрофи од минатото се состои единствено во фактот што, како што веќе спомнав, културите биле просторно ограничени, што пак обезбедувало огромни можности за нов процут и развој, на нова локација, на девствена почва, незагадена од урнатините на претходно уништената.

И, иако денешната ситуација е драстично поразлична од секоја мината, зашто човечката цивилизација денес веќе го освои целото пространство на планетата и со својата глобалистичка стратегија на несопирлив материјален раст сериозно го разниша целиот жив свет, сите почви, води и биоценози, а како што гледаме, врши и девастирачко влијание на составот на атмосферата и на термичкото однесување на целата планета, реакциите на агресивните климатски промени и масовното уништување на видовите се повторно на маргините на интересот не само на политичките и капиталистичките елити (во чии раце се сите средства што би можеле да се употребат за спас на планетата), туку и на светската чаршија која и понатаму се занимава со трици и лупешки.

Обесхрабрувачки до очај, но за нас Македонците од сите провениенции по малку и охрабрувачки: во оваа работа сме не само споредливи со развиениот свет, туку можеме да се сметаме за вистинска авангарда. Ние веќе со годиништа наместо со предизвиците на иднината, опсесивно се занимаваме со прашањата на нашето потекло

– „од палеолита до Тита", со нашиот идентитет, со вмровските митови и култови, со елементарни проблемчиња од вежбанката „Демократија за тупаци", со спорење за постоењето на основните факти за природата и општеството, со афери и аферички за тоа кој кому што и колку... и слично.

И така, летоска, кога се зададов кон Бјалото ни море, по саат и кусур брзо автопатско возење, застанувам на последната бензинска пумпа пред излез од татковината, полнам бензин и се фаќам рефлексно, по навика, за чистачот на шофершајбни оставен до пумпата во кофа со вода и детергент. Го земам в рака стапот со сунѓер, приоѓам до шофершајбната и запрепастено забележувам дека на стаклото има остатоци од само еден единствен инсект!? Ја поминав целата татковина со брзина од над сто километри на час (што е смртоносно за сите инсекти што ќе се судрат со предното стакло на возилото), среде убав летен ден и излегувам од земјата со чиста шофершајбна, со само една протеинска флека? Чуденката, меѓутоа, ми остави само матна празнина во главата, зашто морав да го продолжам патот. Меѓутоа, кога стасав до далечното место на брегот на Егеј, уште 550 километри потаму, и по десетина дена повторно назад, по 700 километри долгото патување, го препознав тивкото и срамежливо најавување на глобалната катастрофа што почнала да се тркала: на 1.400 километри пат несреќна смрт на моето предно стакло најдоа само четири (и со бројка – 4) инсекти! Тоа значи дека (и) на Балканот се случило масовно изумирање на сите видови на летечки инсекти! Јасно ви е? Тоа е јасен доказ дека исчезнуваат животинските видови кои се најбројни на планетава и во изминатите стотина милиони години се покажале како

најдобро адаптирани и најуспешни видови што го беа исполниле целиот летачки (и лазачки) простор!!

Не треба, почитувани читатели, да ве потсетувам дека во децениите што ги паметам, по слично возење предното стакло закономерно станувaше како слика во маслена техника потпишана од Џексон Полок, низ која не можеше да се здогледа ниту призрак од летното сонце. И, се разбира, не треба да ви нагласувам и дека овие зловести знаци покрај патот, овие тивки искази без ниту еден збор, едно навистина срамежливо и скромно масовно умирање на постарите другарчиња од животинското царство, не оставија видлива трага во острастената и хистеризирана чаршиска дебата околу егзистенцијалните трици и лупешки, живот што значат.

# КОЈ ГО КОНТРОЛИРА МИНАТОТО

**11.10.2019**

> Не сум сигурен дека читаноста на „1984“ се зголемува и во нашиот Вечен жабурник, но цитираноста и значењето на некои мисли на Орвел е секако многу поголема отколку во времето кога печатарската боја уште се сушела во првите изданија од романот.

Летово се наполнија 70 години од кога Џорџ Орвел ја напиша својата легендарна дистопија „1984“. Се чини дека нејзината актуелнос се зголемува наместо да исчезнува, заедно со сеќавањата на повоената Европа од четириесеттите години од минатиот век. Оваа растечка актуелност се должи на загрижувачките историски тендеции во тинејџерството на 21 век, но и на фактот дека романот изобилува со ингениозни мисли. Не сум сигурен дека читаноста на „1984“ се зголемува и во нашиот Вечен жабурник, но цитираноста и значењето на некои мисли на Орвел е секако многу поголема отколку во времето кога печатарската боја уште се сушела во првите изданија од романот.

На врвот од таа планина моќни, лапидарни мисли е секако и следниот, можеби најпознатиот цитат: „Кој го контролира минатото, ја контролира иднината: кој ја контролира сегашноста, го контролира минатото...“. Мислам дека не постои покус и позбиен, а воедно подлабок и поречит, опис на практично сите тоталитаристички злоупотреби на власта во последното столетие, што целеле да ја обезбедат апсолутната контрола не само над телата и голите живот на луѓето, туку и над нивните мисли, мемории и идентитети.

Во овој божествено мудар исказ со пеколно зловеста содржина се врежани и мотивот, и целта, и средството на секое тоталитарно поробување. Тоталната контрола на човечките умови преку контролирање на нивното спознавање на минатото, е единствената причина и за измислувањето на чистата раса на германските ариевци од страна на Хитлер и неговите нацисти, и за хеленистичкото ребрендирање на македонската нација од страна на Груевски и неговата ВМРО.

Но, интересно е дека оваа мисла е оставена само на интуитивното разбирање, кое како да ја остава неразјаснета мистериозната причинско-последична врска помеѓу минатото и иднината. Навистина, како тоа, по ѓаволите, минатото може да ја контролира иднината? Зошто Орвел го одбрал обиколниот пат до иднината, назад преку минатото, како пат за нејзиното контролирање? Односно, да не му грешам на големиот писател: не е тој што ја одбрал оваа временска обиколница, туку тоа го направија без исклучок сите тоталитарни диктатори во историјата, спонтано, интуитивно и демонски ефикасно, а Орвел оваа пракса генијално ја преточил во лапидарна дефиниција. Но, сепак, која е таа врска помеѓу минатото

и иднината, што е очигледно толку длабоко вградена во начинот на кој функционира човечкиот мозок и поради тоа толку податна на злоупотреба?

Голем дел од објаснувањето се назира во полната мисла на Вилсон Смит, јунакот на „1984“, кој живее во дистописката супер-држава Океанија, што е владеана од единствената моќна Партија, на чие чело се наоѓа митската и од никого видена фигура на Големиот Брат. Вилсон работи во историскиот архив на државното Министерство за вистина, а неговата задача е секојдневно да ги менува историските податоци, според упатствата што доаѓаат „од горе“. Еден ден тој се буди и помислува: „Кој го контролира минатото, ја контролира иднината: кој ја контролира сегашноста, го контролира минатото. Менливоста на минатото е централното начело на Партијата. Настаните од минатото, според него, немаат објективна егзистенција и не постојат, туку преживуваат единствено во записите и сеќавањата на луѓето. Минатото е само тоа за што постои согласност и во записите и во мемориите. А бидејќи Партијата во потполност ги контролира сите записи, исто како и умовите на своите членови, излегува дека минатото е она што било кое Партијата ќе го одбере“.

Орвел имплицира дека содржината на човечкиот ум е исцело исполнета од личните и секогаш фиктивни мемории за минатото, та контролата на иднината се постигува низ контролираното минато сама по себе, зашто иднината не може да има друга содржина од мемориската. Неверојатното во оваа храбра и интуитивна теза на Орвел е дека последнава деценија невролошката наука стаса до недвосмислени научни докази за нејзината вистинитост! Првото откритие во таа насока го дадоа истра-

жувањата направени врз најпознатиот невролошки пациент во историјата на оваа научна гранка – Хенри Молејсон, кој бил болен од исклучително тешка форма на епилепсија, заради што 1953 година му била направена операција на мозокот со која му бил отстранет хипокампусот од двете мозочни хемисфери, едни колку прстиња мали делчиња во базисот на мозокот.

По операцијата се покажало дека ужасните напади на епилепсијата прекинале, но Хенри се разбудил со комплетна амнезија, односно неспособност да запамети било што. Пациентот не можел да го препознае својот лекар, еден миг откако овој ќе излезел од просторијата; не можел да се препознае ниту себе си во огледало, а ниту просторијата во која бил до пред минута. Хенри Молејсон соработувал со научниците давајќи им непроценливо важни информации за функцијата на хипокампусот и амигдалата, цели 55 години, се до својата смрт 2008. Доказот за вистинитоста на Орвеловото дистописко начело за тоталната контрола преку контролата на минатото, првин произлезе од анализата на функционирањето на свеста на Молејсон. Откога ја изгубил способноста да претвори во меморија било какво искуство, Хенри го изгубил и самиот интуитивен концепт на времето. Педесет и петте години од неговиот живот тој документирано ги поминал како еден ден, како времето да застанало. Со загубата на можноста да памети, Хенри Молејсон го загубил минатото, а со тоа и интелектуалната способност да ја замисли иднината. Таа исто така престана да постои за него. Оваа врела невролошка врска меѓу минатото и иднината е денес измерена, снимена и докажана научна вистина.

Ќе прашате, почитувани читатели, која е поуката од оваа литературно-невролошка прошетка? Еве ја: додека споменициte и градбите од „Скопје 2014“ штрчат во центарот на престолнината, тие лажни записи за непостоечкото минато не само што ни го крадат минатото, туку нè оставаат и без иднина. Оставајќи ги инструментите за тотална контрола на Министерството на вистината на ВМРО-ДПМНЕ да делуваат и понатаму, ние се изложуваме на лоботомија со која ни се уништува делот од мозокот задолжен за меморирање, а со тоа – како што видовме – го губиме и самиот концепт на иднината. Впрочем, дали оваа толпа невролошки пациенти што така гротескно го слават своето лажно минато, воопшто и заслужуваат да имаат иднина?!

11 октомври 2019

# КАКО ФАШИЗМОТ СТАНА ПОБЕДНИК

**19.10.2019**

> Како што потсетува Орвел во „1984“, оној што повторно сака да ја измислува историјата има намера да ја контролира иднината, а историскиот ревизионизам непогрешно упатува на неговата тоталитарна природа.

Длабоко во срцевината на секоја лага е запретана вистината за нејзиниот автор. Така лагата станува вистинито сведоштво за природата, мотивите и намерите на нејзиниот создател. Оваа поука е од суштествено значење во ситуации кога се вршат обиди за ревизија на историјата, зашто историскиот ревизионизам не е ништо друго освен лажење за минатото.

Како што потсетува Орвел во „1984“, оној што повторно сака да ја измислува историјата има намера да ја контролира иднината, а историскиот ревизионизам непогрешно упатува на неговата тоталитарна природа.

Како тогаш човек да ја прими Резолуцијата со наслов „Важноста на европските сеќавања за иднината на Ев-

ропа", што Европскиот парламент ја донесе пред околу еден месец, на 17 септември, по повод 80-годишнината од отпочнувањето на Втората светска војна, во која се пласираат чудовишни лаги за основните факти за Втората светска војна: кој и кога ја започнал, што ја предизвикало, кој бил агресор и злосторник во најзлата и најсмртоносната од сите војни, а кој се борел против него, го победил и ја ослободил Европа? Сите овие факти – по војната општопознати и унисоно признати од историографиите на земјите од целиот свет – чија вистинитост е седумдесет и кусур години заверена со крвта на десетици милиони жртви, во Резолуцијата се искривоколчени и претворени во своите спротивности. Фашистите и антифашистите се потполно изедначени, а победата над фашизмот од страна на Црвената армија се претвора во здружена и континуирана окупација на Европа од страна на нацистите и комунистите.

Во новите европски „сеќавања" фашизмот – како зло што ја поклопи безмалку целата планета, а Европа ја претвори во фашистички континент, воопшто не постои; она што го зацрни светот да ти биле здружениот комунистички и нацистички тоталитаризам!? Резолуцијата како да ја пишувал доктор Гебелс лично, кој по чудо ја преживеал војната, па денес во позна старост се присетува како фашизмот победил во Втората светска војна и е срекно на власт на целава планета, до денешно време и за век и веков. Но, да одиме по ред.

Резолуцијата започнува со опис на почетокот на војната, а тоа е наводно Спогодбата за ненапаѓање, што „комунистичкиот Советски Сојуз и нацистичката Германија го потпишаа на 23 август 1939", која непосредно ја предизвикала војната еден месец подоцна, со упадот на Хитле-

ровите трупи во Полска и две недели подоцна, со упадот на Сталиновата армија во источниот дел од распарчената земја. Дека почетокот на Втората светска војна е нападот и окупацијата на германските војски на Полска, тоа сите го знаеме, но дека озлогласениот Молотов-Рибентроповиот пакт е причината за војната, нејзиниот реален предизвикувач и почеток, тоа е сурова историска лага (инаку, веќе неколку децении подготвувана од страна на неогебелсовската историографија), со која победникот во Студената војна – неолибералниот капитализам – сака да ја затскрие својата вистинска улога во подготвувањето на најголемата кланица во историјата.

Имено, од резолуцијата произлегува дека ширењето на фашизмот низ Европа и Хитлеровото подготвување за воени освојувања, со кои ќе ја уништел „комунистичката опасност“ во Москва, напредувањето кон исток како исполнување на нацистичката програма „Drang nach Osten“, со која по урнек на средновековните тевтонски воени експедиции за освојување и поробување на полските и руските земји, новиот сегермански „lebensraum“ (животен простор), дека сиве овие случувања, од доаѓањето на Хитлер на власт во 1933 година, немаат никакво значење во препознавањето на виновникот за војната?! Дека во 20-тите и 30-тите години од минатиот век Европа станувала, земја по земја, фашистички континент, прво со Италија, па Португалија и Шпанија, Австрија, Франција, Романија, Бугарија и конечно, со германската окупација до 1942, сите држави во Европа, освен Британија и Советскиот Сојуз, биле оригинерни или сателитски фашистички режими, за тоа во резолуцијата нема ниту збор.

Понатаму, срамната улога на големите либерално капиталистички земји, Франција и Велика Британија, во

растењето, наоружувањето и освојувањето на соседните земји од страна на Хитлер, што се случуваше од 1934 до 1939 година, и нивното пасивно помагање и овозможување оваа нараснувачка опасност да стане катастрофа, не, тоа не е предмет вреден за помен во новото европско Министерство за вистина. Долго по војната, целиот свет знаеше дека токму пасивноста и толеранцијата на Британија и Франција кон фашистичкиот експанзионизам и милитаризам се настаните што го „поплочија“ патот во катастрофтата. Токму таа нивна дипломатска соработка и ѓоа пацифизам ја обезбедија победата на фашизмот и уништувањето на Шпанската република 1936 – 1939, во која Хитлер и Мусолини ги испробуваа своите оружја. И исто толку срамната политика на толерирање на првите Хитлерови агресии, анексијата на Австрија во 1938 година и распарчувањето и окупацијата на Чехословачка, одобрени со Минхенската спогодба и со Англо-германскиот договор за ненапаѓање истата година, беа вистинскиот вовед и почеток на војната. Половина век ова беа основни факти за Втората светска војна, но во Резолуцијата не само што не се основни, туку воопшто не се ни факти – тие не постојат, а на нивно место стојат нови и свежи антикомунистички и профашистички „факти“ што треба да ни ја одредуваат иднината!

Конечно, еден од основните факти за Втората светска војна е дека во периодот 1933 – 1939, додека светскиот либерален капитализам со симпатии гледаше кон фашистичкиот команден капитализам, единствени политички сили во Европа што повикуваа на здружување и борба против фашизмот беа Советскиот Сојуз и европските комунистички движења и партии. И, потоа, во окупацијата на Европа, единствените ефикасни дви-

жења на отпорот беа водени од комунистичките партии, а победата над Хитлер и над фашизмот беше остварена, пред сè и повеќе од сè, со воените напори и крвта на војниците на Црвената армија кои се вистинските победници и ослободители на Европа. Но, во Резолуцијата за „Важноста на европските сеќавања за иднината на Европа“ нема ниту збор за тоа. Како што реков – само лаги зад кои стои вистината за нивните автори и нивната намера да ја контролираат иднината на 21 век со ревизија на фашистичките вредности.

Можеби ви изгледа непригодно, почитувани читатели, да пишувам за овие историски ревизии на Европскиот парламент, во овие траорни мигови (четврток вечер, 17.10.2019), кога со растреперени утроби го чекаме утрешниот ден, за да сознаеме дали Мајката Европа ќе ни одреди датум за преговори за членство и ќе ни ги раскрили своите топли пазуви, да се нурнеме – ние сиромашките – главечкум во нив? Сепак, за нас граѓаните на македонската Република, што настана како плод на антифашистичката победа во Втората светска војна, мислам дека нема лошо време за да се сознаат вистините за она што нè очекува зад вратите на кои упорно чукаме, нели?

19 октомври 2019

# ПРАВОТО НА ИЗБОР МЕЃУ ИСТИ

**26.10.2019**

> Најмоќната форма на севластие не се постигнува со воено или полициско насилство туку со помекиот и пософистициран метод на елиминирање на алтернативите од светогледот на луѓето.

Вистинската хегемонија на една вера или политичка идеологија над едно општество не се манифестира со апсолутната власт на тиранинот што ја застапува и спроведува; ниту со злоупотребата на државата во нејзиното наметнување; дури не и преку тоталитарната контрола на сите аспекти на животот. Најмоќната форма на севластие не се постигнува ни со воено или полициско насилство, туку со многу помекиот и пософистициран метод на елиминирање на алтернативите од светогледот на луѓето.

Само тогаш кога единствената политичка религија ќе го исполни целиот светоглед и ќе се претвори во глетка што ги исцртува сите хоризонти – кога веќе нема ниту

да има потреба од нејзиното грубо наметнување – таа ја обезбедува вистинската хегемонија, повлекувајќи се подмолно во политичкиот недоглед. Тогаш кога ќе се претвори во единствената можна нормалност и дури ќе негира нежно, шепкајќи ни на уво, дека таа воопшто и не е идеологија, туку природна состојба и единствен начин на постоењето на општествата, е тогаш имаме апсолутен, тотален и незаменлив монизам на власта.

Двете први децении од веков ги живееме приближно во таа фаза на самоинсталирањето на капитализмот како единствен можен, сосем природен и неменлив поредок на кој функционираат човечките општества на целата планета. Затоа, не е случајно што полињата на политичката имагинација во целиот свет денес личат на гола пустина. Инквизицијата на капитализмот го искористи колапсот на социјалистичката идеја кон крајот на минатиот век и веќе три децении систематски ги уништува сите еретички левичарски мисли и движења. Како замена за вистинскиот политички избор, на луѓето им е фрлена гола коска за занимација на вилиците – празната техника на ѓоа демократските избори во кои се избираат различни партии, но не и различни политички идеологии.

За опстојување на оваа колосална планетарна измама, во употреба се еден куп илузивни техники меѓу кои семантичката конфузија е една од најомилените: тоа се изрази со испразнети и лажни значења што го овозможуваат привидот на политичкиот диверзитет, кој е – сите знаеме – основниот услов за демократското практикување на правото на избор. Така, на пример, партиите на политичкиот пазар се нарекуваат левичарски и десничарски, центристички, лево и десно центристички, крајно леви и десни, додека во стварноста лево од центарот веќе не

постои никој, а сите политички партии – според нивните програми и приоритети – се тискаат на десната половина од спектарот. На светската политичка сцена, во сите примери на претставничката демократија, политички се претставени само капиталистите. И никој друг.

И така, во капиталистичкиот планетарен монизам, луѓето не се упатуваат на класно или какво било социјално освестување или, пак, организирање во егзистенцијално поврзани движења за одбрана или освојување на своите права, туку се упатуваат на правото да гласаат за едната и единствена политичка опција како врвно право што им е дадено во либерално капиталистичката демократија. Како последица на оваа неофеудална индоктринација, луѓето се свртени кон себе, социјално атомизирани, а виртуелно – и лажно – глобално поврзани преку интернет и социјалните мрежи. Сите тие се политички понеписмени и понеосвестени од нивните предци од пред повеќе од еден век, синдикатите се во исчезнување на целата планета, заедно со работничките права, а бројкат млади луѓе што ѝ припаѓаат на новата класа, на т.н. прекаријат – луѓе што немаат сигурност од никаков вид, ниту можност да планираат, а ниту права на кои можат да сметаат – веќе се изразува во деветцифрени броеви.

Затоа ширум планетата се нижат масовни протести, демонстрации и побуни што немаат јасна идеолошка, класна или каква и да е друга профилација, кренати со хоризонтална иницијатива што не сака да се структурира во лидерство и организација, а безмалку секогаш се насочени против власта, против сите партии, против „establishmentот“. И, нормално, доколку не прераснат во секташки фрагментирани граѓански војни, овие протести завршуваат повторно и секогаш со истото ис-

ходиште: со истата капиталистичка власт, овој пат од популистички тип, што незадоволството на луѓето кон системот ќе го пренасочи кон некои други – мигранти, малцинства, народи или племиња. Или ќе ги зарази со омраза како универзален човечки емоционален вентил за изживување на незадоволството кое е секогаш без јасен идеолошки наратив и, се разбира, ќе продолжи да владее во истата парадигма што закономерно ги уништува алтернативите, потпирајќи се упорно на своето базично (во стварноста лажно и непостоечко) начело: на слободата низ избор и ѓоа фер изборен натпревар.

Воопшто не е случајно, затоа, што луѓето се често изманипулирани на „демократски" избори да изберат партии или личности што се репрезент на сето она против што протестирале, да гласаат директно против своите темелни егзистенцијални интереси. Да се бунат против етаблираниот капитализам кој ги фрлил во сиромаштија и мизерија, а како решение да изберат милијардер. Како решение што останале без работа поради суровата капиталистичка приватизација да донесат на власт уште посурова капиталистичка мафиократија што ќе ги претвори во рекетирани економски чифлигари. Иако згазени од немилосрдниот капитализам, излажани од илузивната мантра за можноста за избор, луѓето премногу често го избираат најсуровиот и најлажливиот вид на капитализам – фашизмот.

Се разбира дека ова не важи за Македонија. Ние тука убаво се поделивме на етнички заедници, прави и лажни Македонци, на „сите се исти" и други, па точно знаеме против кого ќе гласаме. За среќа – за разлика од целиот останат свет – ние имаме реален избор.

# „СИТЕ СЕ ИСТИ“?

**02.11.2019**

> Не знам колкупати во слична пригода сум ја чул – а, можеби и самиот, будала, сум ја изговорил – сосем простодушната и воедно прилично малоумната сентенца: „како да ги разликуваш, кога сите се исти“.

Ние, припадниците на најстарата нација на светот, непосредните наследници на хомо еректус, а верувам, тоа е случајот и со нашите помлади роднини од Европа и светот, кога ќе седнеме да гледаме филм од јапонска или кинеска продукција – во кој, се разбира, играат актери од нивна домашна провениенција – првите половина час од филмот имаме проблем да ги разликуваме ликовите еден од друг.

Не знам колкупати во слична пригода сум ја чул – а, можеби и самиот, будала, сум ја изговорил – сосем простодушната и, воедно, прилично малоумната сентенца: „како да ги разликуваш, кога сите се исти“. Кога човек за миг ќе подразмисли за овие вообичаени, безмалку

рефлексни и примитивни реакции, веднаш му станува јасно дека „истото“ се појавува кај луѓето како рационализација и екстериоризација на сопственото незнаење и неспособност. Вината за нашето неразликување ние ја префрламе на Кинезите, и не велиме „не знам да ги разликувам“ или „не сум во состојба да воочам разлики“, туку, едноставно, велиме дека „сите Кинези се исти“. Така „истото“ станува мерка за нашето незнаење и глупост, но и за нашата неподготвеност тоа и да го признаеме.

Слична ситуација се појавува во секоја област на живеењето, зашто сепак во прашање е космичката константа за правопропорционалната врска помеѓу човечкото незнаење – или мрзоволна тапост – и употребата на одбранбеното „исто“. Па така, кога во жарот на некоја дискусија ќе заталкаме невнимателно во област која воопшто не ја познаваме, и кога присутниот стручњак од областа ќе ни укаже питомо дека погрешно генерализираме повеќе различни појави како да се едно, внимателно укажувајќи ни на разликите, ние најчесто – сосем рефлексно, како што реков – осорно ќе ја префрлиме вината за сопствената глупост далеку преку мрежата, секогаш со осорното: „па, тоа е исто!“ „Истото“ така станува не само мерка за нашето незнаење и конфузија, за нашиот интелектуален далтонизам и сиромаштво на духот, туку и за нашето болно, суетно и арогантно его, својствено на секој билмез.

И обратно: колку што повеќе разлики човек може да препознае помеѓу појавите од ист вид, род, класа или семејство, толку повеќе тој знае за нив, та разликувањето односно познавањето на многу различни својства на нештата, варијанти на појавите, нијанси на боите, синоними на поимите, варијации на музичките фрази, комбина-

ции на шаховските отворања или завршници, нивното разликување, велам, е мерката на човековата наобразба и познавање на нештата, неговата експертиза. „Истото“ е, всушност, манифест на просечната свест, на незнаењето, на мрзливата, досадна баналност: конечно, тоа е и самата дистинктивна дефиниција на баналното. А Томас Ман на баналноста на „истото“ со неверојатна луцидност му го додава и комформизамот: „Признавам дека отворено ја мразам просечноста, која ништо не знае за мајсторството, и поради тоа води лесен и глупав живот“. Затоа оние што често ја користат фразата дека нештата се ‘истѝ, покрај незнаењето, просечноста и суетата на билмез, ја манифестираат и својата тапа и мрзелива глупост, опортунизам и комформизам, што им го овозможува мирниот сон и удобниот живот заштитен од огромната разноликост и динамичната непредвидливост на светот.

И, уште еднаш, како ќе разликувате познавач на бои, сликар или естета, од обичен, просечен човек, со нулто познавање на (имињата) на боите? Лесно: за последниов постои само зелена, која се разликува од сината или портокаловата, но во која не се разликуваат различни зелени бои и нијанси. За него – вие веќе ми ја следите мислата – се е „исто“ зелено. А, зелени всушност има бескрајно многу: тревна-зелена, жад-зелена, сино-зелена, ловечка зелена, виндзор зелена, резеда, тиркизна, маринско-зелена, нормандиска зелена, маслинеста зелена, лискун-зелена, бадем-зелена, смарагднозелена, мов-зелена, бледа пролетно-зелена, борова зелена, водено зелена, грашок-зелена, жолтозелена, синозелена, мента-зелена, малахит-зелена, папрат-зелена, пастелно маслинеста, аспарагус-зелена, сиво маслинесто зелена, виридијан зелена, шартруз зелена, светла, темна, загасена и уште

многу и многу зелени. Јасно ви е, нели, почитувани читатели: самото прашање „дали се две различни зелени исти“ е погрешно и апсурдно во почетокот и укажува само на незнаењето на оној што „истото“ го тврди или го поставува како прашање или теза.

Така е и со СДСМ и ВМРО-ДПМНЕ: кој тврди дека се исти, веќе кажал сè за себе. Самото прашање е малоумно и не заслужува одговор, но одговори дека не се исти има исто толку колку и различни зелени бои. Еве некои, колку за показ: ВМРО-ДПМНЕ е мафијашка организација со војничка субординативна организација, со јасно и дисциплинирано членство, додека СДСМ е политичка партија со нејасна организација и нестабилно и никогаш познато членство. ВМРО-ДПМНЕ има фашизоидна идеологија со јасно преродбеничко ултранационалистичко уверение, додека СДСМ, за жал, нема препознатлива и конзистентна идеологија. Кога ВМРО-ДПМНЕ е на власт, таа ја окупира и ја проголтува македонската држава и го претвора македонското општество во свој феуд, а македонската култура ја претвора во ништо, додека кога СДСМ е на власт таа самата почнува да исчезнува и да се претвора во ништо. ВМРО нè влечеше подалеку од Европа и го доведе во ризик постоењето на земјата и нејзината геополитичка егзистенција, додека СДСМ на епохален начин ги разреши проблемите со Грција и Бугарија и ги обезбеди нашите евроинтеграции, создавајќи пријатели и политички должници од мнозинството на европски земји.

Но, морам да признаам дека во споредбата се појавуваат и исти работи. Така, на пример, кога ВМРО-ДПМНЕ дојде на власт во 2006 година, таа за еден месец смени и обезглави неколку илјади раководни кадри во администрацијата, додека СДСМ ги остави и ден-денес истите

луѓе на своите места. Петте милијарди евра што ВМРО ги украде од македонските даночни пари, и тие се на истите места, тргнати на сигурно по мафијашки банки во островските даночни и мафијашки раеви. И милијардата евра, претворена во национален срам, во кичот и грдотиите од „Скопје 2014", и тие се на исто место, заедно со украдената бела Куќа на фашизмот, штаб-квартирата на ВМРО, споменикот на еднопартиската диктатура која, исто така, заедно со украдениот партиски плоштад и фонтаната среде него, клечат на истите си места. Значи, моја грешка, се извинувам – имало и исти работи.

# ДРВЈАТА ЖИВОТ ШТО ЗНАЧАТ

09.11.2019

> Интересно е како еден задоцнет есенски дождец може да влијае жителите на библиската земја во него да ги препознаат јасните знаци за крајот на светот, но не постои тој збор, аргумент, слика или настан што ќе ни ги отвори очите за вистинската глобална катастрофа што веќе се случува, засилено татнејќи кон нас како временска лавина во која неминовно ќе исчезне светот каков што го знаеме.

Денес, првиот вистински есенски ден, со оловно небо и мрзливо, но упорно дожде, како да ги потсети скопјани на библискиот потоп од мугрите на митолошкото време кога слични темни облаци и потопен дожд биле единствената глетка што нивните предци, накиснати и збиени едендодруг, ја гледале од палубата на Ноевиот пловечки ковчег, направен од дрвото гофер, и намачкан со смола однатре и однадвор.

Длабоко всадениот страв од катастрофалниот митски дожд успеа првите есенски капки да ги претвори во црвена тревога, според чијшто протокол беа преземени, од рано на сабајле, крајни и небаре очајнички мерки. Луѓето што цела година ги чуваат возилата во заден

двор, со уредно извадени тркала и поставени на трупци (за гумите да не им се упропастат од стоење), ги вратија во возна состојба своите коли и панично се втурнаа во градскиот сообраќај. Тоа го направија и оние што ги чуваат акумулаторите во фрижидер, за секој случај, подготвени да реагираат на првите знаци од катастрофата. Така, скопските улици, инаку потполно нефункционални дури и за обичен работен ден, се затнаа од непрегледна толпа возила, полна со луѓе што заборавиле да возат, но премногу добро се сеќаваат на потопот што го преживеале нивните предци. Автомобилската толпа што се мрдаше бавно, конфузно и неартикулирано, гледана од горе – од божја перспектива – заличуваше на движење на илјадници затруени бубашваби, кои забрзуваат, па застануваат, па се тетеравaт лево и десно, затнувајќи ги напати сите тесни места, крстосници, канали и канализации.

Интересно е како еден задоцнет есенски дождец може да влијае жителите на библиската земја во него да ги препознаат јасните знаци за крајот на светот, но не постои тој збор, аргумент, слика или настан што ќе ни ги отвори очите за вистинската глобална катастрофа што веќе се случува, засилено татнејќи кон нас како временска лавина во која неминовно ќе исчезне светот каков што го знаеме. Се разбира, зборувам за затоплувањето на планетата. Тука, секој критичен читател ќе може да ми забележи дека е патетично и да се зборува за нашето поимање и (не)дејствување на појава толку голема по своите размери и магнитуда што и најголемите и најмоќните држави на светот ги чини тапи, немоќни и деструктивни. И, што би можеле ние воопшто да сториме да ги намалиме девастирачките последици од климатските промени, ние

– што уште се препелкаме немоќни да ги санираме и последиците од сопствената самодеструкција предизвикана од вмровската катастрофа и нашата домашна тапост и глупост?

Но, не е така, зашто земјава може – и мора! – да стори сè што е во нејзината моќ барем да ги намали последиците што непосредно ќе нè погодат во децениите што следат. Нашето спасение од надоаѓачката катастрофа се дрвјата, оние истите со чија помош Ное го направи неговиот пловечки ковчег, со таа разлика што нашиот прапрапрапрадедо го сечеше дрвото гофер, а ние треба да ги садиме дрвјата, и тоа во стотици милиони, секоја година и сите следни децении во пресрет на зголеменото затоплување на планетата.

За што, всушност, зборувам? Ако ги погледнете компјутерските симулации на идното затоплување, ќе забележите дека регионот во чија средина е библиската земја, на нив е обоена со темна, крвавоцрвена боја, што кажува дека ова ќе биде еден од најжешките региони во Европа. Страшното е што тоа нема да значи дека ќе се потиме во жешките лета, туку дека земјата ќе остане без вода, почвата ќе нема што да ја држи, а сонцето и ретките, но бесни и насилни поројни дождови ќе ја еродираат библиската почва и ќе ја транспортираат во околните мориња.

Дрвјата, односно шумите, се единствената појава што ја произведува живата почва – хумусот, и што ја држи потоа на своето место, да не ја кренат ветриштата како прашина или да не ја однесат пороите надолу, во морињата. Нема друго. Шумите не се само најголемиот и најефикасниот фаќач на јаглен двеоксидот од атмосферата, и најголемиот сувоземен производител на кислородот

живот што значи, и ниту пак спомнатиот држач на почвата на свое место, туку тие се и најголемиот производител на локални копнени дождови и природен сунѓер што ја задржува водата на континентот.

Навистина, ретко кој се запрашал како водата воопшто доаѓа во длабочината на континентите, како таа патува од океаните и морињата каде што испарува, илјадници километри длабоко во копното. Да не беа шумите, дождовите би паѓале само неколку стотини километри во длабочината на континентите, а другото би било сува пустина. Шумите ја играат улогата на чудовишно големи пумпи кои водата ја префрлуваат во циклуси на испарување и дожд илјадници километри длабоко во континентот, а таму каде што ги нема, по околу 600 километри веќе почнуваат голини и пустини. Шумата ја „пумпа" атмосферската вода така што создава огромна лисната површина од која паднатиот дожд повторно лесно испарува, а на оваа количина вода шумата додатно „издишува" уште 2.500 кубни метри метаболитичка вода на секој квадратен километар. Така повторно се формираат дождовни облаци што ветерот во циклуси ги носи подлабоко во копното, каде тие повторно се истураат во срцевините на континентите, до кои без шумите никогаш немаше да стасаат. За неверување, нели?

Тоа значи дека ако сакаме да ја преживееме катастрофата што се наближува, треба да се мобилизираме сите, целата земја, институциите, властите, луѓето, старо и младо, сите, да го сопреме повеќедецениското малоумно и злосторничко масовно сечење, крадење и уништување на шумите, и да почнеме организирано да ги садиме, умно, систематски и упорно, во стотици милиони, во бројки и површини, денес сосем незамисливи. И тука не

мислам на измамничкото вмровско садење во еден ден во годината, со огромни општествени трошоци, тоталитаристички тренинг на населението, и нула примени садници, и ништо пошумени голини.

Нашето садење треба да трае од ноември до март, а сите други месеци треба да се употребат за подготвување на терените за садење, за шкарпирање и терасирање на голините. Треба да се обноват и востановат расадниците во сите градови и за тоа погодни региони. Да се воспостават легислативни рамки за оваа општествена акција, стандарди, органи за следење и координирање на садењето; да се мобилизира и науката, сите стручњаци што ги имаме и што ќе ги создадеме. Пошумувањето на земјата е единствената политичка и општествена акција за која вреди да се обединат сите граѓани. Садењето треба да ја обедини расцепканата и уморна земја, а слоганот ќе го направиме популистички модерен: Летс мејк Македонија форест агеин!

# ЛЕПЕШКАР ВО ОДМЕТНАТА ДРЖАВА

**16.11.2019**

> Сите ние – според оваа лепешкарска психосоцијална теорија – го почнуваме денот со формирање на сопствената топка од лепешка, која е всушност композитум составен од нашите лични грижи и проблеми.

Скарабејот, обичната бубачка лепешкар, на старите Египќани не случајно им била најценетата и најомилената амајлија, што денес ги краси музеите и археолошките збирки со божествено убави артефакти изработени во злато и драги камења. Египќаните ја сметале за света бубачка, која тркалајќи го катадневно своето топче, направено од лепешка од некој копитар или папкар, го симболизирала божеството на утринското сонце Кхепри, што бил одговорен за секојдневното тркалање на сонцето преку небото.

Името на богот било пишувано со хиероглиф во форма на скарабеј, кој имал повеќе симболични значења што го асоцирале со раѓањето, со самиот живот, и со моќта на неговото вечно обновување.

И јас мислам дека скарабејот е совршена метафора за животот, и за тоа како човекот го гледа светот и го живее денот. Сите ние – според оваа лепешкарска психосоцијална теорија – го почнуваме денот со формирање на сопствената топка од лепешка, која е всушност композитум составен од нашите лични грижи и проблеми. Потоа топката ја тркаламе цел божји ден за да ја однесеме дома на зајдисонце, да легнеме со неа и да ја сонуваме до утрото, кога сизифовското тркалање почнува одново. Убавото во оваа метафора е нејзината физика, што така верно ја одразува состојбата на нашата свест.

Имено, скарабејот ја тркала топката со задните четири нозе, додека ја бутка наназад со предните две, поради што, јасно ви е, тој е секогаш свртен со грбот во насоката во која се движи. Исто како и секој од нас. И нашиот светоглед е составен од она што се случило порано, и ние сме свртени наназад кон сето она што сме го запаметиле од минатото, додека привилегијата на погледот угоре, кон иднината, ја има само нашата заднина, нашите црева, да не речам – нашиот газ. При што – и ова е најинтересното – и ние, како и скарабејот, одиме напредназаечки, со погледот удолу наназад кон себеси, фокусирани на сопствената грутка гомно што везден се зголемува, а водени по права патека само од нашите замисли и надежи. Или од индоктринацијата и пропагандата со која ни е „баждарен“ мозокот. Не е ни чудно, тогаш, што од нормалниот човек не може да се бара да ја согледа „големата слика“ за светот, за општеството или за квалитетот на неговата држава.

А, кога веќе ја спомнав државата, веќе ноторна е нашата неспособност да ја согледаме големата слика и најважните работи за неа додека со децении се исцрпуваме во

расправии за површни и симболични трици. Наместо да се запрашаме до кое дереџе стасало распаѓањето и изопачувањето на нашата држава и дали му е таа веќе воопшто од полза на општеството и на граѓаните, ние со години си ги кршиме ноктите и ги кубеме косите за тоа што ќе се вее, како ќе се вика, дали Санде од пред 100 колена ни бил крвен предок или сватовштина, и на тоа слично. Наместо да промислиме дали тој скап и гломазен државен апарат ни служи нам на граѓаните, и ни помага да го совладаме денот и да ја истуркаме секој својата топка лепешка, ние му го свртивме грбот (газот?) на фактот дека државата самата се претвори во грамадна планина-лепешка што веќе никој не може да ја тркала, во чудовиште што само се храни и расте на наша сметка, грижејќи се само за своите интереси, а не за нас, не за нашата социјална правдина.

За да добиеме одговор на овие суштествени прашања, доволно е да погледнеме како државата се однесува кон својот граѓанин – од кого, според Уставот, ја црпи сета сувереност и сила – и тоа кога со помош на монополот над употребата на сила од него прави даночен обврзник. Еден од повеќето инструктивни примери за државното (мал)третирање на своите граѓани е морално дефектниот Закон за даноци од имот, за кој безбели веќе пишував. Овој закон е вистинската слика за тоа како државата наместо да му служи на граѓанинот за обезбедување на социјалната еднаквост и правдина, како што е декларирано во првиот член од Уставот, таа се поставува во улога на феудален господар кој граѓаните ги третира како полуробови, кметови или чифлигари, без какви и да се права.

Неправичноста е структурално втемелена во законот, зашто обичниот граѓанин е обврзан да го плаќа данокот

во сите ситуации, без оглед на реалната имотна состојба и другите објективни околности во кои тој се наоѓа. Од обврската за плаќање на данокот на недвижен имот не е ослободена ниту една категорија немоќни и ранливи граѓани; ниту сопствениците на скромни домови и големи семејства, ниту невработените, ниту пензионерите, ниту на друг начин социјално загрозените, ниту ранливите од која и да е причина. Но, затоа, од обврската за плаќање на данокот, се ослободени сите моќници со многу недвижнини, многу пари со кои би можеле но не го плаќаат данокот и, се разбира, со многу политичка моќ. Во членот 8 од законот, од обврската за плаќање се ослободени државните органи и тела, потоа верските заедници (зошто?), сите недвижности за кои е пријавено дека служат за остварување деловни дејности, значи, деловните имоти на капиталистите и сите сопственици на средствата за производство (зошто, по ѓаволите?), земјиштата што се користат за рударство (?) и земјоделство, како и градбите за земјоделски потреби (во кои – проверете во Министерството за земјоделство – од пред една деценија спаѓаат и спортски објекти, хотели и штогоде што е градено на нива).

И, така, откога се ослободени сите што имаат купишта имот и пари, останува данокот да го плаќаат граѓаните, кои во својот – најчесто од родител наследен имот – само живеат, без оглед дали воопшто имаат приход што плаќањето на данокот ќе го направи можно. Е, ако приходот не е доволен за да се нахрани семејството, па логично уште помалку достасува за да се плати еден бесмислен данок на татковската куќа, земјиштето под неа и дворот, уште гаража или шупа, тогаш настапува моќната држава, застапувана од армија мали, бездушни

ајхмани – тивки учесници на баналното зло, проценители и членови на комисии, совети и администрации, банки и извршители. Тие „пазарната вредност“ на имотот (што е основица на данокот) ја пресметуваат потполно арбитрарно, секогаш повеќе од реалната пазарна цена, секогаш погрешно, (но според перверзно спроведуваната „владина методологија“), и секогаш на штета на граѓанинот.

Во законот нема ниту еден збор, ниту една одредба, што граѓанинот го штити од погрешно и повисоко пресметаниот данок, но има повеќе од 70 члена што детално ја разработуваат монструозната машинерија за присилна наплата, незаконска блокада на сметката на граѓанинот, присилно продавање на имотот и уништување на чифлигарот и неговото семејство. Има куп казнени одредби за обврзникот што не платил данок, но ниту една што ги казнува оние што учествуваат во злосторот на пресметувањето на нереално високите и за обврзникот убиствени ѓоа „пазарни“ вредности на нивните имоти.

Затоа, повеќе од неопходно е да го баталиме малку своето топче лепешка, и да побараме – погласно и поупорно – длабоко да се заора запустениот и заплевен законодавен угар, и темелно да се реформираат стотиците закони и прописи што нè внесоа во најсурово неолиберални капиталистички, дури неофеудални општествени околности, во кои граѓанинот се претвора во обичен феудален поданик кому што државата – социјалната држава! – му е господар, наместо слуга.

# ПЛАНЕТА НА МАЈМУНИТЕ

**30.11.2019**

> Што и да направи или подготви жената, сопругот прави сложена фаца, подзавртува со главата, ги потподига веѓите и коментира: „Не, не е лошо, само… не е она правото!“ И тука веѓите му се виткаат во кровче, ги подзатвора очите, воздивнува и со меланхоличен и љубовен глас се присеќава: „Е, како тоа Мама го правеше!“

Вицот е стар, но некни како да го ислушав првпат. Приказната оди вака: млада и среќно мажена жена ги живее првите години од бракот со неисцрпен ентузијазам да му угоди на својот маж. Се труди да ги научи сите вештини на една совршена домаќинка. Ја уредува куќата, набавува, готви, пере, пегла, подготвува зимница, набавува рецепти за омилените јадења на сопругот, што сè не. Но, што и да направи или подготви, сопругот прави сложена фаца, подзавртува со главата, ги потподига веѓите и коментира: „Не, не е лошо, само... не е она правото!“ И тука веѓите му се виткаат во кровче, ги подзатвора очите, воздивнува и со меланхоличен и љубовен глас се присеќава: „Е, како тоа Мама го правеше!“

И така секогаш, што и да направи несреќната жена, сопругот ѝ го ништи и трудот и ентузијазмот со потсетување на недостижните доблести на Мама, која остана во родната куќа да старее далеку од својот милуван син. Од тоа „Мама, па Мама“ на младата ѝ се зацрнува животот, таа ги губи полетот и жизнерадоста и полека но сигурно паѓа во апатија што опасно се удолнува кон депресија. Но, волјата за живот превладува и жената трча кај својата најопулена пријателка, ја фаќа за раце и ронејќи солзи ѝ ја раскажува својата несреќно изгубена битка со идеализираната и пресакана свекрва. Мудрата пријателка ја сослушува, ѝ ја крева главата и ѝ го дава најитриот совет на планетата: „Престани да се натпреваруваш со Мама во сите домаќински дисциплини и прејди на терен кај што си ти единствениот шампион – сексот! Дотерај се како женските од машки часописи, во црни чипкани гаќички и прслуче, секси чорапи и подврзици, да не ти редам сè што можеш да направиш да изгледаш фатално привлечно, дочекај го маж ти во таква „опрема“ и твој е: кога ќе те види таква, кралица на сексот, нема шанси да помисли на Мама.

Жената послушува, ги обезбедува сите делчиња од костимот на кралицата на сексот: секси црни чипки, подврски и тантели, чорапи и штикли, парфеми, депилации и шминки, и сето тоа го прекрива со вел од треперлив црн тил, за нејзината неодолива сексуалност да стане уште помистериозна и пофатална. Кога ги слуша неговите чекори пред врата како се враќа од пат, таа ја зафаќа најсекси позата на троседот во дневна. Тој отклучува, ја отвора вратата, ја здогледува жена си во нејзината секси црнина, се запрепастува и пропелтечува со ужаснат и загроздавен глас: „Лелее, да не умрела Мама?!“

Знам, почитувани читатели, ќе речете дека потрошив пола колумна за овој стар и рудиментарен виц, но – рака на срце – оној пресврт на крајот ги исплаќа сите претходни реченици, целиот предолг вовед. Но, како и секогаш, причината што ви го раскажував вицот е во неговата едноставна, базична, астрофизички веродостојна поука. Човекот не го гледа она што му е пред очите, туку она што му е во главата. И, оваа космичка константа важи за сите луѓе на планетава, а – разбира се – најмногу за најстарата раса надлуѓе, за вистинските „Ариевци од Балканите“, за гордите наследници на Алехандро, за сите што се вмро, за сите што се исти и за сите што се полоши од сите други.

И, што им е на овие прастари Македонци, всушност, што ни е нам пред очите? Пред очите ни се јасните симптоми на најголемата глобална катаклизма во историјата на човештвото, уништување на растителниот и животинскиот свет од геолошки и планетарни размери; најголемата светска криза на политичката имагинација откога постои политиката, најголемиот подем на регресивни политички движења, национализми, фашизми и тоталитаризми, од Втората светска војна до денес, и најниското дереџе и безмалку нихилацијата на вредностите на просветителството, либерализмот, рационализмот и левичарската мисла во последните три века.

Пред очите на жителите на библиската земја се урнатините на македонската државност и пеплиштата на македонската култура, како последица на повеќедецениското демонтирање, девастирање и ограбување, кое прерасна во вистинско културно, државно истребување и исчезнување на македонската културна посебност. Ние веќе не знаеме да го зборуваме и пишуваме сопствениот стандарден литературен јазик; во целата земја веќе не

постои вистински институт или завод за истражување и планирање; не знаеме да направиме прекоп на улица што нема потоа да пропадне; не знаеме веќе да правиме асфалтен пат што нема да се „разбранува“ веднаш по свеченото пуштање; не знаеме да произведеме ни чкорчиња, а камо ли запалка; заборавивме како се прават, како се читаат и како се спроведуваат закони и прописи; стандардизацијата и статистиката ни се несфатливи, невозможни и непостоечки, и сето тоа ни седи на куп пред очи, но ние не го гледаме.

Пристоен дел од уништеното е злостор на ВМРО-ДПМНЕ (останатото го делиме „на равне части“), и таа злосторничка организација пред нашите очи столува во најголемото, најфашистичкото и најукраденото партиско седиште во Европа, но ние како да не го гледаме тоа. На главниот плоштад од престолнината ни столува најголемата и најгрдата кичерска фигура на Александар Велики на целиот свет, непогрешниот знак дека сме нација на ментално ретардирани, но ниедна институција, ниту медиум, ниту граѓанско движење, практично никој, не го гледа тој ужас, и не се запрашува за кој андрак таа грозота уште го грди градот? И, зошто никој не го демонтира и евакуира од градот тој срам и злочин и грабеж и мозочен отров за нашите млади? Очигледно дека ништо од тоа што очите ни го гледаат, не можеме да го видиме, зашто имаме нешто сосем друго во нашите глави.

Како Мама од вицот, што му ја исполнува сета глава на неизраснатиот маж, така и во нашите глави постои само Катица Јанева како антихероина што ги плави сите брегови на македонскиот ментален космос. Веќе повеќе од половина година во Македонија се одвива последната фаза од менталното декапацитирање на нацијата. Еден

„случај“ се растега низ време, по можност во бесконечност, и се шири насилно и упорно, претворајќи се во криминал на векот за да го исполни целиот когнитивен капацитет на уморниот македонски мозок. Целта на оваа операција е да се заборави огромноста на злосторите што ВМРО ѝ ги стори на земјата, исто како и сериозноста на сите други регионални, континентални или планетарни проблеми. Најважно е овој еден и единствен случај да стане поголем од стотината илјади вмровски случаи, а милион и кусурте евра наводен криминален промет на случајот „рекет“ во нашите черепи да станат повеќе од десетиците милијарди од вмро украдени, уништени или злоупотребени евра.

Ах, замалку ќе заборавев: знаете ли зошто овоа писание го насловив онака? Не би знаел точно да одговорам. Пишувајќи, сосем случајно ми се закачи за умот насловот на култниот филм „Планета на мајмуните“, и си помислив – сосем спонтано – дека ние сите како здушно и страсно, иако безволно и несвесно, да статираме во филмот „Земја на кретените“.

30 ноември 2019

# ПЛАТОНОВОТО БРОТЧЕ

**07.12.2019**

> Во „Држава“ Платон аргументира дека навистина демократски избрани влади од редовите на обичните луѓе и потоа често менувани на избори, не можат ефикасно да ја водат и управуваат државата, од проста причина што обичните луѓе не учеле и не ги совладале потребните знаења и умеења како да го „возат“ државниот брод.

Од првиот ден на независноста, македонската држава ја преживува драмата на бротче со едно едро што се нашло среде опасно разбранувано море. Од тој прв ден, кога со пукот се отвораа пенливи вина, впловувањето на кајчето во безбедно пристаниште беше најважното егзистенцијално прашање што везден се наткрилуваше над нашата судбина како променлива, каприциозна морска бура која ту ќе загрми во заднината на згрутчените темни облаци, ту ќе се потсмири и ќе нè залаже со рајски сино небо далеку на хоризонтот. Сето ова време, нишани и завлекувани од брановите и ветерот, наваму и натаму, единствена водилка, цел и надеж ни беа евроатланските интеграции како безбедно пристаниште во кое ќе најдевме пријателска закрила и солидарност што неповрат-

но ја изгубивме во бродоломот на југословенската федерација. Без оглед на таа цврста и безалтернативна цел, нашето бротче го вртеше прамецот на сите страни, а ние во него се однесувавме точно како во Платоновата славна метафора за заталканиот брод, што требаше да ги прикаже сите длабински, генетски слабости на демократијата.

Во „Држава“ Платон аргументира дека навистина демократски избрани влади од редовите на обичните луѓе и потоа често менувани на избори, не можат ефикасно да ја водат и управуваат државата, од проста причина што обичните луѓе не учеле и не ги совладале потребните знаења и умеења како да го „возат“ државниот брод. Избраните би морале да бидат искусни во економијата, стопанската и воената стратегија, законите и моралните обичаи и уште многу други работи. Но, тие не знаат ништо од тоа, зашто нивното единствено знаење е како да го искористат незнаењето на своите сограѓани и да ги залажат со небулозни ветувања за овие да гласаат за нив. На тој начин, демократијата неизбежно произведува кризи на незадоволство од неисполнети ветувања, конфузни и неконтролабилни процеси, зашто ниту народот ниту власта има разбирање за тоа што им се случува и ним и на државата.

Вака Платон ја опишува политиката во демократијата: „Замислете, брод на кој капетанот е повисок и посилен од целата посада, но е наглув и со слична слабост на видот, а згора на тоа и со слабо знаење од навигацијата и управувањето со брод. Среде разбранувано море морнарите се караат меѓу себе околу кормилото, при што секој од нив е на мислење дека тој треба да кормилари, иако никогаш не го совладал – ниту воопшто го учел – знаењето и умеењето на управување со брод.“

Се разбира дека Платоновата метафора заличува само однадвор на нашето државно бротче, и тоа само во конфузното вртење на бродот во круг и упорното периодично насочување на прамецот во обратна насока од единственото безбедно пристаниште. Однесувањето на посадата, меѓутоа, не може да ја отслика верно нашата состојба: прво, метафората се однесуваше за необразованите и глупави Атињани, додека во нашиот случај се работи за генетски образованата човечка елита на варваро-гении – како што се изразуваше Крлежа – балкански ариевци, што сите знаења на светот ги акумулирале уште 300.000 години порано, во Зета Македонија, па преку Атлантида (од каде што потекнува нашиот копнеж по атлантскиот сојуз) ги пронесоа „до денешните деној".

Не, нашиот државен брод го карактеризира не сосем, но битно различна ситуација. Ние имаме (главно) две посади, едната вмровска, другата социјалдемократска, кои се менуваат наизменично веќе неколкупати за овие секавични, а предолги, три децении. И, во тоа повторувано менување, упорно, безумно и исцрпувачки се случуваат по структура исти работи. Секогаш кога ВМРО е на власт, го испушта кормилото и ја баталува навигацијата (а со тоа и го губи правецот кон пристаништето), за со сите сили да се занимава со фалсификување на бродската историја, со преуредување на бродската утроба, разграбување на багажот, залихите, па и самите делови од бродската конструкција, за целото тоа време обрнувајќи внимание само на техниката на управување, односно кротење и превоспитување на патниците што во меѓувреме ги претвориле во галиоти.

Кога ќе дојдат социјалдемократите на власт, тие го трошат своето време на враќање на бродот на вистинскиот

курс кон егзистенцијално и геополитички единствената безбедна дестинација, плаќајќи ја за тоа секоја политичка цена. Освен тоа, моите другарчиња се напрегаат целото време да обезбедат – како ученичиња пред строги, но незаинтересирани учители – надворешен впечаток дека успеваат да ги вратат работите во нормала, внатре во утробата и палубата на бродот, за да добијат добра оценка на испитот што се полага за влез во пристаништето. Но, напредокот во таа неблагодарна работа е секогаш невидлив, бавен – ако воопшто го има, и тоа од сосем прости причини: украденото вмровските арамии го сокриле на островото со благо, раскостениот и демонтираниот брод што повеќе наликува на крнтија која никој веќе не знае да ја поправи, а вмровската мафијашка посада толку долго го вртеше бродот во круг и толку долго им переше мозоци и ги кретенизираше патниците и посадата, што никој повеќе не се сеќава за друго, никој веќе не знае како се прават работите, а, конечно, тоа се истите луѓе, тоа сме повторно и упорно само Ние.

Само две работи се важни кога сте на бротче со едно едро, на отворено и непредвидливо море: тоа се вистинската насока на пловење и здравата и функционална состојба на бродот. И, кога ќе успеете да го свртите бродот во безбедна насока, тоа не е гаранција дека ќе доловите до пристаништето. Особено ако вмро е уште на него, онаа иста вмровска платонова посада што претходно безмалку го потопи, чекајќи ја повторната шанса да го преземе и одведе на отворено море. И, уште: ремонт на брод – колку што мене ме служи сеќавањето – не се прави во пловидба, на отворено море. Треба да застанеш на попатно островче, да го истовариш вмро, темелно да го реформираш и оправиш кајчето, за да отпловиш безбедно кон синиот хоризонт, во насоката на замислените идеали.

# ПРИМАЛНОТО „ВРЕЖУВАЊЕ“ КАЈ МАКЕДОНЦИТЕ

**21.12.2019**

> Теоријата на Лоренц се темели на забележувањето дека одредени видови животни трајно се врзуваат, како за родител, за првиот движечки објект што ќе го здогледаат по раѓањето или по излегнувањето.

Конрад Лоренц, австриски биолог и орнитолог се смета за татко на етологијата – науката за однесувањето на животните. Како темелен камен на новата биолошка дисциплина Лоренц ја подготвил својата теорија на врежувањето. Теоријата се темели на забележувањето дека одредени видови животни трајно се врзуваат, како за родител, за првиот движечки објект што ќе го здогледаат по раѓањето или по излегнувањето.

Основниот експеримент Лоренц го направил со јајца од диви гуски, така што дузина јајца од различни легла поделил на две купчиња, при што половината ги ставил во природно легло да ги легне дива гуска што не им е биолошки родител, а другата половина ја легнал во инкубатор. Кога се извеле пилињата од инкубаторот, Лоренц

бил единствениот објект што тие го здогледале во првите часови од животот. И, што се случило? Пилињата, излегнати од случајна дива гуска, ја следеле својата „мајка“ во чекор, на суво и во вода, правејќи бескрајно слатко јатце од пердувести топчиња што се туткаат зад својата мајка. Шокантното е што гускичките на кои по излегувањето на свет им се прикажала брадестата фаца на Лоренц, исто така формирале јатце што безусловно, слепо и упорно, го следеле научникот, каде и да одел, како да им е природна мајка.

Лоренц докажал дека овој механизам на приврзување е вроден, инстинктивен, што значи генетски програмиран. Ова таканаречено „врежување“ (imprinting) е трајно и се случува веднаш по излегнувањето на пилињата, но трае најмногу 32 часа, по што процесот на врежувањето веќе не е можен. А за да се случи, не е потребно младите да се придобиваат со хранење. Што е уште поинтересно, приврзувањето кон движечкиот објект се случува и преку визуелно и преку гласовно препознавање и е сосем иреверзибилно и трајно: дивите гуски веќе не можат да се приврзат за каков и да е друг објект или животно, а врежувањето останува за цел живот, па научникот го посетувале возрасните диви гуски (кои се, птици-преселници што годишно прелетуваат континенти) до крајот на животот.

Интересно е што овој еволуциски дизајниран механизам за преживување на многу сличен начин функционира и кај луѓето, иако кај сапиенсот врежувањето се случува преку учење. Човековото младо има способност да го научи јазикот на средината во која ќе ги отвори очите, а доколку го одгледаат волци – тоа ќе завива, ако тоа бидат овци – тоа ќе мека, се најде ли во семејство на гаврани – тоа ќе грака. Но, она што е базично исто, генетски програмирано, и кај дивите гуски и кај луѓето, она што е

менталниот услов врежувањето или учењето воопшто да се случи, тоа е слепата и безусловна верба во родителот или во кој и да се нашол во непосредна близина, што во првите критични часови на животот – кај гуските, и повеќе години – кај детето, е единствената способност за преживување што природата им ја подарило на младите социјални животни.

Врз основа на таа способност за верување, која е многу повеќе од потреба, човештвото ги создало сите социјални релации и институции во историјата. Бидејќи сите културни обрасци, ентитети и институции се темелат на приказни измислени од човекот, генетската отвореност на човечкиот мозок – еден вид инстинктивна и предодредена лековерност, односно способноста да се поверува и упорно да се верува во тие приказни, е еволуциската основа за создавање, хомогенизирање и опстојување на сите митови, вери и религии; семејства, племиња и нации; секти, култови и политички партии; групни идентитети од секаков вид, локални и регионални, континентални и планетарни; пари, банки, институции, држави и секакви други системи на вредности. Врежувањето на сите овие плодови на човечката имагинација кај човечките млади – исто како и кај дивите гуски – е од суштинско и одлучувачко значење за нивната егзистенција.

Токму поради нејзината фундаментална улога во животот, способноста за верување е воедно и најмногу злоупотребуваното својство на човечкиот мозок во целата историја на човештвото. Сите лаги, измами, илузии и манипулации се злоупотреба на човечката вродена подготвеност да им се поверува. И токму поради својството на „прозорецот“ на врежувањето да се затвора по некое време, најуспешните, најтрајните и воедно долгорочно најштетните „приказни“, нам ни се сервираат во првите три младешки седумгодишни циклуси.

Во светлото на ова сознание, дали некој во Македонија се запрашал што ќе му се вреже во мозокот на младото Македонче, кога од прегратката на мајка си, или од рамото на татка си, ќе ја здогледа чудовишната псевдоспоменична грдотија среде главниот плоштад на престолнината, што гротескно го претставува аргеадскиот и хеленски крал и египетскиот фараон Александар Велики? Што и да му пропелтечи родителот, врежувањето ќе се случи со генетски уредено доверение дека она што неговите родители го изградиле триесет и кусур метри високо и го треснале на најцентралното место во земјата, тоа мора да е стожерот на нивните вредности, тотемот на племето, врховен бог на нивната вера, таткото на нацијата, најважното нешто во македонскиот, светскиот, а безбели и во вселенскиот поредок.

Дали некој во земјава се запрашал каква и колкава е менталната и вкупната културна штета што настанува со врежувањето во мозоците на нашите млади на сите безмислени и налудничави, фашисоидни и морничави, монструменти и дивоградби, франкенштајн-барок стилови, лажноисториски и други блуеници? Дали некој помислил дека овој културоциден радиоактивен отпад ние им го врежуваме на нашите млади преку еволуциски најсилниот и генетски најотворениот канал директно во нивните мозоци, длабоко во нивните души? И, дека со тоа – наместо да им обезбедиме подобра егзистенцијална основа за идниот живот – ние правиме ментални инвалиди, млади оштетени со системска кретенизација, или во најмала рака, индивидуи со естетски, етички, идентитетски и социјални ментални нарушувања?! Ајајај, до кога ќе се повторувам на оваа тема?

# ВО УМОТ ЗДРОБЕНА

**28.12.2019**

> Се сеќавате ли воопшто, почитувани читатели, што е тоа „владеење на правото“? Погледнувате десно угоре, слушате шум на планински поток во главата, нешто ви звучи познато, како од детство, но не, никакво јасно значење не се појавува во свеста.

Точно се сеќавам кога тоа сиво, магливо и влажно четвртточно утро, на 24 февруари 2011 година, фашисоидниот режим на ВМРО го објави нормативното укинување на владеењето на правото во Република Македонија. Владеењето на правото, всушност, беше суспендирано некоја година порано, уште од воспоставувањето на вмровската диктатура, зимата 2007 година, но таа суспензија се одвиваше повеќе во практиката на управувањето, низ поединечното менување на законски одредби, подзаконски акти и најмногу низ кривоколчење на законите со малоумно извртување на значењето на зборовите. Не, овој пат укинувањето на правото во библиската земја е изведено со закон, донесен во Собранието, и тој одвратен четврток уредно, објавен во службениот весник на Републиката.

Законот, чие име беше безначајно, бесмислено и подмолно бенигно (исто како и во случајот на Хитлеровите нирнбершки закони) се викаше Закон за постапување со бесправно изградени објекти.

Се сеќавате ли воопшто, почитувани читатели, што е тоа „владеење на правото“? Погледнувате десно угоре, слушате шум на планински поток во главата, нешто ви звучи познато, како од детство, но не, никакво јасно значење не се појавува во свеста. Знам како се чувствувате. А, зошто и би стоело на ум нешто толку нематеријално, потполно избришано од нашите мазни мозоци, долги години нурнати во системско државно малоумие, нешто што е одамна изгубено во шумот на времето? Елем, владеењето на правото е дефинирано уште од Аристотел, и тоа со зборовите дека е „подобро со земјата да владее законот, отколку кој и да е нејзин граѓанин: според истиот принцип, доколку е потребно на одредени личности да им се довери повисока власт, тие треба само да се чувари и слуги на законот“. Тоа е тоа: слободата, еднаквоста, правдата и демократијата се можни само во општество во кое владее правото.

А, што пишуваше во фамозниот Закон за постапување со бесправно изградени објекти? Во тој мал, зол и неверојатно отровен закон е уништен основниот принцип на владеењето на правото, принципот на хиерархиска усогласеност на законите со Уставот, на подзаконските акти со законите и на поединечните управни акти со сите погоре. Во популарниот „закон за легализација“ е утврдена изопачена и обратна постапка во која бесправните градби – кои се кривични дела и се спротивни на урбанистичките планови, згора и кршат уште куп системски, општи и посебни закони, стандарди и прописи – со поединечен

управен акт, донесен во непроѕирна темница зад затворени врати, се претвораат во „легални“, се запишуваат во катастарот на недвижнини, и згора, на починителите им се дава – како награда! – и земјата под и околу објектите.

Со ова законче, мало и вижлесто како вирус на еболата, со управен акт за „утврдување на правниот статус на бесправна градба“ се укинува целиот правен поредок, зашто со поединечен акт се суспендираат законите за просторно и урбанистичко планирање, за градење, за градежно земјиште, за животна средина, културно наследство, јавни патишта, енергетика, па дури и системските „двотретински“ закони за сопственост и други стварни права, за облигации и кривичниот законик. Во законот за укинување на владеење на правото (како би требало да се вика „законот за легализација“), во членот 31, законите и буквално се укинуваат, заедно со системскиот Кривичен законик (!): „Постапките за отстранување на објектите од значење за Републиката согласно со Законот за градење и друг закон и на објектите од локално значење согласно со Законот за градење, како и управните и судските (кривичните) и граѓанските постапки во врска со изградба на бесправни објекти со наведената намена, започнати пред влегувањето во сила на овој закон, ќе запрат со денот на влегувањето во сила на овој закон“. Ехееееј, патриоти, се кренавте ли против оваа библиска чума, против оваа јустицидна апокалипса, м?

Не, почитувани читатели, не само што никој не се побуни против ова распуштање на „светата македонска држава“, ова законско растурање на остварувањето на „вековната борба за национална и социјална слобода и создавање на своја држава“, туку законот стана најомилениот и најприменуваниот закон во земјава! Сите институции

на државата без исклучок и уште грандиозна бројка граѓани радосно и гордо земаа учество во кражбата на правото и во виралното дробење на правниот поредок, всушност, на самата државност. Македонското општество се обедини низ одредбите на овој криминален и неписмен текст, и одбра унисоно да ги спроведува нормите на „законот за укинување на правото“, а не на Уставот, ни на Кривичниот законик, ниту пак на стоте други закони што се и понатаму на сила, сите со одредби спротивни на омилениот закон за легализација.

Во годините што следеа, „Законот за укинување на правото“ поттикна невидено масовно диво и криминално градење, но и зачудувачки и не помалку криминални законодавни и управни практики. Режимот на ВМРО влезе во дијареично менување на законите за планирање и градење (104 изменувања и дополнувања на Законот за просторно и урбанистичко планирање, Законот за градење и Законот за градежно земјиште), така што овие станаа криминогени генератори на уште повеќе диво градење. Агенцијата за катастар на недвижности – која во меѓувреме неуставно приграби тоталитарна моќ деспотски да одлучува за постоењето или непостоењето на имотот на граѓаните – илјадниците свои и други институционални грешки почна да ги решава на сметка на странките, терајќи ги луѓето во понижување своите легални имоти да ги запишуваат во катастарот низ фалсификувана процедура како да се дивоградби. Можеби половина – којзнае? – од 430-те илјади барања за легализација отпаѓаат на овие лажни легализации.

Важењето на најомилениот и најефикасниот македонски закон се продолжуваше повеќепати, така што тој до крајот на минатата година (кога завршија роковите за

поднесување на барања за легализација) веќе стана новата бесправна нормалност околу која е постигнато „македонското национално единство“.

Слушам дека Владата му предложила нов „закон за укинување на правото“ на Собранието за итно донесување, во обид да ги задоволи несопирливите масовни притисоци на македонските зависници од диво градење и невладеење на правото. Свесни ли сме за огромноста и непоправливоста на грешката? И, дека донесувањето на овој закон ќе го укине правото засекогаш, и ќе ги направи непотребни законите за урбанистичко планирање и за градење (и сите други!) зашто кога постои паралелен закон за легално диво градење сите тие се практично излишни? И, ве молам, никој да не се залажува дека ова е последниот закон за легализација на дивите градби: она што се случило еднаш може и да не се повтори, но она што се случило двапати, со сигурност ќе се случи и по третпат!

# ФАТАМОРГАНАТА НА НАШИТЕ НАДЕЖИ

04.01.2020

> Трите најголеми опасности по опстанокот на човештвото: нараснувачката нееднаквост, без преседан во историјата; зголемената опасност од нуклеарно самоуништување поттикната од плимата национализми, „идентитетски“ судири и тектонски геополитички поместувања; климатските промени.

Третата деценија од 21 век некни осамна со неверојатно бистро сино небо, осветлена со ниско утринско сонце кое го просветли хоризонтот над Скопје со несекојдневна прозрачност и висока резолуција на видот. Утрото изгледаше како светлинска метафора за разбудената надеж со која сите ние – како деца што му се радуваат на Дедо мраз – сакаме да ја започнеме новата година. Спонтаната радост и надежта што буди очекувања, меѓутоа, по само еден поглед на вестите од светот, се претвора во тегобност и трепет, во матно и размачкано чувство на страв од иднината. Оваа мачнина ми се всадува под ребрата, предизвикана од сè поизразеното чувство дека светот заглупавува забрзано и неконтролирано, по истата експоненцијална функција како и климатските промени.

Ги читам бестселерите на новата мудрост на веков, кои ги издвојуваат трите најголеми опасности по опстанокот на човештвото: нараснувачката нееднаквост, без преседан во историјата; зголемената опасност од нуклеарно самоуништување поттикната од плимата национализми, „идентитетски“ судири и тектонски геополитички поместувања; климатските промени што му се закануваат не само на човештвото, туку и на целиот екосистем на планетава. Премалку осамени гласови, нејаки и безмалку изгубени во општата врева на вулгарни глупоштии, баналности и малограѓанска бучава, укажуваат дека на нашиов свет всушност му се заканува само една единствена вистинска опасност што ги надвјасува трите опишани, што е нивниот причинител и предизвикувач и воедно нивниот врховен и неприкосновен господар – глобалниот капитализам!

Изгледа неверојатно дека најпрецизната анализа на революционерната и несопирливо креативна деструкција на глобалниот капитализам – чие крешендо веќе го слушаме – ја дадоа Карл Маркс и Фридрих Енгелс, уште пред век и половина, во највлијателниот политички манифест на сите времиња – Комунистичкиот манифест. Во наплив на несомерлива, безмалку пророчка интуиција, Маркс ја направи транспарентна револуционерната, но и сеуништувачка улога на капитализмот, кој ги разорува сите наследени, закостени и застарени општествени односи, ги совладува и брише сите граници, државни и географски, ја совладува природата и материјата како таква, за целата планета, луѓето и сите живи суштества да ги подреди на единствениот рептилски себичен императив на сопственото оплодување, неограничен раст и богатење. Пророчките зборови „сето она што е цврсто

и постојано се претвора во воздух и дим, а сè што е свето се сквернави...“ се зборовите со кои во Манифестот се опишува походот на капитализмот во разнебитувањето на планетата. Постои ли катче од мајката Земја, почитувани читатели, за која денес не се однесуваат овие марксови пророштва?

Во Комунистичкиот манифест е јасно укажано на единствениот иљач што може планетата да ја „излечи“ од глобалниот капитализам. Бидејќи најважното својство на капиталот е што тој нема татковина и не знае за граници, заштo е разорен како експлозија што се шири и тежнее да ги освои сите технолошки достапни простори, единствениот начин за неговото сузбивање и замена со похуман систем на општествено-политички и економски односи е глобалното обединување на неговите жртви. Од таму потекнува и завршното мото на манифестот: „Пролетери од сите земји – обединете се!“

Токму затоа, едно од најмоќните оружја на капитализмот е атомизацијата на луѓето, отуѓување и индивидуализација на жртвите, така што таа подвоеност ќе ја оневозможува, отежнува или разбива секоја форма на човечко и работничко организирање. Најстрашните од арсеналот на оружја за уништување на човечката солидарност и глобалното поврзување на жртвите на капитализмот, се патриотизмот, национализмот, расизмот, религиските и трибалистичките фундаментализми, а на истата „трага“ се и културните и идентитетските исклучивости, што во денешно време се повампирија во последната одбрана на капиталистичката интернационала.

Кога во својата експанзивност ќе предизвика глобална криза – како што тоа беше Првата светска војна, либералниот капитализам се престори во национализам

и патриотизам. По најголемата економска депресија на планетата, капитализмот се појави во својата темна алотропска модификација – фашизмот. Од чистотата и посебноста на нацијата, фокусот се префрли на чистотата на расите; денес, тоа се етнонационализмите, идентитетските групи и права, различните по „чистота" култури. Пак и повторно, истата приказна за манипулација, кретенизација и атомизација, на која, за жал, постојано наседнува поголемиот дел од човештвото. Дури и глобално прифатеното еколошко мобилизациско гесло „мисли глобално, дејствувај локално" е дел од префинетите пропагандни оружја со кои се оневозможува планетарното здружување на жртвите на глобалниот капитал. Да беше Маркс жив, бргу ќе ја „растуреше" таа флоскула со вистинската мобилизациска: мисли глобално, обедини се и дејствувај глобално!

А, во контекстот на овие немирни оркански планетарни хоризонти, какви се приликите во нашево зафрлено и набрчкано парче балканска земја, која многу нејзини жители во заблуда ја доживуваат како библиска? Ние сме во сосема специфична состојба, тукушто излезени од нашиот паланечки мафијашки фашизам, потполно несвесни за орканите што беснеат по планетата, свртени кон фатаморганата на нашите надежи. Се тетеравиме незакрепнати од смртната болест на вмровската диктатура, разнебитени институционално, идејно испразнети и конфузни, но – да, со погледот во вистинската насока. И, за да преживееме, потребно е да сфатиме само едно: нашата болест е малигна и се вика ВМРО.

Иако е во ремисија по извршениот оперативен зафат со кој е отстранет „примарниот“ канцер, вмровските метастази се длабоко всадени во сите ткива на исцрпениот општествен организам. Та затоа, сите разочарувања, апатии, изневерени очекувања и гнев, што ги плават нашите чувства, мораат да се сфатат само како слабости на неефикасните терапии, на неделотворните или несоодветните лекарства, на неподготвеноста или на некомпетентноста на здравствените услуги, а не како погрешен избор.

ВМРО не е политичка алтернатива, туку чиста смрт за македонското општество. Така што – како и заборавените пролетери – во 2020 година и нас нè чека уште една тешка година на обединување на сите против вемерото во нас.

# ПАТРИОТСКА РЕА

**11.01.2020**

> Изгледа дека целата културна историја на човештвото јасно укажува не само дека сме вид исклучително подложен на измами од секаков вид, туку дека сме социјален вид што опстои единствено во заедници – цели општества! – чија структурна преѓа се состои од измислени приказни, митови и лаги.

Преправањето, мамењето, како и сите видови сетилна и когнитивна манипулација и доведување во заблуда на своите „домаќини“ и жртви, се вообичаените средства за преживување на многуте видови паразити во милионите години од нивната еволуција на земјата. Фасцинантен е примерот на европската алкон пеперутка, онаа нежно сина ливадска пеперутка што во еден кус период ги бои ливадите во централна Европа, која во својот возбудлив животен циклус во потполност зависи од успешноста на заблудата во која ги доведува опасните мирмика мравки.

Како се случува ова колосално паразитско заблудување? Откога пеперутката ќе ги положи своите јајца во безбед-

ното зеленило на ливаѓето, од нив се излегнуваат гасеници што обилно се хранат со лиснатата храна, додека да се здебелат и станат неподвижни ларви, токму во пресрет на убиствено студената зима. Во тој момент, ларвите на пеперутката прават нешто отпрва несфатливо: се испуштаат од безбедната прегратка на билките и како самоубијци паѓаат на ливадскиот под, каде што царуваат опасните организирани орди на мравките!

Тука се случува пресвртот: наместо да ги убијат како храна, мравките се измамени од мирисот на пеперуткините ларви – што е по хемиски состав идентичен на мравкините сопствени ларви – и ги земаат измамничките паразити, со родителска грижа да ги носат во нивните топли мравјалници. Таму ги хранат и негуваат измамниците, сè додека не станат џиновски кокони од кои следната сезона се измолкнуваат пеперутките и полетуваат да ги бојат во сино ливадите за повторно да го отпочнат циклусот на парење и несење јајца. Префинетата и сурова измама оди дотаму, што како прејадените паразитски ларви стануваат џинови, толку повеќе мравките ги хранат, поради тоа што манипулацијата со мириси во таа фаза го комбинира и мирисот на мравјата матица, на чие безусловно хранење и сервисирање им е посветена целата мравја заедница.

Оваа паразитска измама со маскирање и затскривање зад мирисен вел е смртоносна за заедниците на мирмика мравки, зашто научниците открија дека овие паразити доведуваат до изумирање на цели мравјалници. Но, неодамнешните истражувања во Данска докажаа и дека мравјите заедници што ја преживеале паразитската измама стануваат отпорни на мирисната заблуда, развивајќи нови нијанси во мирисот на своите ларви, па ево-

луцискаta „трка во хемиското вооружување“ продолжува да се случува во тајниот живот на европските ливади!

Ќе речете, почитувани читатели, кој им е виновен на мравките што имаат само мирисно сетило, а не и сетила на слухот и на видот, како нас, па ќе можеа да ја видат и разоткријат одвратната измама. Меѓутоа, токму е обратното. Тоа што човечкиот вид е опремен со куп сетила, и згора со огромен и во целото животинско царство единствен мозок кој го обработува изобилието информации што ги добива од сетилата, не само што не ни помага во разоткривањето на измамите и манипулациите на кои сме изложени, туку нѐ прави многу поподложни на нив. Изгледа дека целата културна историја на човештвото – особено обемно документираната историја од последниов век – јасно укажува не само дека сме вид исклучително подложен на измами од секаков вид, туку дека сме социјален вид што опстои единствено во заедници – цели општества! – чија структурна преѓа се состои од измислени приказни, митови и лаги.

И уште нешто: за разлика од мравките, за кои е веќе докажано дека учат од сопствените заблуди што ги чинеле многу животи, кај нас сапиенсите не може да се забележи ниту милиметар еволуција во препознавањето на своите паразити, ниту чекор напредок во способноста да учиме од претходните паразитски измами што едвај сме ги преживеале. Ова особено се однесува на најстариот вид сапиенси на планетата, на македонските сапиенси.

Вие веќе погодивте, повторно му се навраќам на паразитскиот феномен наречен ВМРО, што е составен сал од лаги и измамнички патриотски мириси со кои веќе премногу пати успеа да ги измами македонските домаќини, да го хранат и гојат како што тоа залудно го пра-

ват мравките со одвратните дебели гасеници, на сметка на своите сопствени млади, упорно и слепо, задоени со лажниот мирис на македонштина, до пропаста на сопствената заедница.

Апсолутно сè во врска со ВМРО е лага, кражба или злостор. Од подмолното присвојување на датумот – 23 октомври 1893 година за свој роденден (на кој датум, инаку, во задното сопче од книжарскиот дуќан на Иван Хаџи-Николов во Солун, се сретнале шестемина основачи на револуционерната организација – Даме Груев, Христо Татарчев и другарите, без да помислат како организацијата би се викала, за што, пак, првпат станало збор дури идната година, кога се договориле името да биде Тајна македоно-одринска револуционерна организација, значи ТМОРО, а основачите, учесниците на Солунскиот конгрес во 1896 година, па и Гоце Делчев, до својата смрт да не знаат за ВМРО, која е основана дури по Првата светска војна), до кражбата на македонскиот хералдички лав; од ветеното „македонско национално единство“ на териториите на „трите Македонии“ и закажувањето на вториот партиски конгрес на ДПМНЕ во Солун, до растурањето на земјата со меѓуетничка војна и планови за размена на територии и население помеѓу Македонците и Албанците; од воспоставување на фашистичка мафијашка диктатура со злоупотреба на сите институции на државата 2006 – 2017 година, до крадење на десетина милијарди евра народни пари, претворање на престолнината во провинциска фашисоидна гротеска и културно уништување на генерации млади низ образовна и медиумска кретенизација; од шестмесечното злосторничко одбивање да се воспостави легалната власт по изборите во 2016 година што заврши со крвави-

от априлски пуч, до нивната деструкција на сите судски и собраниски процеси, заклучно со сегашното перверзно злоупотребување на „техничката влада“ што треба да подготви кредибилни услови за демократски избори во април; значи сè во врска со ВМРО-ДПМНЕ е лага, кражба или злостор.

И по сите овие циклуси на измами и заблуди, по децении нивно гоење и паразитско уништување на македонскиот културен и државен проект, ние сè уште не можеме да ја препознаеме нашата сопствената смрт во паразитот и да се ослободиме од него. Но, надежта умира последна: можеби оваа пролет конечно ќе сфатиме дека нашата декапацитираност да го обезбедиме закрепнувањето на општеството потекнува, пред сè и најмногу токму од фактот што ВМРО сè уште вирее безбедно во својата украдена бела палата, како џиновска паразитска ларва што повторно ја испушта својата опојна реа што лажно предизвикува патриотски еуфории кај измамените домаќини.

Можеби ќе го сфатиме несразмерот помеѓу нашите тривијални разочарувања и огромноста на вмровските злостори што повторно и се закануваат на нашата иднина? Можеби, сепак, до изборите ќе научиме да го препознаеме смртоносниот паразит, макар колку што тоа направија мравките со нивната смртоносна пеперутка.

# ЛУЃЕ СО 32 НЕВРОНИ

**18.01.2020**

> Битката меѓу титаните за првенство во дисциплината национално малоумие продолжува да се бие со ненамалена жестина, а мечевите се одвиваат, како што видовме, среде изборна арена во која учествува најшироката публика на таканареченото народно изјаснување или плебисцит.

Во далечната и одамна заборавена 2016-та, кога Британците на референдум изгласаа излегување од Европската Унија, познатиот американски писател и сатиричар Енди Боровиц напиша во списанието „Њујоркер“ дека „во целото Обединето Кралство Британците се во длабока тага поради загубата на вековното право да тврдат дека Американците се многу поглупави од нив“. Боровиц бил обдарен со префинета интуиција за случувањата што следуваа неколку месеци подоцна, на американските претседателски избори, па својата статија тој ја заврши со зборовите: „И покрај неверојатниот идиотлук на Британците, сепак постојат големи надежи на наредните избори Американците да испаднат уште еднаш

дури и поглупави". Беше одамна, но постарите сигурно се сеќаваат дека Боровиц испадна во право.

Битката меѓу титаните за првенство во дисциплината национално малоумие продолжува да се бие со ненамалена жестина, а мечевите се одвиваат, како што видовме, среде изборна арена во која учествува најшироката публика на таканареченото народно изјаснување или плебисцит.

По декемвриските избори во Обединетото Кралство на кои Борис Џонсон убедливо победи со политичка програма што се состоеше само од два збора, дека ќе го „спроведе брегзит", островјаните повторно прејдоа во водство, уништувајќи си ја повторно најомилената национална забава, или како што тоа Боровиц го напиша: „Насладувањето поради интелектуалната супериорност над Американците долго беше најомилената забава во Британија, попопуларна дури и од крикетот, пикадото или билијардот. Но, британските гласачи му нанесоа непоправлива штета на најомилениот спорт што нацијата го познава: третирањето на Американците како идиоти".

Посебна димензија на несомерливата космичка глупост што на декемвриските избори ја еманираа некогаш остроумните островјани, особено станува видлива доколку се ѕирне во политичките програми што двете најголеми партии им ги понудија на граѓаните. Додека програмата на конзевативците предводени од Џонсон се сведоа на неколку зборови, како што веќе кажав, да се спроведе брегзитот („to get Brexit done"), Џереми Корбин, непопуларниот лидер на партијата на трудот, понуди речиси револуционерна левичарска програма, во неговиот радикален „Манифест" со одлично и креативно разработени мерки за реформирање на британското општество,

за подобрување на социјалната состојба на најширокото мнозинство осиромашени граѓани и за обезбедување поголема социјална правда.

Во Манифестот на партијата на работниците беше елаборирана програма со следните клучни цели: со градење стотици илјади социјални станови, зголемување на платите на работниците во јавниот сектор, воведување минимална надница од 10 фунти на саат, намалување на возраста за пензионирање на физичките работници, воведување даноци за богатите, бесплатен интернет и мрежно поврзување на сите жители, бесплатна куќна нега на жителите постари од 65 години, намалување на возраста за гласање на 16 години и што сè не. И, ништо од овие добро елаборирани програмски цели не успеаја да го спасат Корбин од најкатастрофалниот пораз што партијата го доживеала од пред безмалку еден век. Осиромашените и ојадени Британци наместо за својата социјална правдина и благосостојба гласаа за купот инфантилни и малоумни лаги на Боу Џоу, како и за плиткоумното ветување дека „че го онади то брексито".

Но, иако Британците покажаа буквално неверојатни резултати во националната интелектуална деградација, скудоумност и глупоштија, големиот шампион преку Атлантикот работи секојдневно да го поврати водството. Во моментот не може да се одлучува со голо око, зашто тековното водство може да се следи само со специјални фотофиниш инструменти, но Американците имаат можност на изборите што ги чекаат на крајот од годинава да им нанесат на британските такмаци повторно одлучувачки удир и да избијат на тешко достижното прво место.

Резултатите од светската лига на нации во дисциплината на културното и интелектуалното пропаѓање, на прв поглед не би требало да бидат интересни за земја како нашата, што успеа пред едвај две и пол години да ја победи децениската диктатура на глупоста на ВМРО. Но, не е така: претстојните избори будат амбиции кај многу Македонци што не ги плаши магнитудата на британската или американската малоумност. Оваа групација е повторно предводена од вмровската елита на севселенски идиоти, а основниот услов да се квалификуваат на следните избори за светскиот шампионат во глупост, е бројот на неврони во мозокот да им е еднаков на бројот на заби во черепот.

Оваа невролошка аномалија е неопходно да ја поседува секој македонски такмичар што сака да ја квалификува татковината во светската лига на кретени, зашто за да ја смета вмро како сериозна политичка алтернатива на следните избори, човек мора да биде способен да го поништи сето свое деценоско искуство, да дозволи едно наместено и лажно, колку брбошка големо, рекетче да му ја засени вмровската рекетарска планина и да заборави сè за грандиозниот злостор што ВМРО-ДПМНЕ му го направи на македонското општество од 2006 до 2017. Науката е на становиште дека 32 неврони во мозокот се неопходниот услов за таквата масивна деменција, но колкав е бројот на Македонци што го поседуваат овој невролошки феномен во главата, што ги амбицира да ги загрозат светските сили во планетарната лига на кретени?

# ЗЛАТО ОД КАЛДРМА, ИДЕНТИТЕТ ОД ГОМНА

**25.01.2020**

> Што мислите, почитувани читатели, што се случило со градот (кој подоцна се преименувал во Калгурли и станал најголемото наоѓалиште на злато на светот) по експлозивното откритие дека камењата со кои го ѕидале се полни со злато?

Една од најспектакуларните грешки во областа на градителството, грешка што била исправена дури и на уште поспектакуларен начин, се случила 1896 година, во една ненаселена австралиска вукојебина. Сѐ почнало три години порано, кога коњот на Патрик Ханан – кој со своите двајца другари патувал низ речената пустелија – ја изгубил својата потковица. Во обид да ја пронајде, среќната тројка почнала да собира грутчиња чисто злато, обилно расфрлани по правливата површина, само талкајќи наоколу и гледајќи в земја, и успеале за ден-два да соберат цели пет килограми од скапоцениот метал.

Овој настан предизвикал стотици, а потоа и илјадници болни од златна треска, да дојдат во Хананс Фајнд – како што е наречено наоѓалиштето, и, откога го собраа цело-

то површинско злато, да почнат да копаат на секој метар од бившата пустелија. Не губејќи време да го евакуираат камениот отпад, Хананс Фајнд – кој изникна како град помеѓу и околу рударските копалишта – бил во трескаво темпо изграден од темели, и изѕидан, калдрмосан и поплочен со камењата што се натрупуваа како отпад во процесот на откопување на чистото злато. Од овој отпад како единствен цврст градежен материјал биле правени и сите куќни ѕидарии, камини и оџаци, сè што не било традиционално правено од дрво.

Вистинскиот хаос настанал кога во веќе пренаселениот град – и со веќе исцрпените наоѓалишта чисто злато – стасал експертски глас дека сиот отпаден камен од копалиштата бил всушност минералот калаверит, едно ретко соединение што златото – инаку познато по својата хемиска недружељубивост и инертност – како исклучок од целиот периоден систем на елементите, го има направено со тогаш слабо познатиот и неупотреблив метал телур (хемиската приказна е, инаку, една од многуте од возбудливата Кинова хемиска Шехерезада). Згора на тоа, излегло дека калаверитот се декомпонира на ниска температура, што издвојувањето на златото го чини едноставно, и дека од само еден тон камења од тамошниот калаверит се издвојуваат неверојатни 14 килограми злато!

Што мислите, почитувани читатели, што се случило со градот (кој подоцна се преименувал во Калгурли и станал најголемото наоѓалиште на злато на светот) по експлозивното откритие дека камењата со кои го соѕидале се полни со злато?

Откога го истопиле сиот отпаден камен околу копалиштата, жителите на идното Калгурли, запенети како

вирусот на златната треска да мутирал во беснило, го разрушиле градот, секоја куќа, ѕид, камин и оџак, и го претопиле сиот градежен камен до последното парче калдрма! Така била исправена најспектакуларната архитектонска и градителска грешка во историјата (се разбира, грешка во изборот на материјал за градба), и тоа се случило без мисла, без емоција, без ниту едно „ама“ или „но“ – секавично, безмилосно и беспоговорно.

Очигледно е дека оваа ретка сказна јасно укажува дека човечките општества, гонети од долните човечки пориви – како што била алчноста во овој случај – не патат од скрупули или други социјални инерции кога ги исправаат своите „грешки“. Кога, меѓутоа, треба да се исправат грешки што настанале како резултат на системски криминал, што бил поттикнат токму од најдолните нагони – од алчност, агресија, страст за моќ и контрола, фашизам, расизам и арогантна глупост и суета, каков што е случајот со спомениците и градбите од вмровскиот мегазлостор „Скопје 2014“, е тогаш работите се тегнат низ време и се наоѓаат бескрајно голем број причини зошто исправањето на „градителските“ грешки е невозможно.

Кога, значи, за исправањето на грешката се потребни сите човечки доблести, како што се храброста, чесноста, достоинството, самокритичноста, веродостојноста, пристојноста и самопочитта (да не зборувам за добриот вкус, солидарноста и грижата за културата и менталното здравје на идните генерации), тогаш исправањето на грешките, чистењето на градот од спомениците на фашизмот и вмровскиот државно-партиски криминал, се одлага во недоглед, самата дебата за криминалот се одбегнува, се тегне низ време, се релативизира, се нормализира и сака да се претвори во ужас без крај. Зошто е нашето општество толку ефикасно кога греши, зошто

толку лесно се градеа најгрдите, најкичерските, тотално неуставни и криминални споменици и градби, зошто толку лесно милијарди евра се претвораа во грди и вулгарни бетонски и камени фекалии, а пак, денес испаѓа дека сме комплетно неефикасно и импотентно општество, потполно неспособно да го исчисти – макар санитарно да го измести – сиот културен отпад што нè претставува како криминогена нација на простаци и скоровевци, сè декапацитирани институции и култура испразнета од значење; нација со тешко ментално оштетување на мислата, идентитетот и самоспознавањето!?

Но, ако човек малку се замисли – само малку – и ја спореди вредноста на сето злато скриено во градбите и улиците на Калгурли што жителите на градот ја истопија по неговото рушење, со вредноста што граѓаните на Скопје и на цела Македонија ќе ја добијат од рушењето и евакуирањето на вмровските стиропорни, бетонски и бронзени грозоти, ќе заклучи дека Македонците ќе се збогатат многу, многу повеќе од алчните австралиски трагачи на злато. Зашто, враќањето на градот во „првобитна состојба", пред да му се случи вмровската катастрофа 2006 – 2017, на нацијата ќе ѝ го врати достоинството и самопочитта, ќе ја ослободи од соучесништвото во злочинот – зашто прифаќањето на спомениците на злото е соучесништво во криминалот, ќе го воведе владеењето на правото, и конечно, ќе ја ослободи нацијата од психопатските заблуди за нејзиното потекло и идентитет, и ќе ги ослободи нашите деца и внуци од проклетството да бидат родени во сенката на Букефал и да мислат дека мирисот на гомна што се шири околу него е дел од нивната идентитетска супстанца. Само враќањето на украдената иднина на нашите деца вреди повеќе од златото истопено од онаа австралиска калдрма!

# ПАТРИОТИЗМОТ КАКО СРАМ

**01.02.2020**

> Озрачен од вмровската убиствена „љубов“ кон татковината, за патриотизмот мислам исто како и Семјуел Џонсон пред два и пол века: тој е последното прибежиште на секој подлец.

Некни ја прочитав (за жал, заборавив каде) можеби најумната и најхуманата дефиниција на патриотизмот. Ме засипна грандиозната човештина што стои зад дефиницијата, зашто јас веќе безмалку три децении – откога Македонија ја убива вмровскиот „патриотизам“ – сметам дека зад тоа празно, а жешко чувство, не е можно да се кријат доблесни, хумани побуди. Озрачен од вмровската убиствена „љубов“ кон татковината, за патриотизмот мислам исто како и Семјуел Џонсон пред два и пол века: тој е последното прибежиште на секој подлец.

Но, еве, во зрела возраст се затекнав пред вистинско преображение, благодарејќи му на Адам Михњик, полски историчар, комунист, потоа дисидент, па новинар, про-

фесор, со еден збор – јавен (и грамаден!) интелектуалец. Елем, Адам Михњик ја пронајде најхуманата основа на патриотизмот – онаа моралната, зашто негово откритие е дека единствено девственото чувство на срам може да биде вистинската основа за припадноста кон нацијата, односно државата. Тој рекол: „Само оној кој се срами од полските гревови е Полјак.“ (!!!) Генијално! Како човек да не истресе четири извичника во таа чест?

Срамот, една од најчовечките и најхуманистичките чувства, можеби најинтимните состојби на свеста... и воедно најмалку контролабилните, најмалку подложните на надворешни влијанија, Михњик го поставува не само како фундамент на патриотизмот, туку како дистинктивно својство на групната припадност. Тоа значи дека срамот од гревовите на групата е најморалниот и најверодостојниот дел од идентитетот, односно од идентификацијата со каква и да е група – семејство, маало, село, партија, нација или држава. Сетете се, почитувани читатели, во кои ситуации и кој ви предизвикувал несопирливо врело чувство на срам? Тоа секогаш – од најраните детски сеќавања – било резилењето на вашите најблиски, за и денес, на зрела возраст, да се фатите како спонтано и неконтролирано ви се буди чувството на срам кога луѓе што ги сметате за блиски, или со кои ве врзува групна идентификација, се резилат во јавност.

Тоа понатаму има уште посериозни консеквенции, зашто доколку идентификацијата со група или движење мора да се темели на срамот на припадниците на групата од гревовите што самата група ги сторила, тоа значи дека секоја слепа љубов или верба нема основа во моралноста и не претставува хуманистички оправдана идентификација, туку само основа за понатамошно грешење кое – историски гледано – најчесто преминало во

злостор. Испаѓа дури дека Михњиковиот, во суштина, христијански наратив за гревот, се претвора во аргумент против секоја религија што бара слепа верба – а секоја тоа го бара од своите верници – зашто да бидеш способен да се срамиш од гревовите на верата на која ѝ припаѓаш, воедно значи да можеш да гледаш со отворени очи и критички кон неа, и да ги ставиш пред морален испит сите нејзини акти и чинења.

И, конечно, ако продолжиме уште понатаму, самата способност за срам од најрана возраст, безмалку од пелени, јасно укажува на фактот дека срамот избива од моралната интуиција што му е природена на човекот, што значи дека моралот е суштински независен од верата, зашто очигледно настанал како најхуманата еволуциска психосоцијална алатка на човештвото. Но, јас малку се занесов во оваа веќе ателеолошка расправа... Да му се вратиме на изворот на нашето чувство на срам – на вемерето.

Кога ги пишував горните редови, сфатив дека мегатоните срам што сум ги одзрачил во вселената, не биле предизвикани од резилењето на малоумните вморни, туку од резултатите на нивната злоупотреба на македонската држава и на македонските јавни пари. Срам ми било секогаш кога ќе изникнеше нова фекалија средсело, нов антички или злосторнички споменик или градба. Всушност, јас кутриот, сум се идентификувал со моето родно Скопје, па затоа подигањето на сите одвратштии од „Скопје 2014“ ме чинеа многу, многу срам. Да, чувствувам и срам пред светот, зашто се идентификувам со татковината што била толку глупава и запустена што дозволила вмровската малоумност и културен суицид да не претставува сите пред планетарната јавност, и, се разбира, да не идентификува како ментално ретардирана нација.

Испаѓа сепак дека сум ваистину македонски патриот, зашто длабоко и болно се срамам од македонските гревови. А, вмро е најголемиот македонски грев.

Срам ми било секогаш кога ќе изникнеше нова фекалија сретсело, нов антички или злосторнички споменик или градба. Всушност, јас кутриот, сум се идентификувал со моето родно Скопје, па затоа подигањето на сите одвратштии од „Скопје 2014“ ме чинеа многу, многу срам. Да, чувствувам и срам пред светот, зашто се идентификувам со татковината што била толку глупава и запустена што дозволила вмровската малоумност и културен суицид да нè претставува сите пред планетарната јавност, и, се разбира, да нè идентификува како ментално ретардирана нација. Испаѓа сепак дека сум ваистину македонски патриот, зашто длабоко и болно се срамам од македонските гревови. А, вмро е најголемиот македонски грев. Второто место е испразнето, потоа следи доолга празнина, за на листата на плиткоумни гревови да се појави и дпмне.

И, што да се каже на крајот за оние што нè резилат сите нас што се идентификуваме со родниот град или мајката татковина? Како човек да гледа на партијата што не покажа ни трунка срам за своите гревови, за огромниот злостор починет врз македонскиот културен и државен проект, што останува ние да се срамиме за неа? Колку на човек треба да му биде атрофирана моралната интуиција за да ја гледа ВМРО-ДПМНЕ како легална и легитимна партија што претендира да го повтори сиот злостор кон Македонија? Очигледно не е до мене да одговорам на овие прашања, зашто на нив одговара истата моралност што го побудува, длабоко во сите нас, и срамот.

Или го имаш, или не.

# БЛУЕЊЕ ОД МОРАЛНА ДРАЗБА

**08.02.2020**

> Експериментот секогаш непогрешно покажувал дека нашиот мозок – глорификуваниот мозок на хомосапиенсот – доследно и „непогрешно“ греши и сосема малоумно ги ползува податоците од сетилото за допир, и за ладно и топло, кога врши проценки на човечки однесувања и карактери.

Самиот концепт на демократијата се темели на претпоставката дека хомо сапиенсот во нормални околности ги има сите потребни интелектуални алатки да ја согледа реалноста, да го препознае решението за својот егзистенцијален проблем и да донесе рационална одлука, односно да го избере вистинскиот пат. Се разбира, на ниво на општествената реалност, за да може да ја реализира својата волја, тој треба да живее во слободно општество, со институции што ќе ги обезбедат сите услови за оваа сложена операција да биде можна.

На уште пофундаментално ниво излегува дека концептот на демократијата е можен доколку самиот чин на изборот е веродостоен, а тоа е можно само ако е исполне-

то својството што човештвото унисоно смета дека е дистинктивно за нашиот вид. Тоа е својството што го разликува од сите други живи суштества, та послужи дури и за негово самоименување во биолошката наука, имено, дека тој е sapiens, што на латински значи паметен, мудар и разумен.

Но минатиот век обезбеди неброено многу докази дека луѓето, покрај паметта – дури и сосема независно од степенот на образованието и развиеноста и префинетоста на културата – и како поединци, а особено како големи групи или милионски нации, донесоа одлуки што не можат да се наречат никако поинаку освен малоумни. Да, целиот дваесетти век – па и двете децении од 21-от – се полни со ужасни одлуки што потоа имаа уништувачки последици и на човештвото му нанесоа невидени зла и несреќа што се платени со многу повеќе од двестотe милиони преброени човечки жртви.

Како тоа векот на најголемиот процут на науките, образованието, културата и демократските институции, воедно да е и најкрвавиот во историјата? Очигледно дека во човечкото однесување исто колку и разумот (ако не и многу повеќе) учествуваат и ирационални сили и чинители кои се на обратната страна од разумот, на темната страна од нашиот мозок, онаа што како и месечината никогаш не е помилувана од светлото на нашата свест. Како тогаш слободните демократски избори можеме да ги сметаме за разумен и кредибилен процес, кога немаме ни поим ниту контрола над способноста на човечкиот мозок да донесува исправни и рационални одлуки втемелени на реални факти? Но, јас пребрзав со прашањето, пред да споделам важни научни факти.

Невробиологијата последниве години направи неверојатни пробиви во областа на биологијата на однесувањето, а слушањето на предавањата на професорот Роберт Саполски од Стенфорд универзитетот можат да нè уведат прекутрупа во некои шокантни факти за тоа како нашиот мозок функционира кога ги прави егзистенцијално важните проценки и кога донесува одлуки. Експериментов што ќе ви го раскажам е главоразнесувачки: поголема група студенти доброволци е избрана да учествува во експеримент од бихевиорална биологија. На сите им било закажано различно време кога треба да се јават во лабораторијата. Секој испитаник бил упатен на лифтот со кој ќе се качел на потребниот кат и, се разбира, никому не му било кажано дека експериментот ќе се случи во лифтот, а не горе, во лабораторијата.

Елем, секој доброволец во лифтот затекнувал човек што со мака во двете раце едвај додржувал куп папки и хартии, а згора на тоа со прстите држел и пластична чаша со пијалок. Кога ќе тргнел лифтот човекот го замолувал љубезно секој учесник во експериментот да му ја придржи чашата некој кат, што никој од доброволците не одбил и му го придржувал пијалокот на кутриот натоварен до неговото излегување од лифтот. Кога потоа ќе се сретнеле со професорот што требал да ги воведе во експериментот, тие биле прашани неколку лесни безначајни прашања. Кога изгледало дека интервјуто завршило, ги прашале дали се сеќаваат на човекот од лифтот и каква е нивната проценка: дали човекот бил со топол и пријателски, или студен и одбивен карактер. Заборавив да кажам дека на половината доброволци во лифтот им била подадена чаша со топол напиток, а на другата половина со леден. Што мислите, каков бил одговорот? Безмалку

сите што придржувале топла чаша процениле дека сопатникот во лифтот бил човек со „топол“ карактер, додека оние што држеле ледена чаша го оцениле странецот како „ладен“ и зол тип!?

Експериментот е повторуван и секогаш непогрешно покажувал дека нашиот мозок – глорификуваниот мозок на хомосапиенсот – доследно и „непогрешно“ греши, и дека сосема малоумно ги ползува податоците од сетилото за допир, и за ладно и топло, кога врши проценки на човечки однесувања и карактери, проценки кои и еволуциски и егзистенцијално се најважни за човековото преживување во социјални опкружувања. Оваа грешка во самата биологијата на мозочниот процес на одлучување Саполски ја објаснува со еволуциски аргументи: хомосапиенсот почнал да ги развива посложените јазични системи на комуникација и мисла пред само четириесетина илјади години кога најверојатно – по грешка на природата – почнал да ги измислува зборовите, нивното симболично значење, метафорите и другите чуда на јазикот и мислата.

Но, бидејќи оваа лингвистичка револуција се одвивала со темпото на културните менувања, значи секавично во однос на биолошката еволуција, на која ѝ требаат стотици илјади и милиони години, мозокот морал да ги ангажира оние свои делови што веќе ги имал. Поради тоа, ние и денес ги активираме деловите од мозокот, задолжени за топло и ладно секогаш кога ќе помислиме – а не само кога ќе допреме – на топло и ладно, та дури и кога треба да ја употребиме и метафората „топол“ за описот на нечиј карактер. А, кога ќе речеме дека од некоја постапка или неморален чин ни се повраќа, центарот за повраќање во нашиот мозок непогрешно се активира и

неретко на чисто морална „дразба" го активира антиперисталтичкиот рефлекс – кој постои за да го заштити видот од внес на отровни и штетни материи. Главораспрснувачко сознание, нели, почитувани читатели?

И, што би била поуката од оваа невробиолошка епифанија? Не им верувајте во предизборието на зборовите, туку на своите рефлекси. Доколку ви се приповраќа од споменот на вемерето, вие сте на вистинската страна на доброто и злото, но доколку ви се приповраќа на помин низ „Скопје 2014", тоа е зашто се активирала вистинската биолошка функција на центарот за повраќање – зашто сте внеле отровна фашистичка супстанција директно во организмот!

# КРИВАТА НА ГЛУПОСТА

**15.02.2020**

> Каде е сместен „планот“ на овој термитски суперград? И како се активира оваа колективна интелигенција, кога е повеќепати со експеримент потврдено дека поединечните термити се не само беспомошни, туку и без каква и да е градителска идеја, иницијатива или архитектонски план?

Термитите, тие дробни полупровидни инсекти, неколку милиметри долги, со толку нежна обвивка што се оштетува на сонце и по неколку минути изложеност, отсекогаш биле – и сè уште се – енигма за човекот. Можеби поубедливо од кој и да е друг вид социјални животни, овие нежни и безначајни индивидуи, кога дејствуваат во групи од по еден милион или два (колку што има термити во еден пристоен термитник), ја докажуваат моќта и интелигенцијата на колективот. Тие се највештите градители на планетата, а нивните термитници се чудо од градби што се издигаат и по четири метри над земјата. Овие хабитати, според своите енергетски, климатски и градителски карактеристики, се многу попрефинети и посовршени од градителските достигањата на хомосапиенсот.

Архитектурата на термитниците мора да ја заштити термитската популација и целиот нивен животен циклус од надворешните високи температури, така што сите термитници се во оската север–југ тесни како сечило, а по неколку метри широки по оската исток–запад. Ориентацијата на овие оски е точна не во степен туку – во минута од аголот. Градбата треба да обезбеди висока, речиси стонастотна, влажност во илјадниците ходници и комори на термитникот, а воедно и проветрување на тесните канали, кое е невозможно ни да се замисли со нашето инженерско знаење.

Каде е сместен „планот“ на овој термитски суперград? И како се активира оваа колективна интелигенција, кога е повеќепати со експеримент потврдено дека поединечните термити се не само беспомошни, туку и без каква и да е градителска идеја, иницијатива или архитектонски план?

Еден научник испитувал колкав е точниот број на термити потребен за да почне да дејствува оваа колективна градителска активност. Тој преместувал од голем термитник единки во експериментален сад со земја. Пуштените термити се маткале бесмислено во некакво неодредено браново движење, како да се честички прашина во воздухот. Додавајќи единка по единка, нивната бројка не го менувала дезориентираното однесување сè додека бројот не стасал до две дузини, кога групата почнувала да дејствува организирано и да гради термитник. Фасцинантно!

Не сум сигурен во експериментот, но сигурно е дека термитите се само еден од повеќето социјални животински видови што го докажуваат еволуциското правило дека зголемувањето на бројката на единки ја зголемува „колективната интелигенција“ и постигањата на групата. Ова важи за сите социјални животни освен за една – за чо-

векот. За нас сапиенсите може дури да се рече дека важи сосем обратното: колку е човечката групација поголема, толку е колективната глупавост поизразена. На оваа пропорција може да ѝ се додаде и уште една, дури и поконтроверзна: колку е пожива социјалната комуникација, толку е групата подалеку од разумот и од веродостојната претстава за реалноста во која живее. Доказ?

Однесувањето на човештвото во последните три децении нуди премногу цврсти докази за горнава теорија на колективната глупост. Да го земеме најочигледниот пример за нашата глобална глупавост – упропастувањето на екосистемот на планетата и уништувачките климатски промени. Научниците врескаат за човековата одговорност за истребување на живиот свет на планетава и за климатските промени, и тоа уште од 80-тите години од минатиот век. Каков е одѕивот на глобалното човечко општество на укажувањето за јасните знаци на неодржливоста на капитализмот како глобална политичка религија и на начинот на функционирање на глобалната економија? Најглупав што е возможно и да се замисли: во последните триесет години, човештвото емитираше во атмосферата повеќе јаглерод диоксид отколку што тоа го направи за претходните два века индустриска револуција.

Колку што е пострмна кривата на растечките девастирачки последици во природата и климата на целата планета, толку поупорно сапиенсот се држи за капиталистичката темелна мантра за бесконечниот економски и материјален раст. Колку што се намалуваат природните ресурси, толку – и уште повеќе – се зголемуваат апсолутните глобални бројки на производство, потрошувачка, транспорт, загадување, емитирање CO2, дефорестизација и истребување на живите видови. Стануваме галактички ударници во нашата планетарна глупавост и кретенизам. Правопропорционалниот однос помеѓу вкупната човечка

популација, уништувачките последици по живиот свет на планетата и колективната глупавост на сапиенсот е, за жал, премногу очигледен!

Нацртајте си ја, почитувани читатели, на детска тетратка со квадратна шрафура, демек „на коцки“, хиперболичната крива на растот на човечката популација. Пред 12.000 години бевме 4 милиони, „нултата“ година се качивме на околу 190 милиони, дури 1800 година станавме милијарда, 1960 – три милијарди, 2000 година се дуплиравме на шест, а оваа 2020-та ќе бидеме и повеќе од 8 милијарди. Пронајдете ја кривата на зголемувањето на јаглерод диоксид во истиов период од 12.000 години: постои апсолутно точен запис за тоа, што научниците го извадија од ледниците. Преку овие две криви – што перфектно се совпаѓаат – споредете ги и графиците на темпото на уништување на шумите, живите видови и други херојски резултати на глобалниот капитализам и човечка ингениозност. Ќе добиете една единствена, како јаже за бесење дебело исплетена, експоненцијална крива што беспоговорно ја репрезентира колективната глупавост на видот, што себеси арогантно и нарцистички се нарекол сапиенс!

Вие веќе забележавте дека мислата неконтролирано ме однесе во несакан правец, во негирање на мојата често аргументирана теза дека за кретенизацијата на македонското општество е најодговорна вмро-дпмне и никој друг. И дека сега, со правата пропорција помеѓу бројот и колективната глупавост на групата, практично ја поткопав врската на вемерето со нашето експоненцијално глупавеење. Но случајот е токму обратен: бидејќи нашата популација се намалува како што расте нашата институционална и општа глупавост, ете доказ дека „во игра“ е многу посилен, преродбеничко-фашистички фактор на заглупавување отколку што е тоа бројот на луѓето. Quod erat demonstrandum!

# КАРАОКЕ ПОЛИТИКА

**22.02.2020**

> Најсилната карта на која ВМРО може да игра во предизборието во кое сме нурнати, е картата на разочарувањето, чувството на незадоволство и рамнодушност, што на најефикасен начин ќе ги поистовети сегашната власт на СДСМ со некогашната власт на ВМРО.

Талкајќи деновиве низ февруарската чаршија, чудно тивка и тажна, и некако издишана по напорната и трескавична собраниска теревенка по која останаа расфрлани хартии, шишиња, недојадени свадбарски чинии, истурени пепелници – со еден збор крш и хаос – слушам изјава што се тркала по тротоарите и се одбива од фасадите, плеткајќи се по нозете на минувачите како искористена звучна салвета што ветрот ја одвеал од собраниската банкет сала:

„Ова беа три години на неправда, брутален криминал и врзани очи на министрите и на владата, зашто тие се првите што прават криминал. Ова е време на рекет, милионски провизии, бизнисмени кои сведочат за рекет, кеш

и уцени. Криминалците направија сојуз со власта. Ова е време кога на површина излегуваат сите лаги. Нема правда, нема ниту мир!“

Рефлексно ги начулив ушите, како да сум животно што чуло вознемирувачки шум во дивото опкружување, и си помислив: кој пушта стари снимки од огнените опозициски говори што пред три-четири години татнеа по овие улици? Да не е некој учесник во „шарената револуција“ што се присетува на последните години на партиско-мафијашката диктатура на ВМРО? Нема никаква сомнеж, зборовите прецизно ја сликаат криминалната диктатура на Груевски и неговата ВМРО, тоа мора да е снимка од 2015 или 2016 година. Ѕиркам во далечниот екран, и – што да видам – тоа лидерот на ВМРО, како во некоја перверзна филмска пародија, со микрофон во рацете и текст што се одвиткува на екранот, да ти пее караоке музика од хитовите на „шарената“?!

Завива тој: нема правда, нема ниту мир! Морам да признам дека бев збунет. Првин помислив дека е снимка на стара изјава од времето на „шарената револуција“. Потем дека Мицко пее во караоке бар. На крајот почнав да се сомневам во некаква префинета пародија во која не е лесно да се открие колку слоеви има иронијата што сатиричарот ја смислил. И, на крајот сфатив дека се работи за тапа и глупава стварност: банална, навредливо повторлива, бесмислена, нечовечка, папагалска, или дури роботска, машинска повторливост. Ужас.

Сепак, си велам, иако пародична фигура, вмровскиот доктор Ивл мора да има своја публика, мора жителите на Белата куќа на фашизмот да ја почувствувале познатата миризба на расипано јајце, јасниот знак на вмровска ојаденост во воздухот. Мора да почувствувале дека нивните

малоумни повторувања на слоганите на довчерашната опозиција можат да легнат како иљач на некои разочарани души, на луѓе што се чувствуваат запоставени, чии надежи и очекувања се изневерени. Малоумното повторување на паролата на „шарената револуција“ – нема правда, нема мир, можеби и не е толку малоумно, колку што е злонамерно.

Зашто, најсилната карта на која ВМРО може да игра во предизборието во кое сме нурнати, е картата на разочарувањето, чувството на незадоволство и рамнодушност, што на најефикасен начин ќе ги поистовети сегашната власт на СДСМ со некогашната власт на ВМРО. И, кога разочарувањето од сегашноста ќе ги направи исти денешниве власти со вмровските мегакриминалци од пред три и тринаесет години – а тоа е можно само кај луѓе без меморија и разум, туку само со дразби и чувства – тогаш најинтензивната присутност во тие мазни мозоци е токму денешната ојаденост, денешното чувство на разочарување, а не некое веќе непостоечко минато. А, моментното чувство – болката што боли – секогаш ги победува мемориите, логиката, разумот или мислата, и тоа е „најдобрата“ душевна состојба за спин-мајсторите, за политикантските лажговци, за вмровските улични „шибицари“ да ја пренасочат вината за сегашното незадоволство кон сегашната власт и да понудат спас во нејзиното менување.

Разочарувањето и незадоволството на осиромашената средна класа, или на лумпен-пролетаријатот што сака да мисли дека е средна класа, никогаш не смееме да го потценуваме. Историски гледано, од тие исти чувства и од таа иста класа секогаш се излегнувал фашизмот. Разочарувањето е специјално чувство што е егоистично и дури

нарцистично по својата суштина: тоа е секогаш свртено кон надворешната причина за неостварените лични очекувања, а никогаш не ги преиспитува самите очекувања, никогаш не го доведува во прашање сопственото учество во создавањето на тие очекувања.

Грамши, тој грамаден гениј од ќелијата на смртта, напишал за индиферентноста она што денес може да се рече за индуцираното чаршиско разочарување во Македоња: „Но, настаните созреваат и избиваат (...) и тогаш изгледа како неминовната судбина да се струполила врз животот на сите и на секој; врз тие што сакале и врз оние што не сакале, оние што знаеле и оние што немале ниту поим, оние што активно се бореле и оние што биле пасивни. А токму овие последниве најмногу се лути, и не ги поднесуваат последиците на случувањата, и сакаат да биде јасно дека тоа не го сакале и дека тие не се одговорни за исходот. Некои плачно ламентираат, другите грубо пцујат, но никој или малкумина си го поставуваат прашањето: јас да го направев она што ми е должност (...) да ли ова воопшто ќе се случеше? И никој или малкумина не ја обвинуваат својата сопствена рамнодушност (и разочарување), својот скептицизам, ниту некој се смета за виновен што активно не помогнал да се избегне злото, и не се борел да се постигне нешто добро.(...) Кога белјата ќе се случи, мнозинството најмногу сака да зборува за пропаста на идеалите, за програмите што не се остварија и за други слични убавини. И така повторно ја утврдуваат сопствената отсутност од секоја одговорност.“

И, продолжува големиот Грамши да зборува за Македонците од 2020 изборна година: „Ги мразам индиферентните (и разочараните) зашто ми пречи нивното цимолење дека се секогаш божем невини жртви. Барам од

секој од нив да положи сметка за тоа како тој лично се однесувал кон задачите што пред него ги поставил животот (...), сметка за она што тој лично го сторил или не."

Треба ли да го дообјаснувам Грамши, почитувани читатели: најголемото мнозинство на грешки и неисполнети ветувања на власта на Зоран Заев, се состојат всушност во нејзината неможност за две и пол години да ја надвладее нашата веќе националната декапацитираност, што е резултат на деценискота пропаѓање и самопоништување во вмровскиот културоцид. Колку треба да сме ментално декапацитирани со инфантилно кмекање да ги минимизираме грамадните постигања на владата на Зоран Заев, кога единствената алтернатива е општонародната смрт во прегратките на ВМРО?!

# ДУВНИ ВЕТРЕ, СВЕТНИ МОЛЊО!

**29.02.2020**

> Небото над Македонија се разгневило и засакало да ѝ укаже на новата власт (во очекување) дека државниот кич е смртен грев и злостор на изопачениот вмровски режим; дека фашистичкиот „барокен“ вкус е перверзна ароганција на глупоста, црна есенција на човечкото дно; и дека не постои друг начин една култура да преживее отколку да го поруши тој јад и да го развее во ништо.

Сношти, додека ги слушав како рикаат моќните дрвја во чија закрила живеам, и ги гледав како се веднат, ми се чинеше ничкум до земја, како да му се молат на бога да подзапре малку, да ја попушти силата на ветерот што го пуштил да ги искорне сите од корен, и да ги расфрла нетрагум во темнината... велам, додека бучеше ветерот, нерамно, во бесни таласи, со татнеж засилен од небаре машинскиот шум на дрвјата што фучеа како џиновски воз што пројурува преку куќниот кров, помислив – а не беше тоа ни мисла, туку уплашен инстинкт – дека ми се нишаат армирано-бетонските темели на мојот атеизам, дека ваков моќен елемент не ќе да е од овој наш банален материјален свет. Час подоцна, кога ветерот исчезна во мрачната небиднина, да ги следи своите слепи патеки

и да корне некои други дрвја, излегов надвор и ги здогледав моите стамени шумски другари како – потполно смирени и индиферентни, како ништо и да не се случило – си ги дотресуваат палтата од суви гранки, борови иглички и по некое дабово ливче, моето мигновено болникаво религиско чувство на дробност, незаштитеност и безначајност, веќе беше исчезнало. Го снема бога, како и да не бил.

Сабајлево, кога пријател ми јави за веста дека бесниот ветер „ги испорушил" барокните фасади од „Скопје 2014" и ги расфрлал по градот за показ и поука, поткренат од радоста дека сепак некој, ако не во Македонија, а она над неа, решил да се справи со скопското кичерско светогрдие, за миг повторно помислив – овој пат сосем присебно: ова е знак од Горе! Некоја минута подоцна ми отпадна – како воопшто и да не била – нераспупената пупка на вербата, кога ги видов скромните штети што ветрот им го нанел на фекалните слоеви на вмровската архитектонска блуеница. Не, нема бог, и тоа е!

А сепак... Оваа ветровна деструкција не беше само со јасна симболика, дека дури и вишите елементарни сили се беа разгневиле, и како старозаветниот бог со прекраток фитиљ, Јахве, кој поради човечка изопаченост и разврат ги согорел градовите Содома и Гомора; решиле елементите со ветерна порака да ѝ покажат на новата македонска влада како единствено треба да се справува со спомените на содомизацијата на македонскиот модернизам. Да, тоа небото над Македонија се разгневило и засакало да ѝ укаже на новата власт (во очекување) дека државниот кич е смртен грев и злостор на изопачениот вмровски режим, и дека фашистичкиот „барокен" вкус е перверзна ароганција на глупоста, црна есенција на човечкото

дно, и дека не постои друг начин една култура да преживее, отколку да го поруши тој јад и да го развее во ништо.

Од друга страна, пак, си мислам, на колку ли ниско дереџе се лизнала македонската култура и цивилизација, и колку безнадежно е таа институционално – но и човечки! – декапацитирана, кога за решавање на еден толку прост и јасен санитарен проблем како што е чистењето на контаминираното фашистичко ѓубре, наречено „проект Скопје 2014“, и отстранувањето на еден крајно отровен и смртоносен отпад, кој им ја претвора мозочната маса на нашите деца и внуци во неупотреблива протеинска каша, си мислам, колку треба да сме веќе озрачени и културно девастирани, кога чекаме пасивно и немоќно, со лигушки што ни течат на кошулата со врзани ракави, да дувне ветерот, и да светне молњата, и да ги сруши и оддува и малоумните споменици и галиите и фасадите, што нормална, слободна и здрава култура би го направила во првите сто дена од слободата.

Македонското општество, за жал, не успеа да се ослободи од вмро и токму општата немоќ да се справиме со спомениците на вмрото е сигурен симптом дека тој вирус е жив и здрав, можеби малку разнишан, обезглавен и обесмислен, но сепак жив, вирулентен и смртоносен. Трагедијата на вирусот на вмрото – како и на актуелниот ковид 19, коронавирус – се состои во фактот што имуносистемот на општествениот организам на Македоња Норд не го препознава како смртна закана! Веќе безмалку никој не ја препознава културната смрт на Македонија во спомениците и фасадите на „Скопје 2014“?! Каков парадокс: од огромните отровни и смрдливи копролити, високи по 20 и 30 метри никој не се плаши, како да е обистинета онаа – чија ли беше? – дека „спомениците

се најневидливите нешта во градот“, додека од невидливиот и потполно апстрактен, нематеријален и присутен само како гласина или вест – коронавирус, луѓето веќе паничат, купуваат безвредни маски и други глупости, прават што сѐ не за да се спасат од невидливата закана.

Нашата национална несреќа, всушност, се мери со фактот дека нашите ѓоа слободни и демократски избори се повторно уште едни дигитални, нечовечки, потполно недемократски во својата бит избори – каде се избира помеѓу животот и смртта. Изборите на кои се избира помеѓу вмро и сите други, се повторно неслободни избори во кои нема избор: нормалниот човек мора да го избере животот, а лудакот ѓаволот го тера со леснотија да ја избере смртта. Зашто, вмро било, е, и ќе биде избор на сигурната смрт на македонскиот културен и државен проект. Тоа било така уште од дваесеттите години од дваесеттиот век, кога ВМРО се основа со цел да се уништи вардарскиот дел од Македонија што влезе во кралството на Србите, Хрватите и Словенците; тоа се повтори како смртна пресуда кога ВМРО во состав на контрачетите ги убиваше македонските партизани во Втората светска војна; тоа се повампири во деведесеттите кога вемерето како ДПМНЕ стана партија во независната македонска држава; тоа триумфираше во фашистичката творба на партиско-мафијашката диктатура на Груевски и нејзината ВМРО; и, конечно, тој малоумен избор помеѓу животот и смртта ни се нуди и во овие предвремени, а задоцнети избори 2020.

Ќе дувне ли повторно ветерот, ќе светне ли моќно молњата, да ги однесе вмровските копролити и да ни го покаже патот?

# КУЛТУРНА ЕВОЛУЦИЈА НА ЗАБОРАВОТ

**07.03.2020**

> Нашите талкања потпрени со сеќавања што не досегаат ни два месеци наназад изгледаат како нормален човечки перформанс! Но, може ли тоа да ни биде утеха?

Механичкото чудо што во 1901 година било извлечено од останки од потонат брод покрај грчкото острово Антикитера е можеби еден од поочигледните докази за нестабилноста и непостојаноста на човечкото знаење и паметење. Јасен знак е и за религиската и неисториска основа на глобалната верба во непрекинатиот напредок на човечката култура. Механизмот од Антикитера беше предмет на многу научни изучувања, а последните, најтемелни и најсистематични, се направени изминатава деценија. Мистеријата за намената и функционирањето на механизмот ја чинеше тешко решлива токму сеприсутната предрасуда дека толку софистицирана машина, за која денес се знае дека е првиот веродостоен аналоген компјутер, не било можно да се направи во претпоставениот ниво на на-

учни и инженерски знаења, како и техничко-технолошки умеења од вториот век пред нашата ера, кога Антикитера механизмот биле најверојатно создадени.

Реконструираните останки од механизмот содржеле 30 бронзени запчаници, меѓу кои најголемиот бил 14 сантиметри во дијаметар и содржел 223 запци, а научниците претпоставуваат дека оригиналот се состоел од 37 запчаници, совршено прецизно вклопени еден во друг во сложен – на часовник сличен – механизам на ексцентрично устроен апарат што обезбедувал предвидувања на сложените епициклични движења на небеските тела од таа доба. Снимките на механизмот што се направени со современа компјутерска рендгенска томографија открилe и низа на написи на запчениците и другите делови на Коине грчкиот јазик од античко време, од што можело да се реконструира со голема точност дека механизмот бил, всушност, вид на астрономски компјутер што можел да ги симулира и предвидува епицикличните движења на небеските тела на небото.

Епициклата е кружница која не е исцртана со радијално закривена линија, туку со линија што прави мали кружници, движејќи се по кружна траекторија, што изгледа како да сме исцртале круг со растегната пружина. Небеските тела и ден денес по нашето небо се движат по епицикли, односно таква е нивната траекторија доколку внимателно ја набљудуваме и бележиме, само што ние во меѓувреме ја сменивме точката на гледиштето, па во нашиот денешен научен поглед на сончевиот систем планетите и месечината се движат по приближно правилни елипсоиди. Но, јас заталкав во небитни објаснувања...

Она што сакав да го потенцирам е дека нивото на научното и стручно знаење од областа на астрономијата, механиката, технологијата на метали и нивна обработка, мајсто-

ријата на изработка на прецизни механизми што веродостојно пресметуваат и предвидуваат астрономски појави, тоа ниво на развој Европа го достигнала дури 1800 години подоцна. Антикитера механизмот е повеќе од убедлив доказ дека огромните знаења и умеења од хеленистичката доба – за кои не знаеме ништо – биле изгубени и заборавени во текот на историјата. А, маките во реконструирањето и одгатнувањето на тајната на механизмот дополнително укажуваат дека никогаш нема да сознаеме ниту микронско делче од тој исчезнат свет на чудесии и езотерични знаења и умеења.

Еден поприземен пример за пропаста и заборавот на цел еден развиен свет на супер софистицирано урбано живеење веќе опишував: тоа е јонското гратче Приене, во близината на туристичкото место Кушадаси во Турција. Гратчето решиле да го изградат со здружени сили – кој? – нашиот Александар Трети Македонски и карејскиот сатрап Маузолос (уште едно познато име), и тоа како град модел, па изграденото Приене станало и до ден денес останало идеален и преубав суперград, едно вистинско урбанистичко чудо, што како модел доживеало да не биде достигнато од ниту еден друг град. За Приене можам да раскажувам долго, но во оваа пригода би ја повторил само сликата за урбаното живеење во него, за инфраструктурната и санитарната култура што приенчани ја одгледувале како нормалност.

Иако градот бил изграден на терен со наклон и до 100 отсто, повеќе од третина од сите градби имале тоалет и снабдување со свежа вода за пиење, која во куќите била дистрибуирана и во бањите и во кујните, и била одведувана надвор од градот со канализациски систем. Кога шетате по уличките на подископаното и запустено Приене и ден-денес можете да видите феноменално изработени теракотни шахти со кинети, поставени среде раскрсниците,

во кои со цевководи дотекувале искористените води и канализацијата од куќите. За споредба, 1946 година 76 отсто од Французите немале канализација во своите куќи, а во исто време повеќе од 90 отсто од сите работнички куќи и згради за домување во Велика Британија немале водовод, а за канализација можеле само да сонуваат.

За до го достаса хеленистичкото културно ниво и стандардот на урбано живеење од едно мало провинциско јонско гратче, што и во својот цут не било ни регионален центар, на Лондон и Париз –метрополисите на модерниот свет – им требале небаре 2000 години. И, внимавајте, почитувани читатели, тука не се споредуваат некои Атлантиди, некои далечни или митски исчезнати цивилизации, туку истава таканаречена западна цивилизација, во нејзините антички корени и во нејзиниот денешен перформанс. Она што се случува со културите е обратно од она што учевме за нив, а што денес сè уште е општоприфатената верзија за културната еволуција и нејзиното основно својство на паметење, пренесување, развивање и надградување низ времето. Испаѓа дека културната еволуција е процес на културно поместување низ време, случајно талкање чија основна карактеристика е заборавот за патот што сме го поминале и апсолутното непознавање на патот пред нас.

На тој начин гледани, нашиот тотален заборав за тоа што се случувало во Југославија – нашата родителка и колепка, и потоа – што знаевме и што можевме во деведесеттите, и уште повеќе – што се случуваше во децениjата од фашисоидната партократија на ВМРО, тој заборав и не изгледа како културна пропаст, туку како општо место на општочовечката склоност кон заборавот. Да, нашите талкања потпрени со сеќавања што не досегаат ни два месеци наназад изгледаат како нормален човечки перформанс! Но, може ли тоа да ни биде утеха?

# ЦЕНАТА НА СТРАВОТ

**28.03.2020**

> Сакав да пишувам за коронавирусот, почитувани читатели, но пак заталкав во младешки сеќавања... А, да, зборот ми беше: стравот чува глава, но прекумерниот страв има најчесто многу посмртоносни последици отколку опасноста што го предизвикала.

„Стравот глава чува" е една од најчесто спомнуваните народни изреки. Никој не треба да се сомнева во нејзината веродостојност: стравот е едно од еволуциски најстарите и најважни оружја во борбата за опстанок.

Биолошката важност на чувството на страв може да се мери токму со неверојатната моќ на адреналинот за помалку од секунда потполно да ги смени сите витални параметри на организмот, сè со цел да му ги зголеми способностите за да се справи со опасноста. За тој дел од секундата адреналинот го крева пулсот, крвниот притисок, капацитетот на белите дробови, ритамот на дишењето, ги шири очите, го зголемува шеќерот во крвта и којзнае што сè не за да го оспособи организмот за бегање

или за борба за спасување на голиот живот. Потентноста на овој хормон е толкава што преголемата доза предизвикана од хипертрофирано чувство на страв може да влијае деструктивно и буквално да предизвика смрт.

Преголемиот страв предизвикува такво неумерено лачење на адреналинот, што овој го експлодира срцето – доколку се работи за „зајачко срце“. Но јас имав можност, сосем неочекувана, да се уверам со сопствени очи дека изразот „зајачко срце“ има цврста втемеленост во стварното искуство. Беше тоа раното лето 1967 година, кога со мајка ми и брат ми поминавме дузина незаборавни денови во планинарскиот дом на Китка. Времето беше ведро и, иако утро, веќе бевме некако омекнати од јунската припека. Седевме опуштени на импровизираните клупи пред летната кујна, направени од дрвени трупци и даски, и блудеевме со погледите по огромната затревена ледина што од домот стрмно се качуваше кон карпестиот врв од планината.

Туку наеднаш го здогледавме Шарко, кучето на брачниот пар што живееше и го одржуваше домот, како јури нагоре по ледината, во полн трк, сосредоточено кон нешто што ние не можевме го видиме. Пред кучето, по целата должина од неколку стотини метри ледина, немаше ништо освен трева. Но во еден момент, како од земја да изникнал, скокна див зајак од тревата и се зададе да бега, угоре, во права линија од Шарко и сѐ подалеку од него. Зајачкиот трк беше толку импозантен, со моќни скокови на телото што се виткаше и исправаше како челична пружина, што ние останавме без зборови, со пробесени муцки и изрази на чудење и восхит. Во тој решавачки момент, кога мислевме дека бегалецот му е веќе недостижен на Шарко, зајакот, како погоден од куршум, се

претури нанапред неколкупати прекуглава и падна неподвижен. Кучето дотрча до него и рефлексно го здави, но газдарицата му подвикна бесно и го смири, за веднаш да потрча угоре по тревата.

Ние сè уште не можевме да сфатиме што се случило, дури се вртевме лево и десно, барајќи го ловецот и маткајќи во меморијата лажни сеќавања за чуениот пукот, кога жената се врати носејќи го зајакот за уши. Ни се обрати како учителка и ни кажа дека кутриот зајак доживеал срцев инфаркт од страв и дека тоа често им се случува на дивите зајаци: од пресилниот адреналински наплив во крвта да им „пукне срцето зајачко". Бидејќи уште ги државме лицата зачудени со изрази на неверба, подоцна – додека го подготвуваше зајакот за ручек, таа ни го покажа зајачкото срце. Неверојатно: изгледаше како мала магарешка слива, распукано на врвот исто како кога ќе стиснете слива со два прста за да ѝ ја извадите семката.

Сакав да пишувам за коронавирусот, почитувани читатели, но пак заталкав во младешки сеќавања... А, да, зборот ми беше: стравот чува глава, но прекумерниот страв има најчесто многу посмртоносни последици отколку опасноста што го предизвикала.

Во каков надреален циркус на стравот се наоѓа човештвото деновиве, можев да се уверам кога гледајќи ги вестите во 8 навечер, во најважните насловни вести од светот што патуваа по екранот напишани во сината лента во дното, го прочитав следниот наслов: „Сиднеј: полицијата трага по крадците на тоалетна хартија"! Каква е оваа ујдурма, си помислив, некој во телевизијава јадел буники за појадок или шмркал лудара?! Како ударна вест пласираат некоја пародија, демек во една од најбогатите земји од светот, крадците немале друга работа отколку да крадат

тоалетна хартија? Нема шанси, си кажав одлучно и тргнав да ја проверам шегата. Кога – стварно! Не само што ова навистина се случило во Сиднеј, туку била и една од главните вести на нивните телевизии?! За случајот тие во вестите ги потрошија десетте први минути, ги пуштија снимките на крадците од сигурносните камери, распишаа национална потерница и повик до сите што ќе ги препознаат да им дојават на властите, а изјави даваа градоначалникот, министерот за внатрешни работи и кој сè не.

А што беше повод за националната тревога? Од сигурносната снимка се гледа дека двајца мажи грабнале по една најлонска амбалажа со по 10 стандардни пакувања тоалет хартија во секоја и бегаат со скапоцениот плен. И, толку?! А јас очекував дека ако веќе предмет на кражбата на векот морало да биде тоалетна хартија, крадците – за да се пласираат на главни вести – требало да го опустошат главниот австралиски воен склад за антинуклеарна тоалетна хартија, а пленот да го однеле со руските гигантски воени транспортни авиони од типот Антонов 124 – Руслан. Што треба да се случи за една од најбогатите и најладнокрвните нации да се однесува толку надреално и ирационално?

Одговорот на прашањето се појави некни, од перото на Џорџо Агамбен, еден од најголемите живи филозофи на планетава. Неговиот осамен крик ја доведе во прашање непропорционалната реакција на националните влади – практично на целава планета – кои советувани единствено од стравот за голиот живот, посегнаа по радикални мерки што ограничуваат сè освен голиот живот. Луѓето „се подготвени да жртвуваат речиси сè – нормалната состојба на животот, социјалните односи, работата, дури

и пријателствата, чувствата, верските и политичките убедувања – поради опасноста да се разболат“, напиша тој.

Нема кој потоа не му се нафрли на големиот мислител, но и покрај неочекувано големиот број на жртви од ковид-19, тој е сè уште во право: поразително е што целиот свет прелесно ја нормализираше вонредната состојба во која се укинуваат речиси сите човечки слободи – тоталитарност што ги надминува и најцрните описи од Орвеловата дистопија 1984 – а која е поттикната единствено од базичната анимална емоција на стравот!?

Кој ја измерил цената на оваа нормализација, вреди ли поради стравот за голиот живот да го нормализираме соголувањето на животот? Дали е тој страв – не голиот живот – туку стравот за него, повреден од него самиот? И, конечно, која е вкупната цена на стравот што ќе ја плаќа човештвото?

# ГРОБ ОД ВЕДРО НЕБО

**03.04.2020**

> Колку и да е апсурдно и тажно, излегува дека неолибералната идеолошка чума практично ги десоцијализираше општествата и го нормализираше социјалното дистанцирање долго пред денешните антиепидемиски мерки и многу потемелно од карантинот во кој се најде светот денес.

На симболично ниво, неолибералниот капитализам започна во осумдесеттите, со пророчка ведрина и убедлив шарм, закитен со гранче бела мирислива гарденија во косите на британската премиерка Маргарет Тачер, и нејзините самоисполнувачки зборови дека „такво нешто како што е општество, всушност не постои". Десет години подоцна, неолибералниот капитализам стана единствената глобална политичка религија и економска мантра, која себеси се претстави како безалтернативна иднина, како крај на историјата, која потоа, како секој монизам, го генерираше најсеопфатното едноумие откога постои паметењето на планетата земја. Ова едноумие, кое веќе три децении ги плави и испира мозоците на најголемото мнозинство припадници на хомосапиенсот, успеа да

се претвори во божја заповед што почна несопирливо да се остварува и да ги „онепостојува“ неолибералните општества на сите континенти. Колку и да е апсурдно и тажно, излегува дека неолибералната идеолошка чума практично ги десоцијализираше општествата и го нормализираше социјалното дистанцирање долго пред денешните антиепидемиски мерки и многу потемелно од карантинот во кој се најде светот денес.

Неолиберализмот и идејната безалтернативност, всушност, ги атомизираа општествата, и од организирана социјална заедница ги претворија во толпи составени од поединечни индивидуи, во потполност препуштени на себе и лично одговорни за сè што им се случува. А, што им се случуваше? Им се случи најголемата нееднаквост од времето на претходниот замав на либералниот капитализам пред Првата светска војна. Им се случи најголемата кражба на општите добра, најголемото истребување на живите видови, најголемото загадување на планетата и нејзината атмосфера во историјата. Им се случи најголемата инструментализација на државата од страна на 0,1 насто од нејзините жители во полза на нивното богатење, а на штета на сите други. Им се случи најтивкото одземање на работничките права и најлицемерното дерогирање на човечките права (на живот, иднина, животна средина) од страна на крупниот капитал и неолибералната елита...

За тоа време, безалтернативниот неолиберализам ја уништи политичката имагинација на планетарно ниво, па денес светот – во идеолошка и интелектуална смисла – се наоѓа во многу полоша состојба одошто беше пред еден век, кога либералниот капитализам, во својата империјалистичка одора, ја изведе најголемата гибел во

дотогашната историја на светот, започнувајќи ја Првата светска војна. Да, тогаш на либералниот капитализам, како на неприкосновениот планетарен идеолошки хегемон, му се спротивставуваа бројните левичарски идеологии: анархизмот, анархосиндикализмот, комунизмот, социјализмот, социјалдемократијата и други.

Денес, и оние што живеат во заблуда дека се просветени граѓани, способни за критичка мисла, и се сметаат – кутрите – за напредни и начитани, не се ни сеќаваат веќе дека на идејно-политичкиот хоризонт пред неолиберализмот воопшто постоело нешто друго, а званичните говорници на неолибералниот хегемон по илјадапати дневно ја повторуваат лагата на векот: дека комунизмот и социјализмот – и како идеологии и како државно-политички реализации – не биле ништо повеќе од „пропаднат експеримент“ или „опскурни и срамни епизоди“ во историјата на 19-от и 20 век.

Дали ужасната пандемија на ковид-19 ќе му ги отвори очите на светот, како што тоа го направи чумата во 14 век, кога ги опреми преживеаните со критичка мисла и бестрашност, и ги подготви да го прекратат средниот век со ренесансата, хуманизмот, а потоа и со просветителството и модернизмот? Можеби карантинот ме турка во детски фантазирања, но нели ви бодат очи ужасните факти за глобалниот неолиберализам што пандемијата така сурово ги разоткри? Првин за вакцината: науката укажа на неопходноста од вакцина против семејството на коронавирусот уште 2003 година, по избликот на САРС епидемијата, првиот убиствен предок на денешниот ковид-19. Меѓутоа, веќе 20 години сите обиди да се истражува во таа насока беа сопрени од единствената нечовечка логика на неолиберализмот, дека „превенирањето на идни

катастрофи не е профитабилно". Обидите да се произведат евтини инхалатори исто така беа задушени во својот зародиш, поради проценетата „непрофитабилност" на тој производ.

Но, да не пребирам по неброените поединечни примери за сотирање на секоја акција што имаше за цел зголемување на капацитетот на општествата да им ги заштити животите на своите граѓани. Поважно е да потсетам дека неолибералниот капитализам –секаде на планетава, од најбогатите земји, како што се САД, Обединетото Кралство, Франција и Италија, до оние сиромашните како што се балканските, вечно транзициски земји, направија сè што е во нивните моќи да ги декапацитираат системите на јавното здравство и да ги алоцираат и човечките ресурси и придружните производства што го поддржуваат овој витален аспект на животот. Само Франција – која, инаку, се гордее со своето здравство – во последната деценија укина 100.000 болнички кревети!? Додека најбогатата земја на светот нема маски, ракавици и основна опрема ниту за медицинскиот персонал, а нема ни инхалатори, ниту болници, ниту здравствен систем што може да им пружи елементарна нега на болните во пандемијата што уште не го покажала својот зол табиет.

Дали челично сивите факти за очигледната неспособност на неолибералниот капитализам да ги реши глобалните проблеми што сам ги предизвикал, ќе им ги отворат очите на „опулените"? Но, како да прогледа човекот што веќе се откажал од својот вид, зашто марксистичка мисловна оптика – од која сите се откажаа – е единствената што може да го обезбеди согледувањето на алтернативната иднина! Како да се вратат политичко-е-

кономските идеологии што се темелеа на човечки вредности, како што се еднаквоста и солидарноста, и како оглупавените консумеристи – луѓето со испрани мозоци, да ја напуштат единствената и безалтернативна цел на капитализмот: алчноста и профитот по секоја цена?

Од пандемијата ќе се извлечеме без секое сомнение, колку и да се ужасни и ненадоместливи човечките жртви, но повеќе од вирусот јас се плашам од неговите последици, или поточно, од луѓето што можат да ги злоупотребат за свои цели. Упатените проценуваат дека по пандемијата ќе следи економска депресија од епски пропорции, и дека повторно само државата ќе може да го спаси капитализмот, што, конечно, веќе и се случува во целиот свет. Се плашам, последниот пат кога државата и капитализмот се воортачија, по пеколот на Првата светска кланица и нејзиниот уште поубиствен нуспроизвод – свинскиот грип што од 1918 до 1920 година уби десетици милиони луѓе ширум светот – велам, се бојам од мислата дека од последното страсно стопување на моќта на политиката и капиталот се изроди и првиот фашизам.

# СРЧА, ТЕМНИЦА И РАНИ

**10.04.2020**

> Смртоносните пандемии повеќепати биле, можеби не причината, но сигурно почеток на промените, неуспешниот тест што ги изнедрувал револуционерните промени во светот.

Кога одите во продавница да купите обична електрична светилка, продавачот рутински ја тестира светилката. Кога ќе светне, продавачот ја вади од тест-фасонката, ја пакува назад во кутивчето и ви го наплаќа производот. Вие мирно плаќате и одите дома. Без мисла и без емоции. Зашто се случила една најнормална, секојдневна трансакција, се исполнила на задоволителен и нормален начин една договорна размена, размена на доверба. Вам ви е потврдена вербата дека светилката работи, а продавачот верува во вашите пари. На оваа верба се темели секоја размена, без оглед дали станува збор за материјални добра или друга стока, или за социјални релации, институционални односи или емоции. Сите општествени од-

носи се темелат на симетријата на довербата што луѓето ја имаат во нив.

Се разбира, кога светилката нема да светне, или ако тргне лошо, па експлодира во рацете, нема ништо од довербата и размената. Кога едната страна не го почитува договорот таа отпаѓа од играта или самата игра завршува. Тоа се случувало милијарди пати во историјата: непочитувањето на општествениот договор, неиспорачувањето на ветеното, безмалку никогаш не било простувано. Пропаста на цели цивилизации и смените на цели светогледи и општествено-политички системи била историската казна за неисполнувањето договор. Овие големи историски пресврти секогаш се случувале по катастрофи кои можеме да ги замислиме како големи тест-фасонки. Кога еден светоглед, една религија, еден општествено-политички систем ќе престане да свети или кога ќе се распрсне под притисокот на историска несреќа што го става тест, тој бил неизбежно заменуван со нова идеја, со нов систем што треба да ја докаже својата веродостојност.

Смртоносните пандемии повеќепати биле, можеби не причината, но сигурно почеток на промените, неуспешниот тест што ги изнедрувал револуционерните промени во светот. Бубонската чума, најсмртоносната епидемија што историјата ја памети, во 14 век убила меѓу третина и половина од населението на Стариот свет, го започнала и урушувањето на феудалниот поредок – средновековната „глобална“ политичка религија, и го трасирала некој век подоцна револуционерниот марш на капитализмот. Историчарот на средниот век Семјуел Кон ја опишува атмосферата по чумата како излез од состојба на „потполна безнадеж и страв и раѓање на една

нова самосвест кај селаните, занаетчиите и работниците, која им влевала верба и храброст во сопствените моќи да го менуваат светот и да влијаат на општествените и политичките услови на сопствениот живот“.

Токму така: изгубената верба во системот што потфрлил на тестот на животот и смртта, била заменета со друга верба: со самодоверба што ќе создаде верба во нови општествено-политички односи. Тоа се случило и по Првата светска војна и пандемијата на свинскиот грип, која убила можеби и 100 милиони луѓе за неполни две години, од 1918 до 1920 година. Капитализмот, тогашниот единствен глобален општествено-политички систем, почнал да се урушува зашто најголемиот број жители на планетата почнале повторно да веруваат во „сопствените моќи да го менуваат светот и да влијаат на општествените и политичките услови на сопствениот живот“. Општествената катаклизма предизвикана од безумието и ароганцијата на светските капиталистички империи, го породија социјализмот – најхуманата и најморалната општествено-политичка идеја во историјата на човештвото.

Ќе ја прескокнам, почитувани читатели, пропаста на социјалистичката идеја и нејзините општествено-политички реализации, макар и само зашто во таа суицидална хуманистичка катастрофа немаше придонес никаква бактерија или вирус. Меѓутоа, тоа нема да ме спречи да не кажам дека по таа катастрофа, еве веќе 30 години, глобален идеолошки хегемон е повампирениот неолиберален капитализам, истото чудовиште што ги предизвика светските војни во дваесеттиот век, што лажно сега се закити со префиксот „нов“ и со атрибутот „либерален“, иако не е ни едното ни другото. Што ми беше поентата?

А, да: што му се случи на човештвото, што ѝ се случи на човечката моќ да размислува, каде се сотрени во заборав човечките „сопствени моќи да го менуваат светот и да влијаат на општествените и политичките услови на сопствениот живот“, кога неолиберализмот при секоја криза што самиот ја создава и во која го турнува и целото човештво, при секој тест експлодира во рацете, и остава срча, темница и рани што се шират и не зацелуваат?!

Глобалната финансиска криза од 2007-2008 година беше преочигледна катастрофа и колосална финансиска измама, во која неолиберализмот го прекрши општествениот договор, и по која, ќе рече човек, на сите ќе им стане јасно дека системот мора да се менува. Но, по кризата која настана поради ноторниот факт дека неолибералниот капитализам работи воден од само еден рептилски мотив, а тоа е чудовишната и безгранична алчност за чие задоволување рептилот ќе го уништи светот без да му затрепери вертикалната очна црница, ништо не се случи. Иако по некои проценки кризата го чинеше светот 22.000 милијарди долари, цената ја платија обичните луѓе, додека од причинителите на кризата – финансиските свештеници на неолиберализмот –никој не одговараше за милионите жртви што останаа ограбени, без своите домови, пензии, заштеди, работа, судбини и животи; капиталистите си поделија бонуси и енормно го зголемија богатството на храмот.

Пандемијата во чија окупација деновиве живее безмалку половина од човештвото уште еднаш покажува дека глобалниот неолиберален капитализам паѓа на секој тест во кој треба да испорача нешто од ветувањата врежани во општествениот договор што му овозможи ведро и арогантно да ги ограби човештвото и планетата. Иако

ветуваше дека сè може да реши со своите технолошки моќи, и за таа цел повторно подготвува спектакуларно освојување на целата вселена, долу, на земјата, на своите граѓани не може да им обезбеди ни маски од хартија, ни болнички кревети, ни здравствен систем, ни солидарност, ни вистинска економска грижа и безбедност - практично ништо. Неолибералистичкиот свет очекува луѓето храбро и молкум да се помират со неумитноста на пандемиските сурови природни закони: од можноста да се разболат и умрат, како и од непопустливоста на банките да се откажат од своите камати и профити.

Се чини дека на „сопствените моќи да го менуваат светот и да влијаат врз општествените и политичките услови на сопствениот живот" никој веќе и не помислува. Заборавиле луѓето дека промената воопшто е можна.

# ГРАНИЦИТЕ НА БЕЗУМИЕТО

**25.04.2020**

> Најголемиот број катастрофи, несреќи, војни и нехумани владеења, сета таа непрегледна маса на човечки страдања во историјата, не само што останала без поука, смисла или разбирање, туку е безмилосно фрлена во заборав.

Во рефлексивната осаменост на планетарниот карантин, многумина се потсетија дека големите несреќи во историјата неретко ги поттикнувале и големите промени, ги зазориле новите зори на надеж и ги породиле новите движења и разбирања на светот. Но, рака на срце, во она „неретко“ повеќе е вткаена желбата да се изнајдат позитивните крајни исходи на природните или од човека создадените катастрофи, отколку што тоа го раскажуваат историските факти.

Луѓето нагонски ја бараат смислата на трагедиите во евентуалните поуки што од нив можат преживеаните да ги извлечат, а кои ќе им помогнат врз пеплиштата и врз коските на жртвите да изградат подобар свет. Сепак,

најверојатно во срцевината на оваа општочовечка реакција на несреќите е вечниот непомир со залудноста на жртвите. Таа очигледно многу длабоко всадена склоност кон рационализација на несреќите, безбели ја породи и онаа народна: „секое зло за добро“, а истиот несопирлив инстинкт и денес, среде пандемијата на ковид-19, ги гони луѓето да ги множат очекувањата за еден подобар послепандемиски свет.

За жал, историските факти го зборуваат обратното: најголемиот број катастрофи, несреќи, војни и нехумани владеења, сета таа непрегледна маса на човечки страдања во историјата, не само што останала без поука, смисла или разбирање, туку е и безмилосно фрлена во заборав, во забрзаниот и суров, несопирлив и безмилосен, во ништо загледан маршев чекор на времето. Заедно со трагичните поединечни судбини, се заборавaат и поуките, и тоа со истата брзина со која се одвиваа и трагедиите. Тоа глупило на катастрофите можеме да го следиме секој ден, зашто неговите бранови бесно удираат во нашите прозори и екрани, како што пандемијата го плави географскиот и медиумскиот простор на планетава.

И, ако се запрашаме дали оваа пандемија ќе го смени светот на подобро, за жал, нема да најдеме доволно фактографски материјал за позитивен одговор. Веројатно ќе се случи истото она што нашиот народ го дестилирал и препекол во казаните на своето вековно искуство. „Кој има – ќе заима, кој нема – ќе занема“ вели една совршено концизна и не помалку песимистичка македонска поговорка, запишана уште во 19 век. Пишувајќи ја поговорката, умот ми го проби уште една наша, исто толку стара, но дури и полапидарна и поцрна: „Тепаниот тепан, ебаниот ебан“. Се разбира, овие компримирани искуства се

од времето на првата преродба, на првите еманципаторски искри на македонската културна посебност (и првите овдешни искуства со либералниот капитализам?), но нивната поетска ритмика и безвременска епика, збиена во неколку зборовни дамари, ги прави вселенски вистинити, општи и сеприменливи, како да се термодинамички закони.

Овој поетски песимизам – дека пандемијата нема да смени ништо суштинско во светот – го потврдуваат и сосем ладнокрвните и рационални економски анализи на професорот Дени Родрик. Тој заклучува дека државите само се претворија во пренагласени верзии на она што биле и пред почетокот на пандемијата, и дека наместо кризата да поттикне позитивен пресврт во глобалната политика и економија, таа најверојатно само ќе ги продлабочи веќе постојните проблематични тенденции. Популистичките автократи ќе станат уште поавторитарни, Соединетите Држави и понатаму ќе се движат кон неизбежниот судир со Кина, хиперглобализацијата ќе продолжи да се повлекува пред сè посилните национални држави, во чии ѕидини ќе се интензивираат судирите помеѓу домашните олигарси, авторитарни популисти и либерални интернационалисти, додека непостоечката левица и понатаму ќе талка, барајќи ја непостоечката политичка програма што би требало да го спаси светот...

Од друга страна, модерната чума изнедри огномет од вицови, досетки, карикатури и анимации, неверојатно весели и смешни, сосем во инает на катастрофата, како уште еден доказ за недофатливата и непобедлива духовитост човекова. Интересно е што оваа плима на духовити умотворини ја отсликува истата трагедија на денот и истата оловна темница на хоризонтот на иднината како

и песимистичните анализи, но оние првите тоа го прават не само на ведар начин, туку обезбедувајќи ја единствената можна онтологија на преживувањето. Имено, смислата на животот е во ведрото преживување и бесмртноста на духовитиот ум, ништо повеќе.

Таква е и гатанката што деновиве од длабочините на кибернетскиот простор ми излета од екран и ме засркна од смеа. Прашањето е: што е тоа што граничи со чиста глупост? Одговорот е: Канада и Мексико. Хахахаха, постои ли подуховит коментар на безмалку надреалната некомпетентност на американските власти, што наместо да ја подготват единствената глобална империја за борба против пандемијата, тие првите два месеци од епидемијата на нивниот континент ја одрекуваа потребата од тревога, а вторите два од нејзиното беснеење се занимаваат, главно, со барање на надворешен виновник за заразата и префрлање на вината за пандемијата далеку преку Пацификот.

А, кога сме кај чистата глупост, како човек да не ја спомне Македоња Норд и најефикасниот агент на глупоста во земјава – вечната вмро? Со задоцнување ме состигна веста дека МВР поднело до Основното јавно обвинителство кривична пријава против Тричко поради кривични дела на „загрозување на сигурноста“ и „ширење на расистички и ксенофобичен материјал по пат на компјутерски систем“, поради статус објавен на социјалната мрежа Фејсбук ?! Офлелемајко, човек да не верува дека и во овие траорни мигови Македоња се бори за светски примат во глупоста?

Да се разбереме: за Фејсбук мислам дека е најголемата социјално-фекална канализација во историјата на светот, но доколку би можел да одлучувам дали да ја

уништам, би ја оставил слободно да се излива и да го загадува светот само поради постовите на Тричковски. Тие највиспрени, најдуховити, најморални и најлитературни пишувања на Тричко; тие веројатно најпрецизни серумски, дијагностички, молекуларни тестови за присуството на кретени и чипирани идиоти во крвта на македонското заболено општество, се најостриот врв на преживеаниот дух на македонската модерна култура. И, не случајно, тие се препознаени како опасност од рецепторите на штаб-квартирата на глупоста и злото, белата куќа на фашизмот на вмро. И да, непогрешниот молекуларен тест на Тричковски даде резултати: пациентот е позитивен, Македонија е ваистину позитивна на вирусот на глупоста на вмро! Во светло на оваа вест ќе го повторам прашањето, со напомена дека се можни повеќе решенија: што е тоа што се граничи со чистата глупост?

# ВОНРЕДНА СОСТОЈБА

01.05.2020

> Трогателно е каков очај го мотивира стариот филозоф да ги сподели своите надежи дека политички, идејно и вредносно испразнетиот свет можеби може да се разбуди, поттикнат од шилестите екстреми на чумата.

Големиот италијански филозоф Џорџо Агамбен некни се огласи по третпат откога светот го навјаса пандемијата на модерната чума. Во белешката, насловена „Размисли за чумата“, тој повторно повеќе поставува прашања и ги воочува последиците на кризата, отколку што сака да суди или зазема категорични ставови. Размислувајќи за чумата, Агамбен суштински се занимава со аспекти од животот пред пандемијата и на мошне виспрен начин извлекува теза за вистинските квалитети на животот пред кризата: „Размислувам за леснотијата со која целото општество ги прифати чувството на сопствена зараженост од чумата, затворањето во своите домови, укинувањето на вообичаениот начин на живот, отфрлањето на релациите на пријателство, љубов, работа, дури и

верските и политички убедувања. Зошто во потполност изостанаа протестите и отпорот кои во вакви ситуации би требало да се очекувани и замисливи? Тезата што би сакал да ја предложам е дека на одреден начин, сосем несвесно, чумата веќе била меѓу нас, дека условите на човечкиот живот очигледно со време станале такви што еден неочекуван знак ни беше доволен сите да ги препознаеме онакви какви што тие во суштина и се – неподносливи како самата чума. И тоа, на известен начин, е единствениот користен увид кој може да се извлече од ситуацијава: постои шанса по сево ова луѓето да се прашаат колку животот од порано бил добар."

Трогателно е каков очај го мотивира стариот филозоф да ги сподели своите надежи дека политички, идејно и вредносно испразнетиот свет можеби може да се разбуди, поттикнат од шилестите екстреми на чумата. Јас секако не располагам со длабочината и бистрината на неговиот увид, но мене повеќе ме плашат отколку што ми будат надежи послушните реакции на општествата. Како апче аспирин лесно голтнатите вонредни состојби, полициски часови и други мерки на изолација и одземање на огромен дел од она што го сметавме за неотуѓиви права и слободи, повеќе укажуваат на една стабилно згасната состојба на свеста, една глобална политичка отапеност, хронична инсуфициенција на политичката имагинација, отколку на искри на луцидност, побуна или можни револуционерни движења.

Имам чувство дека и Агамбен надежта во промени ја бара токму во парадоксот на очајот, и тоа го пишува на крајот од својата белешка: „Уште еден повод за размислување е евидентниот слом на секакво заедничко убедување или верба. Како луѓето повеќе да не веруваат

во ништо – освен во голата биолошка егзистенција што мора да се сочува по секоја цена. Но на темелите на стравот од губењето на голиот живот не може да се гради ништо освен тиранијата, освен чудовишниот Левијатан со исукан меч. Токму затоа – кога и ако вонредната состојба, прогласена поради чумата, еднаш се прогласи за окончена, верувам дека враќањето на стариот начин на живот – барем за оние што успеале да сочуваат зрнце просветленост – нема да биде можен. И верувам дека можеби токму тоа е главниот извор на нашиот денешен очај – иако е некаде речено дека „надежта им се укажува само на оние што веќе ја немаат".

И, како што Агамбен навестува дека лесното прифаќање на загубата на сите права во вонредната состојба може на луцидните да им помогне да сфатат дека тие права не ги уживале ни пред нејзиното воведување, можеби не е лошо по тој терк и ние да ја испитаме нашата највонредна од сите вонредни состојби. Ние упаднавме во корона-кризата и во вонредна состојба, како што велат Србите, „со грло во јагоди": со техничка влада која согласно законот има мандат само да подготви избори и тоа во рок од три месеца; згора на тоа, со распуштено собрание што според Уставот смее да се самораспушти 60 дена пред одржување на парламентарните избори. Се разбира, роковите поминаа, земјата излезе од сите уставни и законски рокови и процедури, и деновиве – кога осетивме дека сме на зарамнетото теме на ѕвонестата крива на епидемијата – веќе се покажува дека не постои ни политички ни уставно-правен консензус околу враќањето на трасата на нормалниот живот по укинувањето на вонредната состојба.

Не е на одмет да се каже дека самиот факт што ваквата неверојатна уставно-правна и политичка празнина во време на вонредна состојба не ги попречи владата и општеството да изведат сосем солиден перформанс – и тоа споредено со било која земја во светот – укажува непогрешно на присутноста на агамбеновскиот парадокс и кај нас. Имено, во нашиот случај воопшто не е важна самата несуштественост на „уставно-правната криза" со распуштањето на Собранието: таа практично не постои повеќе отколку што политичките сили инсистираат на неа. Основна теза на оние што гласањето за распуштање на Собранието го толкуваат како неповратно „враќање" на мандатот на пратениците на „народот",нема упориште во Уставот, а тоа не би смеело да биде тема за расправа на експерти, туку прашање на обичниот здрав разум.

Во членот 63 од Уставот, став 3, стои дека „Избори за пратеници во Собранието се одржуваат во последните 90 дена од мандатот на стариот пратенички состав или во рок од 60 дена од денот на распуштањето на Собранието". Кому тука нешто не му е јасно? Формулацијата дека изборите мораат да се одржат во „последните 90 дена од мандатот" премногу јасно кажува дека мандатот на пратениците на престанува пред да се изберат новите пратеници. Исто така, она „или 60 дена од денот на распуштањето на Собранието" сосем недвосмислено се однесува за сите ситуации на предвремени избори, кога се прекратува мандатот на пратениците од со Устав пропишаните четири години, но и тука со распуштањето на Собранието пратеничките мандати не се „вратени на народот", туку траат до изборите.

Но, уставно-правната ѓурултија и не е тема на оваа белешка, туку нешто многу посуштествено и поагамбеновски: неприсуството на Собранието во нашите животи никого не го погоди! Може да се рече дека никој и не забележа дека сме без Собрание! Тоа е според Агамбен – а јас тука скромно би му се придружил – јасен знак, макар на ниво на несвесното, дека најверојатно вистинско собрание не сме имале ни пред неговото сparticularраспуштање. Или, доколку се повикаме на општото искуство дека навистина вредните работи во животот, здравјето, љубовта и пријателството, обично ги забележуваме дури откако ќе ги загубиме, тогаш нештото чија загуба или отсуство нема да го забележиме – не сме го ни имале.

# ПАТРИОТИ СО ИДЕНТИТЕТСКА ДУПКА

**09.05.2020**

> Сè до пред некој месец, светот мислеше дека прашањето на слободата е дефинитивно решено со рушењето на берлинскиот ѕид и со отворањето на ресторан „Мекдоналдс“ во Москва.

Да го криеш и да го одрекуваш родителот, да лажеш дека немаш врска со своето комунистичко потекло, да премолчуваш дека си родум од Југославија, е тоа е тема за вистинска идентитетска психоанализа. Но ние шетаме безгрижно со таа идентитетска празнина во главата, широка колку и дупката во нашата шапка, додека на бугарските патологии што облетуваат околу нашиот кенеф ко светкавозелени коњски муви, никако не можеме да им премолчиме.

Сè до пред некој месец, светот мислеше дека прашањето на слободата е дефинитивно решено со рушењето на берлинскиот ѕид и со отворањето на ресторан „Мекдоналдс“ во Москва, пишува Дежуловиќ во својата белешка

„За слободата". А, во меѓувреме, заклучува тој, слободата стана стара и банална работа, антиквитет од затурениот правлив сандак, додека за секојдневна употреба неа ни ја протолкуваа како слободен пазар, а пак слободата на мислењето ни ја продадоа како слобода на социјалните мрежи неказнето да се празни мозочното дебело црево. И така ослободен, светот на 21 век се фрли на следната најважна агенда на нашата доба, на клучното прашање на столетието, мајката на сите прашања – прашањето на идентитетот!

Како старозаветна казна, ова глобално затемнување на умот беше прекинато од безмилосната и сосем неочекувана атака на пандемијата ковид-19 (иако научниците, биолозите и епидемиолозите веќе 20 години кинат гласни жици, најавувајќи ја како безмалку неизбежна глобална опасност). Во идентитетската тишина што завладеа со светот, малкумината што сочуваа здрав разум помислија дека замолкнувањето на идентитетската врева што произведуваше сè повеќе омраза и други фашизоидни доблести, ќе го освести човештвото и ќе му овозможи да го смени светогледот на глобалниот капитализам, што нè носи во очигледна културна, социјална, еколошка и биолошка пропаст.

Ах, пусти надежи: само што го премавнавме пикот на пандемијата, броењето на мртвите како главна содржина на вестите беше повторно потиснато од „клучното прашање на столетието, мајката на сите прашања – прашањето на идентитетот!" Орбан побрза на Фејсбук – а, каде на друго место – да ја објави заборавената карта на Унгарија од пред некој век, со драматично големи делови од Хрватска и Романија, инкорпорирани во унгарската територија, а браќата Б`лгари ни го испорачаа најбрат-

скиот и најдобронамерен услов за влез во ЕУ. Условот е: да сме прекинале со фалсификување на историјата и да сме признале дека пред да бидеме откинати од блгарската историја и од блгарското национално битие од страна на србокомунистичките партизански банди на енкаведеовскиот агент Јосип Броз Тито, ние сме биле сштите хора, повеќе од браќа – сме ти биле едно. А во тоа едното, ние да сме ти биле браќата со говорна мана, говор за кој добронамерните блгарски браќа ни дозволуваат да го наречеме јужноблгарски дијалект.

Овој братски потег предизвика вистинска консетрнација во Македонија, врева патриотска, во која почна вечниот македонски натпревар за најголем бранител на македонскиот јазик, народ, идентитет, култура, историја, на сè што е свето македонско. Сред оваа врева помина и 4 мај, кога нацијата го посвети денот на оддавање почит и благодарност на Гоце Делчев пред неговиот гроб во црквата „Св. Спас“, но – како и секоја од последните 30 години – за Јосип Броз Тито, човекот што како во „Мишн импосибл“ им ги собра од Софија моштите на Гоце и ни ги донесе тука, и што некоја година пред тоа е најзаслужниот во вселената за изведувањето на „Алтимејт мишн импосибл“ – создавањето на федерацијата на јужнословенски народи и остварувањето на македонскиот државен и културен проект, за него не беше кажан ниту збор.

Во повторната идентитетска и патриотска епика и патетика што се развива по светата македонска земја, навистина не гледам причина да ги психоанализирам бугарските бладања за македонскиот дел на Целокупна Блгарија, за тој мрачен предмет на желбите, тоа геополитичко меѓуножје што е вечниот центар на највлажните бугарски соништа и кошмари. Тоа се нивни психо-

патологии, зошто ние би трошеле зборови или време на нив? Исто така, за кој андрак би требало сега со врева и хистерија да врескаме дека ние сме ти биле ние, и дека го говориме јазикот што го говориме. Тоа денес би требало да се анахрони прашања чие актуелизирање, особено ако е филувано со гнев, болка, навреденост и омраза, само по себе ги дебанализира и им ја поткопува неоспорната историска втемеленост. Така што, идентитетскиот дискурс е штетен сам по себе, а особено е бескорисно нацијата да се занимава со неисполнетите великобугарски историски копнежи.

Она за што вреди да се зборува во врска со нашиот идентитет, нашата историја, македонскиот јазик и култура, тоа е токму она за што не само што не се зборува, туку – како што веќе кажав погоре – не се кажува ниту збор. Станува збор за несомерливиот контраст помеѓу вистинските заслуги за создавањето и постоењето на македонската држава – што се, воедно, и заслуги за создавањето на стандардниот македонски литературен јазик и за реализацијата на целокупниот македонски културен проект – за кои упорно молчиме како да не постоеле, и скромните или непостојните заслуги на оние што последните три децении ги славиме „со сите ѕвона". Да, токму контрастот помеѓу апотеозата на случајните ликови на кои им изградивме џиновски бронзени споменици и антимакедонските „заслуги" на злосторничката ВМРО што ги наполнија нашите учебници и медиуми, и молкот за творецот на македонската држава Јосип Броз Тито, заедно со неговите комунисти и партизани со црвена петокрака на шапките – е вистинската мерка на нашата сопствена идентитетска патологија.

Да го криеш и одрекуваш родителот, да лажеш дека немаш врска со своето комунистичко потекло, да премолчуваш дека си родум од Југославија, е тоа е тема за вистинска идентитетска психоанализа. Тоа се чудовишните димензии на нашата вистинска идентитетска и културна патологија за која вреди да се води национална дебата. Но ние шетаме безгрижно со таа идентитетска празнина во главата, широка колку и дупката во нашата шапка, додека на блгарските патологии што облетуваат околу нашиот кенеф ко светкавозелени коњски муви никако не можеме да им премолчиме. Вистински патриоти, без секое сомнение.

# НЕВИДЛИВОТО СОБРАНИЕ

**16.05.2020**

> Можеби невтемелената самодоверба е основниот услов за сите големи достигнувања на човештвото? Можеби македонското Собрание се намачкало со лимонов сок? М?

Данинг-Кругеровиот ефект е поим што во современата психолошка наука се употребува за посебен вид когнитивна фалинка кај луѓето, која најчесто се манифестира како преголема самодоверба што се темели на незнаење и неспособност да се самопроцени сопствената неспособност. Денешната психолошка наука веродостојно утврди дека овој психолошки ефект опстојува кај значителен дел од човештвото и веќе цели милениуми создава глупости, несреќи и трагедии, а понекогаш, за среќа, и комични ситуации. Негова основна карактеристика е состојба на свеста што е самозаробена во затворен круг на глупоста што не може да се самокоригира, зашто ѝ недостасува знаење и самосвест за да ја согледа сопствената глупост.

Сè почнало пред 25 години, во Питсбург, кога среде бел ден еден крупен и возрасен човек упаднал и ограбил две банки. Човекот не носел ниту маска ниту шапка ниту, пак, каква било опрема за прикривање на идентитетот, а откога ги собрал парите од шалтерите, на излегување од банките широко им се смеел на сигурносните камери. Кога подоцна истиот ден полицијата го уапсила крадецот, тој одрекувал секаква вмешаност во грабежите, сè до моментот кога полицајците му ги покажале снимките од сигурносните камери. Соочен со сопствената супериорна насмевка на снимката, на Вилер Мекартур – така се викал уапсениот ограбувач – му се пробесила устата од изненадување: „Ова не е можно, па целиот бев намачкан со сок!?", промрморел тој неколкупати во неверица и шок. Малку подоцна, кога објаснил за што станува збор, запрепастеноста бргу се проширила низ целиот свет.

Испадна дека Вилер пред грабежот внимателно го намачкал лицето со лимонов сок, убеден во волшебните својства на сокот, за кој слушнал дека во романтични времиња се користел како невидливо мастило со кое се пишувале тајни пораки помеѓу редовите на писмото, а потоа на топлина на свеќа се појавувал текстот. Вилер бил првиот ограбувач на светот кој сфатил – и ни секунда не се посомневал во тоа! – дека ако се намачка со него и внимателно ги одбегнува топлинските извори, лимоновиот сок ќе го направи и него невидлив за сигурносните камери! Полицијата направила внимателна проценка на генијалниот ограбувач на банки, при што било утврдено не само дека Вилер не бил нафилуван со халуциногена или некоја друга дрога, туку дека бил и со сосем нормални интелектуални способности. Човекот само бил во заблуда при толкувањето на информациите за ли-

моновиот сок и неговите „чудотворни“ својства и, се разбира, упаднал во јамката на сопствената неспособност да го согледа своето незнаење и некомпетентност.

Оваа неверојатна приказна му упаднала во очи на психологот Дејвид Данинг од универзитетот Корнел, кој заедно со својот ученик Кругер смислил цела серија експерименти кои покажале дека најнекомпетентните луѓе во секоја група имаат по правило највисоко – и најпогрешно – мислење за сопствените способности, појава што научниците ја нарекоа „лажна самодоверба“, а подоцна стана ширум позната како Данинг-Кругеров ефект.

Оваа фалинка на интелектот, когнитивна слабост што автоматски се претвора во Замка 22, во која знае да падне во текот на животот речиси секој човек, одреден број особено „талентирани“ луѓе ја имаат како трајно и секогаш присутно својство на карактерот. На веќе не толку големо изненадување на научниците, една од највисоките концентрации на „талентираните“ во светот, изразена како процент од вкупното население, се наоѓа – каде? Па, се подразбира каде, вие сигурно веќе и самите знаете почитувани читатели: во библиската земја на паганските антички Македонци, а каде на друго место?!?

Нашата политичка сцена е пребогата со примери за постапки и состојби на поединечен и колективен Данинг-Кругеров ефект, а неодамнешната децениска културно-историска вмровска катастрофа и последователното тетеравење на носителите на нашата државност и делегираниот суверенитет се безмалку чисти лабораториски докази за моќта и последиците на актите на невтемелена самодоверба што везден нè втурнуваат во грешки што се обидуваме да ги исправиме со други грешки.

Примери во последната една и пол деценија има бескрајно многу, но да тргнеме од пред шест месеци.

Распишувањето на предвремени избори есеноска, според законското решение за таканаречена „пржинска влада", беше уште тогаш грандиозна грешка, зашто таа – пржинската влада – беше првично измислена и под притисок усвоена како решение за еднократна употреба. Решение кое целеше да ја неутрализира диктатурата на Груевски барем три месеци пред изборите, со цел да ги оневозможи дотогашните тешки злоупотреби на државата и фалсификување на изборите од страна на ВМРО-ДПМНЕ. Со воведувањето на „пржинската влада" како трајно решение, не само што на глупав начин се оштетува демократијата, туку се релативизира и се нормализира претходната диктатура и сите сторени злочини во текот на деценијата, а згора и трајно се валка секоја идна демократија, зашто излегува дека кај нас криминалните влади се стандард, па организирањето на фер избори и не е можно без таа перверзна пржинска патерица.

И, како што тоа бива, грешката со „пржинската влада" успеавме да ја зголемиме и закомплицираме со неразумното толкување на распуштањето на Собранието како дефинитивно и иреверзибилно. Потполно неуставното толкување на чинот на распуштањето како „враќање на мандатот" (што, инаку, не постои како уставна категорија) – а не како паузирање на заседанието заради организирање на избори – се претвори, потпомогнато од пандемијата, во исчезнување на Собранието од библиската земја. Конечно, по низата на изнудени грешки, сега се обидуваме да го „спасиме" владеењето на правото со уште една грешка – со вештачкото продолжување на вонредната состојба, само за да може да се одржи приви-

дот на законитост на надреалниот политички и уставно-правен вакуум во кој самите со ведра самодоверба се втурнавме!?

И, во такви перверзни политички и вонуставни околности, Владата и општеството успеаја да се справат со најдевастирачката пандемија на векот на повеќе од задоволувачко ниво, како што веќе реков, споредено со која било земја на светот! Да не е науката јалнаш во врска со Данинг-Кругеровиот ефект во библиската земја? Можеби невтемелената самодоверба е основниот услов за сите големи достигнувања на човештвото? Можеби македонското Собрание се намачкало со лимонов сок? М?

# БЕЗМИЛОСНОТО СРЦЕ НА ЛЕВИЈАТАН

**23.05.2020**

> Сега кога требаме да ги вратиме дерогираните права, разногласието, неслогата и спротиставените интереси избиваат на површина. Како е можно: бегството од слободата го изведовме тивко и сложно, со незапаметен консензус, а сега кога требаме да си ги повратиме и слободата и правата, самото спомнување на зборот „консензус“ буди сомнеж, одвратност и недоверба?

По два месеца пандемиска „идила“, кога на планетата – и во нејзиниот македонски папок, се разбира – владееше незапаметен консензус во однесувањето на луѓето, како и во постапките и мерките на безмалку сите заразени држави, деновиве, кога се подотворија вратите кон „нормалноста“ и кога нарасна нетрпението да се истрча надвор и да се отпочне повторно со „вистинскиот живот“, веќе почнуваме да ја слушаме вообичаената врева на разногласието, а медиумите почнаа да се полнат со вообичаеното количество лаги и нетрпение, глупост и омраза. Излегува дека упаѓањето во занданата на глобалната криза во која брзото реагирање беше изнудено од смртоносната експоненцијална динамика на пандемијата, светот го изведе многу, многу „полесно“ отколку што тоа ќе биде излегувањето од неа.

Еден од најинтересните аспекти на овој парадокс е дека консензусот беше постигнат, порано или подоцна, во секоја од државите зафатени со заразата, токму околу мерките за затворање на населението во нивните домови, околу полициските часови, затворањето цели гранки на економијата, училиштата и универзитетите, практично одземањето на сите човечки, економски, социјални и културни права, за чие остварување најнапредниот и најдобриот дел од човештвото се бореше и гинеше цели векови. Сега кога требаме да ги вратиме дерогираните права, разногласието, неслогата и спротиставените интереси избиваат на површина. Како е можно: бегството од слободата го изведовме тивко и сложно, со незапаметен консензус, а сега кога требаме да си ги повратиме и слободата и правата, самото спомнување на зборот „консензус" буди сомнеж, одвратност и недоверба?

Разгледувањето на ова парадоксално „бегство од слободата" – како тоа Ерих Фром го нарече доброволното потчинување на модерниот човек на современите тоталитаризми и тирании – е особено плодно доколку овој потчинувачки феномен го разгледаме расчленувајќи ја неговата структура. Веднаш ќе дојдеме до заклучок дека двата основни учесници во феноменот – државите и нивните граѓани, постигнаа консензус притиснати од човековата најмоќна емоција – од стравот. Но, еден чекор потаму во анализата, ќе видиме дека стравот – тој најмоќен агент провокатор на корона пандемијата – беше различен кај политичките елити што ги управуваа државите од оној кај нивните граѓани. Државите се уплашија дека деструктивните ефекти на епидемијата бесповратно ќе ја урнат верата во нив самите, додека луѓето се уплашија само за своите голи животи.

И повторно, колку и да се различни овие два страва, тие обезбедија конвергентни ефекти: државите ги ставија

своите граѓани во куќен притвор, а граѓаните тоа го прифатија – видовме сите –со песна од прозорците и балконите на нивните затворски ќелии. На прв поглед, ова совпаѓање на стравовите што го предизвика неподносливо лесното вонсудско притворање на нациите од страна на нивните држави и распеаното бегство од слободата на притворените, ќе ја замати сликата за нивната суштинска разлика и дури исконска спротивставеност. Зашто во двата случаи се работи за страв за голиот живот, но додека луѓето се уплашија за својот биолошки опстанок, државниот Левијатан – тоа митско чудовиште што владее и се храни со луѓето – се уплаши за опстанокот на религијата со помош на која владее, се уплаши од поткопувањето на верата во неговата моќ, што очекувано ќе предизвика рушење и на величествените куполи на државата-црква. Значи, не се уплашија државите за животите на своите граѓани, туку се уплашија дека неконтролираното беснеење на чумата ќе ја оспори нивната – државната – инаку неспорна власт над голиот живот на луѓето.

Токму поради стравот дека ќе ја изгубат контролата над животот и смртта на луѓето – што така арогантно ја држат, и толку безмилосно ја одржуваат – државите преземаа драконски мерки какви што не беа преземале ниту во најкрвавите години на најужасната од сите војни. Можете да проверите и самите, почитувани читатели, но вакви полициски часови не владееја со Европа ниту во оловните години, од 1941 до 1945. Практично само еден подраконски чекор презема Левијатан во одржувањето на својата биополитика, и тоа е крајниот спазам на разулавеното чудовиште, кога во одбрана на голиот живот почнува да ги одзема животите на луѓето. Само стравот за сопствениот опстанок може да го растрепери суровото и ледено срце на државата. И, тоа е веројатно најточното објаснување на унисоното и неподносливо лесно притворање на две третини од човештвото.

Конечно, ниту една држава не му одолеа на искушението, иако повеќе се обидоа да го негираат и потценат. Кина – веројатно најфункционалното државиште на планетата – многу бргу сфати дека се бори за опстанокот на државната религија и прва притвори 80 милиони луѓе. За тоа време ги следев дискусиите во земјите на „развиениот Запад“, во „колевките на слободата“, како бамборат дека такви драконски мерки може да си ги дозволи само една тоталитаристичка земја, додека во земјите на либералната демократија притворот на населението бил незамислив. И, сите видовме како жариштето на епидемијата и неоправдано многуте смрти се селат токму во земјите што ја негираа опасноста и ги критикуваа „престрогите“ мерки на Кинезите, и тоа најмногу во земјите со глупави лидери чија ароганција не им дозволи да ја согледаат природата на опасноста. Додека мислеа дека се работи само за човечки животи, ја негираа опасноста од чумата, но кога со задоцнување сфатија дека во опасност се тие самите и нивните државни храмови, сите ги воведоа полициските часови, се разбира, откога го обезбедија експоненцијалниот скок на заразата.

И, кога веќе спомнав глупави лидери, не можам а да не го споделам со вас, почитувани читатели, нагонот за повраќање што ми го предизвика одвратното лигаво лицемерие на вмровската лидерска глутница како кењави дека не ја сакаат власта, и не ги сакаат изборите – кои сигурно ќе ги добиеле! – ако цената за тоа да била само еден непроценливо скапоцен живот!? Офлелемајко! Да беше на власт вмровскиот левијатан, изборите ќе ги одржеше среде чума, во 72-саатен полициски час, без присуство на граѓаните, со однапред наполнети избирачки кутии, се разбира – поради безбедноста на нивното здравје. Има ли уште будали во библиската земја што им веруваат на овие социопати?

# МЕУР ОД НЕЗНАЕЊЕ И ПРОСТОТИЛАК

**30.05.2020**

> Одамна веќе не полудувам кога ќе ги видам овие Вечни Македонци, од кои фактите на материјалната стварност се одбиваат како пинг-понг топчиња од стакло, кои опстојуваат низ историските премрежиња најмногу благодарејќи на ретката дарба да создаваат околу себе меур од незнаење, незаинтересираност и простотилак.

Гледам пред некој ден на вести како случајно сопрени граѓани, наши луѓе, со цврсто убедување и сосем лежерно изјавуваат дека такво нешто како пандемија на ковид-19 е чиста ујдурма, лажга со опашка и дека вирусот и опасноста по живот се измислени, па тој ти е! Одамна веќе не полудувам кога ќе ги видам овие Вечни Македонци, од кои фактите на материјалната стварност се одбиваат како пинг-понг топчиња од стакло, кои опстојуваат низ историските премрежиња најмногу благодарејќи на ретката дарба да создаваат околу себе меур од незнаење, незаинтересираност и простотилак.

Во кој потоа се движат низ секоја меќава, лесно и без да ја допрат пороjната вода, и без капка да им ги ороси чела-

та врели. Овој пат случајните шампиони на биолошкиот опортунизам ми предизвикаа само насмевка, можеби малку резигнирана, како снегулка краткотрајна, со поглед што веднаш се дефокусира од мислата зад него, загледана во безмерната темна длабочина на човечката глупост.

Колкав ли е бројот на овие дарвински опортунисти во библиската земја? Тоа никогаш не успеавме да го сознаеме, зашто нивниот број се зголемува и намалува во различни сезони, безмалку исто како што се брановите на сезонските вируси (и, патем, е во таинствена но директна врска со периодите на власт на ВМРО). Она што сигурно го знаеме е дека овој хомо сапиенс потекнува директно од македонскиот бел стаорец итроман, што пред 65 милиони години – кога умираа џиновските рептили – решил да престојува некоја деценија во своите подземни простории, во безбеден земјан меур што кај македонскиот сапиенс со тек на времето еволуираше во ментален меур. Една сосем специјална дарба, талент за неразбирање, кој обично го нарекуваме глупост.

Но, се шегувам: глупоста никако не е ексклузивна дарба на македонскиот сапиенс, туку на целото човештво. Разликата во судбините на различни нации, всушност не зависи од процентуалното учество на глупаци во вкупното население на една земја – зашто глупоста е рамномерно распределена по светот - туку од владеачката идеолошка селективна матрица што ги просејува политичките и други елити кои раководат со државите.

И, така, спомнатите граѓани што ведро шетаат зелки на рамената, можат во околности на глобална зараза да станат активни штеточини и индивидуално да придонесат на ширењето на заразата, но штетите од нивната глупост

се, сепак, ограничени само на нивната телесност. Во нормални времиња, тие претставуваат една сосем бенигна појава, нормална состојка на секоја хумана почва.

Меѓутоа, доколку селективното сито ги исфрли на раководни функции, значи, доколку овие ментални таленти за глупоштија станат претседатели на влади и држави, е тогаш ѓаволот ја однел шегата, и глупоста прераснува и се мултиплицира во вистинска национална несреќа. Тогаш државните апарати почнуваат да не се снаоѓаат во нови околности, реагираат споро, и прават глупости чии последици во време на пандемија се мерат со десетици и стотици илјади непотребно изгубени животи.

Но префрлувањето на вината на грбот на еден човек, па нека е тоа и претседателот на Империјата, сепак води во обратна насока од длабоката вистина. А таа е дека лидерите на „слободниот свет“ веќе 40 години ги приватизираат, демонтираат, сосекуваат и умртвуваат сите елементи од системот на моќната капиталистичка „држава на благосостојбата“ што во децениите по Втората светска војна беше форма на капиталистички социјализам или држава на социјалната грижа. Во периодот што следеше, во ерата на таканаречениот неолиберализам, од 1980 до денес, се потсечени сите корени на социјалната грижа и сите системски институти на државата за сервис и за благосостојба на нивните граѓани. Здравствениот систем, високото образование, социјалната грижа, општите добра, сè беше подредено на еден единствен критериум за опстанок: профитабилност и непрекинат раст на профитот на сметка на редуцирањето на јавните трошоци.

Можеби најужасното од грозните вести што доаѓаат овие денови од најбогатите земји во светот, е масакрот на нивните стари што биле сместени во старечки домо-

ви. Бидејќи најбогатите земји грижата за старите ја препуштија на приватниот сектор, критериумот на профитабилност ги сведе домовите за стари на цедилници на пари, во кои на 50 стари доаѓа по едно лице за нега, а за медицинска нега не може да стане ниту збор. И, така во денешната пандемија, наместо да ги сочуваат најранливите, тие – спакувани во старечките домови и збиени на купче – се заразени од надвор и групно жртвувани на капиталистичкиот Молох.

Поради тоа, повеќе западни земји воопшто не ги бројат умрените во старечки домови како жртви од ковид-19, туку само умрените во болници што биле третирани како болни од оваа болест и пред смртта. Но, ужасната вистина излегува несопирливо на виделина: бројот на дедовци и баби што загинаа во домовите за стари во некои од најбогатите земји достигнува повеќе од 30 отсто од сите жртви. Ќе повторам за да не ме сфатите погрешно: не се работи за учеството на постарите во вкупната бројка на умрени, туку за бројката на „организирано“ жртвувани само во домовите за стари луѓе.

Тоа што ние ја избегнавме трагедијата што се случува во најбогатите земји се должи на две и не толку случајни среќи. Првата е што во нашиот здравствен и општествен систем, по инерција уште функционираат остатоци – хемичарите велат: во траги – од феноменалниот југословенски државен и општествен систем. Се работи за бедни остатоци, макар бледи дамари во свеста на луѓето, и покрај 30 години транзиција во која инструкторите од најмоќните демократии нѐ учеа како да го приватизираме и уништиме – или уништиме и приватизираме – системското, институционалното и културното наследство од социјализмот.

Елем, како успеавме да сочуваме, макар во траги, нешто од моќното социјалистичко наследство? Многу едноставно: затоа што бевме спори и лоши ученици и создадовме околу себе меур од незнаење, незаинтересираност и простотилак, кој нѐ спасува од екстремите на непредвидливите историски меќави.

А, која е втората среќа? Неа сите ја знаете: по вселенски случај пандемијата налета во време кога најголемата концентрација на тупаци, игноранти, билмези и простаци се сконцентрирани во белата куќа на фашизмот, штаб-квартирата на македонската опозиција. Поради недостаток на чистата глупост, внимателно селектирана и изолирана во вемерето, во органите на нашата власт здравиот разум превладуваше за целово време од меќавата. Се чека возвратниот удар на македонскиот бел старец – итроман.

# БЕЗМЕРНИТЕ ПРОСТРАНСТВА НА БЕЗУМИЕТО

**05.06.2020**

> Да го живеел 21 век, и покрај неговата интелектуална супериорност, Ајнштајн би бил шокиран од пандемијата на глупост што ја зафати планетата, а безбели, нејзините дострели во Македоња Вечна сосем би го парализирале овој умствен гигант.

Само две работи се бесконечни – вселената и човечката глупост, но за првата и не сум баш сигурен. Оваа небројено пати цитирана изјава на Ајштајн, човекот врз чија интелигенција и имагинација се темели целокупниот денешен светоглед на човештвото, содржи во себе епистемолошки парадокс. За она за што знаел најмногу – за универзумот – Ајнштајн покажува несигурност, додека за безмерната, недофатлива и необјаснива глупост, за која имал најмалку лично искуство, генијалниот ум манифестирал сигурност која се граничи со религиозност. Генијот сепак морал болно да се судри со несомерливо темното пространство на глупоста за да ѝ се поклони со толкава понизност и стравопочит. Си мислам, да го живеел 21 век, и покрај неговата интелектуална супе-

риорност, Ајнштајн би бил шокиран од пандемијата на глупост што ја зафати планетата, а безбели, нејзините дострели во Македоња Вечна сосем би го парализирале овој умствен гигант.

Најстарата дефиниција на глупоста му се припишува на грчкиот филозоф Теофраст, некаде во преодот од 4-от во 3 век пред нашата ера, при што глупавиот е дефиниран како „спор во мислата, говорот и дејствувањето“. Очигледно дека Теофраст немал искуство со феноменот ВМРО-ДПМНЕ, кој е доказ токму на спротивното, дека вемерето зборува глупости и пред да ги смисли, и дејствува секавично и секогаш на најглупав можен начин. Очигледно дека класичната грчка филозофија немала искуство со разулавената глупост со која ВМРО ја плави нашата секојдневница. Но, Џејмс Уелс во неговото дело „Разбирање на глупоста“ тврди дека „поимот треба да се употребува за означување на состојбата на свест што себеси се смета за информирана, но со јасни намери што се сосем неприлагодени на стварноста. Уелс инсистира на разликувањето помеѓу глупоста и незнаењето, зашто навистина глупавиот морал да знае дека дејствува во корист на сопствената штета и дека глупавиот акт мора да биде слободен избор, а не чин на присила или несреќен случај.

И тука стариот Џејми нè доведе поблиску до разбирањето на феноменот на вмровската несомерлива глупост: што и да смислат, изговорат или направат, тоа мора да биде најштетниот и најглупавиот избор за нив. А, бидејќи вмровската свест по дефиниција се идентификува со македонската држава, тоа автоматски го објаснува вмровското инхерентно антимакедонство. Бидејќи, кутрите, сметаат дека сите Македонци се ВМРО, а партијата

е држава, тоа значи дека единствениот модус вивенди на ВМРО е секогаш да се прави најглупавиот и најштетниот избор за македонската држава, култура и „пучанство".

Меѓутоа, додека Уелс претпоставувал дека за вистинската глупост чинот на слободниот избор е основна премиса, значи дека глупавиот треба слободно, со предзнаење и намера (со полна свест и без присила) да ја избере најглупавата и за него најштетна опција, тоа за вмровците не е целосната вистина. Да, тие со полна свест (ако е поимот воопшто применлив за вмро) и намера штеточинат и глупочинат, но тие се длабоко уверени дека тоа не е по нивен избор, туку дека тие се во света мисија, целосно посветени и пожртвувани, водени од Госпот Бок Лично, да ја претворат Македонија во уште побиблиска земја, потопувајќи ја во нивната глупост од библиски пропорции.

Еден друг научник нурнат во изучување на бездната на глупоста, рангирајќи и категоризирајќи ја глупоштијата од различни видови, не приближува уште повеќе до разбирањето на вмровската глупост. Кај Ленокс незнаењето е невино и со него сите се соочуваме секојдневно. Глупавоста, меѓутоа, се појавува кога актерот ја лаже околината за тоа колку не знае, однесувајќи се како да знае. Особено изразената глупавост се состои во криење на размерите на сопствената глупост дури и од себеси, а криминалната глупост претпоставува наметнување на сопствената глупост на други. Забележувате, почитувани читатели, дека вмровската глупост ги содржи сите градации на глупоста, а за остварување на последиот степен – криминалната глупост – тие ги злоупотребија институциите на македонската држава и цела деценија и кусур го заглупуваа целото македонско општество.

И, никогаш вмрото не промашува, нивниот избор не е само најглупавиот, туку и најштетниот за Македонија, тоа е секогаш најекономичниот потег со најмалку напор да се направи најголема штета. Трите години во опозиција го опструираа парламентот да носи реформски закони, ја парализираа целата државна администрација, а најмногу судството и обвинителството, што заврши со нивното ремек-дело: уништувањето на специјалното обвинителство. Кога пандемијата го навјаса светот и кога единствената човечка реакција беше деполитизација и здружено мобилизирање во организиран државен и народен одговор на природната катастрофа, тие почнаа хистерична политичка кампања на ширење на сомнеж, паника, прикажувајќи ја здравствената политика на Владата како политичка кампања.

Сега, кога ни се заканува пролонгирање на кризата заради загрижувачко непочитување на здравствените мерки, одговорот на ВМРО е најштетниот и најзлиот што е можно. Тие предлагаат да се распушти експертското тело, здравствено-епидемиолошката комисија што ја советува Владата за неопходните здравствено-заштитни мерки, за да се пристапи кон избор на нови непостоечки стручњаци од непартиското ВМРО!? Најекономичен чекор со најмалку напор да се произведе најмногу хаос и најмногу штета, болест и умирачка!

Оваа група на зловести глупаци ја искористуваат планетарната здравствена кактаклизма во свои теснопартиски цели и ја повикуваат заразата да донесе повеќе хаос, несреќа и смрт, што ќе им помогне да се дофатат до власта. Плашејќи се од избори како ѓавол од крст, тие непогрешно ја бираат најштетната опција за сите нас, а тоа е политиката – колку полошо за земјата, толку подо-

бро за ВМРО. Колку повеќе ковид-19 болни, толку повеќе шанси за одлагање на изборите. Колку подолго е Македонија без парламент и без влада со полн капацитет и легитимитет, колку се поголеми шансите за хаос и незадоволство во земјата, толку се поголеми се шансите на ВМРО да профитираат од сенародната несреќа. Нивната политика е најглупавата и најзла партиска политика од кога постои светот и накусо гласи вака: избори не смее да има додека државата ја држи корона катастрофата под контрола. И уште: на изборите сигурно ќе победиме, но ако се распишат – ќе ги бојкотираме!

# ОД АПСУРД ДО ГЛУПОСТ

**13.06.2020**

> Апсурдот и глупоста се најтаинствените и воедно најчудовишните безмерно распространети феномени, што практично никогаш не биле сериозно допрени и анализирани од високата наука.

Ако од невнимание, од досада или – што е уште полошо – од желба да биде умнокорисен и да ја промисли стварноста, човек реши да се замисли над фактите што секојдневно и безмилосно се нижат македонската општествено-политичка сцена, тешко ќе се одбрани од напливите очај и разочарување, што потем ќе ги прекријат бранови гнев и разјареност, за на крај да се најде на работ на нихилизам, апатија и глува индиферентност. Се разбира, спасението е секогаш на дофат доколку несреќникот има сила и интуиција да се истави од центарот на сопствената перцепција, значи да исчекори вон зоната во која суверено владее неговата сензибилност, подалеку од неговата секогаш кревка личност обвиткана со повеќеслојна преѓа од емоции (меѓу кои самосожалување-

то несопирливо налегнува со топол и нежен кашмир врз самото его) и да се обиде со бистри ненасолзени очи да ја анализира виулицата од апсурди и глупости што беснее во библиската земја.

За жал, апсурдот и глупоста, се најтаинствените и воедно најчудовишните безмерно распространети феномени, што практично никогаш не биле сериозно допрени и анализирани од високата наука. А се работи за феномени далеку почудни и понеобјасниви од сите злогласни мистерии на универзумот: црните дупки, субатомските партикули, темната енергија и уште потемната материја што ја исполнуваат вселената. Сите тие феномени на далечните рабови на познатото кои ги допираат само најострите и најиспружените научни врвови, зад кои целото човештво е тапо и глупо, се посфатливи и потранспарентни од најраспространетиот феномен во човековиот универзум – човечката глупост. А последнава, пак, според „Филозофијата на перцепцијата и глупоста" произлегува од основното својство човеково да перципира, од кое се раѓа амбицијата да се направи невозможното: да се редуцира нашето иманентно незнаење за светот што нѐ опкружува и да се предвиди непредвидливата иднина. Глупоста се раѓа токму од начинот на кој поединците, групите и народите управуваат со овој процес на посегање по невозможното и менаџирање на неуправливото.

Научните истражувања се всушност само екстензија на принципот на амбициозната перцепција, како што вели Ленокс во неговата филозофија: еден „невозможен обид за редукција на глупоста". Зашто, глупоста е темелно својство на органскиот живот, вели филозофот, и ме покрива – како што тоа го правеше мајка ми кога заспивав безгрижно под нејзините крилја – со меки и мазни по-

кривки, со ткаења на утеха, блаженство и спокој, со спасоносна мисла дека не сме само ние во библиската земја проколнати со глупоста што владее со нашата стварност. Тоа да ти било темелно својство на сиот органски живот на планетата!

И така утешен, погледнувам со бистри очиња на нашава општествено-политичка калварија и сфаќам дека очајот и гневот на сите оние несреќници на кои нашава стварност им ги топи мозоците, произлегува од тешкотијата, безмалку невозможноста да се разликува апсурдот од глупоста. А разликата е огромна и исто толку важна за разбирање на македонските вечно транзициски премрежиња. Тоа е така зашто нашата политичка сцена се состои од тие два елемента, во кои се претворија праисконските сили на доброто и злото, на нас добрите и на вемерето како агент на злото. Силите на доброто во Македоња се толку испразнети од филозофија и идеологија, што се жално немоќни во исправањето на изопачената држава што презема да ја водат. И, следствено, сè што ќе направат се претвора во апсурд. Додека за силите на злото, апсурдот е само отскочна штица за нивните секогаш весели и вдахновени скокови во чистата глупост. Токму затоа, разликувањето на апсурдот од глупоста е многу важна дисциплина за секој разумен и добар Македонец.

Апсурдот е појава што е во зоната на разумот, зашто ги опишува состојбите, изјавите и мислите што се резултат на погрешно резонирање, додека глупоста воопшто не е во врска со разумот – таа е вонразумна, бесмислена, ослободена од сите стеги и скрупули на рациото. Апсурдот е слепа улица на погрешното заклучување или исходиштето на исправно заклучување врз основа на погреш-

на претпоставка, додека глупоста е лишена од секакво значење и смисла, и како што веќе реков, таа е во простор во кој не владеат закони, па поради тоа не е оптоварена од никаква логичка или рационална гравитација.

Апсурдот го произведуваме сите кога пресериозно пристапуваме кон проблемите на животот, обидувајќи се да ги решиме најразумно што е можно, меѓутоа, сето тоа со погрешни претпоставки и со несоодветни и декапацитирани алатки. Глупоста ги негира, односно ги третира како да не постојат конвенциите на логиката, јазикот, значењето на зборовите, моралните и естетските вредности и доблести. Апсурдот – токму обратно – премногу се труди и инсистира на нив, така доведувајќи ги во погрешен контекст и доведувајќи ги во противречност со самите себеси. Глупоста не се мачи во ниту една ситуација, таа никогаш не нуди решенија, зашто се смета решение за сè; таа е талент за јавно просерување без срам и образ, таа излегува од вемерето како опојна музика што ја произведува славејот во љубовен занес, несвесно и глупо, а заводливо за сите што како нив имаат славејски мозок голем колку зрно грашок.

Така, нашата добра власт реди апсурди од самиот почеток: од третирање на злосторничкото здружување како легална опозиција, до обидите да се реформира вмровската државно-правна планина од гомна со нејзино покривање со проѕирен псевдодемократски тил и мрежести чорапи. А последново полугодиште го помина редејќи апсурди ко мониста: влегувајќи во предвремени избори со самодеградирачки правила смислени за соборување на вмровската диктатура, потоа трудејќи се да бидат суперлегалисти го укинаа Парламентот на

неодредено време за конечно да упаднат во пандемиска криза и вонредна состојба во политички и уставно-правен апсурд, без преседан во историјата.

За тоа време ВМРО креира глупости, левитирајќи во бестежинските простори на бесмислата и танцувајќи на црна позадина во звуците на Штраусовите валцери: првин лаеја за власта како да се тие „шарените", а власта вмровска, бараа предвремени избори како да се легитимна опозиција, а не злосторничко здружување што треба да биде затворено, за на крај да рикаат како професионалните селски плачипички дека избори не смее да има зашто биле опасни по живот?!

Но, разберете, чеда мои вмровски: изборниот ден не е поопасен по здравјето и животот отколку што е тоа секој божји работен ден за сето време на карантинот и полицискиот час. Да се отиде и да се гласа почитувајќи ги заштитните здравствени мерки е помалку опасно отколку да се отиде на пазар, во маркет по леб или во аптека. А да се биде еден ден во избирачки одбор е помалку опасно од кој било работен ден на илјадниците продавачи, касиерки и други вработени во „есенцијалните" дејности, а да не ги спомнувам во овој контекст здравствените работници. Господари на глупоста, кој не знае дека изборите се потребни и безбедни, ќе го сфати тоа само слушајќи го вашето глупаво сквичење!

# МЕЃУ ЗБОРОТ И ЗНАЧЕЊЕТО

**20.06.2020**

> Зборовите го губат своето значење во секоја авторитарна или тоталитаристичка пропаганда, во секоја несреќа што неумоливо им ја одзема слободата на луѓето.

Таму каде што зборовите почнуваат да го губат своето значење, луѓето неизбежно ја губат својата слобода. На оваа моќна теорема, што ја парафразирав со свои зборови, веќе не ѝ го паметам авторот, но таа никако не ми излегува од глава. Ќе да беше некој од древните кинески мислители, но тоа веќе и не е важно, зашто нејзината евидентна точност ја прави актуелна во сите оловни времиња. Зборовите го губат своето значење во секоја авторитарна или тоталитаристичка пропаганда, во секоја несреќа што неумоливо им ја одзема слободата на луѓето. Зборовите најчесто го губат своето значење под дејство на активна пропагандна злоупотреба или умислено изопачување на нивното значење. Орвел ја преточил оваа вистина за значењето на зборовите во неговата дистопија

„1984“, во литературен и семантички пароксизам. Такви се оксиморонските равенства од светот на Големиот брат: „Војната е мир. Слободата е ропство. Незнаењето е сила“. Да, „омразата е љубов“, „лагата е вистина“ и други, веќе кога ќе ги изговорите почнуваат да ви создаваат магла и да ви ја намалуваат видливоста на мисловниот хоризонт, но кога ќе ги напишете и препрочитате неколкупати, тие ви го претвораат мозокот во чорба. Најужасното во овие очигледни злоупотреби на значењата е тоа што по некое време предизвикуваат заблуда дека – како ги преживате во мозокот – почнува да избива некое ново значење од нив, некоја вистина чие име мислата веќе не може да го изговори.

Интересно е што растечката неписменост и „оксиморонизам“ не е секогаш резултат на зла намера или пропагандна деструкција, туку обратно, настанува спонтано и дисперзно како топла гнила реа од тресетиште, и може да се смета за непогрешлив симптом на лоши времиња во кои губењето на слободата и не е секогаш видливо, но е неумоливо. Такви се, на пример, економските еуфемизми, всушност оксиморони, породени од либералистичкиот тоталитаризам (кој оксиморон, нели?), или, како денес најчесто го нарекуваат – од неолиберализмот. Во безброј економски извештаи, медиумски коментари или сериозни студии зад кои се потпишале ММФ или Светската банка или СТО, наместо зборот „пад“, „паѓање“ или „пропаѓање“ на производството, прометот или што и да е, ќе го сретнете малоумното оксиморонско „негативен раст“. И никому око да му трепне – се навикнуваме на изразот и немаме гајле. Пред некој ден забележав дека во сите официјални тендерски материјали и јавни

повици, спуштањето на цената на понудувачите се нарекува „негативно наддавање“, ви се верува?

Во пандемијата на ковид-19 загубата на слободите беше преочигледна за да ви ја докажувам, почитувани читатели, со примери на исчезнување и изопачување на значењето на зборовите. Но најспомнуваната и сеприсутна синтагма во оваа планетарна несреќа – со исклучок на нејзиното безброј пати повторувано вирусно име – е иритантното „социјално дистанцирање“. Нема службена врата, нема плакат, оглас, медиумска објава, вест, коментар, изјава или препорака, под целото божје небо на целата сина планета, а да не се истакне социјалното дистанцирање – и тоа од точно 2 метра!? Ќе речете, ситничав сум, но оваа ужасна бесмисла ми го гребе мозокот упорно и редовно, при секое спомнување. Зарем никому не му пречи тоа што во целата социологија нема социјална појава што може да се мери во должни метри?

Најстрашното е што на сите им е јасно дека се работи за физичка дистанца, дека се мисли на телесна оддалеченост од два метра, дека се цртаат шеми за чекање со линии на растојание од два метра само заради физичката дистанца. И сè поради физичкото пренесување на оваа вирусна зараза преку капкичките што ги испуштаме со дишење и со говор, кои ја постигаат опасната густина до два метра од човекот. Социјално дистанцирање е прекин или „заладување“ на односите, што секогаш се однесува на меѓучовечките односи, социјалните контакти и интензитет на комуникација. Социјалното дистанцирање, значи, не може да се изрази во метри, а со два метра може да се искаже само и единствено физичката дистанца!

Или пак, инсистирањето – исто толку упорно колку и погрешната и бесмислена „социјална дистанца од 2 метри“ – на изразот дека некој што бил во контакт со позитивен на ковид-19 бил испратен во „самоизолација“. Каква значенска мешотница: доколку пратите некого дома со потпишана изјава – под материјална и кривична одговорност – дека нема да излегува 14 дена, вие сте го пратиле човекот во куќен притвор или, ако сакаме да сме помеки во изразот – во „изолација“. Доколку сакавме да нагласиме дека човекот може и самиот да реши да се стави во изолација, конечно, и во тој случај префиксот „само“ е непотребен, зашто самиот да се ставиш во самоизолација е ако не глупо и погрешно, а она сигурно одвишок или народски – плеоназам. Значи: самиот не можеш да се ставиш во „самоизолација“, а доколку друг те стави – е тогаш не е „самоизолација“, туку е најмалку „изолација“. Го тенчам многу?

Но анализата на погрешно употребените зборови може да ви даде зачудувачки луциден увид во работите и да ви каже за намерите на тие што ги изговориле, за состојбата на нивната свест и што сè не. Исто како што недостигот на реакции и помирливото прифаќање на оксиморонските изрази со погрешно значење може многу да ни каже за состојбата на општеството, слободата, правата, граѓанската свест и достоинство. Еве, на пример, кога ќе чуете дека еден шеф на партија на почеток на политичката кампања ќе го исфрли слоганот – Албанец за премиер! – веднаш ќе ве изненади длабочината на очајот што стои зад тој повик.

Нема да навлегувам во анализа на изгледите и позициите на ДУИ кај нивниот електорат, зашто навистина не знам ништо за тоа, но самиот предизборен слоган непо-

грешно укажува дека нивните сопствени анализи им покажале дека се егзистенцијално загрозени од политичката конкуренција. Конечно, Албанец не е политичка програма, ниту може да биде политичка понуда. Исто како што „Македонец за премиер“ е апсолутна бесмислица, како што е тоа и секое друго изопачено претворање на етничка припадност во политичка понуда или – што е уште полошо – во политичка програма.

Очајничкиот обид да убие две муви со еден удар – да го обедини албанскиот електорат околу идеја што воедно ја обесмислува суштината на изборната демократија – покрај очајот на авторот, еманира и со еден друг луциден увид. А тоа е дека самото спојување на зборовите „Албанец“ и „премиер“ ги испразнува од значење, од доблести, односно од вредносна содржина и едниот и другиот. Овој слоган укажува дека за да бидеш премиер не е потребна никаква хумана вредност, доблест, способност, знаење, карактер или харизма, а од друга страна на „Албанецот“ од слоганот ништо од тоа и не му е потребно. Па, кој нормален човек – особено помеѓу Албанците – посакува таков премиер?!

# ЗГРБАВЕНИ И НИСКО НАВЕДНАТИ КРЕТЕНИ

**27.06.2020**

> За најотровната телевизиска програма што им ги разнебитува мозоците на луѓето од сите возрасти, за предизборните платени политички огласи кои се најчесто најдолен политички кич, порнографија и перверзија, чие гледање без никакво сомневање на човека му остава трајни ментални оштетувања – не постојат никакви ограничувања?!

Зарем не е чудно што со закон е пропишано дека најсработените продукти на филмската и на телевизиската продукција – филмовите, сериите, дури и емисиите од областа на културата и образованието, мора да бидат категоризирани според нивната содржина и евентуална штетност по најмладите гледачи и, поради тоа, на почетокот да имаат ознака на возраста под која емисиите не смеат да бидат гледани од младите или можат, но „во присуство на старател“? Напредните демократски држави својата грижа за менталното здравје на ранливите групи гледачи ја искажуваат со овие предупредувања пред секоја емисија, според некаква проценка за нивната евентуална „неприличност“ или „штетност“, а неретко излегуваат и предупредувања за луѓето осетливи на

сцени на насилство, бруталност или други потенцијално штетни влијанија по гледачите. Оваа грижа, сосем разбирливо, ја протера порнографијата во категории дозволени само „за возрасни“ или сосем вон законот.

Од друга страна, за најотровната телевизиска програма што им ги разнебитува мозоците на луѓето од сите возрасти, за предизборните платени политички огласи кои се најчесто најдолен политички кич, порнографија и перверзија, чие гледање без никакво сомневање на човека му остава трајни ментални оштетувања – не постојат никакви ограничувања?! Доколку во филмската приказна некои чичковци и тетки се бацуваат или се соблекуваат и прават некакви чудни и смешни движења (за кои сите знаеме дека не им пристојат на припадниците на човечкиот род), пред филмот задолжително стои предупредување дека тој не е наменет за оние под 12, 16 или 18 години. Но, доколку во ек на предизборна кампања, потпишани како „платено политичко огласување“, се емитуваат чудовишно невкусни, глупави и деструктивни ментални фекалии, и тоа во животно загрозувачки и смртоносни дози, тие зрачат слободно во етерот, без какви и да е предупредувања, за сите возрасти од популацијата, за сите ранливи групи, неселективно и сеуништувачки?! И, никому ништо?

Вие веќе погодивте, почитувани читатели, дека воведот цели да ја стави во реален – општествен и правен – контекст, кусата, но премногу речита филмска предизборна порака на ВМРО-ДПМНЕ, наречена „Исправи се, Македонијо“ или така некако. (Можеби грешам, но не смеев да го отворам и проверам насловот зашто и од првото гледање одвај ја избегнав библиската судбина на Лотовата сопруга што погледнала наназад во огновите со кои

суровиот и семоќен Јахве ги согорел грешните градови Содома и Гомора.) Додуша, морам да признам дека од чисто и наивно незнаење, ризикував Јахве да ме престори во солен столб, зашто од првата секунда на видеоспотот закачен за пријателска порака на Вибер, сметав дека се работи за симпатична зафрканција што некои млади ја пуштиле во промет како пародија на вмровските предизборни пораки.

Но, кога сфатив дека станува збор за вистинската вмровска продукција, за есенцијата на нивната политичка понуда, веднаш го свртев погледот, ужаснат и препотен, со срцебиење високо во грлото, и со плитко и засипнато дишење! Сосем за малку, за дел од секунда, избегнав да се претворам во солосан столб, зашто гледањето во неизмерниот амбис на вмровската глупост е исто толку деструктивно како и погледот назад кон сеуништувачкиот библиски бес на Јахве. А, конечно, ова беше уште една потврда на библиските димензии на вмровската глупост, која – како и Јахвеовите небески огнови – создава пеколен гравитациски вител, во кој бесмислата ги претвора во солосани кретени сите што предолго ќе се загледаат во неа.

Меѓутоа, како и во сите библиски сказни – поука мора да има, па и јас се осмелив да се присетам и понизно и богобојазливо да ја анализирам суштината на вмровската предизборна порака за историските и неповторливи парламентарни избори на 15 јули од господовата 2020 година. Елем, насловната порака за исправање на библиската земја, несомнено го содржи почетниот гранитен став на вмро за тоа дека денешната Македонија и сите нејзини жители се свиткани, згрбавени или ничкосани, со еден збор недостоинствени ништожници. Оваа

префинета метафора потоа во спотот се продлабочува во низата на сцени во кои сите слоеви и возрасни групи во вмровската Македоња го поминуваат денот и животот свиткани допола, катадневно, од утро до вечер. Тоа е скринингот на затекнатата состојба, основниот појдовен структурален елемент на секоја средношколска политичка кампања.

Следува пораката до сите вмровски поданици на Македоња да се исправат, што во спотот се случува согласно проверениот библиски рецепт: со чудотворен допир од божјиот пратеник, пророкот Мојше во старозаветната скаска, или синот божји, богочовекот Јешуа (на грчки – Исус) во Новиот завет. Во политичкиот оглас на вмро, улогата на пророкот или на богочовекот ја има лицето Жмицко, кој во библиски манир, без двоумење или некаква одглумена афектација, убедливо и божествено, со демиуршки допир на Семоќниот, ги исправа згрчените рабови на Македоња Норд. Спотот тука завршува, пораката е силна и трогателна: „Згрбавени рабови македонски, допирот на светиот Жмицко ќе ве исправи сите, зашто само вмровската глупост ќе ви го врати изгубеното достоинство.“ Потребни ли се додатни објаснувања?

Не, додатни објаснувања не се потребни. Но, сепак. Од спотот, ако ништо друго, може да се процени состојбата на свест на најмакедонската од сите македонски политички опции во историјата, и, исто така, може да се деривира и нивниот став кон нивниот електорат, најмакедонските жители на Македоња. Тој звучи вака: 1. Вмроните на чело со Жмицко се клинички кретени. 2. Сите Македонци што се декларираат како вмровци следбеници на Жмицко се клинички кретени. 3. Сите клинички кретени од македонска провениенција се згрбавени робови.

4. Сите згрбавени робови што се клинички кретени ќе станат исправени клинички кретени по чудотворниот допир на Пророкот Богочовек Жмицко. Политичката порака на ВМРО е тука исцрпена.

Вистинската поука од оваа библиска телеолошка анализа на вемерето е дека додека траат извонредните катастрофични околности во кои злосторничката ВМРО е легална партија во РСМ, предизборниот молк треба да трае 20 дена пред изборите или најмалку колку што трае предизборната кампања. Доколку тоа не е можно, платените политички огласи на вемерето да се означат со XXX и да се емитираат како и секоја друга порнографија, по полноќ, со ознака „Само за возрасни кретени“ и со отворање со шифра со 26 разнородни карактери. Ако ни тоа не е можно... а, зошто, по ѓаволите, не би било?

# ФАКТИТЕ СЕ ВЕДНАШ ТУКА

**27.06.2020**

> Најдобрите партиски кампањи се само досадни и празни, додека мнозинството изобилува со полуписмени флоскули, нереални ветувања и бладања, а оние вмровските - на дното од понудата – се во доменот на политичката порнографија, персоналните линчови, гнасните лаги и клевети.

Кажете што сакате, но никој не може да ме убеди дека предизборната кампања е потребен, рационален и веродостоен елемент од парламентарната демократија. Еве и зошто. Основна премиса на парламентарната демократија е дека таа е систем на владеење во кој носителот на државниот суверенитет – граѓаните – го делегираат својот дел од суверенитетот гласајќи за политичка партија за која сметаат дека на најдобар начин низ практикување на власта ќе се грижи за нивната добробит и за просперитетот на целото општество. Пеки. Тоа значи дека суштината на парламентарната демократија, срцевината на нејзината веродостојност, лежи во способноста на суверениот граѓанин да направи исправна проценка

на политичката понуда и да донесе одговорна одлука базирана пред се на факти и докази.

Но, во предизборните политички кампањи не виреат ниту фактите а ниту пак доказите. Најдобрите партиски кампањи се само досадни и празни, додека мнозинството изобилува со полуписмени флоскули, нереални ветувања и бладања, а оние вмровските - на дното од понудата – се во доменот на политичката порнографија, персоналните линчови, гнасните лаги и клевети. Значи, единствената татковина на фактите е искуството, а единствената ментална алатка да се дојде до него е паметењето.

Заклучокот би бил дека од дваесетте дена заглушувачка бучава исполнета со ветувања, маркетиншки спинови, измамнички фалсификати и мачкања на политичките противници со кал, носителот на суверенитетот што треба да ја избере најдобрата политичка опција има само штета и упаѓа во состојба на анксиозност и дезориентација. Наместо тоа, времето за политичката кампања треба да се прогласи за предизборен молк, и да се престори во една конструктивна тишина во која граѓаните на мира ќе си стават прст на чело и ќе си приспомнат што партиите и политичките елити навистина правеле во изминатата деценија и кусур, и кои се релевантните факти што треба да одлучат кому граѓанскиот суверен да му го подари својот скапоцен глас.

Конечно, доколку граѓанинот толку важна одлука донесува врз основа на ветувања искажани во три хаотични недели, тогаш со сигурност можеме да кажеме дека одлуката е неодговорна и произволна. А доколку претпоставиме дека тој – суверенот - нема долгорочно сеќавање за сопствениот живот и татковина, а одлуките ги

донесува врз основа на краткорочната меморија што кај луѓето и приматите трае околу триесеттина секунди, е тогаш и парламентарната демократија е илузија втемелена на погрешни претпоставки. Како и да е, во двата случаи предизборната кампања е непродуктивна и непотребна.

Но, да се вратиме на фактите што се најрелевантни за одлучувањето за овие историски, пандемиски парламентарни избори во истоштената Македонија. Се што требаме да знаеме за двата главни политички опоненти – СДСМ и ВМРО-ДПМНЕ – се случило во минатите години, и ништо, ништо во кампањата што трае. Елем, треба ли да се потсеќаме во каква општествено-политичка и геополитичка катастрофа не доведе „преродбата" на ВМРО-ДПМНЕ од 2006 до 2017 година? Ми се гади од повторувањето, но таа злосторничка дружина ја окупираше македонската држава, создавајќи од неа класична фашистичка диктатура, во која изврши стопување на партијата со државниот апарат; го партизираше општеството подвргнувајќи го на декултурација и кретенизација; системски ги врза економските и политичките моќи во партиска државно-капиталистичка мафија што ја ограби земјата за најмалку десеттина милијарди евра; ја унакази престолнината претворајќи ја во светска престолнина на кичот, а националниот идентитет и достоинство ги престори во шизофрено самоспознавање на ментално болна личност; ги закочи до безнадеж процесите на нашите евроатлански интеграции и ја доведе во прашање геополитичката егзистенција на земјата.

Како заклучок, можеме да се сложиме дека ВМРО беа исклучително добро организирани и завидно ефикасни – со војничка пирамидална структура на мафијата – во де-

капацитирањето на сите државни и културни институции, и исто толку успешни во остварувањето на нивните вистински програмски цели – да ја потчинат, ограбат и уништат Македонија.

А, СДСМ? За нивното тригодишно владеење нема што многу да се рече. Го срушија деценискиот авторитарен полициско-мафијашки режим на ВМРО, го демонтираа општиот страв во земјата и ја урнаа пирамидалната структура на диктатурата што ги беше вклештила сите аспекти на животот; го разрешија апсолутно најтешкиот триесетгодишен меѓународен јазол со грчкото вето и со бугарското тивко и упорно спорење, и ја обезбедија геополитичката егзистенција на Македонија и дефинитивното и потполно меѓународно признавање на македонската нација и јазик. Но, за жал, не успеаја да ги избришат бетонските фекалии – спомениците на фашизмот – распослани по Скопје, не им појде од рака ниту да го реформираат судството и не го вратија институционалниот капацитет на државата на нивото на кое беше пред вмровското уништување; не ги сменија илјадата неписмени, штетни, глупи и нефункционални вмровски закони што се сеуште на сила.

И повторно, како заклучок можеме да сумираме дека СДСМ ги потрошија трите години на решавање на „небитни и минорни“ надворешнополитички проблеми, а на внатрешен план манифестираа значајно послаба ефикасност во исправањето на вмровските недела, во споредба со исклучителната организираност и исполнителност на ВМРО во вршењето на нивните злостори. Затоа, почитувани читатели, не ја слушајте бучавата на предизборната кампања, туку украдите миг да си приспомнете за фактите од минатото. Тие се веднаш тука, во вашите глави.

# ЗАБОРАВЕНИТЕ ХЕРОИ

**25.07.2020**

> Тарашкајќи по овие детски сеќавања, сфаќам дека во колективната меморија на градот – ако таа празна соба денес воопшто постои во Скопје? – е сосем заборавена вистинската причина за неподносливиот жежок „шарм“ на предземјотресните скопски лета.

Да личеше она јаросно скопско лето 1963-то на денешново, безмалку пролетно, ковидно лето, разгневениот земјотресен змеј ќе проголташе илјадници животи повеќе и ќе ја претвореше катастрофата во уште понезамислива човечка трагедија. Меѓутоа, тоа горешто лето сонцето пржеше со таква бесна силина, што веќе доста време пред 26 јули го беше престорило Скопје во град сосем неподобен за живеење. Токму поради таа легендарно неподнослива скопска жештина, тој јули скопјани го беа веќе напуштиле градот, секој кај што ќе стасаше: многумина на Јадранско Море, други на нашите езера, а најголемиот број кај баба и дедо на село, така што кога зататни земјата и го распукна градот на парчиња, тој, за среќа, беше полупразен.

Навистина, овој злосреќен парадокс отскокнува и во бројките што се црнеат во личната карта на скопскиот земјотрес од 1963 година. Во градот што тогаш броеше одвај 200.000 жители, цели 160.000 останаа без дом, бидејќи беа урнати 15.766 живеалишта, а уште околу 13.700 беа сериозно оштетени. И покрај ова масивно рушење на градбите, животите ги загубија 1.070 скопјани – ненадоместлива загуба на блиски луѓе – но како за исклучително разорен земјотрес со јачина од дури 9 Меркалиеви степени, настрадаа невообичаено малку луѓе. Да бевме со затворени граници како летово, веќе болно залегнати во нашите дувла, со пријатни мајски температури што нè галат цел јуни и јули, земјотресот ќе го сотреше скопското племе.

Ах, тие предземјотресни „изгор лета“ што ги облија сеќавањата на моето детство со прејака светлина, која рефлексно ми ги подзамижува очите на секое припомнување; што ги обоија тие слики со прозрачна небесна светлосина и со нијанси на скопската прашина по која везден талкавме; што ги обрабија со сосушени зелени, пепливи резеди и избледено жолти преливи на крајпатната трева што како карнер ги красеше сите земјени тротоари на градот (освен центарот и неколку главни улици што се ширеа од него, безмалку сите беа земјени). Тарашкајќи по овие детски сеќавања, сфаќам дека во колективната меморија на градот – ако таа празна соба денес воопшто постои во Скопје? – е сосем заборавена вистинската причина за неподносливиот жежок „шарм“ на предземјотресните скопски лета. Тоа не беа спржените денови во кои погледот на градот се брануваше и се заматуваше од горештина, како чад од цигара на омарно пладне, туку беа застојаните и безветерни претопли

ноќи, од кои не само возрасните туку и ние, децата, не можевме да заспиеме.

Но да се вратам на нашата дефектна колективна меморија. Жешките скопски ноќи исчезнаа од сеќавањето, затоа што исчезнаа и од градот, постепено заладнуваа, за во седумдесеттите веќе да ги снема за да не се вратат до денешен ден. Што се случи, ќе прашате. Скопје ја менуваше својата микроклима со истото темпо како што растеа дрвјата и другото шумско зеленило на Водно, коешто од гола кафеноцрвена планина на која успеваа само ниски и жилави џбунови на зеленика и клека, се престори во шума густо покриена со јасени, дабови, борови, габер, костен и уште којзнае колку други видови дрвја и ниско шумско зеленило. Таа шума е резултат на систематските пошумувања на планината, кои се случуваа од крајот на педесеттите години, се интензивираа во шеесеттите и завршија со крешендо во седумдесеттите. Паметиме ли кој ги изведе тие грандиозни зафати од непроценлива корист за градот? Според материјалното паметење на градот, спомениците и имињата на улиците, тие далековидни државници ќе да беа Тодор Александров, ВМРО и Мајка Тереза. Или, можеби грешам?

За уништеното земјотресно Скопје може со сигурност да се постави и една друга хипотетичка, но брилијантно вистинита импликација. Да не беше челичната волја на Јосип Броз Тито, кој реши да го обнови градот од темели и да го претвори во крунски доказ на моќта на братството, единството и солидарноста на југословенските народи, Скопје ќе беше и ден-денес пеплосана паланка во која ќе царуваа урнатините. Тито беше тој што ја обезбеди финансиската и секоја друга помош, што за нестварно кусо време го крена градот и му ја изгради денешната инфра

и супраструктура. Помошта што југословенската и светската солидарност ни овозможи да се кренеме од пепел е денес незамислива: вкупната штета беше проценета на 2,4 милијарди тогашни американски долари (читај денешни 19 милијарди долари), но вистинската вредност на обновата до крајот на седумдесеттите изнесуваше повеќе од 40 милијарди долари, од кои странската помош изнесуваше околу една денешна милијарда, а сиот останат финансиски товар од обновувањето на Скопје, го понесоа народите на Југославија.

Е, сега, гледајќи според застапеноста и масивноста на нашите паметници-благодарници, Јосип Броз Тито не само што нема заслуги за постоењето на македонската држава и за обновувањето на уништеното Скопје, туку е веројатно и непостоечка личност, непроверена гласина, а најзаслужната за обновата на нашиот град е никој друг туку Мајка Тереза лично. А, кога веќе ја спомнав, дали некој се прашал што Мајка Тереза навистина направила за Скопје? Што таа и нејзиниот ред презема кога ги слушнаа вестите за катастрофата што го уништи нејзиниот роден град? Не се мачете – не презема ништо.

Конечно, се сетив и на летото 1965 година, кога моите родители се нагрбија со потрошувачки кредити за уредување на нашето живеалиште, и со тие пари потегнаа со децата на едукативно семејно патување со разгледување на културните и уметничките чудесии на Италија. Патувавме со куфери полни со Гавриловиќеви конзерви, тешки ко бронза, влегувајќи во секој музеј и галерија и шетајќи ги сите архитектонски знаменитости од Венеција, преку десетина други градови, Рим и сè до Неапол и Помпеи. Нема да ви раскажувам што се видов и научив, туку од што се шокирав најмногу. Неверојатно беше

што како што патувавме кон југот на Италија, се зголемуваше количината на урнатини од Втората светска војна во градовите во кои се воделе тешки битки. А, Неапол – тој град што бездруго треба да се види пред да се умре – беше целиот во урнатини, во кои живееја луѓе како старци и во кои царуваа илјадници подивени мачки! И тоа беше 20 години по војната, истото лето 1965 во кое – кога се вративме во Скопје – веќе не можевме да видиме ниту една единствена урнатина од земјотресот што уништи 85 отсто од градот, само две години пред тоа!?

Елем, заборавот со кој им се заблагодаруваме на оние што нè кренаа од прашина, исто како и културата на славење на измислени, лажни и криминални „национални величини“, ја чинат клиничката слика на нашата тешка морална и самоспознајна болест. Ние, кутрите, денес не сме способни ниту да ги спознаеме вистинските контури на културната катастрофа што ни се случуваше до пред три години, а камоли да ги исчистиме отровните последици од катастрофата – споменициите на вмровскиот фашизам, што уште арогантно се перчат по центарот на Скопје.

# КОЛЕЖ НА МОЗОЧНИТЕ НЕВРОНИ

**01.08.2020**

> Сликите и пораките што на детето му се случуваат во првите 14 години живот – додека уште не формирало вистинска долгорочна меморија и систем на вредности, знаења и мисловни вештини за проверка и селекција – пресудно влијаат на внатрешната невронска архитектура на мозокот.

Човечкиот мозок е без секоја сомнеж најсложениот орган во целиот универзум, и не е претерано да се каже дека вселената може да се гордее со тоа свое чедо. Мозокот се состои од приближно 100 милијарди невронски ќелии, а функционира преку нивното меѓусебно синаптичко асоцирање, така што ако се земе предвид дека секој неврон може да создаде десеттина илјади синаптички врски со сите други, бројот на асоцијации што создаваат „мисли“, „слики“ или други ментални продукти го надминува бројот на атоми во целата вселена. Оваа веќе научно потврдена „математика“ ги чини теоретските можности на мозокот практично несомерливи, а неговите капацитети потполно несфатливи, но, за жал, овие интергалактични доблести се фундирани на еден

исто толку голем парадокс. Имено, мозокот го шета на рамења најирационалното и најглупавото животно што го породила еволуцијата на живите видови – човекот.

Сепак, во полза на ова чудо, вреди да се сознаат неколку основни, до скоро неоткриени и ширум светот непознати факти. Тие почнуваат со фактот дека огромниот бебешки мозок се зголемува во првата година од животот дури за 101 насто, за до деветтата година да достигне 95 отсто од својот возрасен волумен, кој го достасува околу тринаесеттата година од животот. Меѓутоа, неверојатното е дека бебето се раѓа со најголемиот број невронски ќелии во мозокот, кој додека трае процесот на бурното растење на неговиот волумен е проследен од парадоксален процес на самоуништување на нервните ќелии во него. Ова масивно кастрење и отстранување на невроните е всушност процес на внатрешно структурно уредување на мозокот, во кој тој самиот низ учење го обезбедува своето оптимално и ефикасно работење, задржувајќи ги само најважните синаптички врски и најтрајните и највредни асоцијации. Приказната ја прави уште понеoff неверојатна фактот дека на крајот од процесот на самоуништување мозокот на возрасниот човек има цели 41 отсто помалку невронски ќелии од новороденчето. Што е најужасната последица од оваа неверојатна невронска сага? Сликите и пораките што на детето му се случуваат во првите 14 години живот – додека уште не формирало вистинска долгорочна меморија и систем на вредности, знаења и мисловни вештини за проверка и селекција – пресудно влијаат на внатрешната невронска архитектура на мозокот.

Последиците од овој возбудлив и непредвидлив процес на самокреација на мозокот, во кој погрешните и ираци-

оналните асоцијации и однесувања стануваат невронската основа на нашиот идентитет, нашето јас, значи нашата судбина, нè плават катадневно, на секој чекор, и упорно во секоја ситуација. Еве на пример, пандемијата што стана нашата нова секојдневица. Огромен е бројот на луѓе што не веруваат дека таа воопшто постои; кој знае колкав е бројот на оние што поверувале дека Сарс Ков-2 вирусот постои, но е измислен и раширен од некои зли центри на моќ; и колку е мал бројот на оние – од оној преостанат број за кои можеме да речеме дека на рамената не шетаат парче бостан, туку нормален орган на разумот – што се однесуваат „нормално" односно разумно?

Да ги земеме заштитните маски за пример. Од сето она што науката успеа со сигурност да го утврди досега е дека вирусот се пренесува и шири по пат на капките и капкичките – аеросолите што ги испуштаме со дишење, говор, кашлање и кивање. Тоа значи дека заштитната маска е единственото и најефикасно средство за заштита и намалувањето на ширењето на заразата. Меѓутоа, маската има смисла да се носи само во затворени простории со повеќе луѓе, додека нејзиното носење надвор е не само некорисно, туку и сосем бесмислено. Но онаа мала бројка разумни луѓе што веруваат во постоењето и опасноста од пандемијата, маските главно ги носат надвор – каде што тие служат единствено како фетиш, амајлија, заштитна реликвија и, машала, против уроци – а кога ќе се приберат во канцеларија, или кафеана или друга пријателска или семејна средба, е, таму ги соблекуваат со чувство на олеснување и безбедност.

Парадоксалното однесување во пандемијата се множи и шири на безброј ситуации, од кои веројатно една од

најгрдите и најглупавите е стравот на соседите од луѓето што оболеле и оздравеле (!) од инфекцијата!? Па, тие се најбезбедните луѓе во доба на пандемијата: тие се имуни на вирусот и не можат ниту да заразат некого ниту да бидат заразени, за разлика од сите други! Џабе се рационалните објаснувања, зашто веќе одамна погрешно составениот мозок ја создава својата економична вистина составена од гласини, начуени глупости и знаци. Вирусот е невидлив и апстрактен, додека за овие што оздравеле „се збори" дека биле болни, и крај на приказната!

Нашата свест целиот живот ги произведува само прималните глупости на кои сме налетале во раните години од развојот, па заштитната маска нема врска со начинот на нејзината употреба, туку со фактот дека таа во мозокот е претворена во заштитен знак, талисман или амајлија. Врв на оваа ужасна ментална грешка е фотографијата што ги прошета медиумите, на која е снимен маркет на чија врата стои дека е забрането да се влегува без заштитна маска, а до објавата е обесена заштитна маска што им служи на сите муштерии за да ја стават на влезот, да пазарат и повторно на излегување да ја обесат за да може да ја стават сите следни муштерии. Јако, а?

Иако корона-примерите за менталните грешки што генерираат глупаво однесување се длабоко вознемирувачки, пред сѐ поради суровата убиственост на вирусот, сепак имаме пример среде Скопје на уште посмртоносно и понеразумно однесување на жителите на библиската земја. Замислете – во светло на опишаната невролошка сага за формирањето на човечкиот мозок во првите години од животот, и тоа преку уништување на безмалку половина од сопствените невронски ќелии – замислете како се формираат мозоците на нашите деца и внуци

што првите 14 години од животот го минуваат во малоумниот вмровски паноптикум, со чудовишно големи, одвратно лажни, невешто и погрешно изделкани, и криминално подигнати споменици од т.н. „Скопје 2014“?!

Врз основа на таа разулавена опредметена безумност нашите златни деца немаат друг избор отколку да ги самоуништат во сопствените мозоци сите навистина потребни неврони, задржувајќи ги за цел живот оние во кои се врежале монструозно глупавите, грди и лажни споменици, што стојат недопрени веќе трета година по „ослободувањето“ од вмровскиот фашизам. А, ние сите – сосем обратно од случајот со невидливиот вирус за кој немаме имагинација да го замислиме – мижиме со отворени очи одминувајќи ја причината за менталната смрт на нашите деца, како овие културоцидни споменици на злото и глупоста воопшто и да не постојат.

# КАБИНЕТ-ПАРК НА ЛОШИОТ ВКУС

**15.08.2020**

> Да се применеше ова мериторно начело, луѓето да зборуваат само за она што го знаат, во Библиската земја ќе настанеше мртва тишина, а помеѓу Маврово и Берово, и од Преспа до Паланка, дење ќе се слушаа само скрежовите, а ноќе успивниот ритам на штурците.

Факт е дека мнозинството на секоја наша кафеанска маса старата изрека „за вкусовите не се расправа“ ќе сака да ја прогласи за универзално употреблива, особено при оценката на дела од сите области на уметностите. Малку повнимателен увид во материјата ќе не доведе и до вистината дека горното квалификувано мнозинство нема да се стега како прашање на личен вкус да ги прогласи и сите нешта од областа на урбанизмот, архитектурата, социологијата и други општествени науки, па дури и од медицината.

Поднапиените варваро-гении од библиската земја во меѓувреме станаа толку уверени во овој кретенизам, што за општата практика за сè  произволно и малоумно

да се дебатира и „толкува"од страна на секоја жива душа веќе не вреди ниту да се дискутира.

Варваро-генијската пракса за сè да се има не само мислење туку и мериторно да се пресудува, прерасна во основно човеково право, прашање на човечкото достоинство што го стекнуваме со самото раѓање како луѓе. За истото време, универзалното начело дека сè е прашање на вкус – а особено значењето на зборовите и правните норми – и дека сè е лизгаво, лигаво, полупровидно, чадливо и заматено, та дека толкувањето на „истото" во потполност зависи од волјата на секој горд носител на гените на Букефал, веќе одамна се применува не само во градењето и одржувањето на светскиот центар на лошиот вкус – Скопје 2014, туку и на области како што е правото – особено уставното и управното право – и, воопшто, на секој сегмент од функционирањето на однатре разнебитеното македонско општество и држава.

Во сета таа заглушувачка бучава од некомпетентни гласови што татнат за секоја тема под божјето небо, веќе не постои ниту сеќавање на платонскиот и кантовскиот просветителски принцип – кој некому денес можеби ќе му се стори премногу елитистички – дека правото на глас во поединечни области на уметноста, науката, техниката и другите области на животот, исто како и правото да биде слушнат од сите, му припаѓа најповеќе и предимствено на оној со најмногу знаење, умеење и искуство од конкретната област. Така што, да се применеше ова мериторно начело, значи, луѓето да зборуваа само за она што го знаат, во библиската земја ќе настанеше мртва тишина, а помеѓу Маврово и Берово, и од Преспа до Паланка, дење ќе се слушаа само скрежовите, а ноќе успивниот ритам на штурците.

Во Кантовото колосално дело „Критика на моќта на просудувањето“ е втемелена не само модерната филозофска естетика, туку и модерното сфаќање на човековата моќ да просудува и да носи квалитативно пондерирани судови, но во Македонија – некогаш симпатична модерна државна творба во која еднаш процвета една сосем автентична модерна култура – самото спомнување на филозофската естетика, на Кант или конечно на што и да е што треба да се чита низ стотици печатени страни – а не срочено во 140 карактери – веќе се смета за општествено неприфатливо однесување или манифестација на лош вкус.

Од аспект на ова цивилизациско пропаѓање интересно е да се спомне дека пред еден век во Германија се случил токму обратен процес на градење на модерниот вкус и голем пресврт во перцепцијата на германските производи, и тоа како последица на напорите модерната филозофска мисла да се вгради и пренесе преку модерна естетика на целата предметна стварност и на тој начин да се „образува“ широката публика и целиот свет.

Оваа мисија ја презема на себе здружението на уметници, дизајнери, архитекти и индустријалци наречено Дојче Веркбунд, кое е директниот претходник на епохалниот двигател на модерниот свет наречен Баухаус, а во кое од самото основање учествуваа гиганти како што се Петер Беренс, Бруно Пол и Лудвиг Мис Вандерое. Но, зошто ви пишувам за оваа за македонската кафеана досадна езотерија, почитувани читатели? Заради идејата на еден од истакнатите членови на Веркбунд, историчар на уметност и музеалец, Густав Пазарек, кој препорачал да се озакони праксата секој музеј на уметности да има „соба на ужасите“ во која ќе се излагаат примероците на

најдолниот вкус, со образовна функција односно „драстичен третман“ за егземпларно искоренување на лошиот и евтин вкус во популацијата.

Пазарек успеал да собере колекција од безмалку илјада предмети што „ги навредуваат очите“, кои ги изложил во Штутгардскиот државен музеј во неговиот „Кабинет на лошиот вкус“. Тој напишал и книга во која го дал можеби најдеталниот опис и категоризација на кичот и на природата и објектите на лошиот вкус, во која го категоризирал лошиот вкус во четири категории – „грешки во материјалот“, „дизајнерски грешки“, „декоративни грешки“ и „кич“. Негово наследство се и брилијантните описи на поткатегориите на лошиот вкус, како што се „декоративна бруталност“, „агресивен националистички кич“, „ефтина оригиналност“, „претенциозни материјали“ и други.

Нели ви паѓа в очи, почитувани читатели, дека сите категории на лошиот вкус и сите поткатегоризации на генијалниот Густав Пазарек се директно применливи во описите на споменициите, градбите, фасадите и урбаната опрема на т.н. „проект Скопје 2014“. Всушност, вмровската диктатура злоупотреби една милијарда народни пари – сосем спротивно на поучниот кабинет на Пазарек кој со драстични контрасти на музејските бисери го образувал населението на добар вкус – овој пат за да ја претвори целата престолнина во „Кабинет на лошиот вкус“ во кој на целото население – од децата што едвај прогледале до возрасните што веќе се помируваат со се што ќе видат – лошиот вкус им се наметнува со државен авторитет како стандард за самоидентификација, како норма врз која секој жител на библиската земја ќе го вреднува сиот свет, како фундамент за градењето на новиот малоумен

македонски светоглед и за цел еден перверзен систем на невредности. На агресивен и претенциозен националистички кич што без остаток и без ислучок е репрезент на најдолниот вкус, произведен од состојба на дух што може да се квалификува како клинички кретенизам.

Оставањето на овие споменици на државниот криминал, на диктатурата на лошиот вкус и на владеењето на неправото, 24 часа 7 дена во неделата да ја вршат својата функција на активни обликувачи на свеста на младите жители на библиската земја и нивно претворање во клинички кретени со первертиран светоглед, ќе има пострашни последици и од пандемијата ковид-19 и од нејзините економски консеквенции. Поради тоа, аргументите за нереалноста на барањата за дислокација на овие споменици на диктатурата на лошиот вкус потекнуваат само од луѓе чијшто светоглед е веќе потполно преразграден и изопачен од радиоактивното дејство на истите овие заумни дела.

Верувајте ми на збор: единствен начин за спас на нацијата, и единствен можен модус за повторно воспоставување на владеењето на разумот, правото и добриот вкус во измалтретиранaта Македонија, е тие да се изместат од центарот на Скопје и да се поместат во образовниот центар „Кабинет-парк на лошиот вкус", лоциран некаде меѓу Дрисла и Никаде.

# ИСТОРИСКА САМОЖРТВА

**22.08.2020**

> Magistra vitae е парафраза од Цицерон, исечок од најдобриот опис на историјата до денес: „историјата е сведок на времето, светло на вистината, живот на паметењето, учителка на животот, гласник на старите времиња, посветена исцело на бесмртноста“.

Едно дамно време, кога во гимназија сериозно учевме старолатински, уште на првите страници од учебникот налетувавме на поучната изрека: Historia est magistra vitae, со значење дека историјата му е учителка на животот. Се сеќавам, во тоа време историјата ни беше досадна, а ни латинскиот не котираше многу високо во младешките приоритети, па од поуката за поучноста на историјата како да не ни остана ништо во главите. Но, подоцна, како што ги „ситнев“ децениите од животот, го сменив мислењето за историјата, и тоа дијаметрално. Со само чифт децении задоцнување сфатив дека историјата не само што му е учителка на животот, туку дека тој, кутриот, и нема друга.

Самата изрека за magistra vitae е парафраза од Цицерон, исечок од најдобриот опис на историјата до денес, кој гласи приближно дека „историјата е сведок на времето, светло на вистината, живот на паметењето, учителка на животот, гласник на старите времиња, посветена исцело на бесмртноста“. Колку бев изненаден во длабоката вистинитост на Цицероновите зборови, кога тарашкајќи по историјата на стариот свет наеднаш го сменив сфаќањето за некои аспекти на поновата историја, а и на сосем актуелни појави. Читајќи за можеби првата голема империја на светот – Персиското царство, на прескок, на сосем миракулозен начин ми пукна пред очите дека генетското, длабоко всадено антимакедонство на ВМРО, таа одвратна деструктивна енергија што зрачи од вемерето со ладен светлозелен сјај и упорно и злобно ја уништува македонската културна посебност, дека тоа всушност да ти било израз на највисокиот патриотизам и саможртва на оваа злосторничка организација, доблест вредна за вечно паметење?!

Значи, таму некаде кон крајот на шестиот век пред нашата ера, персискиот цар Дариј Први, со одлично организирана професионална војска и редок талент за управување, го консолидирал своето големо царство, кое во тоа време ги дофаќало границите на светот. За да ја заокружи територијата на царството, Дариј презел невидена воена турнеја, по копно, реки и мориња. Експедицијата тргнала од денешен Кашмир, па низводно по Инд, низ пустината Тар, па во Индискиот Океан; околу Арабискиот Полуостров, па во Црвеното Море, каде го прокопал стариот и запустен канал што го поврзувал морето со реката Нил, за по него да стаса до Медитеранот, по кој ја завршил турнејата во своето најзападно големо градско

упориште Сард, на малоазискиот потконтинент, веднаш до грчките колонии Јонија, Лидија и Карија, на дофат на Егејското Море.

Ширејќи се така во сите правци, Дарие налетал на северните и северозападните граници од своето преголемо царство на огромни пространства населени со номадските племиња кои Херодот ги викал Скити. Скитите биле посебен вид номади, со високоразвиена култура, предметна технологија, јавачки и воени вештини и посебен вид на филозофија на животот. Го населувале непрегледното пространство помеѓу Волга, Каспиското и Црното Море, и понатаму на запад, по сливовите на големите реки Дон, Днепар, Днестар и Дунав. Во време кога Дариј решил да ги нападне, тие го населувале просторот помеѓу Дон и Дунав. За да ги потисне Скитите, Дарие соградил цела армада воени бродови што требале да го отпловат Егејот и да влезат преку Босфор во Црното Море, од каде ќе упаднеле во Дунав. За тоа време, Дариј со огромна копнена војска градел патишта и напредувал кон Босфор, при што за да го пријде мореузот и за првпат да стапне во Европа, неговите воени инженери го изградиле првиот понтонски мост во историјата, кого Есхил го опишал како „залепен мост, стегнат со јажиња“.

Кога конечно дошле до скитската земја, војската на Дариј се соочила – повторно за првпат во пишуваната историја – со најжестоката одбранбена тактика на војувањето: со голата, напуштена и запалена земја на Скитите. Имено, итрите Скити не прифатиле директна битка, туку се повлекувале со целото население длабоко во својата земја, затрупувајќи ги сите извори на вода и бунари, палејќи ги притоа степите, сеното и храната од каков било вид.

Оваа тактика на повлекување и потполно уништување на сопствената земја, набргу ја довела до исцрпување најподготвената армија на светот, и Дариј морал да се врати дома, посрамен и без победа.

Тактиката на воено повлекување во длабочината на сопствената територија, при што таа се уништувала за да го доведе непријателот до исцрпување, е применета илјади години подоцна, во 1812 година, за време на Наполеоновата инвазија на Русија, и тоа од страна на руската армија командувана од генералот Кутузов. Руската армија се повлекувала со битки и уништување на населбите и храната сè до Москва, по што тргнала во противнапад што ја уништил Наполеоновата голема армија и завршил со триумфално влегување на руската армија во Париз. Зборот „бистро“, со кој Французите и ден-денес ги викаат малите кафулиња со можност за пиење „од нога“, останал како сеќавање на овој настан. Имено, зборот „бистро“ го извикувале руските војници во Париз при секоја нарачка алкохол во париските меани, што во рускиот јазик значи „брзо“, или поточно – брзоо!!!

А, каде е тука ВМРО? Уште не погодивте? Па, нивното опсесивно уништување на Македонија, ограбување на сите животни ресурси на татковината, палењето на залихите на македонската писменост и разум, труење на изворите на македонската културна посебност и затрупување на бунарите на нашата надеж за една нормална политичка атмосфера на соживот и просперитет, сето тоа – од историска перспектива – да ти било вмровската воена тактика на крајна и самопожртвувана одбрана на светата македонска земја од сите можни, евентуални и непостоечки надворешни непријатели што се намериле да извршат инвазија на нашата домаја!

А, јас, будалетинка, толку време бев убеден дека тие ги ограбуваат и уништуваат македонските добра и ги трујат изворите на нашата надеж, од себични партиски и лоповски мотиви. Еве и сега – на уште неизгласана нова влада – вмровците самопожртвувано ја трујат македонската јавност со отровот на нивните загадени умови, повторувајќи ги до кретенизам истите обвинувања против новата влада за дела што тие систематски ги правеа повеќе од деценија.

Фала ви за одбраната на татковината, самопожртвувани бранители на Македоња! Со успешната тактика на уништување на земјата, не само што ја правите неинтересна цел за сите надворешни непријатели, туку и уште повеќе: таа со вас ќе стане неживеежна и за нејзините внатрешни непријатели – жителите на Македонија. Историјата нема да ја заборави вашата жртва!

# ФЛОСКУЛИ ЗА ПОЧВАТА, ВОЗДУХОТ И ВОДАТА

**28.08.2020**

> ВМРО не може да обезбеди политичка атмосфера и демократски просперитет на повисоко ниво од најдолното, значи ништо повеќе од чемерна, тупава и досадна, но затоа јадосана, озлобена и огорчена политичка мизерија, и тоа през целото време што нѐ очекува.

Доколку се ориентираме според учебничките принципи и начела на современата демократија, за нејзиното најпросперитетно остварување е потребна силна и конструктивна опозиција, која ќе ѝ „дише во врат“ на власта и, со конструктивно учество во решавањето на проблемите на општеството – критички анализи, но и потпирање на добри решенија – ќе го обезбеди идеалниот демократски перформанс со „проверки и усогласувања“ на целиот систем. Доколку ова е точно – а тоа е невозможно да се провери, особено поради преголемата досада што избива од материјата, од која веќе по минута или две нормалниот човек паѓа во кататонички сон – тогаш ние ја имаме најлошата од сите можни демократии, и тоа само затоа што ја имаме најмизерната опозиција на светот.

Во игра се четири можности: веќе спомнатата најдобра, силна и конструктивна; потоа слабичка и конструктивна; па слабичка и деструктивна; и конечно најлошата: силна и деструктивна опозиција. Ние, во нашата незаменлива и непрежалена Македоња, во вмрото ја имаме силната (по број) и деструктивна (во секоја смисла) опозиција која, барем согласно учебниците по демократија за тупаци, не може да обезбеди политичка атмосфера и демократски просперитет на повисоко ниво од најдолното, значи ништо повеќе од чемерна, тупава и досадна, но затоа јадосана, озлобена и огорчена политичка мизерија, и тоа през целото време што нѐ очекува.

Немав намера да пишувам за вемерето и неговото погубно влијание на политичката јавност во библиската земја, зашто – како што напишав погоре – веќе од едно читање на напишаново, главата почнувам да ја чувствувам тешка и здебелена и ми се засилува ѕвонењето в уши, та очигледно ризикувам мозочна парализа во следните минути... Сепак, не можам да му устојам на искушението да коментирам една во помин слушната изјава на висок функционер на вмро, на членката на извршниот комитет на злосторничката дружина Дафина Стојаноска, која покрај другото изјави: „Имаме влада и предлог за премиер кој денес гледаме дека заборави на реалните проблеми, а говори општи флоскули и фрази за почвата, воздухот и водата.“

Како, дали добро слушнав? Морав да гуглам во изјавите на видните вмровци – како човек да тарашка со голи раце, практично со гол мозок, по длабочините на септичка јама – за да прочитам она што само слушнато ми изгледаше неверојатно, за што го обвинив моето веројатно веќе затврднато ушно тапанче. Но, не: сум ја слушнал изјавата сосем прецизно. И, да, мандатарот се обвинува

за несогледување и заборавање на „реалните проблеми", што го покрива со „општи флоскули и фрази" за најмаргиналните и непостојни проблеми на денешнината, за „почвата, воздухот и водата".

Тешко ми е да се занимавам со анализа на овој разорно малоумен исказ, но морам. Кога некој ќе каже дека денес, на планетава – исто како и во секое нејзино катче, па било да е тоа и библиската земја – проблемите на почвата, воздухот и водата да ти биле непостоечки, „нереални", и дека зборувањето за нив е ништо повеќе од тресење „општи флоскули и фрази", што имаат за цел само да го одвлечат вниманието на граѓаните од „реалните проблеми", не може да не ме опфати тивка, но длабока, животозагрозувачка тага. Си мислам – колку треба некој да биде „туп, глуп и неспособан за даље школовање", за денес да ги нарече „општи флоскули" проблемите на „почвата, воздухот и водата"?

Денес, кога загадувањето на земјата и водата на глобално ниво синергично се преплетува со климатските промени, при што оваа плетенка создава толкави турбуленции во атмосферата, земјата, водата и глобалната биоценеза, што веќе никој не може да ги предвиди чудовишно разорните последици по човештвото, и тоа не во далечната иднина, туку во годините што се непосредно пред нас; денес, велам, кога најважните проблеми истопорени пред човештвото – проблеми што ќе го одредат неговото преживување или исчезнување – се проблеми на „почвата, воздухот и водата", челници на „силната но деструктивна" опозиција изјавуваат дека се тоа „општи флоскули и фрази"? Постои ли опозиција на планетава што до таа мерка не може да ја согледа реалноста, стварните проблеми и приоритетите на земјата, како што е тоа нашата несреќна ВМРО?

А, што се однесува до исказот „општи флоскули и фрази“ – знам дека е ситничарење во споредба со погоре опишаниот чудовиштен отклон од стварноста – морам да напомнам дека се работи за израз на сирова неписменост на говорникот, тап и арогантен простотилак што не го знае значењето на странските зборови, но не може да му устои на нагонот да ги употребува. Флоскула, значи, доаѓа од латинскиот flosculus, што значи цвете, цветно ливче, а во фигуративна употреба означува говорнички украс, при што во денешно време најчесто се употребува како пејоратив, со значење на „фраза“ односно празна фраза. Така што, да кажеш „општи флоскули“ е бесмислено, зашто нема „посебни“ фолскули, а да кажеш „флоскули и фрази“ не е реторичка или поетски ритмичка тавтологија, туку обичен простачки плеоназам, зборовен одвишок, прекумерен збор или, народски искажано – редундантен говор.

Но, кога веќе го отворивме најстрашниот проблем на денешнината, проблемот на „почвата, воздухот и водата“, се прашувам: дали новата влада навистина ќе го сфати проблемот на климатските промени исто толку сериозно колку што тупавата вмро не го сфаќа воопшто, и дали ќе реши да го сопре разулавеното криминално сечење на нашите шуми, што ќе ја предизвика ерозијата на нашата почва, што потоа нема да може да ја задржи во себе нашата вода, која ќе истече – носејќи ја земјата со себе – во „Бјалото ни море“; и дали ќе направи сè што е можно, под синото ни небо, да го замени огревното дрво со друг понезагадувачки и понесуициден енергент, што нема да го прави отровен нашиот воздух? Се надевам – да. Зашто, за сиот жив свет на планетава, исто како и во зашеметената Македонија, нема ништо поскапоцено од „почвата, воздухот и водата“.

# БРОДОЛОМ НА ЦИВИЛИЗАЦИЈАТА

**05.09.2020**

> Однесувањата што до пред половина година се сметаа за социопатија и психолошко нарушување или, во најмек случај, однесувања што се сигурен симптом за луѓе што му припаѓаат на спектарот аутистички состојби, денес се препорачливи или дури задолжителни однесувања.

Во романтичната филмска комедија „Добро колку што може“ (As good as it gets), која беше светски хит во раните деведесетти, Џек Николсон доби Оскар за главна машка улога, играјќи човекомрзец што страда од сериозни – и урнебесно смешни – опсесивно компулсивни психички нарушувања. Одлепениот лик што Николсон маестрално го одигра на големиот екран, одбегнуваше близина со сѐ живо, одеше смешно по краевите на тротоарот, тетеравејќи се во напор да не нагази на фугите помеѓу павер-плочите. Типот одбегнуваше да се поздравува и да се допира со луѓе и често ги миеше рацете, отворајќи ги вратите и чешмите со лакти, секогаш со нов и неотпакуван сапун.

По киносалите на планетата овие сцени предизвикуваа урнебесна смеа, без оглед на која географска широчина или должина филмот бил гледан. Немаше некој да не ѝ се смее на таа несоцијална, гадлива и психолошки „гранична“ личност. Сите се смееја, зашто без оглед на локално различните обрасци на однесување, тој изопачен карактер беше репрезент на до смеа неприфатливото ненормално.

Денес, по само шест месеци пандемиска психоза, целиот свет тоа однесување – осамувањето, симптоматската мизантропија, асоцијалната опсесивна микробофобија, со хистерично и повторливо миење на рацете и слично – не само што го смета за прифатливо и нормално, туку и сето друго се смета за неприфатливо, ненормално и неодговорно однесување, што заслужува морални, но и кривични санкции. Можен ли беше поголем пресврт на вредностите, односно побрзо изопачување на морално прифатливите обрасци на однесување? Не, не е можна поголема инверзија, ниту поголем пресврт, зашто не постои нешто подијаметрално поспротивно од дијаметрално спротивното и ниту една планетарна промена на насоката на историското движење од цели 180 степени никогаш не била изведена во толку кусо време!

Однесувањата што до пред половина година се сметаа за социопатија и психолошко нарушување, или во најмек случај, однесувања што се сигурен симптом за луѓе што му припаѓаат на спектарот аутистички состојби, денес се препорачливи или дури задолжителни однесувања. Та дури тие се препорачуваат и наредуваат како задолжителни, се печатат како упатства, се објавуваат, повторуваат, цртаат, анимираат, снимаат и повторуваат, повторуваат и повторуваат, на сите медуими за комуникација,

екрани и екранчиња, ѕидови, билборди, влезови, фасади, ќошиња и предмети.

Дека ова асоцијално опсесивно компулсивно однесување е единственото заштитно средство во борба со смртоносниот вирус, односно единствен начин да се задржи и забави ширењето на заразата, тоа им е на сите нормални луѓе сосем јасно. И дека други средства за заштита не се измислени на целата планета, како што не е измислен ниту специфичен медицински третман на болеста што ја предизвикува вирусот САРС-Ков-2, и тоа ни е на сите кристално јасно.

Она, меѓутоа, што никому не му е јасно, се природата, големината, контурите и димензиите на последиците од ова психолошко, социолошко и вредносно салто мортале, што човештвото го прави како единствена заштита во одбраната на голиот живот. Зашто, богатството на социјалните интеракции, колективното образование, заедничкото учество во уметничките настани и во другите човечки игри, спортови и рекреација; практично есенцијата на културниот врв на човековото постоење на земјата, токму тој еволутивен шпиц е сринат од страна на пандемијата, полижан со еден потез од вирусното чудовиште и отфрлен како корнет, наопаку зашлапан на тротоарот на историјата.

Но има нешто сомнително во оваа брзина, и оваа неподнослива леснотија со која човештвото кротко и дисциплинирано – некогаш сомнително одушевено, некогаш колебливо и неубедливо бунтовно – го прифати откажувањето и укинувањето на најпрефинетите плодови на културната и политичка еволуција, придобивките од битките за хуманистичките вредности во последните три века. Не може човек да не се запраша дали оваа по-

корна подготвеност или подготвеност на покорување на целото човештво, не е само разоткривање на веќе корумпираните и дерогирани вредности, по веќе предолгото време поминато во нивното изопачување за време на три-четирите последни децении од глобалното владеење на капитализмот? Мора да ќе да е тоа.

Ако фрлиме поглед наназад, на 20 век, и на неговите најсветли и највисоки дострели, веднаш ќе ги забележиме движењата што ја славеа човечката солидарност, човечност и основните права, интернационализмот, рационализмот и просветителството, како врвни универзални вредности на хомо сапиенсот и на човештвото. Во трите децении по Втората светска војна се остварија – на планетарно ниво – највисоките дострели на сите овие идеали, а нивните активни двигатели беа левичарските движења на комунистите, социјалистите и социјалдемократите. Од 80-тите и 90-тите години од векот, сведоци сме на пропаѓањето на сите прогресивни леви движења, сите видови на синдикално организирање и воопшто движења што се борат за тие универзални вредности на егалитарноста и солидарноста помеѓу луѓето. До ден - денес – за сиве овие 40 години глобализација и изопачување на идеалите на слободата, еднаквоста и солидарноста – не се појави ниту еден морален еквивалент на пролетерскиот интернационализам, како што тоа луцидно го дефинираше Малуф.

Глобалниот т.н. неолиберален капитализам ја претвори екстремната нееднаквост во доблест, осиромашувањето и поробувањето на цели популации го нарече компетитивност, а правото на верско застранување стана поважно од работничките и социјалните права. Светот сè помалку ѝ верува на науката и разумот, ги релативизи-

ра фактите и го корумпира образованието, а магиското мислење, теориите на заговор и масовното враќање кон верската закоравеност, религискиот фундаментализам и затапената селско-провинциска состојба на духот, стануваат карактеристиките на историскиот регрес и тешкото застранување на текот на културната еволуција на човештвото во 21 век.

Всушност, и пред пандемијата светот веќе ги беше изопачил основните морални и културни вредности со кои го обезбеди развојот на општествата во последните три века. Капитализмот, тоа нехумано чудовиште што знае само да ги проголта земјините ресурси – луѓето, животните, растенијата и сета природа, стана посакуваниот крај на историјата и рај на земјата; додека социјализмот, таа најхумана идеја откога постои хомо сапиенсот, стана отпадок на историјата, зандана на народите и мачилиште?! Колку темелна кретенизација требаше човештвото да претрпи за да го голтне – и да го ужива како задолжителен и секојдневен оброк – идиотлакот од кој на човек му се топи мозокот: да се третира враќањето кон предаторскиот капитализам од 18 век и од 19 век како напредок на човештвото, да се доживува регресот кон класно и кастинско општество како револуционерно, социјализмот да се третира како конзервативен и застарен, а новото глобално финансиско ропство и колонијализам како напредно, ново и просперитетно?! Пандемијата само ја разоткри стварноста на глобалниот капитализам, а кризата што ја преживуваме е само нејзина перцепција, да не речам откровение.

# КОЈ ИМА ЌЕ ЗАИМА, КОЈ НЕМА ЌЕ ЗАНЕМА

**12.09.2020**

> Веќе секому би требало да му е јасно дека пандемиските црни статистики не зборуваат толку за својствата на вирусната зараза колку за реалностите на економските, социјалните, културните и геополитичките состојби во кои глобалниот либерален капитализам го има втурнато светот и пред да се појави пандемијата на седмиот коронавирус.

Го слушам, по којзнае кој пат, задгробниот глас на Ленард Коен; ја пее нашата сиромашка и чемерна народна поговорка, „кој има ќе заима, кој нема ќе занема“; си мислам како и народната и Коеновата црна поетика на контроверзен начин, гледајќи ѝ на безнадежта в очи, го слави духот човечки што ги надвјасува и им пркоси на сите несреќи. Пее тој во незаборавната „Сите знаат“: ...сите знаат дека војната заврши / сите знаат дека добрите изгубија / сите знаат дека борбата беше наместена / сиромашните остануваат сиромашни, богатите побогати / така си врват нештата / сите знаат...“

Моќниот глас на Коен, со боја на распукан бакарен сад во кој се претура и шуми кварцен песок, ја најавува, неколку стихови потаму, и нашата денешна пандемија: „и сите знаат дека чумата доаѓа / сите знаат дека надира таа

пребрзо...“ Јасно е дека Коен старата вистина што „сите ја знаат“ – дека сиромашните ќе занемаат, додека богатите ќе заимаат уште повеќе, ја комбинира со универзалната поговорка што ја опишува нашата денешна глобална ситуација: дека несреќата никогаш не доаѓа сама.

Веќе секому би требало да му е јасно дека пандемиските црни статистики не зборуваат толку за својствата на вирусната зараза колку за реалностите на економските, социјалните, културните и геополитичките состојби во кои глобалниот либерален капитализам го има втурнато светот и пред да се појави пандемијата на седмиот коронавирус. Најочигледниот пример доаѓа од најбогатата земја на светот: бројките на умрени од ковид-19 ја открија суровата вистина за земјата „лидер на слободниот свет“ во која вирусот убива непропорционално повеќе афроамериканци отколку припадници на „белата раса“, многу повеќе од помалку имотните етнички групи отколку од побогатите белци, сè на сè – непропорционално повеќе сиромашни отколку богати.

Вирусот биолошки не прави разлика помеѓу луѓето, но испадна дека некако повеќе ги сака оние што немаат имот и пари, да го занемаат и здравјето, па и животот. Бројките на умрени од пандемијата неумоливо говорат за нееднаквоста на Американците, зашто на перверзен начин сакаат да ги имитираат постојните имотни разлики помеѓу етничките групи што ја населуваат земјата на неотсонуваниот „американски сон“. Така, црнците умираат 3,6 пати повеќе од белците; автохтоните Американци (т.н. Индијанци) умираат 3,4 пати повеќе, а Хиспанците 3,2 пати повеќе од белците. Неправедно, одвратно и безнадежно, нели?

Но, глобалната корона-чума предизвика и невидено голем застој и пропаѓање на светската економија, што пак го вовлекува светот во несомерливо голема должничка

лавина, која – веќе погодивте – на брутален начин ја открива самата перверзна суштина на капитализмот, лапидарно изразена во формулата: кој има ќе заима, а кој нема, богами, ќе занема уште појќе.

За што се работи? Сигурно знаете дека задолжувањето го уредува рутинското – но не помалку сурово, безмалку садистичко – правило дека секој позајмувач е оценет според критериумот на економска моќ и платежна способност, со кредитен рејтинг според кој се одредува каматата со која ќе го враќа кредитот. Тоа понатаму значи дека колку е позајмувачот во потешка состојба, и колку е посиромашен и позадолжен, толку поголема камата ќе треба да плаќа. Сосем логично, нападно фер, ќе речете дури и хумано, христијански сомилосно.

Но, чекајте, приказната за каматите тука не завршува, зошто има и повеќе и погнасно: најбогатите и најмоќните имаат толку добар кредитен рејтинг што кога тие позајмуваат пари на финансискиот пазар, тоа го прават со негативни каматни стапки. Што значи дека оние што ним – на моќните и на богатите – им позајмуваат пари, треба да им плаќаат камата за тоа! Невозможно? И тоа како е можно: денес светските моќници, кога земаат кредит, на негативни камати заработуваат помеѓу 1 и 2 проценти, додека кога даваат кредит на посиромашни од себе, заработуваат на камати просечно помеѓу 3 и 5 проценти. Јасно е дека најтемелната вредност на капитализмот – креативната компетитивност – е шарена лажга за ментално ретардирани, зашто системот е уреден по принципот „кој има ќе заима, а кој нема ќе занема“, или како што стариот Ленард пееше: ма, кој меч, кои бакрачи: „борбата беше наместена“.

Но, местенката со камати не е само сигнал за инхерентната неправедност и морална корумпираност на капитализмот, зашто вкупниот промет со заеми и обврзници со

негативни камати укажува и на нешто уште позагрижувачко. Имено, последниве години постои тенденција на сè поголемо и помасовно вложување во хартии од вредност – државни и корпоративни обврзници – со негативни камати, што укажува на сè поголемото недоверение на носителите на капитализмот, сопствениците на капиталот, во самиот капитализам. Последнава година глобалната вредност на обврзниците „со негативен принос“ (оксиморон со значење „со пад на вредноста“) надмина 16 илјади милијарди долари. Всушност, повеќе од четвртина од сите обврзници во промет денес се со негативни камати, што, почитувани читатели, сите од нас што поседуваме повеќе од милијарда долари во хартии од вредност треба особено да нè загрижи.

И, на крајот, доколку капитализмот – кој е заснован на профитниот мотив – системски се префрлува на негативни камати, што ќе рече, не инвестира ниту во производство ниту во иновации, туку губи до два проценти плаќајќи ја само сигурноста на стапката со која му се топи капиталот, но одбегнувајќи големи ризици, е тоа значи дека 0,1 отсто од човештвото што го поседува целиот свет ја губи довербата во системот што му го обезбедил пљачкосувањето на планетата. Како што вели економскиот аналитичар од кого ја подначив приказната за негативните камати: „Се чини дека инвеститорите имаат помалку доверба во капитализмот од просечна троцкистичка секта“.

Трагичниот дел од овие критични економски показатели не е дека 0,1 насто од човештвото почнува системски да не верува во капиталистичкиот систем и со таа недоверба да ги поткопува темелите на системот, туку дека тие ништожници го поседуваат целиот свет, сите нас топтан, и дека процентите што тие ги губат ќе ги платат оние што ги немаат, оние од кои парите претходно биле земени. А тоа сме ние, почитувани читатели, и никој друг.

# ОТКРОВЕНИЈАТА НА „ОБЈАСНУВАЧКИОТ МЕМОРАНДУМ“

**19.09.2020**

> Бугарија, бугарскиот јазик и бугарската етничка посебност постојат отсекогаш, а Македонија, македонскиот јазик и македонската етничка посебност не постоеле никогаш, па дури ни денес; македонскиот народ е бугарски по дефиниција, но е измислен во 1944 година од титовите србокомунистички партизански банди; „таканаречениот“ македонски јазик е прекунок фалсификуван, итн.

Го прочитав „Објаснувачкиот меморандум за односите на Република Бугарија со Република Северна Македонија во контекст на проширувањето на ЕУ и процесот на асоцијација и стабилизација“ и, како да ви кажам, почитувани читатели, се запрашав дали тапата болка во главата ми е последица од светлосниот шум што ми влегол неконтролирано низ ширум отворените црнки (поради дијагностичка офталмолошка интервенција некој час порано) или ваков девастирачки ефект врз мојот централен нервен систем успеаја да постигнат – и без медицинска помош – само гнасните бугарски просерувања во „Објаснувачкиот меморандум“? Втора мисла што ми се проби низ густата „објаснувачка“ смрдеа што ми го загади умот беше повторно нејака, амбивалентна мисла,

поточно дилема. Треба ли еден возрасен човек, роден како Македонец пред 65 години, во најеманципираната, најхуманата и морално највисоко поставената земја на светот – Социјалистичка Република Македонија, во составот на славната Титова Социјалистичка Федеративна Република Југославија; треба ли човекот воопшто да чита вакви фекални четива, а не пак да си ги валка умот и душата, одговарајќи и реагирајќи на нив?

Што да дебатира човек со ѓоа аргументацијата во „објаснувачкиот меморандум", која се сведува на следниве „цврсти" и „историски неспорни" ставови: дека Бугарија, бугарскиот јазик и бугарската етничка посебност постојат отсекогаш, а Македонија, македонскиот јазик и македонската етничка посебност не постоеле никогаш, па дури ни денес; дека македонскиот народ е бугарски по дефиниција, но е измислен во 1944 година од титовите србокомунистички партизански банди, додека „таканаречениот" македонски јазик е прекуноќ фалсификуван (од истите комунистички злосторници и проклети антифашисти) и тоа од локалниот бугарски дијалект или како што вели „објаснувачкиот" – со „секундарна кодификација или прекодификација", и така натаму, и на тоа слично. Во меморандумот се тркалаат брбошки, се премесуваат лепешки, се развејуваат курешки, се дробат стврднати лајна и се истураат товари, век и половина стари великобугарски гомна, без конец и крај...

Нешто, меѓутоа, не може да му се префрли на овој сублимат на бугарската државна провинциско-империјалистичка мисла, а тоа е дека е лажен. Навистина, меморандумот е осветлен со чедна, безмалку детска искреност! Во „објаснувачкиот", бугарската држава, ко единаесетгодишно машко дете што ѝ плаче на мајка си в скут, го от-

плака јавно, urbi et orbi, својот неостварен санстефански сон: дека Бугарија е од Дунав до Бјалото Море, и од Охрид до Чарното Море, и дека лошите чичковци (клетите Титови партизани) ѝ ги украле најромантичните територијални бисери (Македонија, пред сѐ) и нејќат да ѝ ги вратат, иако таа (Бугарија) прва ја признала македонската независност, со јасна претпоставка дека тоа требало да биде решителниот чекор кон историското враќање и соединување на забеганите македонски братја во пазувите на мајката Блгарија. На единствената и Целокупна Блгарија. Трогателно, патетично и за емпатична личност како мене, четиво тешко за читање, зашто како да ги гледам жалта и солзите блгарски што го натопиле и ондулирале сиот хартиен материјал на меморандумот.

Екстрактот и главната поента на целото плачипичесто „објаснување" на братската соседна држава е формулирано во две слатки реченици, уште во самиот вовед. Велат „с`штите хора": „Пристапниот пат на Република Северна Македонија дава драгоцена можност за нејзиното раководство да се прекине со идеолошкото наследство и практиките на комунистичка Југославија. Процесот на проширување не смее да го легитимира етничкиот и јазичниот инженеринг што се случил за време на поранешните авторитарни режими". Има ли потрогателно искрена, братска и, пред сѐ, реалистичка желба? Единствен и лесно остварлив услов на Бугарија, за нашиот пристапен од кон Европа, би бил да го поништиме и заборавиме периодот од „етничкиот и јазичниот инженеринг" што се случувал од 1944 до 1991 година, а се протркалувал и до денес; да го помножиме со нула периодот на создавањето на македонската држава и еманципацијата на македонската нација, јазик и култура, и да се

вратиме на среќните времиња од бугарската фашистичка окупација, или барем да се телепортираме назад низ времето, до 1878 година, директно среде санстефанскиот митолошки рај?!?

Меѓутоа, нема да верувате почитувани читатели, но ова мачно качување по планината од псевдоисториски гомненици во „објаснувачкиот“, не беше попусто самоизмачување, зашто погледот од кафената планина, чија реа го бранува воздухот дури до стратосферата, ми овозможи неверојатен увид во нашата сопствена историја и стварност. Ми откри дека меморандумот блгарски не е само „објаснувачки“ туку е и откровителен, зашто на совршено јасен начин ја открива историската, идеолошката и политичката истоветност на великобугарското антимакедонство со антимакедонската историска, идеолошка и политичка програма на секое ВМРО, вклучително и на ВМРО-ДПМНЕ. Зарем тоа не е болно очебијно?

Најважниот елемент на вмровската идеологија е антикомунизмот, кој за овие 30 години се манифестираше во акти на дисконтинуитет со југословенското минато на Македонија, со бришење на сè македонско што се случило во периодот помеѓу 1944 и 1991 година, со оцрнување на комунизмот и славење на фашизмот, фалсификување на историјата и измислување на македонската историја пред 1944 година, сè до палеолитот, заради маргинализација на периодот на кој треба трагата да му се сотре: комунистичката реалност македонска, од создавањето до независноста.

Дури и целата шизофрена антиквизација и барокизација на метрополата е изведена со таа единствена цел: да се покријат трагите – градски, културни, архитектонски и други – на модерното доба кога се создаде и изгради

македонската држава и култура. Апсолутно совпаѓање, геометриско преклопување на антимакедонскиот бугарски „објаснувачки меморандум“ и антимакедонската политичка програма и генетско кредо на ВМРО! Нашето вемеро – па нека е и со додавката дпмне – сите овие 30 години не прави ништо друго освен што „прекинува со идеолошкото наследство и практиките на комунистичка Југославија“ и со тоа – сакала или не, свесно или не – единствено што вемерето постигна е да го делегитимира, разниша и ослаби „етничкиот и јазичниот инженеринг“ што се случил за време на „злосторничкиот комунизам од 1944 до 1991“.

Ми стана и јасно зошто дедо ми Ѓошо – член на ТМОРО уште како тинејџер и член на околискиот комитет на Гоцевата ТМОРО на Струмица од 1902 до 1904 – вмровците секогаш и без исклучок ги викаше „бугараши“ и никако подруго.

# ПЛИМАТА НА НОВОФАШИЗМОТ

**26.09.2020**

> Разговараат двајца сериозни мажи, доволно блиски за да расправаат за есенцијални животни прашања, кога сред разговорот едниот го прашува другиот: а ти, братец, некогаш ебал ли си педер? Не, нее, одговара категорично прашаниот, никогаш во сиот живот… па се замислува, погледнува нагоре, ја поткрева веѓата и додава: обаче, ебал сам един който ебал педер.

Ја изгледав повеќепати матната црно-бела снимка, искорната веројатно од старите воени филмски новости, од седница на бугарскиот парламент, пролетта 1941 година. Претседателот на собранието го најавува обраќањето на премиерот Филов по повод „заземањето од страна на бугарската војска и администрација на новоослободените бугарски земји“. Се пробива Филов низ екотот од еуфоричното одобрување на народните пратеници и говори: „Целиот бугарски народ денес гледа како се остваруваат неговите идеали за создавањето на една моќна и обединета Бугарија, од Дунав до Белото море и од Охрид до Црното море!“ Ураа, урааaa, го прекинуваат пратениците говорот, додека од френетичното аплаудирање и хорското ура на делегатите се тресе и камерата и целото собрание. Премиерот зема здив и продолжува: „Бугарскиот

народ секогаш ќе искажува најголема благодарност и големо признание кон силите на Оската и кон нивните големи водачи Адолф Хитлер и Бенито Мусолини, кои го остварија обединувањето на Бугарија. Овие чувства ќе се особено силни кон Германија, чии војски дејствуваа во Македонија и во Беломорието и кои на тој начин беа непосредните ослободувачи на овие бугарски земји". Урааа, ураааа, татни снимката до задушување и затемнување.

Се разбира, не сум во можност да ја проверам автентичноста на снимката, но претпоставувам дека – како и во случај на современите вмровски фашистички свињарии – бугарските реакции на доказите за нивната страсна плотска љубов со фашизмот би биле дека се работи за „сечени, лепени и монтирани снимки". Речиси неверојатно, но гледајќи ја снимката, комбинирана во мојот напатен мозок со скорешните бугарски инсистирања дека нивното „администрирање" со македонските територии од 1941 до 1944 година не само што немало никаква врска со фашизмот, туку дека и поимот „окупација" може да биде употребен само како злосторничко-комунистичка пропагандна лага за разгорување на антибугарската омраза кај нас неосвестените македонски Бугари со испрани мозоци и србизиран и искварен (прекодификуван) бугарски дијалект; велам, гледајќи ја снимката, во свеста не ми се разбуди некаква јасна мисла, или револт или што годе умно и пригодно, туку ми изби еден многу стар бугарски виц, што очигледно самиот си го прокрчил својот пат од темнините на мојот заборав.

Вицот, раскажан на пролупан кобожем-бугарски – во форма која, по чудо, преживеала половина век под површината на моето сеќавање – оди вака некако... Разговараат двајца сериозни мажи, доволно блиски за да

расправаат за есенцијални животни прашања, кога сред разговорот едниот го прашува другиот: а ти, братец, некогаш ебал ли си педер? Не, нее, одговара категорично прашаниот, никогаш во сиот живот... па се замислува, погледнува нагоре, ја поткрева веѓата и додава: обаче, ебал сам един којто ебал педер.

Признавам, почитувани читатели, дека вицот е вулгарен и политички некоректен, но морав да го кажам токму како што го запаметив уште од далечното и мрачно доба на некоректноста. Но признајте и сами: се работи за ингениозна вицовска умотворина, во која освен совршениот хумор опстои и моќна вистина за човечкиот мозок, вистина што може да осветли цели национални митологии и колективни самоилузии. Конечно, не ми исплива тој случајно и од никаде, туку по патиштата на моќна и таинствена асоцијација. Зашто, ништо толку добро не може да ја разоткрие неверојатната ментална операција со која цели народи – или нивни големи делови – можат да се амнестираат од сторените дела или злодела, и тоа да го прават без напор, или барем со толку напор колку што е потребно за да се потпридигне една веѓа.

Но бугарската срамна ревизија на историјата на 20 век, која не случајно зема замав последнава деценија – и „весла“ во истото кајче и во истата насока како и нашиот домашен вмровски историски ревизионизам – не е во никој случај осамена појава, зашто и бугарските и вмровските историски опортунисти се научени да веслаат само низводно, со глобалниот бран, со надоаѓачката плима на фашизмот што го плави не само европскиот (заборавено) мрачен континент, туку се излива на сите континенти. Колку што успевам да избројам, засега во поплавата на десничарскиот популизам, нелиберален капитализам или авторитаризам, не зацапал уште само

Антартик, а како што тргнало, ќе видиме уште колку и тој ќе додржи.

Нема подобар доказ за кажаново од Резолуцијата со наслов „Важноста на европските сеќавања за иднината на Европа“ што Европскиот парламент ја донесе на 17 септември минатата година, по повод 80-годишнината од отпочнувањето на Втората светска војна, на која деновиве бучно се повикуваат бугарските европарламентарци и членови на владата. За што се зборува во Резолуцијата, ќе прашате, почитувани читатели. За тоа веќе пишував: во резолуцијата е пласирана најгнасната историска ревизија со чудовишни лаги за основните факти за Втората светска војна: кој и кога ја започнал, што ја предизвикало, кој бил агресор и злосторник во најзлата и најсмртоносната од сите војни, а кој се борел против него, и конечно, кој го победил агресорот и најголемиот злосторник на сите времиња и ја ослободил Европа?

Во Резолуцијата, фашистите и антифашистите се потполно изедначени, а победата над фашизмот од страна на Црвената армија се претвора во здружена и континуирана окупација на Европа од страна на нацистите и комунистите. Во новите европски „сеќавања“ фашизмот – како зло што ја поклопи безмалку целата планета, а Европа ја претвори во фашистички континент – воопшто не постои; она што го зацрни светот во Резолуцијата се здружениот комунистички и нацистички тоталитаризам!? Резолуцијата како да ја пишувал доктор Гебелс лично, кој по чудо ја преживеал војната, па денес, во позна старост се присеќава како фашизмот победил во Втората светска војна и среќно е на власт на целава планета, до денешно време и за век и веков.

Конечно, еден од основните факти за Втората светска војна е дека во периодот 1933 – 1939, додека светскиот либерален капитализам со симпатии гледаше кон фа-

шистичкиот команден капитализам, единствени политички сили во Европа што повикуваа на здружување и борба против фашизмот беа комунистичкиот Советскиот Сојуз и европските комунистички движења и партии. И, потоа, во целата фашистичка Европа, единствените ефикасни движења на отпорот беа водени од комунистичките партии, а победата над Хитлер и фашизмот беше остварена, пред сѐ и повеќе од сѐ, со воените напори и крвта на војниците на Црвената армија, кои се вистинските ослободители на Европа. Но, во Резолуцијата за „Важноста на европските сеќавања за иднината на Европа" овие основни факти за Втората светска војна воопшто не се ни факти – тие не постојат, а на нивно место стојат нови и свежи антикомунистички и профашистички „факти" што треба да ни ја одредуваат иднината!

Последниве пасуси ги напишав пред една година по повод донесувањето на срамната профашистичка Резолуција, на која упорно и гласно, со јарост на праведници, се повикуваат и нашите бугарски соседи. Дното – а воедно и суштината – на приказната е дека македонската држава е комунистичка и антифашистичка рожба на Втората светска војна, и дека и ние – кретени – под вмровска власт и опортунистичко политикантство сите учествувавме во современата профашистичка ревизија на сопствената историја, недоволно свесни дека ништењето и маргинализацијата на комунистичкиот период на македонската државна и културна историја е множење со нула и на сето и единствено реално македонско. На македонската државност, нација, култура и јазик. Бугарите само го препознаа историскиот момент, кога и светските и европските и нашите домашни вмровски братја веслаат низводно, следејќи го бранот на 21-вековните новофашистички климатски промени. Како човек да им замери на историскиот опортунизам?

# СВАСТИКА ШТО РИКА СРЕДСЕЛО

**08.10.2020**

> Лавот не бил амблем на Гоцевата ТМОРО, ниту на некое друго ослободително македонско движење; не бил амблем ни на пробугарската и потоа фашистичката ВМРО на Александров и Михајлов; и никако не бил симбол на комунистичката народно-ослободителна борба што ја создала денешната македонска држава. Лавот е свастиката на ВМРО-ДПМНЕ и ништо повеќе.

Што е првото што се прави по ослободувањето на една земја од тоталитарен и криминален режим на една партија што за повеќе од деценија владеење го потчинила и злоупотребила целото општество на своите злосторнички партиски интереси? Првото што се прави е законска забрана за политичко дејствување на диктаторската партија, заедно со изведување пред органите на правдата на челните поединци што биле најодговорни за злоделата што ги извршиле институциите и органите на „заробената држава“.

Следното е воспоставување демократски институции на власта чија прва задача е да го „превоспитаат“ општеството во духот на слободата и владеењето на правото и, ко-

нечно, пристапување кон сенародната обнова на земјата. Но, пред сето речено – и најпрво од сè – е рушењето на спомениците на злото и систематското чистење на симболите на криминалната партија што таа – поистоветувајќи се себеси со државата – ги врежала во метал, бетон и камен, и ги обележала сите јавни простори како да се нејзини.

По падот на Хитлеровиот режим, првото што победниците го направиле во Германија е да ги избришат, да ги урнат и да ги исчистат партиските симболи на Национал-социјалистичката нацистичка партија, што било и првиот чекор во обновувањето на германската држава, наречен „денацификација" на општеството. Отстранувањето на озлогласената „свастика" – нацистичкиот кукаст крст, што од партиски знак станал сеприсутна државна инсигнија, било систематски извршено уште во текот на 1945 година.

И денес, незаменлива илустрација за денацификацијата на поствоената Германија е динамитирањето на огромната свастика што била подигната над зданието на конгресниот стадион на Цепелиновото поле во Нирнберг, гигантската градба наменета за нацистичките партиски конгреси во текот на триесеттите години. Се работи за петнаесетина метри големата свастика, што била изградена од бетон и челик, и обложена со камен и бронза, која доминирала над зданието на стадионот високо 40 метри, зрачејќи зла моќ над чудовишните паради на војници, црни и кафени кошули, и милионската маса луѓе што френетично го поздравувале својот фирер.

И денес, велам, експлозијата во која исчезнува злогласната свастика над Конгресниот стадион, предизвикува ослободувачко, катарзично чувство кај гледачите. Напи-

шете на вашите компјутери „Demolishing Nazi Swastika at Zeppelinfeld 1945“, и уживајте неколку мигови во глетката.

Вие веќе насетувате, почитувани читатели, дека прашањето за послевоената денацификација од почетокот на овој ламент, ќе го поставам и за нашето ослободување од диктатурата на ВМРО-ДПМНЕ. Навистина, што направивме ние по падот на криминалниот режим? Доколку ги оставиме по страна епохалните напредоци на меѓународен и геополитички план, на внатрешен план – во библиската земја, освен што вемерето е сменето од челните позиции на извршната власт, а особено во поглед на девмроизацијата на општеството и чистењето на нашите јавни простори од спомениците на злото и од симболите и знаците на злосторничката партија, не направивме ништо.

Вистинскиот ужас на нашата ситуација е што центарот на престолнината изгледа како ВМРО и нејзината профашистичка идеологија да се уште на власт. И тука не мислам на купиштата споменици на злото, кичерските грандомански авторитаристички згради и „барокизирани“ фасади, туку на вмровската свастика, на партискиот амблем на ВМРО-ДПМНЕ – на хералдичкото лавче што се распослало по сите споменици, „скулпторални композиции“, фонтани, релјефи, мостови и плоштади на главниот град.

Да имаме и малку цивилна и демократска, слободарска култура, зарем ќе шетавме по градов како ништо ненормално во него да не штрчи, а „нашата“ свастика – вмровското партиско лавче – да ги „краси“, обележува и окупира сите централни простори како да сме сè уште вмровска партија-држава?! Се однесуваме како мотивот

на лавот да е нешто нормално и природно на тлото на Македонија, дека е дел од нашата национална историја и традиција.

Нема ништо полажно и поглупаво од оваа состојба, зашто мотивот на лавот денес во Македонија постои само и единствено како амблем и заштитен трговски знак на партијата ВМРО-ДПМНЕ!? Лавот распослан по нашите плоштади нема никаква врска ниту со традицијата, ниту со националната историја, ниту со револуционерните движења за ослободување на Македонија и формирање на македонската држава, туку е хипертрофиран и метастазиран партиски знак, што вемерето за време на својата диктатура го накоти и накити по јавните простори на престолнината, на истиот начин како што Хитлер ја претвори свастиката од партиски знак во грб и амблем на германскиот Рајх.

Се разбира дека вемерето го украде својот амблем од старите хералдички словенски грбовници, каде што лавот е главниот мотив на таканаречениот земски грб на „земле мацедонске“. Вмровците – како и македонската јавност – за овој мотив разбраа од книгата „Грбовите на Македонија“ од академикот Александар Матковски, објавена во 1970 година, која го претставува првото објавено научно историско дело за македонските хералдички грбови. Манифестирајќи ја и во овој примален грев својата генетичка фашизоидна фалинка – да се поистоветува со македонската држава и нација – ВМРО го злоупотреби хералдичкиот лав, го украде и отуѓи од историјата на македонскиот народ – и го испогани и искомпромитира единствено како партиски амблем, исто како што тоа Хитлер го направи со свастиката, која била свет симбол на животот на многу стари цивилизации, од Егејот, Мала

Азија, индискиот потконтинент, па сè до далечниот исток. По компромитацијата и инкриминацијата, свастиката е веќе симбол само на нацизмот, исто како што лавот е денес во Македонија само и единствено симбол на криминалната партија ВМРО-ДПМНЕ. Па што тогаш бара на јавните плоштади како државен мотив, изграден со украдени јавни пари, а во слава на една злосторничка партија?

И, да се разбереме: лавот не бил амблем на Гоцевата ТМОРО, ниту на некое друго ослободително македонско движење; не бил амблем ниту на пробугарската и потоа фашистичката ВМРО на Александров и Михајлов; и никако не бил симбол на комунистичката народно-ослободителна борба што ја создала денешната македонска држава. Лавот е свастиката на ВМРО-ДПМНЕ и ништо повеќе.

Па тогаш, повторувам, што бараат идиотските лавови околу мостот Гоце Делчев или полегнати по фонтаните на плоштадот Македонија? И, како е можно тивко да толерираме диво изградена фонтана со разјарен лав од партискиот амблем на злосторничката ВМРО, сред партизиран јавен плоштад што уште го носи името „Плоштад ВМРО“, и тоа торжествено еректиран пред белата куќа на фашизмот – украдената штаб-квартира на партијата што се смета дека е секогаш на власт; всушност, дека е носител на македонската националистичка религија, па затоа има и кула-камбанарија на која се вее македонското знаме?!?

# КРЕАТИВНИОТ ДЕМОН НА ГЛУПОСТА

22.10.2020

> Бидејќи најмногу од сè мрази да биде препознаена или прикажана како ментална попреченост, Глупоста – и тука големата буква ја употребувам како израз на почит – на ингениозен начин својата малоумна природа, својата тешка невролошка ментална фалинка, ја претвора во емоција.

Глупоста е, сите знаеме, крајно самобендисана, па глупавите се без исключок длабоко суетни. Суетната глупоштија најдобро се препознава по две својства што се невозможни за сокривање, небаре како што се тоа и кашлицата или сиромаштијата. Првото предавничко својство на глупоста е нејзината навредливост: глупавите се навредуваат од сè и сешто, а најмногу се чувствуваат навредени кога ќе биде разоткриена нивната глупавост. Навредливоста – која е, се разбира, последица од ранливата самољубивост на глупоста – е секогаш забележителна кај глупавите, зашто никогаш не одмора; глупавите се подготвени во секој момент, од секоја изјава, текст, гест или збор, што се изговорени или чуени на медиумите, лично да се навредат; тие се во состојба да се препознаат

на илјада мистериозни начини во некој збор, настан или порака, што конечно воопшто и не била наменета за нив.

Но, приказната за глупоста – особено за нашата македонска глупост – тука не завршува. Второто својство по кое со сигурност се препознава суетната глупавост е навистина парадоксално: тоа е моќниот и неконтролабилен внатрешен порив да се скрие сопствената глупавост, што предизвикува однесување што уште повеќе ја истакнува глупоштијата! Веројатно се работи за еден вид психолошка автоимуна реакција со која кутрите зацаклени мозоци енергетски подигнати со желбата да се прикажат во нешто попаметно (што е трагично невозможно), во предимензиониран напор да се преправат и да ја замаскираат својата мана, самите ја растргнуваат сопствената камуфлажа, отворајќи така видлива и болна жива рана, како површинска изгореница.

Не треба, меѓутоа, да нè прелаже оваа поедноставена анализа, зашто така го губиме предвид најпотентното својство на глупоста: нејзината непредвидлива и несомерлива креативност. Оваа космичка креативност – која, инаку, најчесто се изразува како талент за неразбирање на работите или способност за грешење и каде што тоа изгледа дека е невозможно, или дури генијална интуиција да се утне поентата на најнепредвидливиот можен начин – глупоста ја употребува како испомош во прикривањето на горните лесно препознатливи својства, и тоа го прави навистина на маестрален начин. Имено, бидејќи најмногу од сè мрази да биде препознаена или прикажана како ментална попреченост, Глупоста – и тука големата буква ја употребувам како израз на почит – на ингениозен начин својата малоумна природа, својата тешка невролошка ментална фалинка, ја претвора во

емоција. И, со оваа магична алхемиска трансформација – чија основна мотивација во почетокот била обично затскривање – глупоста преминува во едно друго повисоко енергетско ниво, во една во сосем друга невролошка состојба, која веќе како да ја премавнала суетата или потребата да се затскрие сопствената ментална декапацитираност: во една високоенергетска, суперсоцијална и запалива емоција што е способна да обедини и хомогенизира милиони луѓе. Оваа моќна емоција е омразата!

Кога преку оваа чудовишна трансформација глупоста се престорува во омраза, таа не само што ја обезбедува својата закрила, своето маскирно борбено руво, туку ја обезбедува и трансформацијата на своите самодеструктивните енергии во емоционална енергија што е секогаш насочена нанадвор, кон другиот или другите. На тој начин глупоста својот проблем го екстернализира, та од автодеструктивен нагон го претвора во моќна социјална, потенцијално национална деструкција насочено кон надворешниот непријател. Така омразата станува не само емоција на социјалната хомогенизација на глупаците, туку и единствената политичка програма на нивните партии, по правило десничарски популистички партии, меѓу кои е – вие веќе знаете, нели – и нашата непрежалена вемеро.

Но, и тоа не е крајот на преправањето, односно на трансформациите на креативниот демон на Глупоста, зашто омразата – таа моќна алотропска модификација на глупоста – никако не сака да се прикажува себеси како емоција; смета, веројатно, дека за толку моќна сила на природата е понижувачки да биде легитимирана само како чувство. Затоа омразата секогаш – и тоа без исклучок! – сака да ја оправда и да ја рационализира својата

гола емоционална природа (и своето срамно потекло), и тоа го прави не само избирајќи го предметот на омразата т.е. другиот, како крајно исходиште и цел на убиствената емоција, туку секогаш бара и „рационални причини“ за неа.

Значи, омразата, во последната трансформација на глупоста, сака да се искачи до статусот на убедување. Кога омразата ќе умисли дека е убедување, демек идеја, во истиот момент таа станува култ или религија! И потаму, тешко оному кој ќе ѝ стане „легитимна“ цел и непријател на глупоста, било да е тоа надворешен непријател или внатрешен предавник.

И, да скратам: ВМРО-ДПМНЕ не смее да постои како политичка партија. Не само затоа што е партија на Глупоста и на Омразата што му нанесе непроценлива штета на македонското општество, култура и политички поредок, туку затоа што постоењето на оваа партија го прави невозможно општественото заздравување на Македонија и ги прави невозможни демократијата, остварувањето на уставниот поредок и владеењето на правото во библиската земја. Партијата треба да се избрише од судскиот регистар на политички партии, да ѝ се конфискува криминално стекнатиот имот и потоа да се овозможи нејзините членови со граѓански капацитет да регистрираат нова десно ориентирана партија со автентични демократски и политички мотиви и програми. Но, таа партија не ќе да смее да се нарекува ВМРО. Со измени на Законот за политички партии акронимот ВМРО треба да се забрани за употреба во името на ниту една партија во Македонија. Без оглед како Македонците гледаат на историското значење на ВМРО: некои ја сметаат за славна, ментално здравите ја сметаат за срамна, но неспор-

но е дека таа е дел од националната историја, каде што единствено треба и да опстои. Поради што би морало – на нашиот пат кон Европа – со закон да се забрани злоупотребата на овој историски акроним во чии било партикуларни партиски интереси.

А, ДПМНЕ, ќе прашате, што со неа? Па, и овој акроним не би требало да може да се употребува за име на партија, и тоа не според некои идни изменувања на Законот за политичките партии, туку со правилно спроведување на постојниот. Елем, како може програмската цел на една партија во повеќепартиски уставен поредок да биде националното единство? Обединувањето на нацијата е можно само во еднопартиски системи, а нашиот тоа – колку се сеќавам – не е.

Од друга страна, самиот збор „партија" доаѓа од латинското partiri, што значи да се подели, па вистинското значење на зборот партија е дека е тоа еден дел од политичката сцена, една страна односно странка, и по дефиниција не може и не смее да има ниту во името ниту во програмата за цел да го обедини целото општество, нацијата или државата. А, впрочем, партија што обединува е според значењето на зборовите оксиморон, а во конкретниот случај – чиста Глупост престорена во Убедување што одгледува Омраза.

# ДЕФЕКТ НА ЧОВЕЧНОСТА

**29.10.2020**

> Современата неврологија веќе го воочи, измери и докажа неверојатниот факт за начинот на кој човечкиот мозок го „процесира“ мислењето: секоја мисла што ја произведува мозокот е преплавена со емоција, чувство или – како што тоа невропсихолозите го нарекуваат – со „афект“.

„Човек со верба, со готово убедување, е човек што тешко се менува. Кажете му дека не се сложувате со неговото мислење и тој ќе се оддалечи од вас. Покажете му факти или бројки и тој ќе се посомнева во вашите извори. Повикајте се на здрав разум или логика и тој нема ниту да сфати што сте сакале да кажете.“ Ова се зборови на славниот професор по психологија на Станфорд Универзитетот Леон Фестингер, во цитат за кој ќе помислите дека ја коментира современата планетарна драма во врска со неверувањето во климатските промени или уште пострашната драма – во чијшто климакс е повторно нурнат целиот свет – со неверувањето во постоењето на пандемијата на ковид-19 или зловестиот вирус што ја предизвика.

Но, не, цитираните зборови на Фастингер се извлечени од објаснувањето на една негова општопозната студија од далечните педесетти години од минатиот век, што денес може да се смета за една од првите психолошки студии врз чии сознанија е изградена современата теорија за „мотивираното мислење“. Имено, современата неврологија веќе го воочи, измери и докажа неверојатниот факт за начинот на кој човечкиот мозок го „процесира“ мислењето: секоја мисла што ја произведува мозокот е преплавена со емоција, чувство или – како што тоа невропсихолозите го нарекуваат – со „афект“.

Мислите и чувствата не само што не се нераздвојливи, туку овие вториве се секогаш – без грешка или исклучок – побрзи од мислата, па нашето позитивно или негативно чувство кон луѓето, стварите или идеите секогаш им претходат на нашите свесни промислувања, поради што имаат и клучно и пресудно влијание на нашите „рационални“ просудувања. Оваа ужасна научна вистина е, за жал, веќе измерена: во прашање се неколку милисекунди предност на емоциите пред свесната мисла, за кои човекот никогаш не може да биде свесен, но кои се доволни за да бидат непобитно измерени на современите електроенцефалограми (ЕЕГ).

Научниците го објаснуваат ова шокантно откритие – дека нашите свесни просудувања се неизбежно предерминирани од нашите емоции – како човекова базична еволутивна придобивка, како основна вештина на преживувањето, зашто низ стотиците милениуми од нашето еволутивно создавање нашите предци што живееле во многу понепријателска средина отколку ние денес, морале исклучително брзо да реагираат на надворешните случувања. Затоа, првин морала да падне емоцио-

налната одлука – „бегство или борба“, а мислата – која е секогаш побавна – доаѓала потоа.

Жално е, меѓутоа, што оваа стара навика на човечкиот мозок, во денешно време – наместо на опасностите што го опкружуваат – тој ја применува на податоците и фактите за денешната стварност со кои се соочува, па излегува дека адреналинската одлука „да се бега ил да се лега“, што нашите предци ја применувале во контактот со нивните тогашни предатори, ние ја употребуваме во допирот до информациите што не опсипаат. И, со веќе сосем уредено чувство – некогаш во магновението на незнаен начин стокмено и зацементирано во мозокот – ние ги отфрламе информациите за кои чувствуваме(!) дека се непријателски, а ги прифаќаме само оние „пријателските“. Се разбира, додаваат невропсихолозите, ние не сме водени само од емоциите и да, секако – ние и размислуваме, резонираме и одлучуваме – но, нашето резонирање доаѓа секогаш подоцна, и тоа се случува побавно и – како што веќе рековме – целото е втопено во емоциите што веќе сме ги формирале порано. Ова е тажно но сурово вистинито објаснување за моќта на предрасудите што царува со хомо сапиенсот – со кобожем „разумниот човек“.

Секојдневно ја следам траекторијата и темпото на движењето на САРС-ков-2 по планетата, тој современ јавач на апокалипсата, и паралелно ги следам несоодветните, неконзистентните, честопати неразумните и неретко – и дури пречесто! – малоумните реакции на милиони луѓе и на нивните влади во справувањето со несреќата. Како може човек да го објасни очигледниот – и не помалку болен – факт дека оваа невидлива трошка проетин небаре испадна поинтелигентна од најинтелигентното

животно на планетата, што толку охоло и арогантно себеси се нарекло sapiens – демек, разумен – одбирајќи го како карактеристично за себе токму својството што разочарувачки ретко се појавува кај примероците од овој животински вид. И, во ова одмерување на интелигенции помеѓу вирусот и човекот, запрепастувачки избива фактот дека најглупави – во однос на корона вирусот – испаѓаат токму најнапредните и најискусните државишта, лидерите на „слободниот свет“ и на либералната демократија. Како е тоа можно?

Без да навлегува човек во детали, болно и трагично очигледните факти и статистики говорат за себе: најстарата и најголемата европска империја – Италија, најголемата средновековна колонијална сила – Шпанија, најстарата современа демократија – Обединетото Кралство, најстарата светска современа демократија – САД, земјата на првата европска секуларна левичарска егалитаристичка револуција – Франција, најголемата демократија на светот – Индија, најголемата демократија на јужноамериканскиот континент – Бразил и земјата на најголемата левичарска револуција на сите времиња – Русија, се земјите чија државна и општествена интелигенција беше победена од невидливата и зловеста ронка протеин со грст генетски букви во својата крунеста обвивка. Како е тоа можно? Да не е тоа затоа што овие земји – сите качени на адмиралскиот брод на човештвото – се најчесто водени од конзервативни десничарски влади?

Но, Франција и Шпанија не можат да се пофалат со политичката епидемија на „деснило“ што очигледно ги совлада останатите. Што тогаш? Да не ќе да е нивниот слаб резултат во справувањето со микробот да се должи на фактот што сите овие држави се покажаа како перјаници во

нормативната дерегулација и културната дегенерација на 21-вековниот неолибералистички капитализам? Можеби.

Вие веќе се посомневавте во моето здравје, почитувани читатели, што до крајов на есејов не го спомнав нашето малоумно вемеро, особено кога се работи за невропсихолошки објаснувања на човековата глупост, хм? Глупавоста на нивната реакција на тешката несреќа што ја притиска се повеќе и библиската земја, е веќе пословична: и ден-денес тие не можат да ја препознаат колективната, националната катастрофа. Сѐ што прават е да го трујат јавниот медиумски простор со малоумие од кое најмногу од сѐ избива токму таа неспособност за промислување на една колективна несреќа што го надминува нивниот ментален досег, та тие ја пцујат владата со измислени, стари и лажни – потполно несоодветни за ситуацијата – пасквили, употребувајќи ги истите зборови и замислувајќи се себеси како да се СДСМ во време на владеењето на Груевски. Патетично глупо.

Но, општочовечкото објаснување од погоре – за доцнењето на мислата зад емоционалната предрасуда – не може да се примени на нив. За нив важи Бонхоферовата дефиниција на глупоста, напишана во Хитлеровата ќелија на смртта: глупоста не е последица на слаба интелигенција, лошо образование или воспитание. Не, според генијалниот Бонхофер, се работи за дефект на човечноста.

# САНСТЕФАНСКА МАТЕМАТИКА

**05.11.2020**

> Без оглед што Санстефанскиот сон траел само три месеци, тој остана средишната оска и лајтмотив на сите големи политички и воени премрежиња што бугарската држава ја водеа низ четири изгубени војни, четири голготи натопени со крв и несреќа.

Од пред триесеттина години во светот се случува вистинско повампирување на историските ревизионизми што мислевме дека неповратно исчезнаа во крвавиот 20 век, кои целат повторно со малоумно прости и погрешни формули да ги менуваат геополитичките реалности на светот. Тие тоа го прават на најпрост можен орвеловски начин: ја моделираат иднината менувајќи ја историјата во согласност со своите сегашни апетити и неотсонувани соништа, искорисувајќи ги геополитичките вирови, историските турбуленции и можностите на денот. Интересно е што инфантилноста и несериозноста на содржината на овие ревизионизми секогаш го затекнува неподготвено најголемото мнозинство нормални луѓе.

Вие веќе погодивте, почитувани читатели; зборувам за бугарскиот Уценувачки меморандум, чија содржина е безмалку сто насто чисто ревизионистичко бладање, во кое за „златен стандард" на историската вистина се земаат пренаталните империјални бугарски деветнаесетовековни соништа за големото Трето Бугарско Царство, остварени – само на хартија и само за миг – со непризнаениот и правно-политички невалидниот Санстефански договор од 1878 година. Инаку, Санстефанскиот договор бил потпишан по спектакуларната руска победа во Руско-турската војна од 1877-78 година, која ги беше изненадила сите, зашто Русите излегле на Егејско море и почнале да напредуваат кон Константинополис (нашиот Станбол, по Првата светска војна Истанбул), на чии порти биле сопрени со жестоката реакција на Велика Британија и другите големи европски сили.

Турците во Санстефанскиот договор потпишале сè што Русите посакале, зашто Сан Стефано, подоцна преименувано во Јешилкој, било селце оддалечено само 11 километри од станболската Порта, а денес се наоѓа длабоко во градското ткаење на Истанбул. Елем, со договорот Русите го креирале својот излез на Средоземното море, сметајќи дека територијата што ја освоиле и на која и подариле државност ќе претставува вечен и лојален домаќин за нивните поморски бази и за остварувањето на другите империјални интереси. Во тој имагинарен договор, кој не бил никогаш –ни една секунда – имплементиран, Бугарија се простира од Дунав до Охрид и од Черното до Бјалото Море, со Едрене во своите граници, цела денешна Северна Грција освен Халкидики и што сè не. Значи, по 500 години турско ропство и државно-политичко непостоење – и додека уште не била потврдена

ниту бугарската автономија! – Санстефанскиот договор веќе го беше остварил сонот за Најголемото Бугарско Царство воопшто.

Како и сите соништа, и овој траел кусо, до будењето по три месеци, кога големите европски сили го стокмија Берлинскиот мировен договор, во кој Романија, Србија и Црна Гора добија независност, а Бугарија – во тесни граници, без Македонија, јужна Србија, Тракија, Добруџа и дури и без источна Румелија – доби автономија во рамките на Отоманското Царство. Независноста Бугарија ја прогласи дури 30 години подоцна, во 1908 година, кога се прогласи за царство.

Без оглед што Санстефанскиот сон траел само три месеци, тој остана средишната оска и лајтмотив на сите големи политички и воени премрежиња што бугарската држава ја водеа низ четири изгубени војни, четири голготи натопени со крв и несреќа: двете Балкански војни (во првата Бугарија излезе како голем победник, но таа била доживеана како пораз од самата Бугарија, што било и причина да ја предизвика Втората балканска војна) и двете светски војни.

За да разбере човек што ја натерало Бугарија да биде на погрешната страна од историјата во сите клучни војни во 20-иот век, треба да прелиста некои забавни страници од нивните учебници и историографски или историско-сомнамбулни писанија. Во нив, бугарската национална самосвест и етнички идентитет што се темелат на еден јазик, еден народ и една компактна и хомогена територија, се проектира station наназад, во ненарушен континуитет, сè до средновековните бугарски царства. Проекцијата не сопира во средниот век, се разбира – таа продолжува до старо време, кога бугарскиот народ се создавал со хомо-

генизација на племињата што се населувале на светата бугарска земја: Келти, Тракијци, Македонци, Словени, Бугари и друга ситна боранија, но веќе во средниот век оваа хомогенизација станала „цврст факт“. Толку цврст, што бугарскиот народ населен на целата санстефанска територија, уште од раниот среден век, па преку полумилениумското турско ропство, и се до втори август 1944 година, успеал да го задржи негибнат својот национален идентитет и јазик. Но, наеднаш, таа проклета 1944 година се појавил Јосип Броз Тито, заедно со неговите злосторнички комунисти и партизани, и со национален и јазичен инженеринг успеал преку ноќ да растури еден цврст како гранит и хомоген како базалт бугарски национален идентитет и јазик – што, повторувам, издржал и се калел повеќе од илјада години – и да го замени со измислена македонска нација и со непостоечки македонски јазик!

И навистина, кој може да се подготви на фактот дека оваа пародија е сериозна државна вистина, историски фактографски камен темелник на бугарската надворешна политика, врз основа на која тие сега ги условуваат нашите евроинтеграции? Никој, се разбира. Но, има и нешто драматично рационално во бугарските уценувања. Зашто, не е случајно избран датумот од кога бугарските сонувачи решија да ја признаваат „македонската реалност“: доколку до тој датум денешната територија на Република Северна Македонија ја населувале етнички Бугари, тоа ретроспективно ги оправдува сите воени жртви што Бугарите ги дале во Втората балканска војна, Првата светска војна и Втората светска војна. И, се разбира, ги преквалификува сите бугарски окупации на оваа територија, зашто – да се разбереме – Бугарите во сите

три војни заземаа и окупираа територии на друга меѓународно признаена држава, а со оправдувањата на сите окупации, братјата сакаат да ги избришат и сите злочини сторени во тие воени походи.

Преку нашето признавање дека постоиме од 14 часот и 35 минути на 2 август 1944 година – а пред тој миг повеќе од илјада години да сме ти биле чисти, освестени и хомогенизирани Бугари – се бара оправдување и легализација на бугарските окупации на македонската територија, зашто тие само ја „администрирале“ историски, етнички и културно, својата сопствена земја и својот сопствен народ. Вери клевр, брадерс!

Во светло на овие детски бладања и едноставни историски и геополитички формули, интересна е следната математичка операција: ако бугарските вмровци бараат да се откажеме од нашата историја пред 1944 година, а нашите вмровци за последниве 30 години успеаја да ја избришат комунистичката историја на Македонија од 1944 до 1991, тогаш колку историја ни останува? Искажано со математичко равенство тоа би изгледало вака: Македонија – (ВМРО-Бугарска + ВМРО-Македонска) = 0.

# АКО НЕНАДЕЈНО ОДНЕКАДЕ ЗАПУКА...

**19.11.2020**

> Србите имаат можеби најмногу искуство на Балканите со тој специфичен - пријателски и соседски – бугарски замав, одзади, со нож под ребрата, и тоа со крвави последици, зашто само од 1913 до 1941 го примале тој удар дури три пати.

Иако од моментот кога бугарската држава ги официјализираше век старите великобугарски, вмровски и профашистички ставови за непостоењето на македонската нација и на македонскиот јазик со парламентарни и владини потписи и мурови, и тој товар прегорени овчки брбошки ѝ го обнароди на Европа во форма на „објаснувачки меморандум", веќе беше јасно дека нивното вето за македонските евроинтеграции е неминовно, сепак, нашиот политички врв издржа до крајот – до денешното одлагање на почетокот на преговорите со ЕУ – ладнокрвно, посветено и конструктивно, да се обидува да го сочува достоинството на процесот на европските проширувања. Ова можеби изгледа неважно пред огромната штета што Бугарите и ја нанесоа на Македонија и на Европа

и, конечно, на самите себеси, но фактите и перцепцијата за виновникот на дебаклот – за подлецот во драмата – се од најголема важност во меѓудржавните односи, исто како што е тоа и во обичниот живот. Моралната победа никогаш не е само пусто утешение на послабиот, на оној што загубил, на жртвата, туку таа е единствената човечка димензија на секоја победа.

Разликувањето помеѓу доброто и злото е највисокиот дострел на еволуцијата на човековиот вид, па секој нормален човек во Европа и во светот, веднаш и без двоумење ќе го препознае ништожникот во оваа уништена и од Бугарите испоганета европска процедура. Човековата морална интуиција – сосем независно од меридијаните и напоредниците – непогрешно го препознава оној што на соседот му забива бодеж во грбот; ненадејно, со пријателска насмевка и во мигот кога „пријателот“ е во најнеповолна ситуација; со низок замав, оддолу, за сечилото непопречено од ребрата да продре колку што може подлабоко за да му го раскине дробот на „братот“. Всушност, препознавањето на злото и во овој случај е исклучителен тест за моралноста, за праведливото однесување, и, конечно, за вистинското владеење на „европските вредности“ и во самата Европска Унија. Зашто, ова беше нивен, европски дебакл, а не наш. Тоа можеби нема да можеме на меѓународен план гласно да го изговораме, но не смееме никогаш да го сметнеме од ум.

Но, ние, моралните победници во овој гнасен перформанс, мораме да продолжиме и понатаму да се однесуваме морално супериорно; првото што треба да го направиме е да им простиме на нашите братја, и да ги разбереме тие силни и мистични мотиви што толку несопирливо ги наведуваа упорно да ја играат улогата на

подлеци во историјата. Ние, Македонците, додека бевме во составот на моќната југословенска држава, никогаш не бевме во таква неволја за да го доживееме ова специфично бугарско искуство; затоа Србите имаат што да раскажуваат на таа тема. Тие имаат можеби најмногу искуство на Балканите со тој специфичен - пријателски и соседски – бугарски замав, одзади, со нож под ребрата, и тоа со крвави последици, зашто само од 1913 до 1941 го примале тој удар дури три пати. Се разбира, секогаш ненадејно, кога биле во најтешка состојба, веќе пригмечени од многу помоќен непријател. 1913 година Бугарите ги нападнале без најава, сосем пријателски ( како што реков, кога српската војска ги броела своите мртви и ранети од исцрпувачките битки во првата балканска војна); 1915 година, кога српската војска, влада и значаен дел од населението се повлекувале пред германските армии, преку Ниш кон Солун, Бугарите извршиле пријателски напад од грб, им го пресекле на Србите патот кон сојузниците и ги втурнале во незапаметена гибел и голгота преку албанските планини; и во 1941, кога Југославија била прегазена од Хитлеровите армии, Бугарите повторно упаднале со своите пријателски бајонети да им помогнат во неволјата. Да, ние допрва ќе го вкусиме бугарското пријателство, а Србите своето историско искуство го преточиле и во народна поговорка, што ја пренесувам како што сум ја слушнал: „Ако однекуд изненада запуца, одма удри на Бугаре, не можеш погрешити".

Да се вратиме, меѓутоа, на вистинската тема – на тројната штета што бугарското историско проклетство и ја нанесе на Европа. Прво, со истоварувањето на својот историски товар од сточен измет среде дневната соба на Европа, бугарскиот член на клубот ја испогани европската

институција. Второ, покрај смрдеата што ги експлодира сите бриселски прозори, бугарското вето ги компромитира и ги блокира и европските стратешки определби за вклучување на земјите на западниот Балкан во Унијата. И трето: Бугарите – а не ние – ја ставија Европската Унија во неблагодарна ситуација да мора јавно и срамно да ги гази сите фундаментални морални и меѓународно-правни принципи односно вредности врз кои унијата е воспоставена, така што нејзините дежурни функционери, кутрите, немаат друг избор одошто да почнат проблемот на Унијата да го „билатерализираат“.

Една успешна билатерализација на интерен проблем на Европската Унија ние веќе искусивме, во децениите од успешните обиди да не се реши проблемот што Грција го имаше со нашето државно име. И тогаш Унијата еден проблем на нејзина членка, прво го билатерализираше, односно го претвори во проблем помеѓу една земја членка на унијата и една земја кандидатка, за потем сосем да го до преквалификува како ендемски проблем на кандидатката. Отпочеток, ние бевме моралните победници во изгубените битки за членство, а Грците – во очите на целата Европа и на целиот свет – беа „лошите дечки“ чии ирационални и навредувачки барања никој не можеше да ги сфати. Но, тогаш дојде катастрофалната вмровска пресвртница, во која нашиве лудаци почнаа да го градат државниот идентитет врз основа на малоумни замисли за „крвта и земјата“, за нашето античко македонско потекло, историја и идентитет. Им изградија чудовишни споменици на Алехандро и татко му среде престолнината, небаре овие хеленски кралеви се татковци основачи на нашата држава и нација, и веднаш во очите на целиот свет не претворија во налудничави и

потенцијално опасни лудаци, и ги рационализираа и ги оправдаа грчките барања. За среќа, тој проблем дојде на ред да го решаваат најдобрите политички екипи од двете страни на границата, та тој заврши исклучително поволно за нас (земајќи ги предвид губитничките позиции до кои не доведе ВМРО).

Веќе сега е јасно дека среќната околност да постојат добри политички екипи од двете страни на границата, во новиот „изненаден, но неочекуван“ проблем со братјата Бугари, веќе ја немаме, а ниту пак можеме да ја имаме, зашто токму овој политички врв на бугарската држава го истопори нивниот товар сточен измет на нашиот пат до Европа. И, врз темелните „вредности“ на Европа, да не заборавиме. Така што, ако земеме предвид дека бугарските вмровски „аргументи“ против Македонија безмалку се совпаѓаат со македонските вмровски ставови за значењето на комунистичките татковци-основачи на нашата држава: дека Македонија е злосторничка комунистичка рожба што треба да се избрише од сеќавањето, не сум сигурен колку многу конструктивна енергија и трпение им е потребно на нашиве да вложат за да го решат бугарскиот проблем. Ни останува само – не паметам чија – мудра поговорка: „Тие го држат часовникот, но ние го имаме времето.“

# СРЕЌЕН ТИ РОДЕНДЕН, МАКЕДОНСКА ДРЖАВО!

**26.11.2020**

> Многу добра волја, вештина и мудрост ќе требаат за да се санираат последиците врз европските стратешки определби за проширување, после фекалната граната со која бугарскиот политички врв го разнесе единствениот пат кон Европа по кој – со тешки маки, опструкции и застои, но одлучно и упорно – чекориме веќе три децении.

Деновиве пречесто, ко есенска мува, ми упаѓа в глава една банална мисла, што потоа тивко ја превртувам и тркалам од грб на лице, па налево и надесно, несвесно како што тоа човек го прави со мазно камче в раката, или со безвредна паричка што му се нашла в џебот. А, се работи за една од најизабените „умни“ мисли, што без усул и мерка... и, да скратам – се работи за познатата изрека дека „политиката е уметност на можното“. Велам, мислата е здодевна ко мува, и тоа не заради својата баналност, туку благодарејќи и на својата тотална погрешност.

Ништо во неа не е точно: ниту политиката е уметност – барем не во денешната смисла на зборот – а ниту пак има смисла дека нејзината цел е можното. Зашто, сѐ

што се случило било можно, па важи и дека сè што ќе се случи ќе биде во класата на можни нешта. Гола досада и тривијалност, што не може да го оправда ниту времето потребно за таа да се изговори.

На истава тема Тејард де Шарден напишал нешто околу што човек може да се замисли: негово е дека сè што е можно веќе се случило. Тоа е веќе мисла. А, и од нашава избена може да се искомбинира нешто попаметно, нешто што има вистинска примена тука, на Балканот. Како на пример: политиката е вештина да се постигне она што се чини невозможно. Мм-да, можеби стасав до поверодостојна изрека, но не успеав да ја одлепам ни милиметар од мазното дно на баналноста, на кое онаа претходната е веќе одомаќена. Но, без оглед на баналноста, вештината да се оствари она што сега се чини невозможно – а тоа е откочувањето на проектот на нашите евроинтеграции по бугарското вето – ќе ни треба во огромни количини и нам, и на бугарските и на европските политичари.

Многу, многу добра волја, вештина и мудрост – политичка и дипломатска, се разбира – ќе биде потребно за да се санираат последиците врз европските стратешки определби за проширување, после фекалната граната со која бугарскиот политички врв го разнесе единствениот пат кон Европа по кој – со тешки маки, опструкции и застои, но одлучно и упорно – чекориме веќе три децении.

Кога сме веќе кај тетеравењето по нерамниот пат кон Европа, генијалниот Тејард де Шарден има напишано нешто што може да ни е од вистинска помош. Вели тој: „Еволутивните појави (се разбира, вклучувајќи го и феноменот на човекот) се процеси кои никогаш не можат да се вреднуваат, та дури ни соодветно да се опишуваат единствено од аспект на нивното потекло: тие мора да

бидат дефинирани од нивниот правец". Оваа генијална мисла јасно укажува дека нашиот пат кон Европа не може да биде дефиниран од сопки, петарди, кори од банана или лизгави лајна и други смрдеи, фрлени од околу со цел да ни го попречат одот, туку дека правецот кон Европа – и нашата вистинска посветеност за самоизградба додека го одиме – се показатели за вреднување на нашите историски определби и придвижувања.

Но, за да се повлече еден правец – тоа го знаеме од Евклидовата геометрија – мораме да имаме две точки што ќе го дефинираат. Математичката апстракција наречена Европа е едната – втората – точка, проектирана некаде во незнајната иднина, додека почетната прва точка е цел век назад, во нејасното и треперливо минато, каде што почнува да се трасира линијата на нашето историско државно настанување. И, да се потсетиме: дефинирањето на елементите на нашата државност не се случило на еден датум – најомразениот датум за целиот современ бугарски политички состав – на 2 август 1944, туку тоа се состои од повеќе датуми, како мониста нанижани на нашиот историски правец. Датумите што клучно го одредуваат историскиот правец за остварување на нашата држава се без исклучок испишани со крвта и животите на многумина; тие се обвиткани во чадот на двете најголеми војни во историјата, заглушени во татнежот на огненото оружје; тоа се датуми на визионерски проекти, храброст, одлучност и големи заложби, сите случајно згуснати на крајот на месецов и сите званично заборавени од нашата држава.

Првиот датум на кој треба да се сеќаваме е 1 декември 1918 година, денот кога е прогласено основањето на Кралството на Србите, Хрватите и Словенците, кога е соз-

дадена државата подоцна наречена Југославија. Будалите веднаш ќе се побунат на ова спомнување – па тоа било кралство, па окупација и однародување на македонците и т.н. – но на овој датум биле дефинитивно исцртани нашите денешни граници со Бугарија, Грција и Албанија. И конечно, на истиот датум, во повеќеетничката уставна либерална монархија беа создадени единствените услови во вселената што подоцна ќе доведат до создавање на македонската држава во денешниве граници. Денес тоа го знаат сите со повеќе од 32 неврона во мозокот (а грчките и бугарските пријатели не пропуштаат да нè потсетат), дека остварувањето на македонската држава не ќе беше никогаш можно на територијата на овие две пријателски соседни земји. Таму не се признаваат ниту малцинствата, а камоли остварувањето на „вековните аспирации“ на македонскиот народ за сопствена држава. Така што, македонската држава можеше да се оствари само во Југославија – и никаде на друго место во целата вселена – па 1 декември не треба да се заборави, макар како точка во низата што го дефинираше правецот на нашиот настанок и развој.

Вториот датум е 27 ноември 1942 година, вториот ден од Првото заседание на АВНОЈ во Бихаќ, кога е донесена Резолуцијата за основањето на АВНОЈ – антифашистичкото собрание на народното ослободување на Југославија, со што е воспоставено општонародното политичко претставништво на народноослободителната борба во целата земја, чии „претставници од сите земји и народи на Југославија собрани во ослободениот Бихаќ“ ќе одлучуваат во име на „највисокиот политички израз на цврстото единство на народите на Југославија“. На 27 ноември 1942 година е воспоставена владата на идната Југосло-

венска Федерација во која ќе бидат остварени „вековните аспирации“ на македонскиот народ.

И, третиот датум – од најголемо значење за македонската држава – е 29 ноември 1943 година, кога се одржа Второто заседание на АВНОЈ, на кое се донесени одлуките со кои е основана југословенската федерација и, се разбира, со кои е основана и македонската држава како република во составот на федерацијата. Во Одлуката број 3 на Второто заседание – за првпат во историјата на вселената по Големиот Трескот! – во еден државно конституционален документ е уредено основањето на македонската држава и признаен македонскиот народ како посебен државотворен национален ентитет, со што 29 ноември стана вистинскиот роденден и на македонската република и на југословенската федерација!

Се разбира, овие редови ги пишувам веќе рутински, по системот „ко о чему – баба о уштипцима“, како потсетник за сите нас – зелки македонски – што во редот на државните празници славиме куп верски и други датуми без никакво значење за државата, а 29 ноември – нејзиниот вистински роденден – упорно и тапоглаво го премолчуваме и му го препуштаме на заборавот.

Да бев злобен, ќе напишев дека ќе го заслужуваме секое оспорување, сѐ додека и самите не почнеме да ги чуваме и паметиме, и престанеме да ги оспоруваме сопствените идентитетски темели. Но, нема, зашто не сум.

# ОБЕДИНУВАЧКА ХИСТЕРИЈА

**03.12.2020**

> Националното заедништво прераснува во еден вид национален аутизам, зашто нацијата станува ентитет што „се слуша и чита самата себеси, што се гледа себеси на телевизија и заедно се информира и возбудува“.

Современиот германски филозоф Петер Слотердијк на едно свое исклучително луцидно предавање – како што ни раскажува Иванчиќ – насловено како „Силна причина да се биде заедно“, нациите ги дефинирал како „колективи на заедничко слушање“, во кои медиумите ја преземале водечката улога – пред религијата и образованието – во создавањето и одржувањето на живото, растреперено, па дури и везден возбудено национално чувство – чувство на колективна идентификација. Оваа своја витална ролја во животот на нациите „националжурнализмите“ – како што ги нарекол Слотердијк – ја вршат создавајќи „масовни психо-акустични инсценации“ во кои се дига температурата на националната топилница, во која се хомогенизира националното чувство, во кое национал-

ното се одржува во врела, хомогенизирана и полутечна, активна и „возбудена“ состојба.

Националното заедништво така прераснува во еден вид национален аутизам, зашто нацијата станува ентитет што „се слуша и чита самата себеси, што се гледа себеси на телевизија и заедно се информира и возбудува“. „Слободните медиуми“ што, сите од ред, ја преземаа спонтано улогата на средство за колективно (национално) информирање, автоматски стануваат средство за еден вид аутистичка национална „заробеност“, која – секогаш кога ќе затреба – се побудува да се „подигне“ и да се трансформира во занес, егзалтација или колективна омраза. Националжурнализмот во овие ситуации станува главното средство за произведување на „вообединувачката хистерија или интегрирачката паника“.

Според оваа по малку цинична но застрашувачки вистинита теорија на Слотердијк, модерните нации се „општества на самовозбудувањето“ што својата форма и хомогеност – својот опстанок, дури – го обезбедуваат со постојано медиумски индуциран стрес, еден вид контролирана хистерија и паника „од послаб интензитет“, со кој се одбегнува осипувањето на националното тело, со кој се бијат центрифугалните сили, и со кој се одбегнуваат честопати оправданите прашања за самата смисла на заедништвото.

Таа перманентна медиумски индуцирана хистерија и паника најлесно се одржува со побудување на една од човековите најомилени афектации: со самовиктимизацијата. Се отвораат и се посипуваат со сол старите рани – внимателно, посветено и тивко негувани никогаш да не зараснат – се оживуваат лажните сеќавања за неправдите што ѝ биле некогаш нанесени на замислената нација

и за незаслужените порази ископани од колку и да е далечната и имагинарна историја. А во својство на редовно извориште за оваа индуцирана хистерија секогаш се медиумски конструираниот Друг, односно имагинарно антагонизираните Други, што се бираат најчесто од списокот на соседите, но и богатата листа на големите сили што стоеле зад нив. Нацијата, според Слотердијк, постои одржувајќи ја центрипеталната сила на индуцираниот стрес и страв, па испаѓа дека без „непријател на нацијата, ја нема ни нацијата, а без стресот што го предизвикува непријателот – го нема ни сопствениот стрес“, стресот што за нацијата живот значи.

Доколку ја надлетаме медиумската хистерија што во врска со бугарското вето на нашиот пат кон Европа се подигна од двете страни на границата, ќе забележиме веднаш дека – и во подготовките на колективната свест што му претходеа, како и во реакциите после ветото – во прашање се поубедливи докази на сите тези и дефиниции на германскиот филозоф, отколку што тој можеше и да сонува во времето кога ги формулирал. Беше потребно бугарската ВМРО да посегне по нашиот скапоцен имагинарен поим – нашиот национален идентитет, за да се подигне вистинска националжурналистичка хистерија што за миг ја обедини нацијата во паничен и гневен врисок. Но, безмалку никој не се запраша: за кој национален идентитет се работи? Дали за истиот што македонската ВМРО го разнебити до непрепознатливост последниве три децении?

Доколку си припомнеме на основните симболи од нашиот национален идентитет, да речеме нашите државни симболи, ќе сфатиме дека знамето со кое ја освоивме државноста и под кое ги изградивме сите елементи на

нашата културна посебност што го чинат колективниот идентитет, го фрливме во ѓубриштето на историјата без глас против, за да го усвоиме знамето со ѕвездата од Вергина, што никогаш не само што не било дел од националниот идентитет, туку ниту знаевме за неговото постоење. Малку подоцна, во потполн молк и зачудувачка колективна тапост, го унаказивме државниот грб исфрлајќи ја петокраката ѕвезда со која ја изборивме националната еманципација и ја изградивме колективната идентификација на модерна, секуларна и просветена нација. Потоа дојде на ред фашисоидното преобликување на нашиот идентитет со подигање на чудовишни споменици на античките македонски кралеви што самите се сметале за Хелени, кои, конечно, го рашириле хеленизмот низ целиот тогашен свет. За, на крајот и да ги префасадираме и препокриеме со кретенска маса на бетон и стиропор и архитектонските белези на нашиот модерен македонски идентитет.

Што направи националжурнализмот за сето тоа време на разнебитување, понижување, фалсификување и идиотизација на скапоценото и бесценето тело на нашиот национален идентитет, за кој денес гневно врескаме дека е нешто за што не смее да се преговара? Ништо. Уште пропонижувачки е фактот дека во македонската јавност се потроши многу, многу повеќе простор и медиумска енергија да се најдат бескрајно многу причини да не се ни отпочне со реставрацијата на тешко оштетениот, изобличен, до карикатура донесен национален идентитет. Испаѓа како немо и субмисивно да ги прифаќаме сите касапења на веќе франкенштајнската креатура на нашиот колективен идентитет, само доколку доаѓаат од малоумната фантазија на македонското ВМРО, но кога

се појави Другиот – бугарската ВМРО, моќната машина за произведување на вообединувачката хистерија на самозаробениот колектив на заедничко самозалажување не „подигна“ сите во блажено вжештената состојба на жртва на надворешното Зло.

И, конечно, можеме да му бидеме благодарни на бугарскиот политички врв за нивната „искреност“: нивните барања изразени во „објаснувачкиот меморандум“ се толку отворено глупави, анахрони, инфантилни, агресивни и назадни, што тие им наштетија најмногу ним самите, како и на европските планови за проширување, се разбира. Додека нас тие не промовираа во морални победници и праведници кои останавме единствените што во нашите желби за евроинтеграција и понатаму ги негуваме европските вредности.

Но, дали оваа блокада ќе ни ги отвори очите и ќе ни помогне да сфатиме дека никој од надвор не може да ни го измени идентитетот, туку дека тоа го направивме – и тоа на најкретенски начин – ние самите. И дека европските вредности можеме да ги оствариме само дома, обновувајќи го националниот идентитет со чистење на малигните тумори што го разнебитија телото на нашето самозпознавање: со чистење на споменицитe на вмровското Зло, учебниците затруени со вмровски кретенизми и илјадите закони и прописи што ги произведе чудовиштето на „заробената“ вмровска држава.

# НЕИЗВАЛКАНИ ОД ФЕКАЛНА ГРАНАТА

10.12.2020

> Правејќи ја глупоста, глупавиот никогаш не лаже; глупоста е многу често најискрениот исказ на луѓето, зашто најтранспарентно ги открива нивните мотиви и намери; таа е разоткривачка, зашто е направена од убедување.

Како што сигурно повеќепати кажав, во секоја лага постои нешто вистинито – а тоа е вистината за нејзиниот автор. Практично, најважната информација во секоја лага е токму тој нејзин скриен, скапоцен дел, што ни зборува за мотивите, намерите и природата на лажецот. Нешто слично може да се рече и за глупоста: дека единствената рационална информација што може да се извади од глупоста се однесува на состојбата на свеста на нејзиниот починител. Но, тука мора да се направи една – навидум ситничава – но важна забелешка што прави длабока разлика помеѓу лагата и глупоста. Имено, дека глупоста е секогаш вистинита.

Правејќи ја глупоста, глупавиот никогаш не лаже; глупоста е многу често најискрениот исказ на луѓето, зашто

најтранспарентно ги открива нивните мотиви и намери; таа е разоткривачка, зашто е направена од убедување; глупавиот никогаш не ја крие глупоста, зашто ја смета за своја вистина; наместо да се срами, тој е најчесто горд на глупоштијата што ја прави. Наместо да биде во состојба да ја воочи сопствената глупост, глупакот редовно упаѓа во затворениот зол круг на глупоста, во кој наместо да ја коригира тој ја повторува и уште поупорно и поарогантно ја нагласува глупоста, небаре повторувањето и тврдоглавоста ќе и дадат некаква легитимност на глупоштијата. Лагата може да биде итра и неверојатно интелигентна, но е главно ладнокрвна, додека глупоста никогаш не може да биде итра, но затоа неа ја поттикнуваат автентични и жешки чувства, како што се амбицијата, зависта, суетата, навредата, болната инфериорност, невозвратената љубов или алчноста.

Бугарското вето – вие веќе погодивте за што пишувам – е страшна и непростлива геополитичка грешка, но „Објаснувачкиот меморандум“ на бугарската влада, со кој бугарската политика ѝ ги објасни на Европа причините и мотивите за своето вето, е, тоа не само што воопшто не е грешка, туку е една од сè срце искрена, грамадна, дури колосална глупост.

Првин за грешката: нејзините размери и последици се несогледливи, особено денес, додека чадот и смрдеата од бугарската фекална граната, фрлена на европскиот проект за проширување на Унијата, уште го загадуваат и замрачуваат хоризонтот. Ветото не само што повторно геополитички го дестабилизира Балканот, туку и прави – не пукнатина – туку кратер чија длабочина досега до самите темели на Унијата. Талкајќи по овој кратер, првото што човек ќе го забележи во разнишаните теме-

ли на најголемата заедница на држави во светот е дека Унијата во своите редови примила земји членки што по многу свои однесувања и состојби воопшто не ги исполнуваат критериумите за прием. Овој ужасен факт – кој некое време може да се прикрива со многу добра волја и конструктивна соработка – за жал станува се поотрезнувачка вистина во Унијата, особено кога токму оние што станале членки со многу протекција, затворање очи и политички притисок, значи особено оние што најмалку заслужиле да се внатре, сега со себична и инфантилно неодговорна политика ги загрозуваат темелните вредности на Унијата и нејзините стратешки определби. Така што, ветото – таа ужасна геополитичка грешка на Бугарите – не само што ќе го дестабилизира Балканот, туку и од темели ќе ја разниша и Унијата.

Што се однесува на колосалната глупост на бугарската политика, на несфатливо тапиот „Објаснувачки меморандум", веднаш да признам дека првото што го нареди во категоријата на глупостите е детската искреност што е непростлива за едно врвно дипломатско писание што треба да ги објасни причини за една тешка саботажа на заеднички проект. Кога го читате „Објаснувачкиот", како да ви се појавуваат черепите на неговите автори, проѕирни како стакло, со содржина како што беа оние мали стаклени новогодишни сувенири со минијатурни фигури на дете, дедо мраз, куќичка или елен во нив, кои – кога ќе ги свртевте наопаку – ќе направија мала весела виулица од снег. Таа неверојатна искреност и инфантилност на „Објаснувачкиот", пред сè доаѓа од едно негово базично својство: од почеток до крај тој се темели на една единствена претпоставка – дека бугарскиот детски провинциско-империјалистички сон е универзална и

апсолутно неспорна вистина, од чија вистинитост потоа природно произлегуваат и сите тврдења и поплаки во ова астрономски глупаво, безмалку малоумно антидипломатско четиво.

И, токму оваа тажно искрена основна претпоставена во „Објаснувачкиот“ го прави еден од најглупавите дипломатски акти во историјата на човештвото: бидејќи се заснова на нереален, никогаш постоечки, влажен пубертетски сон, тој станува апсолутно бескомпромисен. Тоа е дипломатски текст што објаснува дека не само што не е подготвен да направи некаков компромис, туку дека не е подготвен ниту да ја препознае стварноста. Поради овој сонувачки, аутистички, социопатски став на бугарската политичка елита, во меморандумот нема не само место за компромис со македонската страна, туку нема ни врата ни дупка, па ни процеп во ѕидот зад бугарската позиција, низ која самите Бугари би можеле да се повлечат, провлечат или исчезнат, по глупоста што гордо му ја обнародија на светот.

Глупавоста се мери и според односот на добивката што ја има глупавиот и штетата што ја направил на себе си и на другите. И тука „Објаснувачкиот“ манифестира незапаметена глупавост, зашто со меморандумот изградија ѕид пред нас и помеѓу нас, непремостлив ѕид на малоумно нереални барања, што никогаш нема да им донесат никаков резултат (освен нивниот сопствен резил), зашто тој не само што не овозможува компромис од наша страна, туку не им овозможува ниту на Бугарите ни теориски шанси за каква и да е отстапка. Глупердите креираа блокада што нема ниту теоретско решение. Освен да повлечат се што напишале, да напишат преку кратерот што го

направија со нивната фекална граната: „тази дупка не е дупка“, или нешто друго слично инфантилно.

Но, има нешто сосем надежно во оваа бугарска дипломатска катастрофа: таа воопшто не ги загрозува ниту нашите морални, политички, а ни меѓународни позиции. Македонската страна во оваа меѓународна калварија остана светечки неизвалкана и со чиста совест, заштонаправивме сè што требаше, а бугарската страна го проектираше својот кошмарен сон и болни аспирации длабоко преку меѓународната граница и посегна арогантно, насилно (дури и вулгарно) под нашето здолниште.

И, што да правиме сега, на што да ги темелиме нашите надежи? Треба да се правиме како оваа одвратна епизода воопшто да не се случила и да продолжиме дома да ги градиме и материјализираме вредностите и целите кон кои стремиме. Ништо повеќе. А, надежта, што со надежта? Не се секирајте, неа никој не може да ни ја одземе, зашто, како што рекол Валтер Бенјамин, таа им е дадена само на оние што ја немаат.

# СИЛА ШТО ВЕЧНО СТРЕМИ КОН ЗЛОТО

**24.12.2020**

> Зад ветото да ти стоеле 142 години трајни чувства, ресентимани, внатрешни крварења и отворени рани, соништа и историски фрустрации; се слоеле воени порази и тешки историски грешки и злостори; се трупале овие несреќи и погрешни очекувања кај братјата век и половина.

По бугарското вето за нашите евроинтеграции, конечно можеме со олеснување да здивнеме и да му се вратиме на вистинскиот живот. Не зашто не вредеше да се напрегаме и саклдисуваме толку за да ги задоволиме заумните бугарски барања. Не – вредеше, вреди и ќе вреди секој напор да се совладаат препреките на единствениот пат што го избравме – туку зашто ужасната дискрепанца помеѓу официјалните европски изјави за општата согласност за продолжување на нашиот пат кон членството во Унијата и вистинската позадина – и ужас! – на бугарските барања – ни овозможија еден вид епифанија, согледување и безмалку материјално пројавување на вистината за нашите „пријателски“ односи со соседите.

И тука не мислам на купиштата малоумни и навредливи изјави на бугарските врвни „политици“ – чие ниво беше толку долно што не заслужуваше ни одговор, ни каква и да е реакција – туку повеќе на она што бугарскиот парламент го изгласа како писание кое потоа нивната влада го испрати како Објаснувачки меморандум на земјите членки на Унијата.

Се покажа дека зад бугарското вето не стојат дневнополитички мотиви – барем не зад содржината на нивниот став, туку можеби само зад избраниот миг кога го истопорија на виделина. Зад ветото да ти стоеле 142 години трајни чувства, ресентимани, внатрешни крварења и отворени рани, соништа и историски фрустрации; се сloеле воени порази и тешки историски грешки и злостори; се трупале овие несреќи и погрешни очекувања кај братјата век и половина, за на крајот, еве, пред самиот почеток на нашите пристапни преговори да создадат калдера што еруптираше во спис кој според својата искреност може да се нарече Исповест или Интимен дневник на една држава.

Од една страна чувствувам олеснување по прочитаниот меморандум, како човек што на својот пат наишол не на препрека – соборено дрво, насип, палисади или само кратер од фекална граната – туку на бедем чии врвови се губат во облаците. Што чувствува човек кога наидува на таков бедем? Секако не фрустрација поради неможноста да го пробие или прекачи; тој чувствува мир во сознанието дека не е негова одговорноста што не може да го совлада бедемот, туку на оние што го подигнале.

Во сенката на овој чудовишен бедем човек може да се замисли малку, да се огледа околу себе и да се загледа во себе; може да го потсреди своето домаќинство што веќе

предолго го држи на ветрометина – на предолгиот пат, сосем скудоумно наречен „транзиција“ – и да поработи малку на себеси, да собере сила, здив и кондиција, да изгради филозофија со помош на која ќе го заобиколи бедемот, промисла што ја оставил некаде на почетокот, кога набрзина се пакувал, или, што ја фрлил попат оти му се всекувала в рамо, како лошо изработен ранец наполнет со непотребни тежини...

Сепак, две незгодни мисли – ко камчиња в чевла – ми го бијат и тријат мозокот. Првата е сеќавање на моќните зборови на Воланд – инперсонификацијата на Ѓаволот во Булгаковиот бесмртен роман „Мајсторот и Маргарита“ – кој на жалбата дека Мајсторот своето животно дело, единствениот оригинал на својот ракопис во очај го изгорел во оган, реагира категорично: „Ма, глупост – ракописите не горат“. На ѓаволот може да му се верува на збор – особено ако му диктирал в перо на генијалниот Булгаков – па ме грижи што тивката и плитка ѓоа оптимистичка меѓународна реторика околу „одложувањето“ на почетокот на нашите преговори, е далеку од очекуваната реакција на Европа на бугарската себична и социопатска злоупотреба на европскиот механизам на одлучување. Тоа шушкање нема температура да запали ниту чкорче, а не пак ракописната маса на Меморандумот, мокра и расквасена од век и половина лиените бугарски солзи.

Знам, во политиката на 21 век зборот – па бил тој и државен – нема некоја тежина, ниту има цврста конзистенција, па ниту трајност, особено доколку идната година во гнаснава игра се појави – разбуден од неколкугодишната интровертна фаза – и големиот играч отаде океанот што може да запали се што ќе посака. Одлучната интервенција на САД сигурно ќе го обезбеди „пофлексибилниот“

став на Бугарија, но од аспект на бугарските „вистини“ искажани во нивниот Објаснувачки меморандум, веќе сè е попусто: тие се писание, што по дефиниција веќе станало историја, па што и да се стори во меѓувреме, тој ракопис – како и сите други – веќе нема да може да изгори.

Втората мисла што ме „жули“ во черепот – вие веќе заборавивте на неа, нели – се однесува на непостоечката реакција на членките на Европската Унија на бугарскиот меморандум. На бугарските преформулации на текстот на преговарачката рамка реагираа Чешка и Словачка – секоја чест – но оној товар сточен измет измешан со провинциско-империјалистички солзи – зборувам за „Објаснувачкиот“ – Европејците го ркнаа во тишина, ко да беше свежа остригa залиена со ладно суво шардоне. Таа просушена европска тишина укажува дека бугарските ставови за историјата на 20 век, што се темелат на заумна профашистичка ревизија на историјата, во преовладувачката европска политичка струја се смета за прифатена, веќе ревидирана и архивирана работа.

Загрижувачки се јасните знаци на веќе извршената ревизија на европската историја, во која најголемото зло на векот да ти бил комунизмот, кој го завиткал векот во ропство, гибел и несреќа, додека наци-фашизмот бил една несреќна епизода што ја предизвикал еден полуден каплар. Во оваа верзија на историјата на дваесеттиот век – која, инаку, е изгласана и како декларација во Европскиот парламент – вистинското зло не го произвел капиталистичкиот империјализам во двете светски војни, што се престорил во фашистичка инкарнација на Најголемото Зло кога и да е. Не, туку вистинското зло почнало со упадот на дивјачките орди на Црвената армија во Европа, кој се продолжил низ децениите од

нејзиното поробување, сѐ до победата над комунизмот и распадот на Империјата на Злото.

Оваа зла скаска не е испрдната од цревата на некој забеган неофашист, туку е скратен приказ на една нова владејачка парадигма што веќе подолго време се вдомува во Европа, а богами и во пристоен дел од светот. Најмалку што може да се рече на таа тема е дека оваа парадигма, што како да излегла од заболените мозоци на нашите или на бугарските вмровци, не може да ѝ погодува на нежната македонска културно-историска појава, најмногу поради тајната вистина за наталната природа на нејзината државна дребност која е, нели, комунистичка творба пар екселанс.

На крајот, не треба да нѐ загрижуваат премногу содржините на овие мои мисловни камчиња што ми влегле во черепот, зашто не е важно колку европските вредности се изопачуваат кај членките на Унијата; единственото важно е тие да се одразуваат во нашиот поглед кон Европа, во нашата решеност да ги оствариме дома, во визијата за нашето сопствено пресоздавање според нивниот – замислен и идеализиран – лик. И, конечно, кој знае зошто бугарското вето е добро? Не случајно Мефистофел (Гетеовиот Ѓавол) на прашањето... но, конечно, кој си ти?, одговорил: Јас сум дел од онаа сила што вечно стреми кон злото, но вечно твори добро.

# ИДЕНТИТЕТОТ КАКО ОПАШ НА КОМЕТА

**31.12.2020**

> Во неговата епохална дистопија „1984“ тој ги разработи и доведе до божествена јасност алатките на тоталитаризмот, а како најмоќна алатка за тотално потчинување и контрола на луѓето – не само на нивното однесување, туку и на нивните мисли – Орвел ја одбра токму манипулацијата со историјата.

Неодамна, додека смрдеата од бугарската фекална граната фрлена на нашиот пат кон ЕУ сè уште не се беше развеала, министерката за надворешни на бугарската влада Екатерина Захариева даде интервју во кое, целејќи да ги објасни причините за бугарската блокада на нашите евроинтеграции, изјави дека нивното „становиште не е лесно за разбирање“, но дека тие ќе продолжеле да го објаснуваат. Не знам дали ова „објаснување“ некому под небеската капа му помогна да сфати што навистина стои зад бугарското „становиште“, ниту пак кои се вистинските последици од удоволувањето на барањата произлезени од нивното „становиште“, а најмалку е јасно кои се суштинските мотиви зад тие необјасниви барања.

Навистина, што се случува кога една нација ќе се откаже од сопствената историја, а што добива државата што ќе ја присвои за себе? Што, по ѓаволите, претставува една артефициелна претстава за минатото време и, конечно, какво значење може да има едно уште поизнасилено манипулирање со времињата, настаните и личностите, што денес веќе никој не ги разбира и знае, што сите заедно денес му припаѓаат на жанрот на митовите и легендите, записите за факти и датуми што колку и да се вистинити денес се сепак само напишана фикција?

Времето е димензија што на човека не му е дадена да ја сфати; димензија што е надвор од тродимензионалниот свет според кој еволуцијата на нашиот вид го „дизајнирала" нашиот мозок; за која можеме да зборуваме само доколку не се замислиме и посакаме да си ја објасниме; тоа е повеќе чувство што нè има нас отколку ние него. За значењето на времето, временските планови и историјата, и особено за моќта на манипулирањето со нив, најпаметните работи ги има кажано генијалниот Џорџ Орвел.

Во неговата епохална дистопија „1984" тој ги разработи и доведе до божествена јасност алатките на тоталитаризмот, а како најмоќна алатка за тотално потчинување и контрола на луѓето – не само на нивното однесување, туку и на нивните мисли – Орвел ја одбра токму манипулацијата со историјата.

Најважното министерство во тоталитарната влада на дистописката супердржава Океанија е токму Министерството за вистина. Винстон Смит, главниот лик во романот, работи токму во тоа министерство, а неговата работа – како и на целото министерство – е секојдневно да ја ревидира историјата. Тој лично има задача повторно да ги пишува поранешните изданија од најважниот весник

„Време“, при што по ревизијата оригиналите редовно се уништуваат.

Во Орвеловата тоталитаристичка Океанија „секој запис се уништува или фалсификува, секоја книга повторно се пишува, секоја слика се пресликува, секоја статуа и зграда се преименува, секоја дата се преиначува. И постапката (на повторно создавање на историјата м.з.) продолжува секој ден, минута по минута. Историјата застана. Ништо не постои освен бескрајната сегашност во која Партијата е секогаш во право“. Целта на историскиот ревизионизам е тоталната контрола на државата, а механизмот на кој работи ова најужасно тоталитаристичко психосоцијално оружје Орвел го објаснува со веќе општопознатиот закон: „Кој го контролира минатото ја контролира и иднината. Кој ја контролира сегашноста го контролира и минатото“.

Орвеловото пишување и неговата мисла се пример за концизност и јасност, така што безмалку е непотребно дополнителното објаснување на бугарското становиште и неговите мотиви, што за бугарската министерка за надворешни работи „не се лесни за разбирање“. А, за „добронамерноста“ на бугарските барања, односно за последиците од тоталитарниот историски ревизионизам Орвел ги напишал следниве зборови што како да се врежани во камен: „Најефективниот начин да се уништат луѓето е со негирањето и бришењето на нивното сопствено разбирање на нивната историја“.

Сепак, Орвеловото луцидно објаснување на моќта и ефектите од историскиот ревизионизам е сосем логично и употребливо кога е во прашање тоталитарната контрола од страна на еден злоупотребен државен апарат што ова перење на мозокот го врши над сопственото

население. Но, што може бугарската држава да добие со нивните апсурдни барања од македонската држава, каква е добивката доколку ние самите – под нивна уцена и диктат, се разбира – ја пребришеме и фалсификуваме сопствената историја, и со тоа извршиме самоспознајно самоуништување?

Ова нерешено прашање оди заедно со проблемите што секој од нас ги има со сфаќањето на времето како такво – времето како четврта димензија. За да си ја сликувам оваа апорија, јас обично се служам со геометријата. Во идеализираниот апстрактен свет на геометријата може лесно да се замисли настанокот на димензиите, а конечно, тоа произлегува од самите дефиниции на геометриските ентитети. Кога точката како бездимензионален ентитет ќе се придвижи, настанува еднодимензионалната права (линија). Со придвижување на правата добиваме дводимензионална површина, а со придвижување на површината ќе добиеме тродимезионално тело. Така настануваат димензиите што ги разбираме, што можеме да ги замислиме и да ги нацртаме.

Но, следниот чекор, настанокот на четвртата димензија, наеднаш станува невозможно да се замисли, уште помалку да се разбере или сликува. Но, го воочивме основниот генерички закон на димензиите: тие настануваат со придвижување на ентитетите со помалку димензии. Така што, најблиску до сфаќањето на времето е дека тоа е димензија по која се движи нашиот тридимензионален свет. Е, сега, замислете ја нашата родна Македонија како тродимензионално тело (со својот збрчкан релјеф, котлини, езера и реки) што се движи по временската оска и лета низ темната вселена: сите нејзини настани, датуми, луѓе и имиња, сите нејзини историски и културни запи-

си ќе бидат зад неа, како фрагменти и прашина растурени околу временската оска по која се движи.

Оние веднаш одзади – во скорешното минато – се густо натискани, а потоа се сè поретки и поретки, колку се подалеку во минатото од неа. Всушност, нашата цела историја, телото на нашето вкупно културно самоспознавање, се влече низ темниот простор на минатото зад таа камена макета на сегашноста... токму како опаш на комета. Идентитетот на кометата е во нејзиниот опаш, па комета со заменет опаш е комета со друг идентитет, при што – закономерно – нашето македонско парче земја со накалемен бугарски историско-идентитетски опаш станува бугарска земја без секое двоумење.

И, тоа е одговорот на тешкото прашање за суштината на бугарските барања, за „становиштето што тешко може да се разбере". Бугарските барања се всушност најординарни територијални аспирации врз нашата земја. Македонија со бугарско потекло и историја станува легитимирана бугарска земја. Братјата – веројатно повторно погрешно проценувајќи ја германската моќ – го искористија историскиот момент на сопствената геополитичка премоќ за по трет пат во 100 и кусур години да извршат упад во македонската територија за да ја престорат во бугарска, а нам – на одродените синови и ќерки блгарски – да ни го наметнат и легализираат бугарското потекло, јазик и идентитет. Дали е можно уште да не им е јасно дека тоа никогаш нема да се случи?

# МИТОТ ЗА ВМРО

**05.01.2021**

> За датумот 23 октомври 1893, што денес го славиме како државен празник, немаме поверодостојни податоци отколку за последната вечера што Христос ја имал со своите ученици дента пред да пред да го почне своето враќање на небото.

За разлика од историските случувања, за митовите не се потребни пишани докази и документи: тие се приказни за почетоците, за нивните први причини и цели на постоењето. Поради тоа веродостојноста на митовите никогаш не се докажува – во нив се верува поради нивната светост, зашто потекнуваат од старите преданија што преку нашите дедовци стасале до нас. Името на митот му потекнува од грчкиот збор mythos со значење на „збор“, но како завршен исказ или повеќе како „изречен збор“, што во грчкиот јазик драматично го разликува од logos кој исто така означувал „збор“, но кој требало да има смисла, што може да се докаже и провери. Токму овие контроверзни причини – опскурното потекло на митот, невозможноста за проверка и непознавањето на

неговите творци – стануваат општоприфатената гаранција за неговата веродостојност и автентичност.

Од друга страна, историјата е дисциплина што својата веродостојност ја заслужува со собирање, споредување и докажување на нештата преку автентични записи, односно историски документи. Зборот „историја“ доаѓа од грчкиот збор historie, кој бил со јонско потекло и првобитно значел „истражување“ за подоцна да го добие денешното значење на запишано минато. Но, кога историјата во своите истражувања ќе се приближи до почетоците на појавите, кога методата на докажување и споредба на документи веќе не може да се примени поради недостаток на пишуваните извори, таа – историјата – неминовно почнува да се потпира на преданијата чии извори и се непознати. Овој методолошки проблем станува прималeн грев на сите национални истории што ги опишуваат јуначките настани што ја породиле нацијата. Тука преточувањето на митовите во историја и обратно – пишувањето на митови со историографски алатки, станува службена задача на националната историографија.

Овој прималeн грев на историографијата е уште повеќе нагласен со вториот најголем епистемиолошки проблем на професијата – со толкувањето на историските документи низ призмата на подоцнежните случувања и современите состојби, значи со прекројувањето на минатото според потребите на сегашноста. Кога веднаш по основањето на слободната македонска држава пред историографијата се истопори огромната задача да се создаде и историскиот наратив за преднаталните настани и херои што биле клучни за самоспознавањето на културната и националната посебност и за револуционерната борба што резултирала со државност, на исто-

ричарите не им била доволна четиригодишната епопеја на антифашистичката борба, туку решија по секоја цена да воспостават континуитет на македонската револуционерна борба за слобода наназад до првите револуционерни дамари од крајот на 19 век.

Во оваа невозможна мисија на барање датум на почетокот на борбата, име на клучниот херој што го положил својот живот за денешната Македонија и така симболично станал еден од столбовите на македонската државност и, конечно, организацијата што ја почнала револуционерната епопеја, македонската службена историографија не само што влегла во митолошката територија, туку и во селектирање факти, па дури и во конструирање митови што се темелат врз чиста лага. Така настанал лажниот мит за ВМРО.

ВМРО е основана 1919 година во Бугарија, како терористичка организација што требало со атентати и терор да ја подрива српската окупација на „светите бугарски земји“ и да го обезбеди присоединувањето на Вардарска Македонија на матицата – Бугарското Царство. Оваа организација се прослави не само со атентатите врз српски великодостојници – меѓу кои и убиството на југословенскиот крал Александар Караѓорѓевиќ – туку уште повеќе со терор, грабеж, изнудување и уцени и егзекуции на повеќе илјади македонски цивили.

На крајот, ВМРО стана засебна мафијашко-терористичка држава во рамки на бугарската држава, што резултираше со нејзиното забранување 1934 од страна на царските власти и нејзиното формално исчезнување. Нејзините водачи, меѓутоа, и мнозина нејзини членови подоцна се „прославија“ и со активното учество и соработка во оку-

пацијата на Македонија од страна на бугарскиот фашистички окупатор од 1941 до 1944 и во убивањето на македонските комунисти и партизани. Па, како е можно оваа одвратна профашистичка мафијашко-терористичка организација да стане – ретроспективно – заедничкото име за целата македонска револуционерна борба од крајот на 19 век и потаму?

Како што веќе објаснив, во прашање најверојатно била желба да се обезбеди револуционерен континуитет, чисто македонски – ретроактивен и лажен – за кој немало никакви историски докази. Името на организацијата што ја започнала револуционерната борба за македонска државност испаднало проблем за исполнувањето на оваа амбиција. Имено, за основањето на револуционерната организација во 1893 година постојат само фрагментарни сеќавања од некои од шесте основачи, но сите биле сложни дека на основачкиот состанок за името на организацијата не станало ниту збор.

За датумот 23 октомври 1893, што денес го славиме како државен празник, немаме поверодостојни податоци отколку за последната вечера што Христос ја имал со своите ученици дента пред да пред да го почне своето враќање на небото. Името на организацијата сепак било одредено на Солунскиот конгрес во 1896 година и за тоа постојат документи – Уставот и Правилникот на организацијата, кои ги пишуваа Ѓорче Петров и Гоце Делчев, и таа била наречена Бугарски македоно-одрински револуционерни комитети или скратено БМРОК. Подоцна, под влијание на Гоце Делчев, организацијата била преименувана во Тајна македоно-одринска револуционерна организација или ТМОРО, што било потврдено со измени

во нејзиниот Устав на конгресот одржан во Солун 1902 година. Како, по ѓаволите, испаднало дека ВМРО постоела безмалку 26 години пред да се основа?!

Испаѓа дека најверојатно претежнала потребата да се избере име на организацијата што нема да ја содржи бугарската припадност во насловот, а ниту пак одринската територијална одредница што по балканските и Првата светска војна останала во Република Турција. И така, околу лагата за ВМРО – за чие постоење во своите животи не слушнале ниту Гоце ниту Даме ниту Ѓорче – од сосем спротивни причини се сложиле и македонската и бугарската историографска заедница. Првите поради тоа што во името ВМРО постои само македонската одредница, а вторите затоа што од секогаш знаеле дека таа „чисто" македонска организација била секогаш антимакедонска и пробугарска по својата суштина, цели и активности, и секогаш се борела за остварување само на бугарските аспирации за припојување на македонските земји кон бугарската матица.

Но, зошто јас залудно ја „разоткривам" оваа митолошка лага, кога мојот младешки гуру Марк Твен уште одамна ми има шепнато на уво, да го чуе целиот свет: „Колку е лесно да ги натераш луѓето да поверуваат во лага, и колку е потешко потоа да ги увериш дека биле излажани!"

# МАКЕДОНИЈА, ВЕЧНАТА БУГАРСКА TERRA IRREDENTA

**14.01.2021**

> Бугарските барања се толку малоумни што веќе не постои никаков ризик дека можат да бидат исполнети. Тоа сознание ни дава спокој и време да се занимаваме со себеси, зашто космичката глупавост на бугарските барања го ништи времето како релевантна димензија, та носи мир поништувајќи ги и сите можни дилеми.

Колку и да се навикнати на сопките и блокадите на патот на признавањето на Република Македонија и нејзиното зачленување во големите меѓународни организации и сојузи – ОН, НАТО и ЕУ, граѓаните на Македонија на особено болен начин го почувствуваа убодот в грб на бугарската кама, со кој соседите уште еднаш го сопреа нашиот пат кон Европа. Има неколку причини за оваа вознемирувачки болна реакција.

Првата е најверојатно зашто бевме веќе со „спуштен гард“, изморени од бескрајното натегање со Грците, задоволни од постигнатите договори со обата соседи и опуштени во очекување на историскиот почеток на пристапните преговори.

Втората е секако поради неочекувано простачкиот и силеџискиот настап на бугарските званичници, со кој тие јавно ја испорачаа својата бандитска уцена, во манир на деветнаесетовековни ајдуци што по чудо седат во асамблејата на најдемократската меѓународна унија на светот. И, третата е, без секое сомневање, тоа што содржината на бугарските барања е толку незамисливо непристојна, безмалку неверојатна, толку абнормално кретенска што на човека му го избива воздухот од гради од запрепастеност и неверување.

Се разбира, целиот нормален свет, меѓународната заедница, па дури, мислам, и самите бугарски челници, сфатија дека се работи за ужасна грешка на бугарската влада, па можеме да очекуваме и двете страни во „спорот" – со асистенција од меѓународните сили – да вложат конструктивни напори на попристоен начин да ја артикулираат свињаријата што бугарските политичари во предизборната паника толку темелно ја засраа. И, не се сомневам дека порано или подоцна бугарската уцена ќе биде исфрлена од преговарачката рамка со Европската Унија, и ќе биде преформулирана во рамки на билатералните односи и соработка – веќе уредени во Договорот за пријателство – на подипломатски и секако на „обострано прифатлив" начин. Така што, можеме да бидеме сосем спокојни, веќе немаме потреба од егзалтирано и хистерично очекување, брзање и натегање околу тоа дали „ќе го бидне ил не ќе го бидне" и кога ќе биде тоа.

Сега веќе не е важно кога ќе „бидне" тоа, зашто апсолутната предност ја презема самата природа на бугарските барања: тие се толку малоумни што веќе не постои никаков ризик дека можат да бидат исполнети. Тоа сознание ни дава спокој и време да се занимаваме со себеси, зашто космичката глупавост на бугарските барања го ништи време-

то како релевантна димензија, та носи мир поништувајќи ги и сите можни дилеми.

Нашиот спокој го гарантираат токму последиците од содржината на бугарските барања, а тоа се за слепци обвитканите во идентитетски и историски прашања, но за возрасните и писмени луѓе сосем очигледните територијални аспирации на Бугарија кон македонската земја. Да, да, Бугарите сосем очигледно сеуште ја сметаат нашата татковина за бугарска terra irredenta или, за оние на кои италијанскиот не им е мајчин јазик – за неослободена бугарска земја, па иредентистичкиот став дека македонската територија историски и припаѓа Бугарија, во Објаснувачкиот меморандум – иако, како што веќе реков, завиткан во малоумните објаснувања за бугарската природа македонската нација и јазик – е сосем очигледната централна и суштинска позиција на бугарската влада.

Не ме терајте повторно да го цитирам тоа ужасно четиво – Објаснувачкиот меморандум: тамо е јасно напишано дека денешната македонска државна територија е бугарска од Првото бугарско царство, уште пред турско во средниот век, и дека од тогаш до денес се на оваа територија – и земјата и градбите и историјата и луѓето и јазикот и културата –се е бугарско по своето потекло, бит и име; тамо е напишано и дека бугарските окупации на македонската земја – и првата империјалистичка и втората фашистичка – се ослободувања на бугарската земја и на нејзиното население – нашите претци – сите без исклучок со бугарско национално самоспознавање; и, конечно, тамо стои дека вистинската катастрофа на оваа света и вековна бугарска земја настанала по 2 август 1944, кога со земјава завладеа злосторничкиот тоталитаристички режим на Тито што егзекутираше повеќе од 100.000 Бугари и насила ја „измисли“ непостоечката македонска нација и

јазик; и, конечно, таму е напишано – со патетична отвореност и стил на 11-годишен благо ретардиран повторувач – дека основната пречка за нашето евроинтегрирање е што упорно устојуваме на титоистичките тоталитаристички политики, односно дека сеуште неразбрано си умислуваме дека сме Македонци што го зборуваат македонскиот јазик.

И така, во спокојот и лефтерноста на бугарската блокада и новогодишните празници, прелистувајќи ги светските датотеки, налетувам на пред неколку години декласификуваниот извештај од архивот на ЦИА (CIA-RDP08C0197R000400240004-0), датиран во далечната 1968 година, што е насловен: „Македонското прашање“ никогаш не умира. Ха! Читам како таму е стокмена целата историја на ова парче земја, со сите премрежиња во неа, но со акцент на тогаш актуелните бугарски инсистирања на непостоењето на нашиот јазик и нација. Во анализата на ЦИА нема никакви дилеми околу значењето на овие „историски“ и „лингвистички“ бугарски срања: дека се работи за вулгарни територијални барања чии тајминг е условен со внатрешните проблеми на бугарската држава. Да не беше така, се вели во анализата, Југословенската држава немаше бесно и одлучно да реагира со дипломатски ноти, толку сериозно како што тоа се прави и на отворени иредентистички аспирации. Толкувајќи ги бугарските објаснувања во нивниот печат (Работничко дело), извештајот заклучува дека со нив „постоењето на посебна македонска нација експлицитно се негира, со што и територијата на југословенската Македонија имплицитно се потврдува како бугарска иредента“.

Во извештајот детално се анализираат бугарските мотиви за повторното посегање по „југословенска Македонија“ и се истакнуваат индикации за следниве три:

1.Бидејќи бугарскиот режим е во криза, со стопанска стагнација и инфлација, па секое споредување на бугарската ситуација со соседна Југославија што се развива во слобода, независност и просперитет, му штети на режимот, тој – како добар ученик на Бизмарк – го свртува вниманието на јавноста од домашните проблеми кон популистички надворешни романтичарски и иредентистички теми.

2.Бугарскиот режим за своја поддршка развива специјална пропагандна глорификација на бугарската историја, за да си го обезбеди рејтингот и да се бори со националното чувство на инфериорност и пониженост што произлегува од субмисивниот однос кон СССР и од директните споредби со Југославија, при што создава невозможен континуитет помеѓу комунизмот, канот Крум, Самуил, Егзархијата и револуционерите од 19 век.

3.Бугарите погрешно ја проценуваат југословенската внатрешна дебата околу децентрализацијата на земјата како тешка слабост на државата, евентуално како знак за нејзината скора дезинтеграција, па истрчуваат во јавноста со територијални барања кон Вардарска Македонија за да обезбедат легитимитет за своите барања пред меѓународната арбитража кога Југославија ќе се распадне.

И, како да завршам по ова некогаш тајно четиво? Во извештајот на ЦИА отворено се заклучува дека вистинските бугарски мотиви зад нивните „историски“ барања се голи територијални аспирации, повторени крици на секогаш живата бугарска иредента. Испаѓа како во извештајот од 1968 година да е анализиран бугарскиот Објаснувачки меморандум од 2020 и дека насловното прашање е само реторичко.

# ДВЕ ПРИЈАТЕЛСКИ ВЕТА

**21.01.2021**

> Идентитетските прашања се само еуфемизми што треба да ја разубават суровата биологија и географија на идентитетот. Сè се сведува на тоа кој заземал која земја, и кој полага право на чија земја. Секогаш фашистичкото Blut und Botten.

Двете најважни својства на големите примати, меѓу кои и приматот без крзно што себеси арогантно се нарекол хомосапиенс, се нивната социјалност и територијалност. Тие живеат во групи, глутници, родови и племиња што се секогаш врзани за одредена територија. Најсоцијалниот од нив – човекот – со време успеа својата глутница да ја направи навистина голема, да брои милиони единки, територијата што ја смета за своја да ја прогласи за државна територија, а глутницата да ја промовира во нација. Начинот на кој една социјална заедница ја освојува и утврдува својата животна територија остана ист, од големите глутници на бабуни или подобро организираните родовски банди на шимпанза, до современите нации-држави: тоа е масовен колеж и грабеж, запоседнување

на територија и истребување или претопување на староседелците.

Во создавањето на оваа суштинска спојка помеѓу една социјална група примати и нивната територија, само најсоцијалниот примат осетил потреба да создава приказна односно мит што ќе му го обезбеди правото на освоената територија, и само тој во митот го вградува и оправдувањето за злосторите што притоа ги починил. Тој наратив денес се нарекува херојски мит за создавањето на нацијата, додека славењето на настаните и хероите го чинат идентитетот на нацијата, а сите оние што ја споделуваат оваа фикција ја чинат нацијата.

Така што, идентитетските прашања се само еуфемизми што треба да ја разубават суровата биологија и географија на идентитетот. Сè се сведува на тоа кој заземал која земја, и кој полага право на чија земја. Секогаш фашистичкото Blut und Botten. Секоја идентитетска ѓурултија е само историска, дипломатска или медиумска сценска магла што го препокрива или затскрива ноторно истиот мотив за крвта и земјата. Ако не ми верувате на збор, прелистајте го малку Светото писмо и ќе видите што е, на пример, содржината на првото обраќање на Господ на Аврама. Тоа е првото ветување на земја: „И му рече Господ на Аврама: Излези од земјата своја, и од родот свој, и од домот на татка си, па појди во земјата, што ќе ти ја покажам Јас!“ (Прва книга Мојсеева 11.12.1) Господовата реч ја создало Ветената земја и за сите времиња ги оправдало злосторите што ќе се извршат во име на исполнувањето на тоа божје ветување.

Како се остварува ветувањето – прилично време подоцна – кога Мојсеј го довел избраниот народ во Ветената земја, после 430 години прогонство? „И отидоа во војна против

Мадијам, како што му заповеда Господ на Мојсеја, и ги убија сите од машки пол; а заедно со убиените од нив ги убија и мадијамските цареви; мадијамските, пак, жени и децата нивни синовите Израилеви ги зедоа во плен; и сиот нивни добиток, и сите стада нивни, и целиот имот нивни го заграбија; сите градови нивни и сите села нивни со оган ги изгореа. И го зедоа сето заграбено, од човек до добиток; и заробените и ограбеното му го донесоа на Мојсеја (...)". И, што мислите, почитувани читатели, што им рекол во тој миг таткото на нацијата? Еве што: „И се разгневи Мојсеј на воените началници, што се беа вратиле од војната, па им рече: Зошто ги оставивте живи сите жени?!"

А, пред одлучната битка за Хананската земја, Господ лично му рече на Мојсеј: „Кажи им на синовите Израилеви и речи им: кога ќе минете од оваа страна на Јордан во Хананската земја, погубете ги сите жители на оваа земја, разрушете ги сите нивни хармови и сите излеани идоли, разорете ги; погубете се живо во таа земја и завладејте ја и населете се во неа, зашто Јас ви ја давам таа земја да ја владеете". (Последниве цитати се од Четврта книга Мојсеева 30.31.7-15 и 33.50-53). Ете како во библијата се разрешуваат идентитетските прашања, а не како овде на Балканите во 21 век: те историја, те јазик, па со штипење и клоцање под клупа, плачипичести меморандуми, дипломатски и други уцени и сопки.

Конечно, кога ги расчистивме основните факти за суштината и потеклото на идентитетските прашања што во 21-от век се прелеаја по земјата како од затната планетарна септичка јама, можеме да ги расчистиме и идентитетските прашања што библиската земја ги има(ше) со своите грчки и бугарски соседи. Често се спомнува

тезата дека грчкото и бугарското вето се исти по својата природа: навредливи и ирационални негирања и нарушувања на сите елементи од нашиот национален идентитет – прво знамето и името, а сега и самото постоење на македонската нација и јазик, најпосле и на македонската историја и култура. Но, не е така.

Прво, воопшто не се работи за идентитетски прашања – тие се употребуваат само како валута за поткусурување – туку за старите добри територијални прашања: за тоа чија е територијата и кој го има историското право на неа, и како да се легитимираат и зацементираат сите колежи што се направени во име на тоа историско право. До тука се грчкото и бугарското вето суштински исти, но оттука потаму, тие се токму обратни. Сигурно ќе прашате, зошто?

Елем, во двата случаи се работи за гнасно вмровско посегнување преку меѓународно признаена државна граница и – под закрилата на историско-идентитетскиот наратив – прогласување на делови или на целата земја на соседот како иредента, неослободена земја.

Меѓутоа, во случајот со грчкото вето, тоа беше упад на македонското ВМРО (и на македонската држава, додека вемерето беше на власт) на територијата на соседна Грција, прво со присвојувањето на ѕвездата од Вергина како идентитетски симбол на нашето знаме, а потоа со потполната идентификација на македонската нација со античкото македонско кралство чија територија се совпаѓала прво со дел, а потоа и со целата територија на денешната грчка република. Така што, Грците беа во ситуација да ја бранат својата државна територија, протегајќи го територијалниот суверенитет и на историјата и идентитетските аспекти што потекнуваат од нејзината

територија. И, патем, се разбира, и да ги легитимираат и забетонираат во непробоен историски бункер своите злостори што ги сторија врз населението на Новоосвоените територии, за целиот век од консолидацијата на Северна Грција.

Интересно е што во библиската земја ни малку не е развиена свеста дека во случајот со грчкото вето ние бевме агресорите, а тие со Преспанскиот договор постигнаа само да направат посилна граница со нас, граница што нема да ги меша историите, идентитетите и териториите. Оваа вистина никако да ни пукне пред очи, дури и кога бугарското ВМРО изврши упат на територијата на нашата земја, со идентични тврдења за нашата историја и за нашите херои од минатото, како што беа тврдењата на македонското ВМРО за хеленската историја и идентитет, имено, дека се тие македонски по својата суштина и бит, и историски, и генетски, и јазично.

Така што – да, и грчкото и бугарското вето се исти поради територијалните аспирации и иредентистичките влажни соништа, но во грчкиот случај македонското ВМРО упадна на грчка територија, а во бугарскиот случај бугарското ВМРО упадна на македонска територија. Исто, само обратно.

# СРЕДЕ ПАНДЕМИСКИТЕ ЗЛОСТОРИ

**28.01.2021**

> Зошто во ова нечовечко, рептилско однесување на САД и ОК има смртна иронија? Овие две супер развиени капиталистички империи покажаа најнизок општествен капацитет да се носат со модерната чума: во Америка се бројат веќе над 400.000 жртви, додека во Британија се повеќе од 100.000.

Од самиот нејзин почеток ова време мината година, па сè побрутално како се размавнуваше по планетава, пандемијата на ковид-19 сосем ја разголи психопатската природа на глобалниот либерален капитализам. Оваа предаторска био-идеологија што себеси скромно се нарекува „начин на производство“, додека политички се претставува како „либерална демократија“, успеа да потфрли не само во остварувањето на вредностите што никогаш не ѝ биле силна страна – како што се солидарноста, хуманоста, сочувството, социјалната грижа, еднаквоста или емпатијата – туку покажа дека и својствата кои отсекогаш ги присвојуваше како дистинктивни – како што се организацијата, ефикасноста, слободниот пазар и претприемништвото – во пандемијата се разот-

крија само како безвредни флоскули некогаш корисно употребени во пропагандни цели во времето на Студената војна. Оваа глобална мизерија на глобалниот капитализам го достигна своето крешендо во недостојната и во секој поглед неморална и одвратна – но не помалку смртоносна – хорор сапунска опера, која ја предизвикаа анти-ковид вакцините и дистопиското (не)вакцинирање на човештвото.

И додека во златните три децении од повоениот модернизам и јакнењето на свеста за планетарното единство на народите и основните човекови права – практично единствените 30 години од повеќевековното постоење на капитализмот, кога тој ги покажа срамежливите црти на својот „човечки лик“ – беше можно, па дури и нормално, пронаоѓачот на една од полио вакцините, славниот Џонас Салк, да се откаже од каква било заштита или патентирање на вакцината сметајќи ја за општо добро, на денешните истражувачи и на фармацевтските гиганти таквиот анахронизам им е незамислив. Тие вакцините против пандемиската чума ги гледаат само и единствено од аспект на профитот, без оглед колку милиони луѓе ќе починат од грда смрт и колку други милиони ќе останат трајно оштетени и инвалидизирани од болеста.

Иронијата да биде поголема, токму „адмиралските бродови“ на либералниот капитализам – Соединетите Американски Држави и Обединетото Кралство – со индигнација го одбија барањето на Индија и Јужна Африка фармацевтските гиганти да се откажат од правата на интелектуална сопственост и технологијата на производство на вакцините да ја направат општочовечко добро кое ќе му стане веднаш достапно на целиот свет.

Зошто во ова нечовечко, рептилско однесување на САД и ОК има смртна иронија? Овие две супер развиени капиталистички империи покажаа најнизок општествен капацитет да се носат со модерната чума: во Америка се бројат веќе над 400.000 жртви, додека во Британија се повеќе од 100.000. Ќе рече човек дека токму во овие тешко погодени земји ќе се разбуди свеста за размерот на страдањата на луѓето од пандемијата, што понатаму ќе ја обезбеди неоходната морална вертикала за еден општочовечки хуманизам...

Но, не, одговорот на знаменосците на капитализмот беше само уште едно лажно пропагандно просерување: патентните права ги обезбедуваат неопходните истражувања и иновативност, без кои – разбира се – животот и не може да се замисли. Како и обично, оваа рационализација на рептилската алчност на фармацевтските гиганти и на нивните империјални влади е обична лага: најголемиот дел од парите за истражувања водат потекло од државни фондови и грантови, а конкретните вакцини и технологија за нивното производство беа и обилно финансирани од јавните пари исплатени за огромните количини на однапред купените и непроизведени вакцини.

Така што, да може човек сликовито да си го претстави моралниот и хуманиот лик и состојбата на свест на „првенците на светскиот капитализам“ и најстарите и „најсофистицирани демократии“ на планетава, во светлото на нивниот перформанс со причините за (не)вакцинирањето на човечкиот вид од овој нов смртоносен вирус, би требало веројатно да си помогне со снимки од комодо гуштерот и дамарите на неговиот рептилски

мозок, заедно со трагите од неговите отровни лиги што везден му претекуваат од гнасната му челуст.

Навистина, „дечките“ не утнаа ниту во една фаза од пандемијата. Првин го дестимулираа барањето на стари и евтини лекови што можат со мали измени и нови протоколи да спасат стотици илјади животи, и ја фокусираа надежта – и парите – за најпрофитниот и најскапиот спас – вакцината. Потоа ја врзаа трката за пронаоѓање на вакцината со националистичките чувства и идеолошки анимозитети што им прилегаа на најжестоките натпревари од Студената војна. Па ги впрегнаа своите империи однапред да вршат притисок на владите од заедницата на светски држави и државички, својата геополитичка и идеолошка „лојалност“ да ја искажуваат преку слепото определување само за нивната вакцина. Потем, го употребија тивкиот пропаганден инструментариум да се озлогласат кинеските и руските вакцини, во битката за светски монопол на најскапата и најкомплицираната за администрирање вакцина, и нежно ги дестимулираа владините тела да пројавуваат вишок на ентузијазам кога се работи за одобрување на кинеските и руските вакцини. Со што, се разбира, не обезбедија повеќе профит за себе, туку само помалку вакцинирани луѓе во светот и последично повеќе заразени и мртви. И очекувани 30 милијарди долари профит оваа година. И ништо повеќе.

Деновиве му сведочиме и на неподносливо брзиот слом на монополистичкиот договор на најбогатите земји за приоритетно испорачување на вакцините на најбогатите, зашто се покажа дека дури и меѓу нив нема еднаквост – што ги одвојува од сите помалку еднакви – па испадна дека „Фајзер“ и „Астра-Зенека“ не можат да им ги испо-

рачаат ветените и платените вакцини поради огромните привилегирани нарачки на САД и Обединетото кралство, кои ги засркнаа производните линии на монополистите. Трпеливото молчење на остатокот на светот, на сите нас од дното на листата на чекање, и не е веќе тема што заслужува коментар.

Она што заслужува коментар е непостоењето на конзистентна идеологија во светот, што може да го претвори ова зло во конструктивна мисла која ќе го мобилизира човештвото да дејствува во согласност со егалитаристичките начела и вредности. По глобалната пропаст на социјализмот, пролетерскиот интернационализам и социјалдемократијата пред четири децении, на планетава за жал не е пронајден морален еквивалент на овие идеологии. Можеме само пасивно да ја набљудуваме „невидливата рака на пазарот“ – како ја нарече Адам Смит – како не само што не ги решава проблемите на нееднаквоста и сиромаштијата во светот, туку како ги зголемува до пароксизам. Гледаме и како буквално го краде човештвото, ја пустоши планетата, а еве, среде пандемија, гледаме и како му го краде здравјето и како убива. Гледаме и гувееме.

# ОД КРВТА И ПОЧВАТА БУГАРСКА

11.02.2021

> Можат ли граѓаните на библиската земја подобро да се запознаат со вистинската природа на бугарските „пријатели“ отколку со читањето на текст зад кој застанале сите партии во бугарскиот парламент, владата, претседателот, академијата на науки и, ако може да им се верува на бугарските медиуми, огромното мнозинство бугарски граѓани?

Сум го раскажувал веќе оној стар, стар народен виц или измислена поучна анегдота, нели, во која главен лик е исто така измислениот селски мудрец Насрадин Оџа, кој – според анонимното усно предание – клекнал сретсело да врши голема нужда. И, сите селани што ќе наишле и ќе го здогледале како мирно си ги празни цревата среде бел ден, пред очите на целото село, го вртеле погледот и засрамени забрзано се оддалечувале од „настанот“. Туку, еден пријател на оџата се нашол навреден од неговото очигледно слегување од памет и губењето образ, застанал и му пререкол: „Аман, Оџа, не ли ти е срам да вршиш нужда сретсело?“ А оџата го погледнал в очи и одговорил мирно: „Зошто јас џабе да се срамам, кога сите што ќе ме видат самите се засрамуваат?“

Мислам дека никаде нема толку јасен и вистинит опис на неверојатно сложениот механизам на човековата морална интуиција која – кај луѓето што ја поседуваат, се разбира – непогрешно го препознава моралното недело кај другиот и реагира сосем парадоксално со сопствено чувство на засраменост, како да сака да го надомести недостатокот на образ кај починителот. Се разбира, апокрифнава скаска уште појасно ја дефинира економичноста на бескрупулозноста, во која неделото е лесно доколку починителот не чувствува морална тегобност, и дека вистинските последици од неделото ги трпи околината чии морални вредности се повредени.

Скаската за празнењето на црева сретсело е – веќе погодивте – совршено прецизна метафора за она што бугарската влада и парламент, бугарската држава значи, го направи во европското сретсело во Брисел, злоупотребувајќи го своето членство и консензуалниот механизам на одлучување, за да го блокира почетокот на пристапните преговори за нашиот прием во Унијата. Тука не мислам дека самиот политички потег на блокирањето на нашиот пристапен пат е она што треба да не загрижува, односно дека токму политичкиот акт на блокирање е она бесрамно испорачано историско гомно среде европскиот плоштад. Не, блокадата е политички маневар што може лесно да се отповика или да се артикулира на друг начин. Вистинските димензии на бугарскиот срам и чудовишната реа на фашизам, иредентизам, провинциски империјализам и историски ревизионизам, што го загади европскиот јавен простор, потекнуваат од содржината на Објаснувачкиот меморандум што бугарската влада им го испрати на сите членки на Европската Унија за да ги објасни своите мотиви за блокадата и да ги опише нашите „гревови“ што нè дисквалификуваат за членство во Унијата.

Сте го прочитале ли Објаснувачкиот? Иако е обнародpoints пред уште малку па половина година, мислам дека премногу време и енергија во јавноста им се посвети на изјавите на бугарските „политици“, и дека пребрзо се втурнавме во полемика со историските и идентитетските теми поместени во него. Сега дури актуелни се конструктивните и добронамерни предлози како двата „братски“ народи подобро да се запознаат меѓу себе, па се предлагаат образовни, културни и медиумски размени и слично. Јас мислам дека далеку најдобар начин да се запознаеме со бугарската држава – зашто, од онаа страна на границата е бугарската држава, а не народот – е масовно да се публикува Објаснувачкиот меморандум, во сите весници, како подлисток, во периодичниот печат, електронските медиуми, на плакати и билборди. Објаснувачкиот меморандум на бугарската влада треба да биде достапен на секој граѓанин на републикава; неговиот интегрален текст треба да може да се отвори и чита со еден клик на насловните страни од сите електронски изданија и портали.

Можат ли граѓаните на библиската земја подобро да се запознаат со вистинската природа на бугарските „пријатели“ отколку со читањето на текст зад кој застанале сите партии во бугарскиот парламент, владата, претседателот, академијата на науки и, ако може да им се верува на бугарските медиуми, огромното мнозинство бугарски граѓани? Не, особено ако се земе предвид дека ставовите изнесени во Објаснувачкиот ја одразуваат апсолутно истата состојба на свест што бугарската држава ја втурна и во гибелот на Втората балканска војна и во Првата светска војна на страна на агресорите и во Втората светска војна на страна на фашистичката хитлеровска алијанса.

Еве само неколку цитати од Објаснувачкиот меморандум, додека чекаме на неговото масовно објавување и огласување по билбордите на македонските крстосници: „Пристапниот пат на Република Северна Македонија дава драгоцена можност за нејзиното раководство да се прекине со идеолошкото наследство и практиките на комунистичка Југославија. Процесот на проширување не смее да го легитимира етничкиот и јазичниот инженеринг што се случил за време на поранешните авторитарни режими." Малку потаму се објаснува што се мисли со синтагмата за „етничкиот и јазичниот инженеринг": „Кога, по Првата светска војна, дел од географската област Македонија беше вклучен во Кралството Југославија, огромното мнозинство од словенското население јасно се идентификуваше како Бугарин. (...) Помеѓу двете светски војни, Белград се обиде да го искорени бугарскиот идентитет на ова население со наметнување нов „јужен српски". Бидејќи овој обид пропадна, по Втората светска војна, југословенскиот комунистички водач Јосип Броз Тито прибегна кон наметнување на друг нов идентитет, овој пат „македонски", во тогашната Социјалистичка Република Македонија (СРМ)".

И, уште: „Проектот на Тито се реализираше со измислување на нова историја, која ги постави темелите на овој нов „македонски" концепт, со цел да се замени традиционалниот бугарски идентитет со регионален". И, уште: „За да се спроведе оваа политика, „лингвистите" од Антифашистичкото собрание за национално ослободување на Македонија (АСНОМ) контролирано од комунистите објавија на 2 август 1944 година постоењето на посебен „македонски" јазик". И, уште, ако веќе не се исповраќавте врз ова четиво: „Првиот историски институт во (Македонија, м.з.) (...) имаше за задача да ги развива потребните атрибути за новиот национален идентитет

со фалсификување документи и бришење на сите врски со бугарските корени, јазик и потекло на ова население". Доста ли ви е запознавање со нашите бугарски пријатели, почитувани читатели, зашто мене Објаснувачкиот ми ги објасни бугарските мотиви многу повеќе отколку што сум подготвен да поднесам: простете, но реата на фашистичкиот цревен исцедок што Бугарите го испосраа среде европскиот плоштад ми предизвикува несопирлив рефлекс на блуење.

Елем, бугарската блокада нема никаква врска со „заедничката историја", а ниту пак со идентитетски трици и кучини како што се (не)постоењето на македонската етничка посебност или македонскиот јазик. Како што Објаснувачкиот тоа јасно го искажува, се работи за територијата македонска. Зашто, земјата на која отсекогаш живеело бугарско население што зборувало на бугарски јазик (крвта бугарска), е по дефиниција бугарска земја (почвата бугарска), па сите бугарски воени упаѓања во македонската земја се само ослободувања на исконската бугарска почва: bulgarisch blut und bulgarisch botten, разбира се. Поотворена закана за оправданоста на уште една фашистичка окупација на македонската романтична земја е невозможно да се замисли! Кусата порака од Објаснувачкиот е дека РСМ може да влезе во Европа само како втора бугарска држава. Благодариме на објаснувањето, братја.

П.С. Да појаснам: единствените два периода со „заедничка" историја со Бугарија се 1915-1918 и 1941-1944 година, за време на бугарските окупации на нашава напатена земјичка. И ниту ден повеќе „заедничка" историја, молам.

# ТРСКИТЕ СТАРОСЛОВЕНСКИ

**18.02.2021**

> Слепото брзање низводa во вакви околности не може да ни донесе ништо добро, додека пливањето спротивода ќе ни купи време и нам, да ги решаваме домашните проблеми, и на Унијата – за да обезбеди ремисија на бугарското анахроно царистичко и фашистичко лудило.

Пливањето спротивода, нагоре значи, спротивно на течението на водата, воопшто не е толку идиотска работа како што изгледа, особено доколку реката во која се наоѓаме јури кон смртоносен водопад. Оваа поука од мудриот Давила може многу да ни помогне во решавањето на проблемите што ни се испречија на патот на нашите европски интеграции. Се разбира дека нашето досегашно мачно и неизвесно препелкање кон Европа во никој случај не може да се нарече „течно", та пливачката метафора можеби изгледа несоодветна, но суштината на Даviловата мисла е уште како применлива на актуелните премрежиња што произлегоа од апсурдните барања кои Бугарија ни ги испорача во облик на ултиматум.

Аналогијата е јасна: доколку безалтернативноста на нашиот пат кон Европската Унија го замислиме како единствен речен тек, бугарските во суштина империјалистички и анексионистички услови нашиот влез во Унијата го претвораат во смртоносен водопад низ кој треба да ја пуштиме во ништовност нашата севкупна културно-историска и национална посебност. Пливањето во спротивна насока во вакви налудничави околности е не само единственото рационално решение за спас на државниот суверенитет – зашто Бугарите посегнаа токму по него – туку и единствената разумна тактика што ќе нè одржи и понатаму во коритото на нашиот стратешки пат.

Слепото брзање низвода во вакви околности не може да ни донесе ништо добро, додека пливањето спротивода ќе ни купи време и нам, да ги решаваме домашните проблеми, и на Унијата – за да обезбеди ремисија на бугарското анахроно царистичко и фашистичко лудило.

Нам, на повозрасните, што пливаме поблиску до брегот, кај што водите забавуваат и прават понекогаш неочекувано романтични јазови и енклави, бугарската малоумна блокада ни обезбеди изненадувачки интересно време за саморефлексивни и самооткривачки патешествија во историјата. Зашто, во срцевината на целиот бугарски скудоумен светоглед стои погрешното историско становиште дека тие – Бугарите – се првите што ја населиле македонската територија и дека старословенскиот јазик на кој говореле протословенските и јужнословенските племиња бил бугарски јазик, од кој некни со „прекодификација“ е фалсификуван нашиот македонски јазик.

Овие забавни малоумштини ме натераа да пробуричкам малку по историите на раниот среден век – напишани

од релевантни „светски“ автори, се разбира – за да ги преповторам лекциите по историја што безбели сум ги подзаборавил. И, што мислите, на што наидов, почитувани читатели? Се разбира дека наидов на купишта потврди за неоснованоста и скудоумноста на бугарските становишта (но тоа веќе и не е толку интересно, нели), туку налетав на извориштето на фантастичниот мит за трските со кои старите јужни Словени дишеле прегнјурувајќи го Дунав кога го населувале Балканскиот Полуостров!

Елем, најраните веродостојни историски извори – хрониките на Јордан и Прокопие – известуваат за наездата на јужните Словени на Балканскиот Полуостров и тогашното Византиско Царство, во втората половина од 6 век од нашата ера, додека дури половина век подоцна бугарските племиња – уште пред да се претопат со источните и јужните Словени – под водство на канот Кубрат 632 година ја формирале својата прва држава, таканаречената Велика или Стара Бугарија. Територијата на оваа прва бугарска држава се простирала североисточно од Дунав, помеѓу реките Донецк и Кубан и Црното и Азовското Море, на денешната територија на Русија и Украина, далеку, далеку од нашите краишта.

А, кога кон крајот на 7 век, некаде во 680 или 681 година, канот Аспарух го формирал Првото бугарско царство, јужнословенските племиња веќе го преплавиле Балканскиот полуостров и стасале до Јадранското Море на запад, до Пелопонез на југ, а постојат записи и дека се истоварувале дури и на островот Крит. Така што, тврдењата за бугарската природа на старословенскиот јазик и нивната предност во населувањето на Македонија и јужниот Балкан се чисти етноцентични ултранационалистички халуцинации, кои во науката вредат – како

што веќе мериторно се изјаснив – колку и товар сточен измет: македонските Словени биле тука еден век пред нив и, се разбира, на оваа територија го говореле својот старословенски јазик. Сигурно постојат и веродостојни научни извори за бројните курсеви по македонски што нашите предци ги организирале за братјата Б`лгари да го научат говорот на овдешните Словени. Но, толку за тоа.

Поинтересна приказна за нас се секако маките на харизматичниот византиски цар Маврикие, кој помеѓу 582 и 602 година ги имал бранејќи ги северозападните и западните граници на царството од несопирливите изливања на јужните Словени длабоко до морските брегови на Балкан. Бидејќи во тоа време Словените во огромни маси го преоѓале Дунав со чамци и помали бродови, и веќе ја освоиле репутацијата на застрашувачки воини, царот Маврикие напишал прирачник за војување со Словените, што го наменил за своите војсководци и го нарекол „Стратегија“ (Strategikon). Во овој бесценет документ Маврикие напишал за Словените дека „не поднесувале да бидат поробени и одбивале воопшто со нив да се владее“, и уште дека „лесно ги поднесувале студот, жештината, дождот, кусокот на облека и недостигот на храна и вода“.

Понатаму, во неговата „Стратегија“ Маврикие ги опишал и сите воени стратегии и тактики за борба против Словените, што се темелеле на собраните искуства од искуснине воини што во бој го запознале словенскиот противник. Словените – според „Стратегијата“ – требало да се напаѓаат во доцна есен и зима, кога дрвјето е голо, зашто тие биле исклучително вешти во герилските тактики на војување и првенствено се бореле во густи шуми. Маврикие ги советувал своите воини секогаш да се обидуваат

да ги завртат едни против други словенските племиња, зашто овие имале повеќе старешини, но никогаш еден врховен водач.

И, на крајот, кандираната цреша на врвот од колачот: Маврикие им порачува на византиските старешини да обрнат особено внимание на трските во водите, зашто Словените би можеле да се кријат во водата под трските, лежејќи во неа и дишејќи низ стеблата на трските! Ете како настанал инфантилниот мит за тајното прегњурување на Дунав со помош на трските живот што значат: како и секогаш, со погрешно и честопати потполно нелогично спојување на делови од веројатно вистинити искази, записи и настани.

За овој голем настан за јужнословенското човештво – „пробивањето“ на митот за трските – можам да им се заблагодарам само на соседските блокади: фала ви братја. Дури, загледувајќи во темната длабочина на глупилото со кое се составени бугарските „аргументи“ во нивниот седржавен Објаснувачки меморандум, како да почнувам со симпатија да ја согледувам контроверзната вистина за нашите два народи. Имено, таков идиотлук и малоумие тука произведуваат само вмровските фаланги, што можеби имплицира дека сепак имаме нешто заедничко.

# ФАКТИТЕ ШТО ЈА ДЕФИНИРААТ БЕЗДНАТА

**04.03.2021**

> Хасо: Мујо, како се живее во Шведска? Мујо, со нервозен израз на гадење: Ма, гони ја Шведска, 30 години се зад нас! Се чуди Хасо: Како тоа, поназад? Мујо одговара: Така, нема напредок, не мрднале ни педа сево ова време: таму уште убаво се живее!

Вицот оди вака некако: Се враќа Мујо од Шведска, се среќава со стариот другар Хасо, а овој веднаш го прашува – Како е таму, Мујо, како се живее во Шведска? А, Мујо, со нервозен израз на гадење – Ма, гони ја Шведска, таму се 30 години зад нас! Се чуди Хасо – Па како тоа, поназад? Мујо одговара – Така, нема напредок, не мрднаа ни педа сево ова време: таму уште убаво се живее! Хахаха, каков коперникански обрт, какво совршено пробивање на митот за „напредокот" што религиозно се одгледува не само на Балканите, туку и упорно на целата планета. И навистина, се што на просторите на некогашната југословенска федерација се случуваше во последните триесет години – освен крвавите војни во деведесеттите, а и тие во негово име – се случуваше во име на напредокот, на при-

движувањето нанапред, во име на подоброто утре. Но се што навистина се случи, беше едно системско, севкупно, општествено-политичко и културно лизгање надолу.

И ништо од она што го преживеавме на овие простори – сопственичката трансформација, всушност институционализираното разграбување и разнебитување на општествениот капитал и добра, губењето на чувството на заедништво, солидарност и колективна безбедност, општонародното свлечиште на моралната супстанца и хуманистичките вредности, сиромашењето на културата и процутот на просташтвото, незнаењето и заборавот, абењето на секаква визија за иднината и запаѓањето во безнадеж, па дури и изместувањето на историските и идентитетските темели на самоспознавањето – значи, ништо од тоа, ама баш ништо не можеше да ја измести некогаш идеолошката а денес веќе рефлексната перцепција дека времето закономерно и само по себе носи напредок. Идејата дека подоброто е пред нас, дека е потребно да одиме упорно „напред“ без оглед на пречките на патот и без оглед на цената што по пат ќе ја платиме, испадна дека е посилна од сите жртви што ги даваме одејќи, поубедлива од сите факти што не удираат како ниски гранки по лицата, и од сите јасни зла што како остри камења на патот го кршат подвозјето на нашето возило.

Да се разбереме, вербата во подобро утре што ја храни надежта и ја обновува енергијата да се издржи и да се направи уште повеќе, за да се изоди избраниот пат и да се стаса на посакуваната цел, се не само неопходната психичка подготовка за секое големо патување и за секое торжествено претпријатие, туку се единствената алатка што човекот ја има во борбата за подобра иднина, што може да ја активира, одржи и додржи неговата волја.

Но, не по секоја цена, зашто преголемата цена платена за патот и преголемите жртви што се даваат за секоја нова пречка, го празнат од смисла самото патување. Саможртвата во текот на патувањето има смисла само доколку е дадена со јасна визија и гаранција дека следната генерација ќе ги ужива плодовите од патешествието, од постигната цел. Но, доколку жртвата бара комплетно самопоништување на сите патници, доколку нема кој да ужива во плодовите што чекаат замислени на целта, тогаш и најпростиот здрав разум налага да се подзастане и подразмисли малку. Песимизмот е најреалистичното и најмудрото становиште доколку стоиме пред бездна. Слепиот оптимизам што не сака да ги согледа фактите истопорени пред него, е најглупавото становиште на работ на бездната. Единствено што тој може да го испорача е фаталниот чекор во празно.

Кои се, значи, фактите што ја дефинираат бездната на нашиот пат кон Европската Унија? Имаме еден меѓудржавен договор за добрососедство, еден државен меморандум со кој бугарската страна ги крши сите членови од договорот, та дури и сите ставови од неговата преамбула, меморандум со кој на членките на Унијата Бугарија им го „објаснува" своето решение да го блокира почетокот на преговорите за нашето членство во Унијата, и конечно, еден политички гест на блокада. Од факти имаме само толку: два документи и една фекална граната. Сите други изјави, нонпејпери, интервјуи, преговори, па дури и акциски планови и други политичко-дипломатски тинтрања се обична „гола вода" што не може да влијае на суштината што е за сите времиња отпечатена во двата документи. Своите апсурдни барања македонската страна да изврши национално, културно и историско самопоништување Бугарите сакаат да го протнат – и тоа со тон

на навредени стрини – низ нашето наводно непочитување на членот 8 став 2 од Договорот за пријателство, добрососедство и соработка меѓу Република Македонија и Република Бугарија.

Да видиме како гласи тој фамозен став: „Во рок најдоцна до три месеци од влегувањето во сила на овој договор, со цел продлабочување на взаемната доверба, двете Договорни страни ќе формираат, на паритетна основа, Заедничка мултидисциплинарна експертска комисија за историски и образовни прашања, за да придонесе за објективно, засновано на автентични и на докази засновани историски извори, научно толкување на историските настани. Комисијата ќе поднесува едногодишен извештај за својата работа пред владите на Договорните страни." Толку. Ниту комисијата, а ниту пак нејзините извештаи не се услов за ниту една од другите обврски за кои се договорија двете страни. Јасно е дека не само што нема рокови за работата на комисијата, уште помалку за содржината на резултатите од работата, туку се предвидува долгогодишна работа која ќе има отчетност низ годишните извештаи. Нормално е дека таа комисија – како и сличните што се составени помеѓу други членки на Унијата – ќе работи повеќе децении и дека резултатите од таа работа не можат да се предвидат, а ниту пак се каков и да е услов за исполнувањето на другите одредби од договорот.

Иако е очигледно дека македонската страна не го прекршила фамозниот член 8 став 2 од Договорот – затоа што во него нема временски ниту други услови – бугарската страна ги прекрши сите одредби од Договорот, но и самата негова суштина: воспоставување на пријателски и добрососедски односи. Всушност, како што веќе деликатно објаснив, бугарската држава се посра на европски-

от плоштад со документ во кој експлицитно ја оптужува македонската држава дека е вештачка тоталитаристичка творба создадена на бугарска земја со цел да се дебугаризира нејзиното население, да се сотре бугарскиот јазик што тука се зборува од почетокот на времето и тој да се замени со преку јазичен инжинеринг измислен непостоечки македонски јазик. Во „објаснувачкиот" е јасно истакната бугарската закана дека македонската земја ја сметаат за откраднатата бугарска земја, дека бугарските окупации во Првата и Втората светска војна се единствените ослободувања на бугарската Македонија, а целото друго време оваа света бугарска земја е под окупација.

Како да се реши оваа бездна од проблем? Еве еден суптилен дипломатски предлог за решавање на проблемот: во тишина и со ладни глави, да го повлечеме својот амбасадор од Софија, и да го испратиме дома бугарскиот; да ги замрзнеме дипломатските односи на неограничено време, односно додека бугарската држава не ги полиже гомната со кои ги испогани сите европски вредности, додека не го повлече напишаното во меморандумот; потоа, да и испратиме меморандум на Европската Унија во кој јасно би се ставило на знаење дека бугарските анексионистички претензии кон македонската земја и непријателските закани за уништување на македонската нација, историја, култура и јазик ги сметаме за суштински проблем на Унијата, а не на македонската страна, исто како што не прифаќаме дека е тоа билатерален проблем; и, конечно, дека ние стрпливо ќе причекаме Унијата самата да си го реши проблемот со Бугарија, а за тоа време ќе работиме на исполнување на условите и стандардите што се цел на преговорите. Има ли некој забелешки на мојов деликатен предлог? Никој?

# ДАНОК ЗА СОЦИЈАЛНА НЕПРАВДА

**11.03.2021**

> Бугарската фекална граната на нашиот европат треба да ја искористиме – како што велат истражувачките умови – како „плодна компликација“, како момент за самообмислување, сериозна анализа на уставниот систем односно на сите аспекти на неговата (лоша) реализација во стварноста.

Старата народна изрека „Магаре во Прилеп, магаре во Беч“ – доколку длабоко се замислиме над нејзините поуки, се разбира – може многу да ни помогне во оваа фаза од нашето бескрајно и траорно патешествие кон вчленувањето во Европската Унија. Изреката ни соопштува прилично отворено дека патот кон Европа сам по себе нема да ни донесе некакви чудесни придобивки, и дека самото членство во Унијата не може да не смени на подобро, доколку времето на патувањето не го искористиме самите да ги подобриме сопствените општествени, социјални и државни состојби. Доколку се занимаваме само со надворешните опструкции што ни го попречуваат патот, а не со сопствените внатрешни проблеми, голема е веројатноста дека во Европа ќе стасаме истите

магариња какви што и тргнавме, само поуморни и поде-капацитирани.

Бугарската фекална граната на нашиот европат треба да ја искористиме – како што велат истражувачките умови – како „плодна компликација“, како момент за самообмислување, сериозна анализа на уставниот систем односно на сите аспекти на неговата (лоша) реализација во стварноста. Така, на пример, една од најважните уставни вредносни одредници на нашата Република – воедно и најмалку видливите и анализираните – е онаа социјалната. Дека сме социјална држава јасно пишува во првиот став од првиот член на Уставот: Република Македонија е суверена, самостојна, демократска и социјална држава. Што точно значи формулацијата дека сме „социјална држава“ изгледа како да е попат – овие три децении непрекината „транзиција“ – сосем заборавено. Додуша, во Уставот – во поглавјето за социјални права, во членовите 33, 34 и 35 – едно по друго се гарантирани: обврската на секој граѓанин да ги плаќа даноците, исто како и правото на социјална сигурност што ќе се остварува согласно начелото на социјална праведност.

Е, сега, мислам дека оваа едноподругост на уставните одредби за обврските што секој граѓанин треба да ги исполнува кон државата со правото на социјална сигурност согласно начелото за социјална праведност, воопшто не е случајна. Таа физичка блискост на овие одредби укажува на едно од најфундаменталните својства на секоја држава, особено на секоја социјална држава, а тоа е дека таа – државата – најмалку што смее да направи е со даночната политика да ги загрозува правото на социјална сигурност  или пак начелото на социјална праведност. Доколку државата со својата даночна политика ја нару-

шува социјалната сигурност на своите граѓани, и доколку насила спроведува социјално неправични даноци, таа не само што не може да се нарече социјална држава, туку не го оправдува ниту своето постоење. Таа станува сатрапска држава, вампирска супертворба што му ја пие крвта на сопственото население, што Томас Хобс ја нарекол според одвратното библиско змијолико морско чудовиште – Левијатан.

За жал, и не толку длабока анализа на нашиот данок на имот уреден во Законот за даноците на имот, покажува поразителни резултати: тој ги нарушува и социјалната сигурност на граѓаните и уставното начело на социјална правичност и, конечно, основните економски и даночни канони што ги утврди уште Адам Смит во своето епохално дело „Богатството на народот", што се почитуваат од сите демократски држави веќе два века. Смитовите канони за разумна и правична даночна политика гласат дека: 1. граѓанинот даноците кон државата треба да ги плаќа согласно своите економски можности, 2. данокот не смее да биде произволен, туку однапред познат на обврзникот, 3. данокот се наплаќа тогаш кога е тоа најповолно за обврзникот, и 4. Трошоците на собирањето на данокот треба да бидат колку што е можно пониски, за товарот на обврзникот да е поподнослив, што го обезбедува и поголемиот прилив во државната благајна.

А, како е тоа уредено во нашиот Закон за даноците на имот? Принципот на непроизволност и веродостојност на данокот се руши уште во членот 5 од законот каде се уредува даночната основа. Елем, уште во првиот став е уредено дека даночната основа претставува пазарна вредност на недвижниот имот, а веќе во вториот став се уредува дека пазарната вредност ја уредува општинска

комисија (врз основа на методологија и проценка на овластен проценител, на кој вредноста му ја соопштила една жена со која се возел во градски автобус!), што значи дека пазарната вредност се одредува административно (што е обратно од пазарно!), што пак во наши услови значи тотално произволно и неточно.

Понатаму, никаде во законот не постои ниту една одредба што данокот на имот го поврзува на каков и да е начин со првиот Смитов канон: данокот мора да се уреди на начин што обврзникот ќе го плаќа согласно неговите економски можности. Во земја во која повеќе од 90 отсто од граѓаните имаат доход што е помал од „просечната плата", произволно одредениот данок на имот и административно – еднаш за секогаш – одредената нереално висока вредност на имотот, закономерно доведуваат до давачка што е над можностите на граѓаните, односно водат директно кон левијатански данок што директно им ја поткопува социјалната состојба на граѓаните.

Уште повеќе, во членот 8 и 9 се руши не само смислата на данокот на имот односно уставното начело за социјална правичност, туку и самата смисла на поимот „социјална држава" и другите основни уставни гаранции на животот, неповредивоста на домот, правната заштита на сопственоста, на сите социјални и хуманистички (не идентитетски!) причини заради кои државава има смисла што воопшто постои. Во овие членови се уредува кој се е ослободен од плаќањето на данокот на имот, и – нема да поверувате, почитувани читатели – таму се ослободени сите што всушност најмногу би требало да го плаќаат данокот на имот, сите што не само што имаат големи имоти туку и тие што им имотот им носи приход и им го зголемува богатството, додека најголемата маса на даночни

обврзници се оние 90 и кусур отсто граѓани што едвај ги крпат месеците од први до први, но по несреќа се сопственици на своите домови! За нив милозливо е одредено олеснување од 50 отсто, но општините со една ајхмански банална рамнодушност во олеснувањето на своја рака не им ја пресметуваат и вредноста на земјиштето под куќите и во дворот! За тоа време од данокот се ослободени сите имоти на верските заедници, сите згради што служат за вршење на дејноста на обврзникот, сите индустриски и рударски земјишта и згради, накусо – сите што со имотот создаваат приход, што го зголемуваат капиталот, што воопшто имаат пари да го плаќаат овој малоумен данок. Во Македоња Норд се оданочуваат само имотите што служат за „дејноста“ живеење!?

Од данокот на имот, значи, во Македоња Норд не се ослободени само оние имоти на кои во една социјална држава во никој случај, ни во кошмарен сон, не би смеело да се плаќа данок, а тоа се имотите во кои граѓаните домуваат и имотите во кои граѓаните немаат економска моќ да го плаќаат данокот, живеејќи во држава што ги турнала на социјалното дно. Мислам дека пролетва е како создадена за нашата Влада, водена од социјалдемократските идеолошки начела, да го измени овој левијатански закон, вградувајќи го основното социјалдемократско начело на социјалната правда: имотите во кои граѓаните живеат не смеат да бидат оданочувани!!!

# НЕСПОСОБНИ ЗА ОМРАЗА

**18.03.2021**

> Во обидот да си ја објаснам омразата – тоа најжешко, најтраорно и најмоќно негативно чувство – ми дојде до свест само овој генијален исказ што веројатно некогаш сум го прочитал, но сега го чувствувам како да излегува од мене: омразата е отров што самите го пиеме, во заблуда дека тој ќе делува на оној што го мразиме.

Пред некој ден, од највисоката дипломатска позиција на соседна Бугарија, беше повторена – по којзнае кој пат – констатацијата дека најголема пречка во остварувањето на пријателските односи со нашата земја е што во Македонија се одгледува културата на омраза кон Бугарија и Бугарите, и дека нашиот јавен простор е полн со „говор на омраза" кон соседите. Уште првата употреба – месеци порано – на оваа синтагма од говорницата на бугарското министерство за надворешни работи, ме затекна сосем изненаден. Прво што помислив е дека госпоѓата просто се збунила, погрешно употребувајќи ја во последниве години прекумерно модерната фраза. Потоа помислив дека употребата на квалификацијата „говор на омраза" за оправданите реакции на македонската јавност на

повампирените бугарски санстефански аспирации кон македонската територија – топтан со македонската историја, култура, нација и јазик – е намерна дисквалификација со злоупотреба на значењето, пред сè поради тешкото докажување или правдање од ваква клевета. Конечно, си мислам дека пречестата злоупотреба на фразата веќе почна да резултира со губење на нејзиното значење, не само кај госпоѓата што премногу пати погрешно ја употреби, туку и кај нас реципиентите – да се изразам народски – поради пречестите семантички злоупотреби на веќе баналната, но зловеста фраза.

Сепак, ме стави во мисла значењето на фразата „говор на омраза“ и – колку повеќе ја повторував во себеси, толку повеќе ми бледееше нејзината содржина, чие значење не само што ми бегаше од глава, туку почна да исчезнува, како да се ретчи и испарува. Веднаш го воочив овој ментален проблем: повторувањето само по себе, а не пак грешното повторување, мора да е причината оваа инаку симпатична госпоѓа со мил глас сосем да го изгубила од мозок значењето на зборовите што ги изговара. Отворив, загрижен, речник – оксфордскиот е најажурен за нови кованици и синтагми – и таму сè уште стои познатата дефиниција: говор на омраза е зол и заканувачки говор и пишување што ги одразува предрасудите против одредена група, особено врз основа на расата, религијата или сексуалната ориентација.

Ми лекна: рака на срце, никогаш не сум имал чувство на омраза, а ниту, пак, сум напишал некој збор на омраза кон нашите соседи. Ја споредив дефиницијата со купот реакции во македонската јавност на бугарската фекална граната подло фрлена врз нашиот пат кон Европа. Не најдов ниту една единствена реченица на говор на омра-

за. Омраза кон соседот во македонската јавност нема ниту во траги, што велат хемичарите. Се разбира, увидот ми е веродостоен само во областа на јавните медиуми, па несомерливата флуктуација на содржини по социјалните медиуми – во кои воопшто не сум вмрежен – не ми е ниту позната. Но, таа сфера – колку што знам – не е јавна по дефиниција, и им припаѓа на индивидуалните искази и мислења што секако не можат да бидат дискурс во преговорите за зачленување во ЕУ, не е ниту спомната во Договорот за пријателство (кој, инаку, бугарската страна го прекрши, па го искина, изгази и на крајот се посра врз него), а ниту, пак, би смеело да биде предмет на реагирање на министер за надворешни работи.

Госпоѓата, значи, најверојатно го доживеала чудното ментално нарушување што се манифестира низ губење на значењето на зборовите. Загрижен за здравјето на оваа истакната сосетка, пробуричкав – како и секогаш, нели – по стручната литература за ваков вид ментални проблеми. И замислете, ве молам, најдов дека овој феномен на ментална дисфункција е забележан и истражуван во психолошката наука и дека е наречен „семантичко заситување“. Изразот го исковал професорот по психологија Леон Џејмс, истражувајќи го проблемот во низа експерименти во изработувањето на неговата докторска теза на случајот. Појавата била нарекувана и „ментален замор“, „значенско исчезнување“, „зборовна трансформација“, но денес е во науката најшироко познат како семантичко заситување. Секој може оваа појава да ја предизвика кај себе само со упорно повторување, читање и препрочитување на еден ист збор. Тој прво станува чуден, па почнува да го губи значењето, за да стане бесмислена низа на слова или знаци. „Станува збор за

еден вид замор", вели Џејмс, „што се нарекува „реактивна инхибиција". Се работи за обичен мозочен замор што го предизвикува секое предолго и пречесто повторување, што во случајот на говорот или читањето резултира со губење на смислата на зборовите. Тоа ќе да е, ја пронајдов причината за менталниот проблем на госпоѓата што веќе не го знае значењето на зборот „говор на омраза", а наоѓањето на точната дијагноза е чекор до вистинската терапија и излекувањето. Лекарството е евтино и лесно применливо: треба само да прекине да ја повторува таа – за неа кобна – но бесмислена фраза.

И покрај сè, и покрај олеснувачкото откровение на ова подмолно психолошко нарушување, кое по успешното лекување веројатно екстатично ќе ги подобри меѓусоседските односи во Западен Балкан, зборот „омраза" ми остана како ехо во мозокот, и наместо да исчезне, почна да ме замислува околу неговото вистинско значење. Се сепнав: чувствував дека од раѓање го знам значењето на зборот, но кога треба да си го дефинирам со зборови, тие се многу малку и како цело време да се измолкнуваат од свеста. Тркнав до речникот, но и таму тенко објаснување, вели – омраза да ти било чувство на мразење односно исклучително силно чувство на несакање или непријателство. И, толку: за чувство што растури и растура стотици милиони животи, што испиша милиони животни судбини, илјадници романи и филмови, имаме не повеќе од објаснување дека омразата е кога некој мрази! Мрак!

Во обидот да си ја објаснам омразата – тоа најжешко, најтраорно и најмоќно негативно чувство – ми дојде до свест само овој генијален исказ, што веројатно некогаш сум го прочитал, но сега го чувствувам како да излегува од мене: омразата е отров што самите го пиеме, во заблу-

да дека тој ќе делува на оној што го мразиме. Да, затоа е омразата најнеекономичното и најсамодеструктивното чувство, се разбира – доколку не е адреналински поттик за убиствена пресметка. Тогаш воедно станува и најдеструктивното човеково чувство. И, како може некој – доколку не страда од семантичка заситеност, најмалку – да го набеди овој питом и издишан народ дека одгледува омраза кон своите бугарски братја?! Па, ние немаме енергија веќе ниту за сопствениот базален метаболизам; нашата индиферентност беше највиновна за деценискaта провинциска диктатура на вмровскиот фашизам во куси панталони што ни ја украде и пепелта од бaџите; ние немаме кувет да ги запаметиме и сочуваме основните факти за сопственото постоење, самоспознавање и јазик. Ние како да ги подзаборавaме и знаењата за основните дисциплини на цивилизираното живеење: нашите институции се декапацитирани до пароксизам, однатре шупликави како да нѐ зафатила културопороза, која ќе нѐ престори во куп цивилизациски откршоци и прашина. И, нас некој да нѐ набеди дека сме биле способни за омраза?! Чиста глупост.

# ПОНУДА ЗА КОЈА НЕ СЕ ПРЕГОВАРА

**25.03.2021**

> Доколку Унијата не сфаќа дека процесот на проширување ѝ е поважен нејзе, а не на дробната Македоња Норд, нашите жртви ќе бидат беспредметни.

Најважниот аспект на секоја геополитичка анализа се состои од две компоненти: географско-историската и политичката. Елем, географскиот и историскиот член на секоја геополитичка равенка претставуваат еден вид константи во секој даден временски пресек, та во анализата го претставуваат вертикалниот дијахрониски односно просторно-временски аспект на проблемот. Политичкиот аспект, од друга страна, се занимава со синхроничната вредност на политичките играчи во играта, што ќе рече – бројот, „тежината" и насочениот интерес на државите или политичките сили што се предмет на анализата.

Така што, во геополитичката анализа географскиот аспект се занимава со планини, котлини, рамници, реки,

клими и ресурси. Историскиот аспект се состои од „цврсти“ факти за големите настани што ги цртале државните граници и ги создавале и растурале државите, кои се комбинирани и испреплетени со историски приказни, легенди и митови за големите луѓе и херојските настани што биле двигатели на овие историски драми. И, конечно, политичкиот аспект се состои од политичките движења и сили што стојат зад државните интереси, што ги претставуваат тенденциите и намерите на владеачките политички сили. Овие сили треба да ја претставуваат пондерираната моќ зад политичките интереси, па нивното изразување најдобро би се артикулирало со вектори.

И така, една добра геополитичка анализа би требало да изгледа како приказна со повеќе ликови, некои здружени со други, некои осамени, сите во движења, истонасочни и спротивставени; приказна што би требало да биде илустрирана со географски мапи со многу разнобојни стрелки, развиени во сите правци. Возбудливо и забавно, но и премногу сложено за човек лесно да се впушти во геополитичката анализа нааа... еве, да речеме, на моменталниот (и вечниот!) македонско-бугарски проблем, за пример.

Многу полесен и покреативен начин да се анализира и сфати една геополитичка ситуација каква што е споменатава за пример, е тоа да се стори со помошта на фиктивни уметнички метафори. За разбирањето на бугарската уцена – практично ултиматум – што братскиот сосед ни го испорача спуштајќи ја рампата на нашиот пат кон членството во Европската Унија, корисна метафора е незаборавната филмска дефиниција на ситуацијата во која еден лик на другиот му дава „понуда што не може

да се одбие", што Мајкл Корлеоне ѝ ја објаснува на својата сопруга во филмскиот класик „Кум 1". Тоа е, накусо – сите ја паметите, нели – ситуација во која понудата ја испорачува личниот убиец на понудувачот Дон Вито Корлеоне, застрашувачкиот Лука Брази, кој – за да нема недоразбирања – му става пиштол на чело на „примателот на понудата".

Дали е ова вистинската метафора за бугарскиот ултиматум до Македонија? Сите елементи од ситуацијата се безмалку тука: Македонија е веќе триесет години јасно определена дека членството во Унијата и е без алтернатива; потпишани се потребните билатерални договори со Грција и Бугарија, што беше принципиелниот последен услов за почнувањето на преговорите; непринципиелната, подла, ултимативна и – ова мора да се нагласи во секоја прилика – содржински малоумна бугарска блокада ја остави ЕУ без принципиелна реакција; за, конечно, одговорниот во Унијата за проширување да ни ја повтори бескрајно пати слушната формулација дека треба првин да го решиме „билатералниот спор" со Бугарија, со наоѓање на „заеднички прифатливо решение".

Со што Унијата, без фацијални конвулзии, руменење на образите или предавнички капкички пот под носот, значи сосем ладно и рутински – демек, со израз кој кажува „извини, стари, тоа се правилата на „клубот", па тој ти е" – нашите стратешки стремежи и напори ги фрли под нозете на една членка што бесрамно го злоупотребува механизмот на гласање со консензус. Понуда, односно ултиматум што не може да се одбие. Но, дали не може?

Навистина, дали бугарскиот ултиматум е „понуда што не може да се одбие"? Да ги разгледаме основните геополитички факти во моментот на „понудата". Првин,

ситуацијата воопшто не треба да се споредува со грчкото вето, зашто сме сега полноправна членка на НАТО сојузот, чија единствена смисла – мислам на сојузот – е со аргументите на најголемиот војно-политички сојуз на планетата да ги гарантира сите аспекти на суверенитетот на своите членки, што ја подразбира и нивната потполна геополитичка безбедност. Од аспект на историскиот „моментум“, што е тоа што може да ни се случи доколку формалните чекори кон членството ги ставиме „на чекање“, при што нагласувам: ние да ги ставиме на чекање, а не да се однесуваме како да сме пред клупскиот тоалет, со преполно мочно бабуле, испотени потскокнувајќи крснозе пред вратата што бугарските братја во меѓувреме ја засидале. Што прави нормален човек во таква ситуација? Се разбира, го празни бабулето на засиданата врата, и олеснет и расположен продолжува натаму... кон друга европска незасидана врата.

Но, да се вратам на главното: почнувањето на преговорите не е и не треба да биде некаква цел, некаков датум што се очекува како провидение, особено доколку времето на преговорите е неодредено долго, дури мерливо со децении. Времето на преговорите за сите други членки очигледно не зависело од тоа дали ги исполниле условите за почеток на преговорите, туку само и само од политичката волја на членките на клубот. Конечно, да им бил поставуван ваков „услов“ за почеток на преговорите на сите други членки, Унијата немаше ни да постои. Да не ги спомнувам Копенхашките критериуми, кои и ден денес не ги исполнуваат повеќе од половината горди членки на ексклузивниот клуб.

Времето, значи, не игра никаква улога во овој процес, туку единствено политичката волја и јасно препознаениот приоритет за проширување на самата Унија. Доколку Унијата не сфаќа дека процесот на проширување ѝ е поважен нејзе, а не на дробната Македоња Норд, нашите жртви ќе бидат беспредметни, а проблемот со бабулето нема да заврши со срам и понижување – заради јавно подмочување, туку ќе заврши со неговото прскање и предизвикување сепса во утробата на несреќницата што не го проценила добро геополитичкиот „моментум“.

И, за крај, најважното: бугарскиот ултиматум е напишан и детално опишан во Објаснувачкиот меморандум, и потпишан од бугарскиот парламент и од владата. Таму јасно пишува – со тон на навредена баба на која љубовта не ѝ била возвратена пред цели 30 или 130 години – дека ја сакаат назад нивната неправедно открадната македонска територија, завиткана во плик на кој ќе ја пишува како примател Целокупна Б`лгарија, а со неа и сите нас што ќе признаеме дека сме од б`лгарски происход, зборуваме со б`лгарски дијалект, и дека многу, многу ги сакаме.

Како може врз основа на такво барање воопшто да се водат преговори? Услов за какви и да се преговори со бугарската држава мора да биде претходното повлекување на Објаснувачкиот. Треба да биде јасно дека многуте полиња во кои нашите држави и народи можат да се поврзат и приближат – сè додека агресивните ставови со кои Бугарија полага историско право на македонската земја, а македонската крв ја смета за бугарска – се комплетно погрешна и геополитички апсурдна работа.

Така што – не, бугарската понуда не само што може да се одбие, туку за неа не треба ни да се преговара.

# ЗОШТО НЕШТО, А НЕ НИШТО?

**01.04.2021**

> Бугарите ја сметаат Македонија за бугарска земја, нашите предци за Бугари, нас живите за заблудени и неосвестени Бугари, историјата на македонскиот народ за бугарска историја, а македонскиот јазик за бугарски дијалект. Тоа не се историски или лингвистички прашања што треба да се расправаат на стручни комисии, не пак на дипломатски или пак политички средби.

Татко ми беше инженер од голем маштап. Имаше метода на мислење што непогрешно го наоѓаше најкусиот пат во решавањето на секој проблем. Таа метода ја калеше во епската изградба на електричните централи, кои по војната ја осветлија младата македонска држава. Подоцна, кога овој начин на мислење почна од рано да ни го предава и нам – на неговите деца – изгледаше како поинаку и да не може да се мисли.

Решавањето на секоја реална ситуација тој ја темелеше на три методски „потпирни точки“. Првата се состоеше од јасен и реален опис на целта. Втората беше сурово и строго согледување на стварноста во која целта треба да се постигне. Третата се однесуваше на императивот во

препознавањето на редоследот и важноста на дејствата што треба да се извршат. Сите три елементи на инженерската мисла имаат всушност ист заеднички именител, што ја чини срцевината на секое рационално човечко промислување и дејствување.

Тоа, се разбира, важи за секој проект, во војна или во мир, и за секоја струка или ситуација. Со малку думи – станува збор за способноста да се согледа стварноста. Не само околната стварност, туку и стварноста за сопствената положба и можности – без таа да се бои со нашите предрасуди, желби, очекувања, стравови или други емоции.

За да ни ја наслика оваа метода, често ни повторуваше една скаска или ќе да е анегдота, чие потекло не ми остана во сеќавање. Елем, оди владиката во обиколка на епархијата, и пред селото на кое се намерил го дочекува селскиот поп со народот збиен зад него. Попот му бацува рака на владиката и во согласност со старите обичаи крши сомун и му го принесува лебот со сол за добредојде. Таман да ја земе понудата, владиката се сепнува: „А, што е оваа тишина, попе? Кога се дочекува владика, ред е камбаните да бијат?“ Попот почнува да се преместува од нога на нога, да погледнува те лево те десно, па вонебрано одговора: „Еее, Ваше Високопреосвештенство, има 33 силни и немили причини што не бијат камбаните во ваша чест...“ Владиката се заинтересирал: „Збори, попе, да чујам!“ Попот погледнува угоре кон небото, па малу в десно, и со отегнат набројувачки глас почнува: „Еeee, првата причина е што немаме камбана, втората...“ Тука владиката крева рака: „Застани, ни збор повеќе. Што ми е гајле за другите причини, кога првата е повеќе од доволна?! Ќе ме стемни в поле слушајќи залудно... туку давај лебот и солта, па да тргаме в село!“

На прв поглед, скаската за непостоечката селска камбана како да нема никаква врска со нашите евроинтеграции и со бугарската фекална граната на нашиот пат кон Унијата. Но, поуката од скаската – како и принципите на инженерската мисла – важат и во геополитиката исто како и во електротехниката или градежништвото. Сите учесници во оваа веќе ноторно нечесна и јадежна приказна со бугарското блокирање на почетокот на преговорите со Унијата – значи, и органите на Унијата и бугарските соседи и нашата влада и јавност – веќе со месеци се прпелкаат во бесмислата на 333-те можности, датуми, преговори, изјави, услови и други трици, заборавајќи на првата и единствено важна тема во случајов. Заборавајќи ја вистинската содржина и значење на бугарските барања.

Европа се однесува како да не го прочитала Објаснувачкиот меморандум, ние се однесуваме како тој и да не се случил, а Бугарите се однесуваат како никој да не може да го протолкува неговото значење. Сите играат како во театар на апсурдот: европските претставници повторуваат бесмислици за нивната поддршка на нашиот пат, некои од нив ја тераат мантрата за неопходноста од наоѓање „заеднички прифатливо решение", бугарските политици играат подмолно: едни грубо провоцираат и навредуваат, други укажуваат на неопходноста од „исполнувањето" на договорот за пријателство; ние, пак, официјално не направивме ниту една грешка во дипломатското однесување... освен што – како и сите – не се занимаваме со камбаната туку со 32-та други проблеми во тажнава шарада.

А, камбаната – што во нашата приказна и тоа како ѕвони, но никој не ја слуша – е метафора за бугарските монструозни барања; таа е првиот и основниот услов што треба

пресудно – и единствено! – да влијае врз нашето однесување. Зошто, ќе прашате. Зашто бугарските барања не се од лингвистичка природа, ниту се барања за нови историски акрибии, туку се толку непристојни барања што сите се прават дека не ги слушнале или не ги разбрале.

Бугарите ја сметаат Македонија за бугарска земја, нашите предци за Бугари, нас живите за заблудени и неосвестени Бугари, историјата на македонскиот народ за бугарска историја, а македонскиот јазик за бугарски дијалект. Тоа не се историски или лингвистички прашања што треба да се расправаат на стручни комисии, не пак на дипломатски или пак политички средби. Тоа се голи иредентистички, провинциско империјалистички, отворено профашистички територијални аспирации, закани за идна анексија и акултурација. Тоа што овие закани Бугарите не ги дополнуваат и со воена окупација и воведување нивна администрација (како што милуваа во подобри времиња), воопшто не значи и дека тие не се реални и дека на нив не треба да се одговори соодветно.

Во меѓународните односи и во дипломатијата, правилото на реципроцитет е едно од најважните технички правила што го потпираат основниот принцип на еднаквост помеѓу суверените земји. Доколку замислената држава Икс и го плесне в лице на државата Ипсилон, она што Бугарија го бара од нас, државата Ипсилон ќе го затвори своето дипломатско претставништво во државата Икс и ќе ги прати дома дипломатите на Икс. Прекинот на дипломатските односи ќе го услови со повлекување на сите официјални документи од типот на Објаснувачкиот, нивните парламентарни декларации и владини рамки и слични срања. Потоа, државата Ипсилон ќе им се обрати на Обединетите Нации со укажување на заканите од државата Икс. Потоа, државата Ипсилон ќе и се

обрати со пишан државен акт – нека е и меморандум – на Европската Унија, во кој на Унијата ќе и соопшти дека ги разбрала бугарските барања како закана кон територијалниот интегритет и суверенитет на државата. Потоа, во актот на Унијата ќе ѝ објасни дека проблемите објаснети од државата Икс (во нејзиниот објаснувачки меморандум) се ментални проблеми на нејзина членка, па како такви и проблеми на Унијата, што таа не смее да ги билатерализира и да ги претвора во меѓусоседски проблеми, туку дека – доколку сака сè уште да се проширува и да биде нешто – треба да си ги решава самата.

Потоа, државата Ипсилон – бидејќи е полноправна членка на НАТО – треба да му се обрати на сојузот со официјален акт во кој се повикува на помош поради закана од трета страна, по грешка исто така членка на НАТО. Ипсилон треба гласно и одлучно да се повика на обврските што членките на сојузот го преземаа со потпишувањето на Северноатлантскиот договор, а особено на членот 4 кој гласи: „Страните (од Договорот, м. з.) заеднички ќе се советуваат секогаш кога, според мислењето на која било од нив, е загрозена територијалната целовитост, политичка независност или сигурност на било која од страните." И така натаму... Тоа се би требало да направи една замислена нормална држава Ипсилон.

Дали ситуацијата меѓу Икс и Ипсилон има некаква сличност со оваа помеѓу Бугарија и Македонија? Можеби. Дали Македонија може да реагира како и замислената држава Ипсилон. Којзнае. Но, ако бугарскиот меморандум не е „загроза на нашата територијална целовитост, политичка независност итн." и ако тоа не е доволна причина за повикување на членот 4 од Северноатлантскиот договор, тогаш зошто НАТО е нешто, а не ништо?

# ДОЛГ ОД ПЕТ КИЛА КОМПИРИ

**01.04.2021**

> Бугарската самовиктимизација е генерирана од нивната замисла дека Македонија е неоддelив дел на Целокупна Бугарија, а Македонците се Бугари по род и происход.

Вицот е сигурно постар и од евангелијата, па мора да сум го раскажал повеќе пати на истово место. Само што почнав да се премислувам, пред сѐ загрижен поради бруката што ќе избие ако се открие дека се повторувам, тој ми заседна в глава и инаетливо ме присилува да го прераскажам, без оглед на сѐ. Вицот, значи, гласи вака: Пензионер со станче во приземјето од мирна четирикатна зграда останува без храна веќе на 20-ти во месецот. Во очај решава да позајми пет кила компири од пријателот што живее на четврти кат. Тргнува да се качува по скалите и си мисли, ќе му заѕвонам на пријателот и кога ќе отвори, ќе му кажам: Здраво, комшија, стар пријателу, те молам позајми ми пет кила компири, ќе ти вратам на први, кога ќе ми стаса пензијата. Стасува до првиот кат

и веќе малку подзадишан си вели, не треба да сум подлизурко и да се повикувам на старото пријателство, тоа си е јасно само по себе, туку кога ќе отвори врата ќе му кажам: Здраво, комшија, те молам позајми ми пет кила компири, ќе ти вратам на први, кога ќе ми стаса пензијата. Веќе на вториот кат, задишан и подзацрвенет, си вели, што има да цимолам и да ја спомнувам пензијата, ќе кажам само: Здраво, комшија, те молам позајми ми пет кила компири, ќе ти вратам на први. Кога забрефтан се качува на третиот, си мисли, зошто да ветувам дека ќе вратам на први, кога тоа се подразбира, туку ќе му кажам просто, човечки: Комшија, позајми ми пет кила компири. Конечно, нашиот пензионер се искачува на четвртиот кат, му ѕвони на комшијата и кога овој му отвара врата, му се дере в лице: Да ти се серам на тоа компирот, стипсо гнасна!

Моќен виц, нели? Во него се збиени повеќе вистини за човековата природа. Прва е приказната за позајмувањето и за долгот, една од најстарите и најтраорните приказни со кои е испишана историјата на човештвото. Во неа вицот, прецизно и сурово, како на час по анатомија, ја разоткрива суштината на позајмувањето: со него се востановува нееднаквоста, а чувството на пониженост му е вистинската емоционална цена.

Оваа исконска вистина е безброј пати запишана во старите записи – а ја има јасно и гласно и во Светото писмо, во Книгата Соломонови изреки, 22:7: „Богатиот господари над сиромавиот, и должникот станува роб на заемодавецот“. Оваа вистина како воопшто да не е запаметена и како да нема никакво влијание врз однесувањето на современиот човек. Дотолку, кога ќе ги видиме економските и финансиските догми и мантри на нашата

глобална неолибералистичка доба, испаѓа дека денес ниту луѓето како индивидуи, ниту корпорациите, а ни државите, не смеат и се смета дека не ни можат да опстојат ако постојано не се задолжуваат!? Та дури кредитната способност, односно финансиската подготвеност за враќање долгови, стана денес најважната мерка за моќта, и на корпорациите и на државите. Ова е вистинската мерка за размерот на первертираноста на неолибералната хиперфинансијализација на економијата што создава вредности кои се за 180 степени отклонети – значи, обратни – од повеќемилениумското искуство и од сублимираната морална интуиција човекова.

Современите кризи на капитализмот се кризи на финансиските пазари кои најчесто се опишуваат како финансиски балони – инвестиции, долгови, кредити, хипотеки и други банкарски „деривати“ – што поради пренадуваност пукаат, откривајќи ја измамата вградена во системот и предизвикувајќи „крах“ на берзите на капиталот. Најголемиот црн финансиски балон на светот е должничкиот балон, при што само јавниот долг на државите изнесува околу 65 илјади милијарди долари, додека вкупниот светски долг ги надмина неверојатните 280 илјади милијарди долари! Вистинската димензија на овој долг станува повидлива во светло на фактот дека вкупниот светски бруто производ изнесува едвај нешто над 80 илјади милијарди долари. Интересно е што во врвот на листата на најзадолжените се „тискаат“ најбогатите земји и најмоќните економии на светот: САД, Велика Британија, Јапонија, Канада, Италија, Германија, Франција и други. Како со својот пример да сакаат да кажат дека светската капиталистичка трка во економскиот раст може да се води само со масивно и – буквал-

но во секој случај – неодржливо задолжување. При што единствената препорачлива стратегија за отплаќањето на долгот е – вие веќе знаете – повторното задолжување и перманентното зголемување на долгот. Понижувањето е слава! Ропството е моќ! Испаѓа дека овие орвеловски оксиморонски начела – што како да излегуваат од неговото Министерство на вистината - без остаток важат за денешниот економски свет.

Втората вистина што дури поетски јасно еманира од вицот за пензионерот и неговите пет кила компири – не знам дали воопшто да ја почнувам, почитувани читатели – е вистината за моќта на внатрешните наративи. Вицот покажува како внатрешниот дијалог меѓу пензионерот и неговиот замислен комшија - дијалог што се води помеѓу сопствената совест и нејзината фрустрација - неминовно застранува, силно отклонувајќи се од каква било стварност, за да се претвори во апсурд или малоумен конфликт, кога ќе дојде во контактот со надворешната реалност. Оваа приказна е вистинската метафора за генезата на многу меѓународни спорови во кои – по долгото време внатрешно „зреење“ – внатрешните фрустрации излегле на површина, за да се судрат со објективната стварност или со националните интереси на засегнатите држави.

Се разбира, повторно зборувам за бугарските апсурдни територијални аспирации и нивното присвојување на македонското минато, всушност за негирање на какво и да е македонско минато или постоење на што и да е македонско – народ, култура, историја или јазик – пред 1944 година. Соседите се во идентична ситуација како и нашиов пензионер, само што нивниот внатрешен дијалог - во кој се конструираше еден империјален вели-

кобугарски наратив – да ти трае век и половина. Секоја фаза, секој тешко искачен кат од овој тегобен внатрешен дијалог помеѓу националните сеќавања и изгубени војни, ги правеше бугарските соседи сè поисфрустрирани, зашто чувството на долг понижува од двете страни. Тоа е секогаш така доколку замислениот долг не се враќа, па бугарската самовиктимизација е генерирана од нивната замисла дека Македонија е неодделив дел на Целокупна Бугарија, а Македонците се Бугари по род и происход.

Од овој внатрешен наратив (категорично негиран од стварноста) произлегува и тонот на навреденост на бугарскиот Објаснувачки меморандум. Во Објаснувачкиот, исто како и во купиштата изјави на нивните политици и историчари, превладува фрустрацијата од изневерените очекувања што биле производ на сопствениот внатрешен наратив. Како и во безмалку секоја психопатологија, единственото исходиште на предолгата фрустрација се екстернализацијата на сопствената вина кон „неблагодарниот“ сосед и презголемената ојаденост поради „неправедната“ историја што упорно не им го дава она што по „божја правда“ си го сметаат за нивно.

# УДОЛНИОТ РЕЛЈЕФ НА ВРЕМЕТО

**29.04.2021**

> Испаѓа дека од првите три димензии што практично целосно ги разбираме, можеме да го градиме само физичкиот простор и машинскиот свет. Од четвртата временска димензија, која никако не ја разбираме, се создадени нашите животи, нашите вредности, сеќавања, стравови и радости.

Сè почесто се фаќам како размислувам за времето. Велат дека е тоа непогрешен симптом на стареењето. Нека е и така, но сепак мислам дека обидот да се разбере временската димензија е еден од најголемите предизвици за човековата свест. Големите физичари ја скротија мистеријата на времето во величина што се протега по четвртата димензија, но мислам дека никој не успеал таа димензија и да ја сфати. Сè уште не се нашол јунак, од мајка роден, што успеал времето навистина да го разбере и восприеми толку добро за да може да го објасни и на други.

Научивме како да го мериме текот на времето со најпрецизните од сите машини на светот, но не ги пронајдовме зборовите со кои времето може да се опише и објасни.

Така што, ако излеземе од светот на математичките апстракции што служат временската димензија да ја артикулираат во закони на физиката, тогаш ни останува само временската интуиција со која го перципираме и чувствуваме времето. Но, чувството е секогаш бескрајно мал дел од разбирањето.

Ајнштајн, човекот со најимагинативната физичка интуиција на модерната доба, за времето кажал многу работи, но за човековото доживување и сфаќање на времето не сакал ни да зборува. Вели тој: „Луѓето како нас, што веруваат во физиката, знаат дека разликата помеѓу минатото, сегашноста и иднината е само една тврдоглава и упорна илузија“.

Таа илузија, меѓутоа, е единствената супстанца од која човекот го гради својот идентитет, темелите на самоспознавањето, географијата на својот живот, сите хумани и социјални релации и вредности и, се разбира, сите свои сништа, планови, желби и надежи. Испаѓа дека од првите три димензии што практично целосно ги разбираме, можеме да го градиме само физичкиот простор и машинскиот свет – ништо навистина хумано вредно. Од друга страна, од четвртата временска димензија – која никако не ја разбираме – се создадени нашите животи, нашите вредности, сеќавања, стравови и радости.

Моето рефлексивно прпелкање во потера по необјасниВото, упорно ме навраќа на парадоксот што Ајнштајн толку ладно и бесчувствително го формулираше: сите аспекти преку кои го доживуваме времето – минатото, сегашноста и иднината – се упорна илузија! Минатото, од каде ги црпиме идентификацијата и самоспознавањето, сегашноста во која нашата свест го препознава своето постоење, и иднината во која ги проектираме на-

шите планови и желби – сè се тоа непостоечки ентитети, обични илузии на умот. Тоа се илузии од кои е изграден просторот на нашето постоење, просторот со вредносни димензии, своја географија и релјеф.

Сите знаеме дека нашата перцепција на времето зависи од нашите чувства: кога сме среќни времето лета; кога имаме болка – ни да мрдне! Чувството за време е секогаш обратно од нашите очекувања, па кога сакаме да помине – тоа се инаети на место, а кога сакаме да застане – тоа се забрзува; кога брзаме – тоа истекува побрзо, а кога чекаме – и времето застанува. Нашето восприемање и согледување на времето во огромна мера зависи од „наклонот“ на историската тенденција во која го живееме животот, од еден вид вредносно-временски релјеф.

Како „работи“ овој релјеф? Тестирајте го и самите, почитувани читатели: кога животните околности од година за година се подобруваат во секој поглед, иднината станува видлива како да е планина чии димензии и облици се видливи за вашето око и имагинација. Исто како нагорната вредносна тенденција – подобрувањето на условите на живот – да е вистински наклон што создава угорнина. Оваа угорнина ја прави иднината видлива, замислива, посакувана и предвидлива.

Во годините во кои југословенското општество напредуваше во сите димензии, параметри и аспекти, во 50-ите, 60-ите и 70-ите, сите ние го планиравме времето децении нанапред. Се сеќавам прецизно дека кога дипломирав, професионалните и животните планови ги правев цели за цели 40 години иднина! Оваа непоколеблива верба во подоброто утре – втемелена во толку убедливата и цврста иднина, како да е планина истопорена на хоризонтот – ја делеа Македонците и Југословените од сите возрас-

ти. И дедо ми, кој ги протерал балканските и светските војни, секогаш успевајќи да се исправи, иако во југословенскиот социјализам остана без бизнисот и имотот, ја препознаваше објективната нагорнина на животот и ја гледаше иднината како да е моќна планина, јасно исцртана пред нас на хоризонтот, која беспоговорно ги исполнува сите планови и желби. Нашите родители и ние децата зборувавме за иднината како за нешто апсолутно цврсто и сигурно, а оваа верба ни ја потврдуваше секој следен ден.

Овој вредносен временски релјеф во себе крие изненадувачки аналогии. На пример, во тој период на нагорна историска тенденција, минатото се третираше првенствено како полошо, перцепцијата на изминатото време беше плитка, погледот station наназад не беше омилен, а носталгичари како воопшто да немаше. Релјефната аналогија е совршена: погледот одолу по терен со надолен наклон не овозможува длабок увид, а погледот се губи во перспективата на недогледот. Колку што е пострмо пред нас, толку погледот губи перспектива, до амбисот кој создава чувство на најголема несигурност и апсолутно отсуство на иднина (или минато, во зависност дали надолниот наклон е пред или зад нас).

Од распадот на Југославија и еуфоричното создавање купче независни држави, сите ние, западнобалканските Абориџини, стапнавме на ртот и радосно почнавме да се спуштаме по осојната страна од историската планина што претходните 45 години сме ја качувале од присојната страна. Во оваа деградирачка историска тенденција сите параметри на животот – за жал, не само на Балканите, туку и на целата планета – добија удолен смер. Се разбира, оваа сложена временска географија обезбеду-

ва релативни разлики во наклоните по кои се тркалаат различни земји, но општата надолна тенденција е немолива цело време. Во нашево локално долче пресудниот фактор што долините ги претвора во стрмни суводолици е – се разбира, погодивте – нашето ВМРО, зашто успешно ги соедини своите деградирачки политички програми со општата неолибералистичка и авторитарна тенденција на севкупното пропаѓање на човечките вредности и условите за живот на планетата.

Токму поради стрмнинава пред мене, не можам да го здогледам ниту Први мај, сал неколку дена пред мене; годишниот одмор не само што не може да се планира туку веќе тешко и се замислува, а крајот на годината е во матна темница, во непровидна и непредвидлива празнина што како тешка завеса виснала врз целиот хоризонт.





бидејќи мрази да биде препознаена како ментален проблем, глупоста ја претвора интелектуалната фалинка во емоција. со оваа ингениозна трансформација таа преминува во високоенергетско, суперсоцијално и запаливо чувство способно да хомогенизира и обедини милиони луѓе – во омраза!